**20151193561**

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 99 став (2) од Законот за безбедност на храната („Службен весник на Република Македонија“ бр. 157/10, 53/11, 1/12, 164/13, 187/13, 43/14 и 72/15) Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 7.07.2015 година, донесе

## П Л А Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПОВЕЌЕГОДИШНИОТ КОНТРОЛЕН ПЛАН ЗА НАДЗОР ВО ОБЛАСТА НА ХРАНАТА, ВЕТЕРИНАРСТВОТО И ЗДРАВЈЕТО НА РАСТЕНИЈАТА

1. Во Повеќегодишниот контролен план за надзор во областа на храната, ветеринарството и здравјето на растенијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 105/12 и 93/14) точката 3. се менува и гласи:

„**3. Содржина на ПНКП**

## Поглавје 1 - Вовед

**Историјат**

Повеќегодишниот национален контролен план на Република Македонија (ПНКП) за надзор на прометот со храна, ветеринарното здравство и здравје на растенијата, претставува стратешки документ кој ги пропишува функциите во однос на системите за официјални контроли на *Агенцијата за храна и ветеринарство* (во понатамошниот текст: АХВ), *Државниот инспекторат за земјоделство* (во понатамошниот текст: ДИЗ) и *Фитосанитарната управа* (во понатамошниот текст: ФУ), имено, контролните мерки кои се спроведуваат во рамките на надзорот при прометот со храна, ветеринарно здравство и здравје на растенијата, за периодот од 2012 - 2016 година.
ПНКП е изготвен согласно начелата и барањата на Законот за безбедност на храна („Службен весник на Република Македонија” бр. 157/10, 53/11, 1/12, 164/13, 187/13, 43/14 и 72/15) (членови 99-102), усогласен со Регулативата 882/2004 член 41 за официјални контроли, и Одлуката бр. 2007/363 на Комисијата, од 21 мај 2007, за упатствата со кои се обезбедува поддршка на земјите членки при изготвување на ПНКП.
ПНКП е изготвен во соработка со АХВ, ДИЗ и ФУ.

## Поглавје 2 -Предмет и цели

**2.1. Циклус на планирање**

Циклусот на планирање за ПНКП е пет (5) години согласно член 99 став (2) од Законот за безбедност на храната („Службен весник на Република Македонија” бр. 157/10, 53/11, 1/12, 164/13, 187/13, 43/14 и 72/15).

2.2. Предмет на ПНКП

Во ПНКП се детално опишани и дадени регулаторните одредби во Република Македонија за улогата и одговорноста на надлежните органи и придружни тела кои се вклучени и кои ги исполнуваат барањата утврдени во Законот за безбедност на храната во рамките на ој е извршено транспонирање на Регулативата 882/2004. Во планот се наведува начинот на координација на активностите помеѓу надлежните институции, со цел заштита на јавното здравје, здравјето на животните и нивната благосостојба, здравјето на растенијата и заштита на потрошувачите. Исто така се обезбедени информации за механизмите кои се или ќе бидат воспоставени за подобрување на постојаноста и ефикасноста на спроведувањето на сите контролни системи, сите сектори и сите фази во ланецот за производство на храна и безбедност на храна, здравствена заштита и благосостојба на животните и здравјето на растенијата. Планот ги опфаќа предвидените официјални контролни активности на надлежните органи и приоритетите за време на периодот на спроведување на ПНКП. Во планот исто така се наведени процедури за мониторинг и за известување за напредокот при спроведување на истиот.

### 2.3. Општи цели

Да се обезбеди ефикасно спроведување на соодветните национални закони, и други прописи и да се утврди дека надлежните органи и другите учесници ги спроведуваат, вршат мониторинг и потврдуваат дека се исполнети соодветните барања, се одржуваат системите за официјални контроли „од фарма до трпеза“, активностите за надзор и мониторинг кои ги опфаќаат сите фази на производство, преработка и дистрибуција на храна и храна за животни како и здравствената заштита и благосостојба на животните и здравје на растенијата.

### 2.4. Конкретни цели

Да се обезбеди дека воспоставениот сеопфатен и интегриран контролен систем за официјални контроли ќе придонесе при заштита на јавното здравје и здравјето и благосостојбата на животните и здравјето на растенијата, како и заштита на интересите на потрошувачите.

Целта на контролните системи во текот на спроведувањето на ПНКП, е да придонесат особено кон следниве стратешки цели:

- воспоставување и реализација на официјален контролен систем заснован на ризик;
- воспоставување и целосно спроведување на системот за аудит;
- воспоставување и целосна реализација на систем за обука на персоналот;
- подобрување на здравствената заштита и благосостојба на животните;
- јакнење на операциите на АХВ, ДИЗ и ФУ со тоа што ќе се објават законодавните акти што недостигаат, ќе се вработи нов персонал и ќе се разработат и спроведат работните процедури, плановите за инспекција и земање примероци и ќе се подобри соработката со официјалните лаборатории за контрола;
- Подобрување на системот за надзор за храна за животни и исхрана на животните. Подобрување на контролниот систем за НПЖП. Воспоставување на систем за управување со квалитет (СУК) во АХВ, вклучувајќи ги и инспекциите;
- воспоставување и реализација на систем за регистрација на одгледувалишта за животни кои не се опфатени со постоечкиот систем;
- јакнење на официјалните контроли за здравје на растенијата и производите за заштита на растенија.

## Поглавје 3 - Политика и законодавство

### 3.1. Вовед

Република Македонија прогласи независност на 8 септември, 1991, како парламентарна република. Вкупната површина изнесува 25.713 км$^2$ каде што 1.9% е покриена со вода. Популацијата во јуни 2010 брои 2.055.004. Постојат неколку етнички групи:

Македонци – 65.2%
Албанци – 24.2%
Турци – 3.9%
Роми – 2.7%
Други – 4.0%

Република Македонија е поделена на статистички региони кои постојат исклучиво за правни и статистички цели. –

Мапа:статистички региони




Територијалната организација на Република Македонија е поделена на 84 општини, од кои 10 се во рамките на градот Скопје.
Република Македонија е земја без излез на море и се граничи со Косово на северозапад, Србија на север, Бугарија на исток, Грција на југ и Албанија на запад.

**3.2. Хиерархиско усвојување на законодавството**

Собранието на Република Македонија е законодавен орган во земјата. Согласно националните практики и процедури, пред да влезе во сила еден предлог-закон, по хронолошки редослед треба да биде предмет на: техничка дискусија во рамките на институцијата која го подготвува актот; техничко и административна меѓусекторска консултација; проверка од конзистентен и номотехнички аспект од страна на Секретаријатот за законодавство при Владата на Република Македонија; мислење од Министерството за финансии, добиено мислење од страна на други инволвирани министерства или државни административни тела; Разгледување и одобрување од страна на Владата на РМ; Во зависност од обемот и влијанието, јавни дебати со учесниците;разгледување и одобрување од страна на парламентарните комисии: законодавно-правната Комисија, Комисијата за европски прашања и Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство; разгледување и усвојување од страна на Собранието на пленарна седница; објавување во Службен весник.
При процесот на усвојување на еден закон или подзаконски акт, основен инструмент за анализа/споредба на степенот на транспонирање на законодавството на ЕУ во изготвеното национално законодавство е кореспондентната табела (КТ).
Подзаконските акти (правилници, наредби, одлуки, решенија, уредби, планови, програми) за одредени области, ги усвојува Владата на Република Македонија (во зависност од видот на актот), надлежниот министер, односно директор на институцијата врз основа на овластувањата дадени со закон. Овие подзаконски акти треба претходно да добијат позитивно мислење од страна на Секретаријатот за законодавство во однос на сообразноста со Уставот на Република Македонија и други закони. По усвојувањето, подзаконските акти се објавуваат во Службениот весник на Република Македонија. Предлог-законите, другите прописи доставени од Владата на РМ во рамките на нејзините надлежности до Собранието, содржат задолжителни анализи (преглед, образложение) во однос на нивната сообразност со законодавството на ЕУ.

Хармонизацијата на националното со законодавството на ЕУ се врши согласно националната програма за усвојување на правото на ЕУ (NPAA) одобрена од страна на Владата (Поглавје 12 -Безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика).
Веќе е усвоена законодавната рамка усогласена со европското законодавство како и голем број подзаконски акти. Процесот на усогласување со законодавството на ЕУ се одвива континуирано според динамиката утврдена во НПААза секоја тековна година.

## Поглавје 4 - Назначување на надлежни органи

Одговорноста за организирање и работа на контролните системи во Република Македонија е поделена меѓу АХВ, како независно тело на јавната администрација со улога на правно лице, и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, преку ДИЗ и ФУ (Закон за безбедност на храната, членови 15 и 26).
Постоечката институционална организација во земјата беше реструктуирана, со цел да се обезбеди соодветна распределба на одговорностите, координација на активностите кои го опфаќаат целиот ланец на безбедност на храна, со што се гарантира успешна реализација на законските решенија во областа на безбедност на храна.
**Согласно член 78, од Законот за безбедност на храната**, АХВ може да додели одредени задачи во однос на официјалните контроли на едно или повеќе контролни тела согласно ставовите (2), (3) и (4) од член 78, според листата на задолженија утврдена од АХВ. Во моментов, АХВ нема доделено било какви задачи на контролно тело.

### 4.1. Агенција за храна и ветеринарство

АХВ започна со работа на 1 јануари 2011 година, како независно тело на јавната администрација во улога на правен субјект. АХВ врши активности во рамките на безбедност на храната и храната за животни, спроведување, контрола, надзор и мониторинг на ветеринарните активности од областа на здравствената заштита и благосостојба на животните, ветеринарното јавно здравство како и контрола на националните референтни лаборатории и овластени лаборатории за потребите на АХВ, согласно законите од областа на безбедност на храна, храна за животни, ветеринарно здравство и благосостојба на животните.
Називот на АХВ за меѓународно-правниот промет е: Агенција за храна и ветеринарство (АХВ). Седиштето на АХВ е во Скопје.
АХВ ја изготвува својата стратешка програма согласно упатствата дадени од страна на Генералниот секретаријат, на ниво на Влада на РМ. Циклусот на планирање е 3 години, со ревизија нагодишно ниво .
Во рамките на АХВ функционира работна група за изготвување на стратешкиот план, каде се вклучени членови од сите сектори на АХВ. Во стратешкиот план се содржани цел, визија, активности, приоритети и известувања. Мониторингот претставува главна алатка за утврдување на нивото на реализација на стратешкиот план. Во планот се содржани активности за одреден сектор или контролен систем, а раководителот на тој сектор е одговорен за нивна реализација. Планот се менува и усвојува на годишно ниво, а нивото на реализација во голема мера зависи од расположливите финансиски и човечки ресурси.
Во моментов, системот за безбедност на храна и храна за животни, вклучително и надзорот и официјалните контроли, се регулирани со осум основни закони и подзаконските акти кои произлегуаат од истите.

- Закон за безбедност на храната („Службен весник на Република Македонија” бр. 157/10, 53/11, 1/12, 164/13, 187/13, 43/14 и 72/15)",
- Закон за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија“ бр 113/07, 24/11, 136/11 и 123/12);
- Закон за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на Република Македонија” бр. 149/14);
- Закон за нус-производи од животинско потекло („Службен весник на Република Македонија” бр. 113/07 и 144/14)
- Закон за идентификација и регистрација на животните („Службен весник на Република Македонија” бр. 95/12 и 27/14);

- Закон за ветеринарно медицински препарати („Службен весник на Република Македонија” бр. 42/10 и 136/11);
- Закон за безбедност на храната за животни („Службен весник на Република Македонија” бр. 145/10, 53/11, 1/12 и 33/15);

Други подзаконски акти кои имаат влијание врз ланецот за безбедност на храна, кои се претставени во описот на надлежности на административните тела.
Во Законот за безбедност на храната („Службен весник на Република Македонија” бр. 157/10, 53/11, 1/12, 164/13, 187/13, 43/14 и 72/15) се регулира контролата на безбедноста на храна во сите фази (производство, преработка, складирање, транспорт, дистрибуција, малопродажба и достава). Со законот се регулираат општите и специфичните услови и обврски за операторите за храна, нивната регистрација и одобрение, условите за увоз и извоз на храна од животинско и неживотинско потекло, официјалните контроли и нивното финансирање заедно со мониторингот на резидуи и недозволени супстанции.
Рамковен закон во ветеринарната област е Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија” бр. 113/07, 24/11 136/11 и 123/12) со кој се утврдуваат одредбите во однос на организацијата и надлежностите на ветеринарните служби и начелата и процедурите за спроведување на активностите во однос на заштитата на луѓето и животните од болести кои се пренесуваат преку животни и производи од животинско потекло. Со законот за ветеринарно здравство исто така се регулира здравствената заштита на животните од болести; заштита од заразни болести кај животните кои се пренесуваат на луѓето; ветеринарно-санитарни инспекции и контрола; ветеринарна заштита, подобрување на животната средина и природата; надоместоци и трошоци за здравствена заштита на животните; организација и спроведување на активности од областа на ветеринарната медицина како и други ветеринарни прашања. Со овој закон исто така се дефинирани надлежностите на ветеринарните служби и надлежностите на секој сегмент во рамките на службата.
Согласно надлежносите кои произлегуваат од Законот за безбедност на храната („Службен весник на Република Македонија” бр. 157/10, 53/11, 1/12, 164/13, 187/13, 43/14 и 72/15), контролата на АХВ го опфаќа целиот ланец на храна, со исклучок на примарното производство на храната од растително потекло.

**4.2. Државен инспекторат за земјоделство, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

Здравјето на растенијата и примарното растително производство и придружните оперции во примарното растително производство се во рамките на ФУ и ДИЗ (Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство).
Основните закони во фитосанитарната област се Законот за здравјето на растенијата со кој се регулира здравјето на растенијата и нивната заштита од штетници, како и Законот за производи за заштита на растенијата, со кој се регулира одобрението, пуштањето во промет и употребата на производи за заштита на растенијата. И со двата закони се опфаќа организацијата и извршувањето на официјални контроли во соодветните области.
Со посебни земјоделски закони во системите за безбедност на храна се исто така опфатени: ФУ и ДИЗ.

**<u>Државен инспекторат за земјоделство</u>**
ДИЗ е орган надлежен за контрола на примарното производство и придружните операции во земјоделството. Надлежностите на ДИЗ произлегуваат од Законот за државниот инспекторат за земјоделство („Службен весник на Република Македонија” бр. 20/09, 53/11, 164/13 и 43/14).
ДИЗ ги спроведуваа официјалните контроли во областа на здравјето на растенијата и производи за заштита на растенијата, додека од 01.07.2014 година има својство на правно лице и сопствена буџетска сметка како буџетски корисник од прва линија.

- Согласно Законот за безбедност на храната, член 26, Државниот иснспекторат за земјоделство, во својство на правно лице при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, е надлежен за храната од растително потекло, храната за животни во примарното земјоделско производство, како и придружните операции на примарното производство и здравствената заштита на растенијата, согласно овој закон и регулативите усвоени во согласност со овој закон, регулативите поврзани со земјоделството и здравјето на растенијата. ДИЗ функционира во 33 регионални канцеларии и 11 инспекциски места на гранични премини. За извршување на овие должности во Државниот инспекторат за земјоделство во Секторот за инспекциски надзор од областа на фитосанитарната политика вработени се вкупно 63 лица од кои 41 државни фитосанитарни инспектори кои се распоредени на гранични премини и во внатрешноста на државата, 3 се административни работници, додека 19 инспектори се на пробна работа.

### 4.3. Фитосанитарна управа, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

Согласно Законот за безбедност на храната, член 26, ФУ, како тело во рамките на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, е надлежна за регулативите усвоени согласно овој закон и регулативите поврзани со здравјето на растенијата и производите за заштита на растенијата, како и посебните регулативи усвоени од други сродни начела во рамките на земјоделството.
ФУ е орган надлежен во областа на здравјето на растенијата и производите за нивна заштита.
Во надлежностите на Управата спаѓаат: изготвување на законодавство, мониторинг при појава и ширење на болести кај растенијата, подготовка на извештаи и анализи за здравствената состојба на растенијата и растителните производи, регистрација на производи за заштита на растенија и координација на научните и професионалните институции во областа за заштита на растенија.
Државните фитосанитарните инспектори од ДИЗ ги спроведуваат официјалните контроли и вршат инспекциски надзор на здравјето на растенијата и производите за нивна заштита.

## Поглавје 5 - Организација на и управување со официјални контроли

### 5.1. Управување на АХВ

Со АХВ раководи директор, кого го назначува Владата на Република Македонија. Директорот истовремено е и главен ветеринарен службеник (Закон за ветеринарно здравство, „Службен весник на Република Македонија бр. 113/07, 24/11, 136/11 и 123/12) АХВ има заменик-директор; државни советници: државен советник за ветеринарство, државен советник за храна и државен советник за правни работи. Мандатот на директорот трае 4 години, со можност за повторно именување. Заменик-директорот го заменува директорот на АХВ во случај на негово отсуство и ги исполнува задолженијата доделени од страна на директорот на АХВ.
**Директорот на АХВ е надлежен за** усвојување на акти за организација и систематизација на работата и активностите на АХВ, усвојување на други акти поврзани со работата и функционирањето на АХВ (Правилници, прирачници, планови, насоки, одлуки итн.); донесува одлуки за вработување, распределба на персоналот, како и во однос на нивните права и обврски, усвојува акти поврзани со безбедноста на храната и ветеринарното здравство и обезбедува извршување на активностите поврзани со безбедноста на храната и ветеринарното здравство.
Согласно Законот за безбедност на храната, АХВ е назначена како надлежен орган за безбедност на храна и храна за животни, здравствена заштита и благосостојба на животните, согласно член 25 од Законот за безбедност на храната, а Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство е надлежно за спроведување на политиката во областа на безбедност на храна и храна за животни и ветеринарното здравство.
Членот 25 од Законот за безбедност на храната, согласно организацијата на државната служба, утврдува дека поднесувањето на Примарното законодавство до Владата на РМ е на ниво на министерство. Сите стратегии, подзаконски акти како и документи за внатрешна организација, ги изготвува и предлага АХВ; стратешките документи ги усвојува Владата, а останатите документи - директорот на АХВ.

### 5.2. Организација на АХВ

<u>За целите на организација и функционирање на АХВ, изготвени се и усвоени следниве Правилници.</u>
Правилник бр. 11-288/3 од февруари 2011 за внатрешната организација на АХВ, објавен врз основа на член 19 и 20 од Законот за организација и работа на државните административни тела. Потпишано од Дејан Рунтевски, директор на АХВ („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08 и 167/10)
Правилник бр. 11-288/3 за систематизација на работните места во АХВ објавен врз основа на член 19 и 20 од Законот за организација и работа на државните административни тела. Потпишано од Дејан Рунтевски, Директор на АХВ. (Службен весник бр. 58/00, 44/02, 82/08 и 167/10)

Во седиштето на АХВ има седум сектори, четири независни одделенија и три типа државни советници (органограм - Видете табела бр 5.1).

**Табела бр 5.1**

**Органограм на АХВ**
**Структура на АХВ и нивоа на администрација**




Сите надлежности на АХВ се на централизирано ниво. За спроведување и извршување на контролите одговорни се државните ветеринарни инспектори (официјални ветеринари) и инспекторите за храна кои се распределени во подрачните единици (ПЕ) како и инспекторите распределени на инспекциските места на граничните премини (ИМ на ГП). Подрачните единици и инспекциските места на граничните премини се директно подредени на АХВ. Директорот на АХВ согласно законот за безбедност на храната, член 20, со писмено одобрение на раководителите на сектори им доделува надлежности за потпишување на одредени документи.

## 5.3. Надлежност на АХВ

**Согласно законот за безбедност на храната, член 17, надлежностите на АХВ се:**

1. извршување дејности поврзани со безбедноста на храната и храната за животни;
2. организација и одговорност во спроведување на ветеринарните активности;
3. спроведување, контрола, надзор и мониторинг на ветеринарните активности во однос на здравјето на животни;
4. заштита и благосостојба на животните во однос на нивното одгледување, чување, размножување и сместување, движење на фармата, употреба, транспорт, колење и убивање;
5. заштита и благосостојба на кучиња и домашни миленици, животни од зоолошки градини и животни кои се користат за експериментални и други научни цели;
6. извршување на активности во однос на нус-производи од животинско потекло;
7. идентификација и регистрација на фармски и други животни;
8. извршување активности во однос на ветеринарните медицински препарати;
9. контрола на квалитетот на храна со исклучок на примарното земјоделско производство од растително потекло;
10. други активности важни во однос на ветеринарното здравство, безбедноста на храна и храна за животни.

## 5.4. Организација на официјалните контроли

Согласно Законот за организација и работа на органите на државна управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), органите на државната управа кои вршат инспекција имаат обврска за заемна соработка при спроведувањето на инспекциските активности од заеднички интерес, како и соработка со другите државни административни тела. За сите неправилности кои се јавуваат во текот на инспекцијата, должни се да го известат надлежното тело, т.е инспекциското тело, кое презема соодветни мерки во рамките на своите надлежности.
Организацијата на официјални контроли засновани на пристапот на ЕУ и националните законодавни норми и спроведени со примена на стратешки документи, годишен надзор и контролни планови и програми како и методолошка документација (упатства, насоки, процедури, контролни листи) кои се изготвени во рамките на АХВ.
Надзорот и контролните задачи се планираат на централно ниво на АХВ, а се спроведуваат преку нејзините подрачни единици во целата земја (Види официјалните контролни системи, поглавје 9 до 20).
Секој сектор кој врши инспекции е одговорен за координација на службениот надзор и контролните активности, развојот на мониторинг програми за земање примероци во нивна надлежност и преглед и чување на инспекциските податоци. Инспекторите, при вршење на надзор и нивните инспекциски задачи, ги спроведуваат мерките за управување со ризик кои се усвоени на ниво на сектор.
Во рамките на официјалните контроли, АХВ ги обезбедува следниве методи за контрола и надзор:

- Регистрација на објекти;
- Одобрување на објекти;
- Инспекција на објекти и/или фарми и други објекти кои се контролираат (редовно, вонредно, проверка на сообразноста);
- Мониторинг и потврдување;
- Земање примероци и вршење лабораториски анализи.

Официјалните контроли се вршат без претходно известување и во било која фаза на производството, преработката и дистрибуцијата на храна. Тоа подразбира, контрола на бизниси со храна, употреба на храната, нејзино складирање, на сите процеси, материјали, супстанции, активности, вклучително и транспортот на храна и на живи животни. АХВ треба да гарантира непристрасност, квалитет и постојаност на официјалните контроли на сите нивоа (член 77, Закон за безбедност на храната).

## 5.5. Ресурси

### 5.5.1. Човечки ресурси

Согласно Законот за безбедност на храната, член 23, за вработените лица во АХВ кои имаат статус на државни службеници, во однос на правата, должностите и одговорностите од работен однос се применува Законот за државни службеници.
За вработените во АХВ кои вршат помошни и технички работи во однос на правата, должностите и одговорностите од работен однос се применува Законот за работни односи.
Врз основа на член 78 ставови (5) и (6), член 79 став (2) и член 79-а став (4) од **Законот за државни службеници**, објавени се Правилник за начинот и постапката за оценување на државни службеници, содржината на извештаите и образецот за оценување. Државните службеници се оценуваат двапати годишно, со помош на образецот за оценување. Оценувањето на државните службеници се врши со цел да се добие една слика во однос на професионалноста, квалитетот, ефикасноста и делотворноста при спроведувањето на службените задачи, односно, постигнување на утврдените работни цели.
При оценување на работните резултати, се оценува следново: стручното знаење и примената на начелата и практиките; постигнување на работните цели; навремено извршување на работните задачи; квалитетот на извршувањето на работните задачи и работната организација.
Во АХВ, најважен ресурс е персоналот. АХВ сака да обезбеди дека ресурсите и компетентноста на персоналот соодветствуваат со бројот на задачи кои треба да се извршат.
Согласно Правилникот за систематизација на работни места во АХВ, определени се 1058 работни места. Во моментов вработени се 356 лица (види табели 5.1 и 5.2.), од кои 224 се директно вклучени во инспекцискиот надзор, вклучително и 132 вработени од централното ниво на АХВ (). Во Секторот за ветеринарно јавно здравство 50 лица се вклучени во надзорот на ветеринарно јавно здравство и храна од животинско потекло, а 72 лица во надзорот на храна од неживотинско потекло Има 74 вработени кои се директно вклучени во државниот ветеринарен надзор и благосостојбата на животните, вклучително и 26 вработени на централно ниво во АХВ од секторот за здравствена заштита и благосостојба на животните. Во државниот наздор на гранична контрола, храна и ветеринарна област, се вклучени 28 инспектори, вклучително и 9 вработени од централната канцеларија.

Десет вработени (од предвидените 42) се задолжени за оценување на ризикот предизвикан од храна, RASFF, управување со квалитет, координација, соработка со референтните и официјалните лаборатории за контрола и заштита на потрошувачите.
Управувањето со вработените во АХВ е стратешки организирано со следнава цел: секој вработен индивидуално како и сите заедно се стремат кон постигнување на поставените цели, постојано зголемувајќи ја работната ефикасност и извршувањето на работните задачи на највисоко ниво.
Службениците на АХВ обезбедуваат надзор на постоечките објекти согласно овие надлежности. Државните службеници се оценуваат двапати годишно согласно барањата на Законот за државни службеници.
Едно од главните прашања за време на реализирањето на ПНКП е да се вработат оптимален број на лица во сите сектори и одделенија со што би се обезбедило непречено работење на АХВ.

**Табела бр. 5.1**

**Број на вработени според сектори и работни позиции (март 2014)**

| Работни позиции | Државни советници | Здравствената заштита и благосостојба на животните | Ветеринарно јавно здравство | Гранична инспекција | Храна од неживотинско потекло | Одделение за човечки ресурси | Одделение за внатрешна ревизија | Одделение за внатрешна контрола | Одделение за финансиски прашања | ЕУ и меѓународна соработка | Правни и административни прашања | Стручна поддршка | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Државен советник за правни работи | | | | | | | | | | | | | |
| Државен советник за ветеринарство | 1 | | | | | | | | | | | | 1 |
| Државен советник за храна | 4 | | | | | | | | | | | | 4 |
| Раководител на сектор | | 1 | 1 | | 1 | | | | | | | 1 | 4 |
| Раководител на одделение | | 1 | 2 | | 3 | 1 | 1 | | | 2 | | 4 | 13 |
| Службеници (советник, виш соработник, соработник) | | 8 | 9 | 3 | 7 | 1 | | 1 | 3 | 2 | 11 | 1 | 46 |
| Помлад соработник | | 7 | 8 | 5 | 8 | 1 | 1 | | | 6 | 5 | 3 | 44 |
| Административен персонал | | 9 | 3 | 1 | | 2 | | | 1 | | 2 | 1 | 19 |
| Вкупно на централно ниво | 5 | 26 | 23 | 9 | 19 | 5 | 2 | 1 | 4 | 10 | 18 | 10 | 132 |
| Работно место во подрачни единици | | | | | | | | | | | | | |
| Инспектор за храна | | | | 9 | 48 | | | | | | | | 57 |
| Официјален ветеринар | | 32 | 33 | | | | | | | | | | 65 |
| Официјален ветеринар на ВИМ на ГП | | | | 19 | | | | | | | | | 19 |
| Помлади инспектори | | 14 | 14 | | 13 | | | | | | | | 41 |
| Административен персонал | | 28 | 3 | | 11 | | | | | | | | 42 |
| Вкупно на локално ниво | | 74 | 50 | 28 | 72 | | | | | | | | 224 |
| Вкупно во АХВ | 5 | 101 | 73 | 37 | 91 | 5 | 2 | 1 | 4 | 10 | 18 | 10 | 356 |

Во моментов, АХВ предвидува организациони единици и број на вработени лица со што би се обезбедило практично функционирање и ефикасност на АХВ во иднина, па затоа сè уште има значителна разлика меѓу веќе вработените и предвидените работни места.
Директорот на АХВ обезбедува предуслови за персоналот кој врши официјални контроли да нема конфликт на интереси (член 77 од Закон за безбедност на храната). Во моментов, нема спроведено одреден пропис или процедура со цел персоналот кој врши официјални контроли да е слободен од конфликт на интереси.

**Табела бр. 5.2**

**Број на вработени лица и предвидени работни места во АХВ (март 2014)**

| бр | Структурна единица на АХВ | Моментално вработени | Предвидени |
|---|---|---|---|
| 1. | Државни советници | 5 | 5 |
| 2. | Сектор за здравствена заштита и благосостојба на животни | 100 | 280 |
| 3. | Сектор за ветеринарно јавно здравство | 73 | 268 |
| 4. | Сектор за храна од неживотинско потекло | 91 | 201 |
| 5. | Сектор за гранична инспекција | 37 | 111 |
| 6. | Сектор за ЕУ и меѓународна соработка | 10 | 53 |
| 7. | Сектор за правни и административни прашања | 18 | 61 |
| 8. | Сектор за стручна поддршка | 10 | 42 |
| 9. | Одделение за човечки ресурси | 4 | 10 |
| 10. | Одделение за внатрешна контрола | 2 | 8 |
| 11. | Одделение за внатрешна ревизија | 1 | 8 |
| 12. | Одделение за финансиски прашања | 3 | 11 |
| **ВКУПНО** | | **356** | **1058** |

**5.5.2. Финансиски ресурси**

Ресурсите за финансирање на работата на АХВ се обезбедуваат од:
1. Буџетот наРепублика Македонија;
2. Сопствен приход;
3. Од буџетот на Европската Унија согласно критериумите утврдени во билатералните договори склучени меѓу Република Македонија и Европската Унија;
4. Донации и други извори утврдени со закон.

Платите и останатите средства за спроведување на редовните активности и операции на АХВ се распределуваат од буџетот на Република Македонија. Средствата се предвидуваат на годишно ниво во координација со Министерството за финансии
Во рамките на АХВ **функционира одделение за финансиски прашања**, со вработени 3 лица. Обезбедуваат поддршка при пресметка на буџетот и подготовката на финансиската евиденција. Персоналот од АХВ обезбедува информации за искористувањето на буџетот, вклучително сметки и други записи на барање, и согласно нормите утврдени во законодавството.

**АХВ добива буџет од Владата за:**
1. Извршување на секојдневните функции на АХВ;
2. Спроведување на официјални контролни програми.

Согласно распределениот буџет, АХВ изработува годишна програма и го дели буџетот на три главни дела:
1. Набавка – набавка на добра, опрема;
2. Услуги – ИТ, сервисирање на возила, осигурување, превод, печатење;
3. Работа – конструкција.

Потпрограма поделена на неколку посебни програми за:
1. Здравствена заштита на животните;
2. Ветеринарно јавно здравство, вклучитечно и храна за животни;
3. Мониторинг на безбедност на храна.

Како дополнување, АХВ добива одреден приход од одредени мислења (адитиви за храна), одобрение на документација (вода) и процедури за одобрение на објекти согласно законодавните норми. АХВ исто така собира средства од официјалните контроли согласно законодавството на сила и сите овие средства се слеваат директно во државниот буџет. Во иднина, АХВ ќе предложи модел за собирање на средства кои доаѓаат од официјалните контроли и кои ќе се користат за целите на АХВ, особено за активностите во однос на официјалните контроли, како што е наложено во законодавството на ЕУ.

### 5.5.3. Материјални ресурси

Материјалните ресурси кои Агеницијата ги има на располагање во рамките на внатрешните организациони единици: опремени простории вклучително и телефонски линии, IT опрема со интернет врска, софтверски системи, IT систем за идентификација и регистрација на животни; IT систем за ветеринарни инспекции на граничен премин; моторни возила и работна опрема за инспекторите. Материјални ресурси за структурните одделенија се на централно ниво на АХВ. Побарувањата за опрема доаѓаат од раководителите на посебните сектори.
Предвидено е да се продолжи со постепено оптимизирање на мрежата на АХВ, да се набави нова опрема, со што би се обезбедила непречена работа на инспекциските служби.

## Поглавје 6 – Хоризонтални и поддржани активности

### 6.1. Систем за обуки

Независно одделение во рамките на АХВ – Одделение за управување со човечки ресурси, кое е одговорно за воспоставување и одржување на систем за обуки во АХВ и соработка со образовните центри, со цел да обезбеди соодветни обуки за персоналот на АХВ.
Во член 82 од Законот за безбедност на храната е наведено дека АХВ обезбедува сите лица кои вршат официјални контроли:

- Да стекнат соодветна обука која им овозможува да ги вршат работите за кои се надлежни и да вршат официјални контроли на доследен начин;
- Да бида во тек со најновите случувања во нивната област и ако е потребно, да посетуваат редовно дополнителна обука.

Во 2013 година, се усвои системот за обуки во рамките на АХВ; Системот обезбедува водење на соодветна евиденција за спроведените обуки. Најголем дел од обуките се засноваат на покани од меѓународни институции за семинари, проекти или обуки од страна на Европската Комисија, како што е BTSF. Во рамките на проектот *„Градење на капацитетите на ветеринарните служби за имплементација на EU Acquis – EuropeAid/124586/C/SER/MK”* , спроведена е анализа на потребите од обуки и врз основа на тие анализи изработена и реализирана програма за обуки во рамките на проектот.
Сеопфатни обуки за контролните системи опфатени со овј документ, се предвидени и во рамките на проектот од ИПА 2009, кој е во фаза на имплементација во период од декември 2013 до декември 2015 година.

### 6.2. Систем за аудит

Во рамките на АХВ во 2012 година формирано е независно одделение - Одделение за внатрешена контрола и аудит кое е одговорно за спроведување на Внатрешна контрола и програмирање и спроведување на Внатрешен аудит на официјалните контроли. Внатрешниот аудит на официјалните контроли во АХВ е согласно Регулативата 882/2004/ЕЦ за официјални контроли и Одлуката 2006/677/ЕЦ која дава насоки како да се спроведе аудитот во согласност со Рег. 882/2004 како и ISO 19011:2011 но и Меѓународните стандарди на Институтот на внатрешни ревизори (IIA Standard)
Во АХВ се извршува Внатрешниот аудит на официјалните контроли односно системско и независно испитување за да се утврди дали активностите и резултатите од активностите се во согласност со планираните подготовки и дали тие се ефективно имплементирани и се соодветни за постигнување на целите;
Внатрешниот аудит на официјалните контроли е независно и објективно уверување, како и советодавна активност создадена да додаде вредност и да го подобри работењето на организацијата. Внатрешниот аудит помага на организацијата да ги постигне сопствените цели со применување на систематски и дисциплиниран приод за оценување и подобрување на ефективноста на процесите на управувањето со ризиците, контролата и управувањето.

## 6.3. Активности за стручна поддршка

**Сектор за стручна поддршка во АХВ**
Секторот за стручна поддршка е надлежен за процената на ризик во однос на ланецот на храна и храна за животни, вклучувајќи ја и здравствената заштита на животните, и давање совети и поддршка за управување со ризик, како и во процесот на креирање политики за безбедност на храна.

Секторот претставува точка за контакт за системот за брзо известување – RASFF и е надлежен за воспоставување на систем за предупредување во однос на безбедноста на храната. Секторот е надлежен за спроведување на ISO стандардите и за управување со квалитет, координација и контрола на лабораториите кои се во надлежност на АХВ, и кои вршат активности од јавен интерес. Согласно поделбата на функциите на секторот, исто така треба да ги спроведува и координира активностите на АХВ во однос на одобрение и регистрација на правни и физички лица согласно одредбите на сила за безбедност на храна и храна за животни, ветеринарно здравство и ВМП.
Во секторот има 5 одделенија, а со Правилникот се пропишуваат функциите, задачите и обврските на секторот и одредени одделенија и се одредуваат работните задолженија за секоја позиција.
Ресурси – вкупно 10, поделени по одделенија, и предвидено е зголемување на бројот на вработени.
За организирање на работните задолженија, изготвени се неколку внатрешни документи за организација:
1. Предлог-план и програма за организирање на активностите на секторот - во фаза на консултација .
2. Нацрт-правилник за правилата за управување со квалитет
3. Програма – главна задача за спроведување на ISO 90001
4. Нацрт-процедури за управување со RASFF
**5.** Нацрт-правилник за спроведување на ISO 9001.

**Одделение за проценка на ризик –** во моментов едно вработено лице е предвидено со Законодавството, за одделението за проценка на ризик. Да се собираат информации за проценка на ризик од другите сектори – извештаи од инспектори, лабораториски наоди, претставки од граѓани, известувања. Одделението исто така треба да соработува со научни институции за прашања поврзани со проценка на ризик, и е надлежно за категоризација на ризик и идентификација и изготвување на образец за проценка на ризик.
Крајната цел е препорака за мерки со цел да се намали или да не дојде до ризик по јавното здравје, предизвикан од супстанции, микроби, продукти и процеси, и да се обезбедат мислења за дејствија кои треба да се преземат. Предвидено е одделението за проценка на ризик да дава поддршка при собирањето на податоци и изворите за проценка на ризик, каде што ќе бидат вклучени партнери и соработници на АХВ. Во овој контекст, долгорочен приоритет на АХВ треба да е подобрување на комуникацијата со останатите институции вклучени во системот за безбедност на храна, како би можеле на соодветен начин да ги планираат своите активности во однос на процената на ризик.
Собирањето податоци, научната соработка и вмрежувањето се клучни активности како и главна поддршка за ова одделение за целите на процената на ризик.
Одделението за проценка на ризик предвидува подготвителни активности за научна соработка на следниов начин: креирање мрежа на научни експерти, формирање на научен комитет и научни панели, воспоставување на посебна научна мрежа и организација за наменски научни работилници и состаноци.
Научната соработка на АХВ во областа на безбедноста на храната, произлегува од рамковниот Закон за безбедност на храната, („Службен весник на Република Македонија“ бр. 157/10, 53/11, 1/12, 164/13, 187/13, 43/14 и 72/15), а со тоа претставува и клучен приоритет на АХВ којшто е воспоставен и во Стратешкиот План на АХВ за 2014-2016. Јаката соработка на АХВ со сите клучни партнери и соработници на национално и меѓународно ниво, има релевантно значење за обезбедување на достапните научни податоци кои имаат клучна улога при проценката на ризиците.

**<u>1) Најзначајни достигнувања:</u>**
- Владата на Република Македонија ја усвои Информацијата од АХВ за формирање на организациони структури за соработка со Европската Агенција за безбедност на храна и Кодекс Алиментариус.
- Владата на Република Македонија на предлог од АХВ, донесе Одлука за воспоставување на Национален совет за безбедност на храна и храна за животни и истиот е конституиран со членови од релевантни институции.

- Формирана е Комисија за селекција на институции кои ќе учествуваат во организационите структури за комуникација и соработка со ЕФСА и Кодекс Алиментариус.
- Подготвени се предлози за облиците на организационите структури кои се дефинирани како: Национален совет (НС), Научни панели (НП), Научни мрежи (НМ) на АХВ и база на податоци за научни експерти (БПЕ).
- Учество во експертски тим за подготовка на препораки за регионална министерска конференција во рамки на настанот: Regional Expert Advisory Working Group Meeting on Risk Assessment, Risk Management and Control related to Aflatoxins in South Eastern Europe, одржан на Јахорина, БиХ.
- Координирање на работата на Работна група за проценка на ризикот од афлатоксини.
- Во рамки на проектот ИПА 2009 предвидена е активност за подготовка на Стратегија за комуникација за период од следните пет години.
- Ажурирање на Стратешкиот План на АХВ 2014-2016, во делот што се однесува на проценката и комуникацијата со ризикот по безбедноста на храната.
- Обука на претставник од Одделението за проценка на тема: Training on Risk Assessment in Nutrition , во рамки на ИПА претпристапната програма на ЕФСА.
- Учество на „ЕФСА вежба за подготвеност при кризи", во организација на Европската Агенција за безбедност на храна (EFSA).
- Во рамки на Системот за управување со квалитет, подготвена е Процедура за проценка на ризик.
- Подготвен е Извештај за работа на Сектор за стручна поддршка-одделение за проценка на ризик за 2012,
- План за јавни набавки за 2014год.
- Учество на IX состанок на Поткомитетот за земјоделство и рибарство, во делот кој се однесува на 12-то поглавје, Безбедност на храна,ветеринарна и фитосанитарна политика.
- Подготвени се „Насоки за планирање на оброци за учениците од основните училишта во Република Македонија", во рамки на работа на работна група формирана во согласност со член 62 став 2 од Законот за основното образование, од страна на министерот за образование и наука.
- Учество во работата и подготовка на материјали за потребите на Комисијата за усогласување на Меѓународните здравствени регулативи со законодавството на Република Македонија. Согласно со МЗП и АХВ е инволвирана институција која придонесува во глобалната здравствена безбедност, како и за глобалниот јавен одговор на природни појави, случајни отпуштања или намерна употреба на биолошки агенси или радионуклеарен материјал кој влијае на здравјето, во делот на безбедноста на храната, а како потреба за обезбедување на глобалното јавно здравје.

**2) Обезбедување на стручна и научна поддршка на АХВ**

АХВ од нејзиното формирање и отпочнување со функционирање во 2011, покажува брз раст. АХВ има национална одговорност ставајќи ги на прво место и пред се здравјето на луѓето и интересите на потрошувачите во поглед на прашањата од областа на безбедност на храната. Со цел да обезбеди одговор на поставените прашања и да ги планира промените во својата околина во чекор со глобалните трендови, како и се поголемите барања, АХВ направи голем чекор во поглед на градење на капацитетот во областа на научната експертска поддршка и јакнење на научната база за проценка на ризик и мониторинг на ризик. Ова е во согласност со обврските кои произлегуваат од членството на Република Македонија во меѓународните Организации, како што е договорот со Светската Трговска Организација(СТО) и почитувањето на СПС мерките, членството во СЗО/ФАО и други меѓународни тела, како и обврските во поглед на пристапните процеси кон ЕУ и подобрување на работата на АХВ на Република Македонија.

Како резултат на континуирана посветеност за унапредување на системот за безбедност на храната во Република Македонија, подготвена е **Информација за воспоставување на организациони структури за соработка со Европската Агенција за безбедност на храна (ЕФСА) и Кодекс алиментариус.** Информацијата е усвоена од страна на Владата на Република Македонија на сто и четириесеттата седница на Владата на Р.М, одржана на 11.06.2013год.

Целта на Информацијата е градење на капацитетот во областа на научната експертска поддршка на системот за безбедност на храна и јакнење на научната база за проценка на ризик по безбедноста на храната во Република Македонија.

Истовремено со информацијата подготвена е **Одлука за воспоставување на Национален Совет за безбедност на храна и храна за животни**, како организациона структура за комуникација и соработка со ЕФСА и Кодекс Алиментариус која е усвоена од страна на Владата на Р.М. и објавена во Сл. Весник на Р.М. бр. 104/2013. Во состав на Националниот совет, освен претставници од АХВ, Министерство за здравство и Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, вклучени се и сите релевантни

научни, научно образовни и јавно здравствени институции, вклучувајќи и претставници од стопанските комори. Националниот Совет се состои од шеснаесет члена и истиот се формира со цел да обезбедува научни совети и научна и техничка поддршка во однос на политиката на областите кои имаат влијание врз безбедноста на храната и храната за животни. Националниот совет комуницира и соработува со ЕФСА и Кодекс алиментариус и при тоа дава научни информации за сите проблеми од областа на безбедноста на храната и храната за животни и пренесува информации за ризикот до надлежните органи на државна управа.

Заради успешно спроведување на задачите при проценката на ризикот, како и спроведување на научната поддршка, со цел навремено преземање на ефикасни и ефективни мерки при управувањето со ризикот, Националниот Совет организира научни панели во десет стручни области. Научните панели се составени од независни научни експерти кои имаат задача да вршат проценка на ризик и да даваат научни совети во областа на безбедноста на храната и храната за животни, исхраната, здравствена заштита и благосостојба на животните, здравје и заштита на растенијата.

**Генерални цели, во контекст на спомената реорганизација на АХВ се следните:**

- **Воспоставување и градење на стратешка координација со научни институции и поддршка на научните активности.**
- **Воспоставување и градење на стратешки пристапи кон комуникационите активности на АХВ.**
- **Консолидирање на ресурсите за јавно здравствените приоритети, како што се хемиските и биолошките контаминенти, како и за здравјето на животните и растенијата.**

Во контекст на наведеното, а заради реализација на конкретни решенија, директорот на АХВ формираше Комисија за селекција на институции кои ќе учествуваат во организационите структури за комуникација и соработка со ЕФСА и Кодекс Алиментариус. Комисијата ги дефинираше неопходните облици на Организационите структури, во согласност со член 120 од Законот за безбедност на храната како што е наведено подолу:

1. **Национален Совет за безбедност на храна и храна за животни, (НС);**
2. **Научни панели на АХВ-(НП);**
3. **Научни мрежи на АХВ-(НМ);**
4. **База на податоци за научни експерти-(БПЕ).**

Во однос на воспоставување на организационите структури, **подготвени се материјали со кои е елаборирана потребата од нивно воспоставување.**

- Предлог за формирање на научни панели
- Предлог за воспоставување на научни мрежи на АХВ
- Предлог за воспоставување на База на податоци на експерти-БПЕ.

Комисијата предложи формирање на 10 научни панели на АХВ и тоа како што следува:

1. Панел за здравствена заштита и благосостојба на животните,
2. Панел за биолошки опасности,
3. Панел за контаминенти во синџирот на храната,
4. Панел за диететски производи, исхрана и алергии,
5. Панел за адитиви и хранливи состојки додадени на храната,
6. Панел за средства за заштита на растенијата и нивни резидуи,
7. Панел за здравје на растенијата,
8. Панел за адитиви и производи или супстанци употребени во храната за животни,
9. Панел за материјали во контакт со храната, ензими, подобрувачи на вкус и технолошки помагала,
10. Панел за генетски модифицирани организми.

**<u>3) Научна соработка, вмрежување и колекционирање на податоци</u>**

Со цел правилно донесување на мерки за управување со ризиците, неопходно е прибирање и евалуација на податоци. Ова ќе биде овозможено со мрежно поврзување на АХВ со институции/ организации кои работат во полето на собирање на податоци согласно надлежностите на АХВ. Овие мрежи претставуваат клучна поддршка во областа на размена на информации и податоци. Согласно наведеното, Комисијата усвои **предлог за воспоставување на следните научни мрежи на АХВ:**

1) Мрежа за **микробиолошка проценка на ризик;**

2) Мрежа за хемиски контаминенти во храна и храна за животни, официјално наречена „**Експертска група за хемиски појави**“;

3) Мрежа за податоци од мониторингот на средствата за заштита на растенијата и нивни резидуи, официјално наречена „**Мрежна група за мониторинг на пестициди**“;

4) Мрежа за податоци во однос на консумирање на храна заради евалуација на ризици поврзани со можни опасности во храната официјално наречена „**Експертска група за податоци за консумирање на храна**".
**Значаен дел од работата е посветен на подготовка на критернуми за селекција на научни експерти за научните панели и за базата на податоци на експерти, како и критериуми за селекција на институции/организации кои ќе бидат вклучени во научните мрежи на АХВ**. Улогата на научните експерти е учество при проценките на ризик и подготовка на соодветни научни предлози кои треба да помогнат во носењето на одлуки при менаџирањето со ризикот.
На овој начин ќе **се реализира улогата на АХВ како референтна точка за проценка на ризик во Република Македонија и нејзиното централно место во пристапот за научната соработка.**

**<u>4) Комуникација на ризик</u>**
АХВ комуницира за ризиците асоцирани со синџирот на храната на отворен и транспарентен начин. Во тек на 2013год. се заклучи дека оваа комуникација треба да биде базирана на советите од Националниот совет и научните панели по нивното формирање, како и од сопствени експертизи на АХВ. Секторот дава поддршка и учествува во градење на јавната доверба во однос на комуникацијата за ризиците по безбедноста на храната, исто така управува и со системот за брзо предупредување за опасности од храна/храна за животни итн.
Обезбедување на соодветни, конзистентни, прецизни и навремени комуникации до сите вклучени партнери и заинтересирани страни, вклучително и широката јавност, базирани на проценката на ризик и експертиза на АХВ, е во согласност со Законот за безбедност на храната. Досегашното искуство во работењето укажува на потреба од ефикасна имплементација на комуникационите активности на АХВ преку селекција на соодветни комуникациски канали и алатки. Како заклучок на Секторот во однос на наведеното беше констатацијата за подготовка на единствен документ за комуникација, така што **во Стратешкиот план на АХВ 2014-2016. предвидено е подготовка и донесување на Стратегија за комуникација на АХВ**. **Во рамки на проектот ИПА 2009 предвидена е активност за подготовка на Стратегија за комуникација за период од следните пет години**. На овој начин ќе се воспостави функционален систем за комуникација помеѓу АХВ и операторите со храна, индустријата, научните институции, експертите, широката јавност и сите останати партнери и заинтересирани страни, како еден од клучните услови за исполнување на принципот на транспарентност .

**Комуникација на ризик и RASFF – одделението има функција на контакт точка за RASFF**
Секојдневно, по добивање на известување и неделен преглед на информациите од системот за известување, истите се презентираат на порталот за RASFF. Листите се изготвуваат по секоја добиена пријава, каде што по нивната обработка, се доставуваат по електронски пат до државните инспектори за храна и официјалните ветеринари за храна од животинско потекло согласно воспоставените процедури.

**Одделение за управување со квалитет** – Сѐ уште не е усвоен прирачник со правила во однос на спроведувањето на ISO 9001.
Персоналот од одделението ќе има главна улога во спроведувањето и одржување на ISO стандардите, по основна компонента претставува соработката со персоналот од останатите сектори кои би ги имале и би ги применувале знаењето и вештините во однос на конкретните прашања од предметниот сектор и исто така би биле извор на информации потребни за изготвување на документацијата врз основа на стандардите.
Согласно заклучокот од Дваесет и седмата седница на Владата на РМ, одржана на 14.03.2012 година, АХВ започна со имплементација на стандардот за управување со квалитет ISO 9001:2008, како дел од реформите во јавната администрација.
Основната цел е унапредување на квалитетот на управувањето со институциите, преку зголемување на ефективноста и ефикасноста во работењето, подигнување на свеста и одговорноста кај вработените, подобрување на услугите, како и зголемување на задоволството на корисниците на услугите.
Имплементацијата на овој стандард се спроведе преку реализирање на дефинираните фази согласно барањата на стандардот. Притоа беа реализирани активностите од третата фаза која вклучува изготвување на документацијата, односно изготвување на нова документација согласно потребите, како и ревидирање на постоечката документација (прирачник за квалитет, политика за квалитет, планови, програми, процедури, упатства, обрасци, извештаи), со цел креирање на стандардизирани документи кои ќе ги опфатат сите процеси во рамките на АХВ.
Со цел подобрување и усовршување на компетентноста на вработените во оваа област, беше реализирана една обука за водечки проверувачи, на која присуствуваа двајца вработени од АХВ. Основната цел на обуката беше стекнување на знаења и вештини за планирање, организирање и координирање на тимовите за спроведување на интерни проверки и унапредување на системот за управување со квалитет во организацијата.

Во текот на имплементацијата на стандардот континуирано беа остварувани средби со консултантите задолжени за реализација на овој проект и беа давани идни насоки и препораки, со цел подготовка за работење според новоизбраната документација, како и подготовка за спроведување на интерни проверки. Во декември 2014 година Агенцијата за храна и ветеринарство се сертифицира за стандардот за управување со квалитет ISO 9001:2008

**Координација и контрола на лаборатории – координација на активностите** со акредитирана лабораторија и давање на информации за спроведување на истрага. Предвидено е АХВ да потпише договор со две лаборатории – лабораторијата на факултетот за ветеринарна медицина, а во однос на ГМО, со Институтот за земјоделски науки и храна. Дополнително на ова, акредитирани се 10 јавни здравствени институции за конкретни методи на испитување и истите се достапни за соработка.
Во врска со координација и контрола на лабораториите реализирани се активностите:

1. Учество на обука за толкување на стандардот ISO/IEC 17025, оддржана од страна на SIDA и Шведското акредитациono тело SWEDAC.
2. Посета на лаборатории за анализа на храната низ Македонија во март 2013, со цел да се следи напредувањето на опфатените лаборатории во врска со нивна акредитација.
3. Следење на измените во легислативата на Европската унија и хармонизацијата на важечките прописи,
4. Комуникација со Институтот за акредитација на РМ и со други државни органи и тела за стандардизација и акредитација, како и следење на новите технолошки и научни достигнувања од областа.
5. Посета на лаборатории за анализа на храната низ Македонија.
6. Учество на обуката за хемиска проценка на ризик во Драч – Албанија, кое се одржа од 02-04 јули од страна на ЕФСА, во кои присуствуваа претставници надлежните органи за безбедност на храна од Балканските земји.
7. Посета на лаборатории за анализа на храната низ Македонија, со цел да се следи унапредувањето на истите лаборатории во процесот на акредитација.
8. Водење на евиденција за национални референтни лаборатории, евиденција за други лаборатории на територијата на Република Македонија кои вршат активности од областа на безбедност на храна, храна за животни или здравствена заштита на животните.
9. Ажурирање на податоците во табелата на најновите акредитирани методи за испитување на храната, храна за животни и здравствена заштита на животните.

**Заштита на потрошувачите –** информирање на потрошувачите за нивните задачи, права и обврски. Постои двогодишна програма објавена од страна на владата, каде се опфатени сите производи.
Ќе се изготват упатства и со истите ќе се информираат потрошувачите во однос на производите и потрошувачките права и обврски.
**Главни приоритети на секторот за стручна поддршка:**

1. Остварена акредитација на Агенцијата согласно со ISO 9001:2008 , Акредитација на инспекциското тело согласно со акредитацијата 17020;
2. Откако Владата ќе ги одобри панелите, да се направи првата проценка на ризик;

- **Одделението за заштита на потрошувачи** заради развивање и унапредување на политиката за заштита на потрошувачите во областа на безбедноста на храната, и јакнење на системот за безбедност на храна во Република Македонија, во текот на 2014 година реализира повеќе активности:

- Направена е евалуација на базата податоци по поднесени претставки и предлози во 2014 година /прикажана во прилог на овој извештај/

- Направен е увид во предметите за постапувањата по претставките и предлозите и изготвени се известувања до подносителите /362 предмети/

- Извршено е евидентирање на поднесените претставки и предлози во базата на податоци и направена е анализа на податоците. Истото е реализирано преку следните активности: *упишување на податоците во прегледот* (база на податоци) на поднесени претставки и предлози; *обработка и анализирање на податоците* – се анализира перцепцијата на потрошувачите за опасностите и ризиците од храната; *изготвување на евалуација*, која ги покажува резултатите од анализата; *доставување на евалуацијата* до секторите во Агенцијата, со цел при планирањето на активностите да ја земат во предвид перцепцијата на потрошувачите за опасностите и ризиците од храната.

Направена е подготовка на материјали за поставување на Web страницата на Агенцијата за храна и ветеринарство, посебно во делот што се користи за информации, едукација и совети за потрошувачите. Изготвени се стручни мислења и информации во врска со заштита на потрошувачите.

Пуштен е во употреба и преслушуван бесплатниот телефонски број 0800 3 2222 на Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија. Потрошувачите може да пријават неправилности од областа на безбедноста на храната, здравствената заштита и благосостојбата на животните и да дадат предлози за унапредување на работата на Агенцијата. Јавувањата на граѓаните се снимаат. Потрошувачите можат да останат анонимни, а доколку остават податоци (име и презиме, адреса и телефонски број за контакт), од Агенцијата за храна и ветеринарство добиваат писмено известување од Одделението за заштита на потрошувачи. Во рамките на активностите на одделението се и комуникации со медиумите на повеќе теми со цел информирање и едукација на јавноста по одредени прашања од областа на безбедноста на храната и правата на граѓаните врзани за безбедноста на храната.

Одржана е и едукативна работилница на која беа обучени петнаесеттина младинци од подмладокот на Црвениот Крст. Преку презентација на едукативни брошури наменети за граѓаните, кои минатата година во рамки на кампањата за подигнување на јавната свест за безбедноста на храната, младинците кои учествуваа на оваа обука беа обучени за основите за адитивите во исхраната, корисните информации за алергиите од храна и како да се чита означувањето на прехранбените производи. Преку потенцирање на обврската на потрошувачите за читање на означувањето на прехранбените производи и објаснување на тоа кои елементи треба задолжително да бидат застапени во означувањето претставена беше брошурата "Здравјето е важно! Какви информации треба да содржи означувањето на храната?" На обуката акцент беше ставен и на се поактуелните нутритивни и здравствени тврдења и начинот на нивното означување при рекламирање во комерцијални цели. Стекнатите знаења од обуката, подмладокот на Црвениот Крст преку идентични обуки на кои ќе бидат поделени и едукативните брошури ќе им го пренесе на средношколците од градот Скопје.

Одржана е и работилница на темата „Хигиенски навики и безбедност на храна кај децата,, во градинка и училиште во Скопје на барање на директорите од овие институции.

Реализиран е дел од активностите од „Програма за заштита на потрошувачи за периодот 2013-2014 година" , што ја донесува Владата на Република Македонија. Во соработка со невладиниот сектор изготвени се информативно едукативни материјали за потрошувачите

1. **Означување на месо и месни преработки**
2. **Означување на млеко и млечни преработки**
3. **Означување на риба и преработки од риба**
4. **Означување на храната за доенчиња**
5. **Означување на хранта наменета за диети и спортисти**
6. **Означување и заблуди**

Едукативно информативните материјали беа инсертирани во весникот „Дневник,, приологот Здравје.

### 6.4. Систем за RASFF

АХВ е точка за контакт и воспоставува соодветна организациона структура за RASFF (Систем за брзо известување за храна и храна за животни). АХВ ги координира субјектите вклучени во системот за брзо известување, разменува информации во рамките на Република Македонија и исто така врши размена на информации со еквивалентни системи од други земји. Во рамките на АХВ, точки за контакт се: Секторот за стручна поддршка, Одделението за комуникација на ризик, Согласно Правилникот за внатрешна организација на АХВ, Одделенијата за комуникација на ризик и за системот за брзо известување, се надлежни за:

1. Воспоставување на систем за брзо извествуање и препраќање на информации за болести предизвикани од храна и храна за животни во Македонија,
2. Поврзување со RASFF на ЕУ, анализа и доставување на податоци во однос на утврдени ризици добиени од страна на луѓе вклучени во мрежата на системот за брзо известување,
3. Изготвување на план за известување за итни случаи,
4. Комуникација со одделенија за кризи во други надлежни тела,
5. Водење евиденција за доставените и испратените податоци во однос на утврдените ризици. Истите се обработуваат преку информатичката мрежа;

6. Преземање мерки за транспарентно информирање и заштита на потрошувачите во однос на утврдените ризици кај храната и храната за животни,
7. Известувања за ризик до сите надлежни институции, производители и трговци со храна и потрошувачите,
8. Комуникација од ЕУ за утврдените ризици до точката за контакт за Македонија за системот за брзо известување – RASFF од ЕУ,
9. Централно тело за размена на информации во случај на кризи,
10. Воведување и примена на системот за брзо известување и преземање соодветни мерки при итни случаи,
11. Издавање на публикации и друг информативен материјал наменет за јавноста, во однос на работата на АХВ,
12. Подготовка на информации за веб-страницата на АХВ,
13. Комуникација со други државни институции со цел информирање за опасности од храна,
14. Подготовка на стратегија за комуникација на податоците до потрошувачите во однос на безбедноста на храната,
15. Информирање на јавноста за природата на опасностите по здравјето,
16. Комуникација за преземените или мерките кои треба да се преземат со цел да се спречи, намали или отстрани ризикот.

- **Одделението за комуникација и РАСФФ** реализира повеќе активности во тек на 2014 година. Имено, сите 52 недели од презентираните нотификации на РАСФФ Порталот се обработени и по електронски пат се проследени до надлежните инспектори на граничните премини, заради информирање за одредени идентификувани ризици во храната.

### 6.5. Управување со кризи

Во законот за безбедност на храната е утврдено дека АХВ дава предлог-план за управување со кризи во областа на безбедност на храна и храна за животни.
Со цел да се изготви планот за управување со кризи, директорот на АХВ формира работна група со неколку учесници. Групата во моментов работи на изготвување на планот за управување со кризи и потоа истиот ќе се презентира пред соодветните учесници за консултација.
Во општиот план е претставена ситуацијата како и директните или индиректните ризици по здравјето на луѓето кои доаѓаат од храната и храната за животни и кои не би можеле да се спречат , елиминираат или намалат до прифатливо ниво со помош воспоставените мерки или со нив не може да се управува само преку примена на мерките за итни случаи и практичните процедури потребни за управување со кризи, вклучувајќи ги и начелата за транспарентност кои треба да се применат како и стратегијата за комуникација.
Општиот план за управување со кризи го усвојува Владата на Република Македонија за период од 5 години.

Со цел полесна примена на планот за управување со кризи, АХВ изготвува оперативен план за непосредни мерки кои би се применувале во случај храната или храната за животни да претставуваат сериозен ризик по здравјето на луѓето, директно или преку животната средина.

## Поглавје 7 - Приоритети на официјалните контроли

### 7.1. Листа на приоритети за спроведување на ПНКП и јакнење на официјалните контроли:

1. Понатамошно усвојување на соодветното законодавство за спроведување, СОПи, прирачници и контролни листи за подобрување на ефективноста на официјалните контроли.
2. Понатамошно прилагодување на Правилникот за систематизација и организација на АХВ (работни места и опис на работното место) со цел да се пополнат слободните работни места, особено за раководителите на сектори и одделенија, за еден целосно функционален тим за раководење на АХВ.
3. Промовирање на помладите соработници во инспектори, способни за вршење официјални контроли и процедури и понатамошно вработување на високо квалификуван стручен персонал.

4. Јакнење на системот за човечки ресурси во АХВ согласно добрите практики за политика на човечки ресурси
5. Обезбедување доволно финансиски средства за постојано спроведување на функциите и активностите на АХВ, особено активностите утврдени во програмата за официјални контроли, вклучувајќи и воспоставување на финансиски систем заснован на одржливи сопствени ресурси.
6. Воспоставување на одржлив систем за обуки
7. Воспоставување систем за аудит, градење на човечките капацитети при понатамошната реализација и унапредување на таквиот систем.
8. Воспоставување на релевантен и најприфатлив систем за анализа на ризик со цел да се постигне ефикасност во официјалните контроли и заштитата на потрошувачите.
9. Воспоставување на систем за управување со квалитет во согласност со ISO 9001 и 17020
10. Воспоставување и одржување на систем за управување со кризи и функционирање на структурата на централно и локално ниво.

## Поглавје 8 – Преглед и надополнување на планот

ПНКП ќе се ажурира постојано, во врска со подготовката на годишниот извештај согласно член 99 од Законот за безбедност на храната. Првиот извештај се подготвува една година откако започнала реализацијата на повеќегодишните национални контролни планови, и последователно, секоја година потоа. Во извештаите треба да се наведат сите измени направени на повеќегодишниот национален контролен план. Во извештајот исто така треба да се наведат резултатите од официјалните контроли и аудити спроведени во текот на претходната година, видот и бројот на случаи каде се утврдени недоследности; активности со кои би се обезбедила делотворна реализација на повеќегодишните национални контролни планови, вклучително активностите кои се спроведуваат и резултатите од истите. АХВ ќе ги финализира извештаите и ќе ги достави до Владата, во рок од шест месеци по крајот на годината за која се однесуваат тие извештаи.

## Поглавје 9 - Контролен систем за здравствена заштита на животни

### 9.1. Општи национални стратешки цели

**Вовед**

АХВ е надлежен орган во Македонија во областа на официјална контрола за здравствена заштита на животните. АХВ е основана со интегрирање на Управата за ветеринарство во рамките на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Дирекцијата за храна во рамките на Министерството за здравство, и функционира од јануари 2011.

Основната регулатива во ветеринарната област е Законот за ветеринарно здравство со кој се утврдуваат одредбите во однос на организацијата и надлежностите на ветеринарните служби и начелата и процедурите за спроведување на активностите во однос на заштитата на луѓето и животните од болести кои се пренесуваат преку животни и производи од животинско потекло.

Секторот за здравствена заштита и благосостојба на животните од АХВ е централен надлежен орган за здравствена заштита на животните. Овој сектор е надлежен за планирање, координација и мониторинг на активностите на официјалните и одобрените ветеринари во областа на здравствената заштита на животните. Ветеринарните инспектори на регионално ниво како и овластените ветеринари, се надлежни за спроведување на различни мерки и контроли на терен. Ветеринарните канцеларии на регионално ниво се под директна надлежност на АХВ.

Еден од фокусите на секторот е спроведување на три повеќегодишни национални програми, имено за бруцелоза кај говеда, бруцелоза кај овци и кози и туберкулоза кај говеда. Наведените болести сѐ уште се ендемични во разни делови од земјата, претставувајќи ризик и по здравјето на луѓето. Искоренувањето на овие болести претставува приоритет за АХВ во областа на здравствената заштита на животните. Мерки за сузбивање и искоренување се преземаат и во однос на други болести како што се беснилото, класичната чума кај свињите итн.

**Цел**
Со цел да се обезбедат контролни механизми и ефективен надзор на здравствената заштита на животните кои ќе се засноваат на извршена анализа на ризик, да се воспостават соодветни алатки за искоренување на болести и систем за навремено предупредување со кој би се утврдувале појавите на заразни болести кај животните, поставени се следниве цели:
1. Контрола и превенција на ширење на болестите кај животните во земјата;
2. Утврдување на агенси на болестите и ефикасно отстранување на истите од одредена популација;
3. Воспоставување и целосна оперативност на ветеринарно информативен систем, со кој ќе се обезбеди следливост на болестите кајживотни и ќе се обезбеди детална база на податоци за целите на официјалниот надзор;
4. Воспоставување на соодветни методолошки и технички ресурси со кои би можело да се спроведе и управува со применлив и ефективен механизам за искоренување на заразни болести кај животните.

Постојат две компоненти кои се критични за постигнување на целите – финансиските средства и нивото на јавната свест (претежно кај сопствениците на животни) за значајноста на контролите на здравјето на животните. АХВ ги има опфатено и двата аспекти во повеќегодишниот национален контролен план кои се соодветно елаборирани и за кои се предвиднени активности за нивно спроведување.

## 9.2. Организација и структура на надзорот

### 9.2.1. Поделба на функции, задачи и одговорности

Севкупната надлежност за организација и функционирање на надзорот за здравствена заштита на животните во Република Македонија е во рамките на АХВ (Закон за безбедност на храната, член 15 и 26).
Правната основа на статусот на АХВ е дадена во **Законот за безбедност на храната**, последен пат изменет на 5 мај 2015 година. („Службен весник на Република Македонија“бр. 157/10, 53/11, 1/12, 164/13, 187/13, 43/14 и 72/15).

Надзорот на здравствената заштита на животните е организирано на <u>три нивоа</u>:
1. Централно ниво – централен надлежен орган – АХВ;
2. Регионално/локално ниво – локални епидемиолошки единици на АХВ;
3. Локално ниво –ветеринарните друштва се надлежни за спроведување на мерки за контрола на здравствената заштита на животните. Задачите и надлежностите се утврдени со посебен договор склучен помеѓу АХВ и ветеринарните друштва. Согласно новиот концеп на здравствена заштита на животните во текот на 2013 година се спроведе Јавен повик кој содржи елементи кои се однесуваат на условите за распледелба како висината на надоместокот за вршење на активности за здравствена заштита на животните. Со ова се заменува досегашниот пристап на обезбедување на покриеност на здравствената заштита на животните со нов кој е пофлексибилен и поефикасен и дозволува наметнување на пазарана конкурентност.

**Закон за ветеринарно здравство,** претставува основен правен документ со кој се регулираат ветеринарните активности за кои е надлежен секторот за здравствена заштита и благосостојба на АХВ. Со овој закон се утврдуваат правата, обврските и одговорностите на персоналот на АХВ како и на лицата надлежни за одгледувалиштата и објектите, и останатите правни и физички лица вклучени во активностите утврдени со законот. Со него исто така се утврдуваат одредбите во однос на организацијата и надлежноста на АХВ, и начелата и процедурите за спроведување на активностите во однос на заштитата на луѓето и животните од болести кои се пренесуваат преку животни, производи, нус-производи од животинско потекло и предмети, активности за борба против заразни болести кај животните, вклучувајќи ги и зоонозите, работата на Ветеринарната комора и други прашања кои се важни за ветеринарните служби.
Со овој закон се утврдуваат општите услови за контрола и искоренување на болести кај животните, општите услови за пуштање во промет на животни и производи, увоз, транзит на животни и производи, финансирање на ветеринарното јавно здравство и здравствената заштита на животните, како и други прашања во однос на ветеринарното здравство.
Со АХВ раководи директорот, којшто го назначува Владата на Република Македонија. **Директорот** истовремено **е и главен ветеринарен службеник** (Закон за ветеринарно здравство). **Директорот на АХВ е надлежен за усвојување на акти за организација и систематизација на работата и активностите на АХВ, усвојување на други акти поврзани со работата и функционирањето на АХВ (Правилници, прирачници, планови, насоки, одлуки итн.); донесува одлуки за вработување, распределба на персоналот како и во однос на нивните права и обврски, усвојува регулативи поврзани со безбедноста на храната и ветеринарното здравство и обезбедува извршување на активностите поврзани со безбедноста на храната и ветеринарното здравство.**

Главниот ветеринарен службеник го координира и врши надзор во спроведувањето на Годишната наредба за здравствена заштита на животните, Годишната наредба за ветеринарно јавно здравство и повеќегодишните програми.
Директорот на АХВ е надлежен за разработка и усвојување на Плановите за итни мерки и оперативните прирачници за борба против особено опасни заразни/епизоотски болести.

**Прво ниво на надзор на здравствената заштита на животните:**

Во рамките на АХВ, главната структура надлежна за прашањата во однос на здравствената заштита на животните е Секторот за здравствена заштита и благосостојба на животните – одговорен за изготвување на правни документи, програми, извештаи, планови за итни мерки и упатства во рамките на својата надлежност како и изработка и спроведување на систем за официјални контроли во однос на здравствената заштита на животните. Секторот за здравствена заштита и благосостојба на животните се состои од 5 одделенија:

- Одделение за здравствена заштита на животните;
- Одделение за благосостјба на животните
- Одделение за идентификација и регистрација на животните,
- Одделение за планови за итни мерки и
- Одделение за државна инспекција за здравствена заштита на животните.

**Одделението за здравствена заштита на животните** е надлежно за:

- Следење на статусот на болестите кај животните во Македонија;
- Коминукација и координација со официјалните ветеринари и ветеринарните друштва надлежни за вршење на акртивности од јавен интерес од областа на здравствената заштита на животните;
- Подготовка на програми за контрола/искоренување на болести кај животните;
- Подготовка на извештаи во однос на здравствениот статус на животните;
- Одржување и надградба на нови модули во Ветеринарно информативниот систем и други бази на податоци кои се однесуваат на здравјето на животните;
- Следење на статусот на заразните болести во светот;
- Изготвување на примарни и секундарни акти во областа на здравствената заштита на животните;
- Проверка на доставените фактури во врска со здравствената заштита на животните;
- Водење евиденција, контрола и верификација на достасаните фактури за здравствена заштита на животните;
- Изготвување на годишна наредба за спроведување на контролни мерки за соодветната година;
- Регистер и водење евиденција за ветеринарни практики;
- Комуникација со национални и меѓународни организации во областа на здравствената заштита на животните;
- Ажурирање и доставување на полугодишни и годишни извештаи за здравствената состојба на животните кон Светската организација за здравствена заштита на животните (ОИЕ).

**Одделението за планови за итни мерки** е надлежно за следново:

- Изготвување на планови за итни мерки и стандардни оперативни процедури, работни насоки и упатства, формулари, контролни листи и други документи за особено опасни заразни болести кај животните кои подлежат на мерки за сузбивање и искоренување;
- Одржување на високо ниво на подготвеност и опременост на Националниот центар за контрола на болест (НЦКБ) и локалните центри за контрола на болест (ЛЦКБ);
- Одржување на постојана спремност во однос на спроведувањето на плановите за итни мерки;
- Предвидување на опрема за потребите на НЦКБ и ЛЦКБ;
- Планирање и организација на вежби за симулација;
- Подготовка на извештаи за здравствената заштита на животните за особено опасни заразни болести кои подлежат на мерки за сузбивање и искоренување и болести кај рибите;
- Одржување на ВИС и други бази на податоци кои се однесуваат на здравјето на животнитево однос на болести кои подлежат на планови на итни мерки и аквакултурата;

- Следење на состојбата со особено опасни заразни болести кои подлежат на мерки за сузбивање и искоренување, и болести кај рибите во државата, во регионот и пошироко во светот;
- Изготвување на законски и подзаконски акти кои се однесуваат особено опасни заразни болести кои подлежат на мерки за сузбивање и искоренување, аквакултура и здравствена заштита на рибите и дијагностички прирачници за особено опасни заразни болести;
- Проверка на фактури за реализацијата на активности во делот на плановите за итни мерки, спроведени дијагностички испитувања за реализирани програми на надзор;
- Соработка и комуникација со релевантните институции во Македонија, надлежни за справување со итни состојби и Комуникација со меѓународни организации;
- Контрола и надзор над спроведувањето на мониторингот на Авијарна инфлуенца кај диви птици;
- Контрола и надзор на спроведувањето на активности во однос на здравствена заштита на аквакултурата;
- Организирање, фасилитирање и имплементирање на проектни активности;

**Одделението за државна инспекција за здравствена заштита на животните** е надлежно за следново:

- Официјални контроли, спроведување на мерките за здравствена заштита на животните, контрола и искоренување на болестите кај животните
- Надзор на болести кај животните и спроведување на ветеринарните контроли за време на чување, производство и трговија со живи животни,
- Контрола на сообразноста на начелата за ветеринарно здравство во центрите за репродукција и вештачко оплодување, одгледувалишта на животни,
- Земање примероци и контрола на земањето примероци за лабораториско испитување, известување за појава на заразни болести кај животните,
- Официјални контроли за спроведување на одредбите за здравствена заштита и благосостојба на животните и официјална контрола на спроведувањето на одредбите за идентификација и регистрација на животните.

<u>Сектор за ветеринарно јавно здравство</u> – врши регистрација и одобрение на сите објекти за производство на храна од животинско потекло, **изготвување на контролни програми за зоонози,** резидуи итн. Секторот за ветеринарно јавно здравство е надлежно за изработка и реализација на програмата за контрола на салмонелоза. Овој сектор е исто така надлежен и за контрола на Трансмисивни спонгиформни енцефалопатии (ТСЕ) на ниво на кланици.

<u>Секторот за стручна поддршка</u> во рамките на АХВ го опфаќа **одделението за координација и контрола на лаборатории,** и е надлежно за:

- Обезбедување поддршка за лабораториите, за сите предвидени лабораториски анализи,
- Собирање податоци од останатите сектори на АХВ во однос на бројот и зачестеноста на анализите предвидени со годишните и повеќегодишните планови и програми,
- Планирање на бројот на анализи и видот на истите за тековната година,
- Водење евиденција за лабораториите кои работат под договор како национални референтни лаборатории,
- Земање учество при изготвување на договори склучени меѓу АХВ и националните референтни лаборатории,
- Земање учество при изготвување на одредби за уредување на условите кои треба да ги исполнат националните референтни лаборатории,
- Соработка со Институтот за акредитација на РМ и тела за стандардизација при што се следат сите промени во однос на акредитираните постапки за лабораториите кои се во системот за контрола на безбедноста на храната како и следење на новите технолошки и научни достигнувања од областа
- Водење евиденција за резултатите добиени од лабораториите,
- Подготовка на извештај за работата на лабораториите во тековната година, вклучително и неусогласености.

<u>Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје</u> – врши дијагностички анализи на болести кај животните. Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје согласно член 4 од „Годишната наредба за здравствена заштита на животните" е назначен како надлежна институција за вршење на лабораториски испитувања. Целта и начинот на соработка меѓу АХВ и лабораторијата се утврдени во договорот. Договорите се

склучуваат на период од пет години и се предмет на годишен преглед и прилагодување од страна на АХВ, согласно ветеринарните приоритети.
Резултатите од тестирањата лабораторијата ги внесува во лабораторискиот информативен систем (LABIS). Податоците се достапни за АХВ.

**Второ ниво на надзор на здравствената заштита на животните:**

Во рамките на секторот во АХВ распоредени се 29 локални единици во кои се распределени **официјалните ветеринари** при одделението за државна инспекција за здравствена заштита на животните.

**Трето ниво на надзор на здравствената заштита на животните:**

Трето ниво на надзор за здравствена заштита на животните се ветеринарните друштва кои се овластени за спроведување на одредени мерки за заштита на здравјето на животните од заразни болести, во рамките на примарните и секундарните ветеринарно-здравствени дејности. За спроведување на ова нивно на надзор потпишани се засебни договори меѓу АХВ и секое оделно ветеринарно друштво се со цел - контрола на болести кај животните. За населените места во 81 епизоотиолошка единица потишани се 172 договори со 118 ветеринарни друштва. Овластените друштва ги реализираат активностите согласно Годишна наредба за здравствена заштита на животните. Ветеринарните друштва јавните овластувања ги спроведуваат под надзор на официјалните ветеринари. Сите спроведени активности ветеринарните друштва и официјалните ветеринари ги внесуваат во Ветеринарно информативниот систем (ВИС), а испраќањето на примероци (крв или друг материјал) до националната референтна лабораторија Факултет за Ветеринарна Медицина Скопје се врши со формулари и етикети со баркодови. ВИС содржи податоци од областа на задравствената заштита и благосостојба на животните, идентификација и регистрација на животните како и јавното ветеринарно здравство.

Слика бр 9.1.

**Структура на надзорот за здравствена заштита на животните**




### 9.2.2. Човечки ресурси

Табела бр. 9.1

**Човечки ресурси**

| Број | Ниво на надзор и контрола | **Број на вработен персонал** | **Забелешки** |
|---|---|---|---|
| *1.* | ***Централно ниво*** *(прво ниво)* | *22* | |
| *2.* | ***Локално/регионално ниво*** *(второ ниво)* | *65* | |
| *3.* | ***Локално*** *(приватни ветеринарни друштва) (трето ниво)* | *118* | |

**9.2.3. Материјални средства /техничка опрема**

Персоналот од секторот за здравствена заштита и благосостојба на животните како и персоналот од регионално и локално ниво, располага со доволно материјални средства: опремени простории со директни телефонски линии; IT опрема со интернет врска; софтверски системи; информатички систем за идентификација и регистрација на животни; информатички систем за ветеринарни инспекциски места на гранични премини; моторни возила и професионална работна опрема за официјалните ветеринари.
Нема посебна опрема доделена за дејствување при итни случаи, како што е појава на заразна болест. Предвидено е во иднина да се определат и обезбедат одредени ресурси (како што е посебна заштитна облека за официјалните ветеринари, средства за дезинфекција, опрема за земање примероци, уреди за убивање итн) .

**9.2.4. Број на животни и одгледувалишта (информации од базата на податоци)**

**Табела бр. 9.2**

| Вид на животни | Број на регистрирани одгледувалишта | Број на животни |
|---|---|---|
| говеда | 28.925 | 213.909 |
| овци/кози | 9.441 | 765.791 |
| свињи | 5004 | 129865 |
| пчелни семејтва | 3622 | 184189 |

**9.3. Систем за обуки**

Во однос на активностите за здравствена заштита на животните, нема развиено ниту реализирано систем за обуки. Обезбедени се неколку обуки, за персоналот на централно ниво, како и за официјалните ветеринари. Овие обуки се организирани од страна на Светска банка, TAIEX и DG SANCO. Исто така спроведени се и обуки од експерти од централно ниво на АХВ за регионалните инспектори (официјални ветеринари) и за одобрените ветеринари. Во рамките на меѓународните проекти и TAIEX, реализирани се две симулациски вежби за птичји грип. Првата вежба е реализирана во 2009 „Симулациска вежба за птичји грип“ во организација на FAO , а втората е поддржана од страна на TAIEX во 2011.
ФАО -„Помош на Земјите од Западен Балкан за подобрување и усогласеност со интернационалните стандарди за здравствена заштита на акватичните животни“- реализирано учество на регионални работилници и организирање на симулациона вежба за сузбивање и искоренување на болести кај риби.
Еу-ФМД –„FMD emergency preparedness“ реализирани работилници и реализирано учество на 5 студиски трениннзи во Кенија (2011-2013);
ИПА- „Јакнење на ветеринарната служба за спроведување на законодавтсвото на ЕУ во делот на контрола и искоренување на Класична чума кај свињите (КСЧ)“-реализирани тренинзи (2011-2012).
TAIEX експертска мисии за болести кај рибите (2014)

**9.4. Методи за надзор и контролни активности**

**Официјалните контроли за здравствена заштита на животните** се вршат главно врз основа на Годишната наредба за здравствена заштита на животните која се изработува од персоналот на Секторот за здравствена заштита и благосостојба на животните, а се одобрува од директорот на АХВ, за секоја календарска година посебно. Со годишната наредба се утврдуваат видовите животни кои се контролираат и роковите за спроведување на превентивните мерките, заразните болести кај животните кои се контролираат, дијагностичките тестови, задолжителните вакцинации (како беснило, њукаслска болест, антракс, класична чума кај свињите). Во годишната наредба се дадени субјектите кои се одговорни за имлементација на активности согласно наредбата, дадени се информации за лабораторијата каде се спроведуваат дијагностичките испитувања и се регулира водењето евиденција и начинот на известување (од надлежните ветеринари до официјалните ветеринари, и потоа до одделението за здравствена заштита на животните во рамките на АХВ).

Финансиските ресурси за надзорот и контролата на здравствената заштита на животните се обезбедуваат со: Програма за користење на средства за здравствена заштита на животните . Програмата се одобрува на годишно ниво.
Во однос на исплатата на надоместоците, постои документ, одобрен од АХВ (04.06.2012), „Упатство за определување на пазарната вредност на животните кои се одземаат заради сузбивање и искоренување на заразни болести на територијата на Република Македонија" каде што се опфатени видовите, категориите животни со максимална висина на надоместокот. Овој документ се користи како упатство кога персоналот на АХВ ги врши одземање на животните и проценка на надомест на настаната штета. Во исклучителни случаи, формирана е комисија во рамките на АХВ, којашто врши дополнителна проценка на животното.

### 9.4.1. Реализирани програми за официјална контрола:

**9.4.1.1. Програма за сузбивање и искоренување на туберкулоза кај говедата**, („Службен весник на Република Македонија" бр. 22од 23.02.2007 со важност од 5 години; транспонирани се Директивите бр 64/432/ЕЕЗ; бр 77/391/ЕЕЗ, бр 78/52/ЕЕЗ на Советот.. Целта на програмата е заштита на јавното и здравјето на животните преку спроведување на епидемиолошки истражувања, дијагностички испитувања кај сите одгледувалишта со добиток, мерки за контрола на ширењето и искоренувањето на болестите, редовни испитувања на подложни животни, одредување на инциденција и преваленција на заразени животни, колење на заболени животни, едуцирање на одгледувачи, како и соработка со други институции и надлежни органи.
Сите говеда постари од шест недели треба да се испитаат со помош на официјален интрадермален туберкулински тест од страна на надлежните ветреринарни друштва. Надлежните ветеринарни друштва се овластени за спроведување на одредени мерки за заштита на здравјето на животните против заразни болести, во рамките на примарните и секундарните ветеринарно-здравствени активности. Официјалниот ветеринар е надлежен за контрола на спроведувањето на овие мерки. Резултатите од направените туберкулински тестови се внесуваат во ВИС системот и до официјалните ветеринари на одреден регион (регионална канцеларија ако станува збор за АХВ). Извештаите од извршениот еднинечен интракутан туберкулински тест се внесуваат во ВИС системот од страна на надлежните ветеринарни друштва. Официјалниот ветеринар е одговорен за издавање на решенијата за спроведување на мерки при сомнеж или потврда на болест преку ветерионарно информациониот систем и испраќање на месечни извештаи до централниот орган - Одделението за здравствена заштита на животните во рамките на АХВ. Редовните годишни дијагностички испитувања за туберкулоза кај говедата, и ре-тестирањата на сите позитивни стада кај говеда континуирано се извршуваат во текот на годината каде што се применува засилена он спот контрола и сеопфатно епидемилошко испитување со цел утврдување на изворот на инфекција.

Сопственикот на позитивни говеда добива надомест на штета во висина на пазарната цена на говедата, согласно упатството за определување на пазарна вредност. Кај позитивните случаи, факултетот за ветеринарна медицина прави компаративен туберкулински тест односно симултана туберкулинизација што се внесува во ВИС системот и се доставува извештај во електронскса форма и во печатена верзија. Целта на програмата е да се добијат стада говеда и региони кои ќе бидат официјално слободни од ТБЦ, и конечно да се добие официјалено слободен статус на целата земја во однос на туберкулоза кај говедата.

**9.4.1.2. Програма за сузбивање и искоренување на бруцелоза кај говедата**, („Службен весник на Република Македонија" бр. 22 од 23.02.2007) со траење од пет години; транспонирани се Директивите бр. 64/432/ЕЕЗ; бр. 77/391/ЕЕЗ, бр. 78/52/ЕЕЗ на Советот. Целта на програмата е заштита на јавното здравје и здравјето на животните преку спроведување на опсежни епидемиолошки и дијагностички тестирања, спроведување на соодветни мерки за контрола на ширењето и потенцијалното искоренување на болестите, продолжение на редовно тестирање на подложни животни како би се утврдил статусот „слободна од болест", одредување на преваленцијата и инциденцијата кај заразените животни, колење на заболени животни, воведување на соодветна шема за надомест на одгледувачите и нивна едукација. Редовните годишни дијагностички испитувања за бруцелоза кај говедата, и ре-тестирањата на сите позитивни стада кај говеда континуирано се извршуваа во текот на годината каде што се применува засилена он спот контрола и сеопфатно епидемилошко испитување со цел утврдување на изворот на инфекција. Податоците за земените мостри се евидентираат во ВИС системот. Во сите случаи на сомнителни или позитивни резултати ветеринарниот инспектор води сметка за навремено и целосно спроведување на ретестирањата кои ги врши надлежното ветеринарно друштво со задолжително присуство на ветеринарен инспектор.

Со програмата се утврдуваат статусите на одгледувалиштата со говеда во зависност од резултатите од тестот извршен кај сите говеда постари од шест месеци. Целта на програмата е да се добијат стада говеда и региони кои ќе бидат официјално слободни од бруцелоза и конечно да се добие официјален слободен статус на целата земја во однос на бруцелоза кај говедата. Иако во оваа програма е транспонирано соодветното законодавство на ЕУ; животните не се тестираат двапати, како што е наложено од Директивата 64/432/ЕЕЗ. Надлежниот орган е запознаен со ова барање и го известил краткорочниот експерт дека ова не е реализирано од финансиски причини, но дека истото ќе се примени во подоцнежната фаза при реализација на програмите.

**9.4.1.3. Програма за сузбивање и искоренување на бруцелоза кај овци и кози,** („Службен весник на Република Македонија" бр. 46 од 07.04.2010 и *Програма за изменување на програмата за сузбивање и искоренување на бруцелозата кај овците и козите* (Службен весник на РМ број 108/2014). Со програма за изменување и дополнување на програмата за сузбивање и искоренување на бруцелозата кај овци и кози се предвидуваат одредени олеснување во делот на движењето на животните но под строго определени услови и само од епидемиолошки единици и епидемиолошки целини со ист здравствен статус. Целта на оваа програма е заштита на здравјето на животните и луѓето со тоа што ќе се намали бројот на заболени животни во одгледувалиштата со преземање соодветни мерки, во зависност од присуството на бруцелоза кај овците и козите како и од ризикот од ширење на болеста, се спроведуваат безбедносни мерки во одредени епизоотиолотшки единици, кои го одредува АХВ. Земени се предвид епизоотиолошките услови во Република Македонија; односно, распространетоста на болеста, преваленцијата, расположливоста на финансиски средства итн. Вакцините ги обезбедува АХВ, и истите се набавуваат преку тендер. Вакцинацијата ја вршат надлежните ветеринарни друштва.
Согласно програмата за контрола и ерадикација на бруцелоза кај овците и козите територијата на државата се подели на одреден број реони, т.е. епидемиолошки единици каде во зависност од статусот на болеста односно од присутноста на болеста на ниво на стада се имплементираат мерки на масовна вакцинација, вакцинација на подмладокот или тестирање и колење на возрасните животни..
Во истовремено земањето на примероци за дијагностичкото тестирање за проценка на имуноста на вакцинираните овци и кози против Бруцелоза го вршат ветеринарните друштва по претходно добиена задача преку ВИС системот и под директен надзор и присуство на ветеринарниот инспектор.

Во текот на 2015 година планирано е ревидирање на постоечката програма за сузбивање и искоренување на Бруцелозата кај овците и козите и усвојување на нова програма која треба да ги опфати слендите пет години (2015-2019).

**9.4.1.4. Надзор и искоренување на беснило**

Проектот на ИПА „Градење на капацитетите на ветеринарните служби за имплементација на EU Acquis", EuropeAid/124586/C/SER/MK започна на 16 август 2010 година и е со времетраење од 24 месеци. Компонентата 3 од проектот се однесува на контрола на беснило со долгорочна цел за искоренување на болеста во земјата.
АХВ со поддршка од проектот реализира активности за контрола и мониторинг на беснилото кај дивата популација (лисици и диви месојадни животни), со цел да се спречи ширењето на вирусот кај домашните животни, кучињата и мачките скитници и луѓето. Превземени се активности за зајакнување на системот за епидемиолошки надзор на национално и локално ниво. Исто така зајакнат е капацитетот на НРЛ за беснило , набавена е опрема, потрошен материјал како и хемикалии и реагенси за изведување на дијагностички тестови. Исто така воведени се нови дијагностички методи за проценување на старост кај лисиците, детекција на тетрациклин, одредување на антитела кај лисици и вирус изолација и секвенционирање. Како дел од активностите за контрола на беснилото се спроведува програма за орална вакцинација на лисиците против беснило. Спроведени се две кампањи во текот на пролетта 2011 година (19 мај – 9 јуни, 2011) и есента (11 октомври – 31 октомври, 2011). Вакцинација се врши на целата територија на Република Македонија, во секоја вакцинална кампања се дистрибуираат по 500.000 вакцини за да се постигне густина од 21 вакцина на **km²** Имплементиран е систем за активен и пасивен надзор за мониторинг на ефикасноста на вакцинацијата и на епидемиолошката состојба. За успешно спроведување на мониторингот АХВ склучи договори со ловечките друштва- концесионери на ловиштата во Република Македонија за заловување на одреден број лисици. Во текот на 2011 година потврдени се вкупно 6 случаи на беснило кај дивите животни 4 лисици и 2 волци Спроведена е кампања за подигнување на јаваната свест за беснило како и серија обуки за лицата инволвирани во контрола на беснилото кај животните и луѓето.

**9.4.1.5. Надзор на класична чума кај свињите** (КЧС)
АХВ со поддршка од проектот „Градење на капацитетите на ветеринарните служби за имплементација на EU Acquis", EuropeAid/124586/C/SER/MK спроведува активности за контрола на класична чума кај свињи кај домашните и дивите свињи.
Појавата на болеста во земјата е спорадична, последен пат е потврдена во 2008 година, и кај дивите и кај домашните свињи
Кај домашните свињи се спроведува програма на задолжителна вакцинацијата во целата земја. Вакцинација ја вршат овластени ветеринарни друштва. Вакцинацијата на свињите се врши во текот на целата година со атенуирана вакцина,возрасните животни се вакцинираат еднаш годишно, а прасињата двапати годишно, согласно упатството на производителот. Трошоците за вакцинација се на товар на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните ,50% обезбедува Владата (цената за оваа активност е утврдена со договорите склучени за вршење активности од јавен интерес меѓу АХВ од една страна, и ветеринарните друштва од друга страна), додека останатите 50 % се на товар на сопственикот на животното.
Во септември 2011 година, АХВ превзема активности за контрола на успешноста на вакцинацијата ( утврдување на присуство на антитела кај вакцинираните свињи) со цел да се утврди нивото на заштита против болеста кај домашната популација свињи.
Согласно законодавството на Европската Комисија, АХВ се стреми кон невакцинална политика со што ќе се овозможи извоз на живи животни и производи од животинско потекло на пазарот на земјите членки на Европската Унија. За таа цел АХВ спроведува активности за контрола на болеста кај дивите свињи како можни преносители на вирусот кај домашните свињи како и мерки за подобрување на биосигурноста на фармите за да се спречи влезот на болеста.

### 9.4.2. Надзор на заразни болести кај животните:

**9.4.2.1. „Во програмата за сузбивање и искоренување на особено опасни заразни болести"** („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/2007) се утврдени детали за хиерархијата на наредби и распределбата на надлежности, протокот на информации, задолженијата и одговорностите на Националниот центар за контрола на болести (НЦКБ), задолженијата и одговорностите на Локалниот центар за контрола на болести (ЛЦКБ), улогата на експертската група, расположливоста на финансии, други ресурси и опрема. Во програмата се дадени одредбите од Директивата 2003/85/ЕЗ на Советот – за одредбите за воспоставување на НЦКБ, ЛЦКБ, експертски групи итн. *Овој документ може да се смета како еден вид „Општ дел од планот за итни мерки".*

**9.4.2.2. Правилник за начинот и постапката на пријавување на болести кои задолжително се пријавуваат и листа на болести кои задолжително се пријавуваат** *(„Службен весник на Република Македонија" бр.110/2010). Овој правилник е транспониран од Директивата 82/894/ЕЕЗ на Советот за известување за болести кај животните во рамките на Заедницата. Освен со овој документ, известувањето за болести е регулирано и со Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија" бр. 113/2007), член 49 и член 50, и со секоја друга програма или правилник кој се однесува на контрола и искоренување на одредена болест.*

**9.4.2.3. Документи кои содржат посебни барања при сомнеж и појава на соодветни болести:**
**Програмата за сузбивање и искоренување на шап и лигавка** *(„Службен весник на Република Македонија" бр. 20/2009) е транспонирана од Директивата 2003/85/ЕЗ на Советот, за мерките за сузбивање на шапот и лигавката . Содржината на програмата е иста како и таа од Директивата на ЕУ: дефиниции, мерки во случај на сомнеж, мерки во случај на потврда, утврдување на зони и мерки кои се применуваат во истите, начела за регионализација, вакцинација, начела за одредување на статусот на земјата, епидемиолошки испитувања, лабораториска дијагностика и анекси.*
**Правилникот за мерките за сузбивање и искоренување на Њукаслска болест Њукаслска болест** *(„Службен весник на Република Македонија" бр. 98/2011) е транспониран од Директивата 92/66/ЕЗ на Советот, за мерките за сузбивање на Њукаслска болест. Правилникот содржи дефиниции, детали за известување за болестите, мерките во случај на сомнеж и потврда на болеста, епидемиолошки испитувања, официјални контроли и заштитни мерки, одредби за вакцинација и за дијагноза на болеста.*
Според политиката на АХВ, треба да се врши вакцинација против Њукаслска болест. Согласно годишната наредба за здравствена заштита на животнтие, сета живина треба да се вакцинира двапати годишни (напролет и наесен) со жива атенуирана вакцина. Вакцинацијата ја вршат ветеринарните станици. Трошоците за вакцинација на живината се на товар на сопственикот. Доколку се појави болест, а живината е вакцинирана, сопственикот добива надоместок.

**Правилникот за мерки за сузбивање и искоренување на африканската чума кај копитари** *(„Службен весник на Република Македонија" бр. 95/2011) е транспониран од Директивата 92/35/ЕЕЗ на Советот. правилникот содржи детали за известување за болестите, мерките во случај на сомнеж, потврда на болеста, вакцинација, воспоставување на зони и мерки применливи во истите и одредби за дијагноза на болеста.*

**Програмата за сузбивање и искоренување на авијарната инфлуенца** („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/2007) е транспонирана од Директивата 2005/94/ЕЕЗ на Советот, за мерките за сузбивање на авијарната инфлуенца. Во програмата се пропишани мерки во случај на сомнеж на болест на едно одгледувалиште, мерки во случај да се потврди болеста, дополнителни мерки и исклучоци, воспоставување на заштитни и зони на надзор, мерки кои се применуваат во случај на авијарна инфлуенца со ниска патогеност и општи мерки со кои ќе се опфатат јавното здравство, колењето, чистењето и дезинфекцијата, епидемиолошки испитувања, известување, мониторинг и надзор, вакцинација, лабораториски испитувања, методи и процедури за дијагноза. Во Анекс 2 од Програмата, се дадени општите карактеристики за програмата за годишен надзор на авијарната инфлуенца кај живината и останатите птици. Со овие карактеристики се опфаќаат земањето на примероци, количеството примероци и детали од кои птици и од која живина се земаат истите, бројот и типот на одгледувалишта од кои треба да се земат примероци; посебни барања со цел утврдување на зараза кај мисирките, патките, гуските и дивите птици; референтна лабораторија за тестирање, дијагностички процедури.

Во периодот 2012-2013 година, заради утврдување на присуство на ниско патогена АИ се спроведе активен надзор над дивите птици со лабораториско испитување. Спроведувањето на надзорот е регулирано во рамките на спроведување на мерки за здравствена заштита на животните во Годишната наредба за здравствена заштита на животните за секоја тековна година.

**Транспонирана е програмата за сузбивање и искоренување на син јазик** („Службен весник на Република Македонија" бр. бр.104/2007), Директива 2000/75/ЕЗ на Советот. Во програмата се дадени посебни одредби за сузбивање и искоренување на синиот јазик. опишани се мерките кои се применуваат во случај на сомнеж, во случај да се потврди болеста, утврдување на зони, одредби во однос на вакцинација, епидемиолошки истражувања и детали за националната референтна лабораторија и дијагностичките начела, известувањата и времетраењето на мерките.

**Законодавство**

- **Правилникот за мерките за сузбивање и искоренување на везикуларната болест кај свињите** („Службен весник на Република Македонија" бр. 154/11) е транспониран од Директивата 92/119 /ЕЗ на Советот, за мерките за сузбивање на везикуларната болеста на свињите и ги пропишува релевантните мерки за постапување со оваа болест;
- **Правилникот за мерките за сузбивање и искоренување на одредени болести кај рибите** („Службен весник на Република Македонија" бр. 185/11) е транспониран од Директивата 2006/88/ЕЗ на Советот, за мерките за сузбивање на болести кај животните од аквакултурата, и пропишува мерки за пријавување на болести кај рибите и општи и посебни мерки во сличај на сомнеж и потврда на егзотична и неегзотична болест кај рибите;
- **Правилникот за мерки за сузбивање и искоренување на класична чума кај свињите** („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/12) е транспониран од Директивата 2001/89 на Советот за мерките за сузбивање на класична чума кај свињите.Во него се пропишани одредби за пријавување на болеста, мерки кои се превземаат во случај на сомнеж на болеста, мерки во случај на потврда, формирање на зони и мерки кои се превземаат во зоните и вакцинација;
- **Правилникот за мерките за сузбивање и искоренување на африканска чума кај свињите** („Службен весник на Република Македонија" бр. 91/12) е транспониран од Директивата 2002/60 на Советот, за мерките за сузбивање на африканската чума кај свињите. Во правилникот се пропишани одредби за пријавување на болеста, мерки кои се превземаат во случај на сомнеж на болеста, мерки во случај на потврда, формирање на зони и мерки кои се превземаат во зоните;
- **Правилник за условите за ставање во промет на аквакултура, нејзина намена, како и начинот на вршење на официјални контроли при ставање во промет на аквакултура** („Службен весник на Република Македонија" бр. 85/13) е транспониран од Директивата 2006/88/ЕЗ на Советот, за здравствена заштита од болести кај животните од аквакултурата. Правилникот пропишува одредби за регистрација и одобрување на објекти за производство на аквакултура и условите кои треба да ги исполнуваат одгледувачите.

**9.4.3. Програми кои не се спроведени:**

**Во моментов, нема изработено и спроведено програма за ензоотска леукоза кај говедата** (Законска основа на ЕУ е Директивата 64/432/ЕЕЗ бр 77/391/ЕЕЗ, бр 78/52/ЕЕЗ на Советот).
**Програмата за сузбивање и контрола на ТСЕ** е транспонирана но не е спроведена („Службен весник на Република Македонија" бр. 22/2007) и во неа се дадени одредбите за надзор и мониторинг на болеста кај говедата и малите преживари, одредбите за искоренување на болеста и некои општи одредби во однос на лабораториската дијагностика. Во Правилникот за мерките за сузбивање и искоренување на ТСЕ, („Службен весник на Република Македонија" бр. 57/2011) е транспниран законот на ЕУ (Регулатива 999/2001 на Советот (ЕЗ) заедно со измените ). Во Правилникот се дадени дефинициите, условите согласно кои се утврдува статусот на земјата, одредбите за спречување на болеста, за сузбивање и искоренување на истата, процедури за пуштање во промет, увоз, извоз и одредби во однос на лабораториите, земањето примероци и тестирањето.
Земањето примероци за *ТСЕ се врши* *самo во кланиците, официјалните ветеринари кои работат во областа на здравствената заштита на животните не се обучени во однос на земањето примероци за ТСЕ, (земање мозочно ткиво) и нема утврдено оперативна процедура за земање примероци на терен или во однос на слични прашања.*

**9.4.4. Документи во изработка:**
Секундарната легислатива опфаќа изработка и донесување на правилници кои се однесуваат на дијагностички прирачници за разни болести кај животните. Овие правилници се надополнување на веќе донесени правилници кои се однесуваат на мерки за контрола, сузбивање и искоренување на особено опасни болести кај животните.
Правилник за измени и дополнување на Правилникот за услови за ставање во промет на живи животни, транспониран од 31990L0425, 31989L0662 и 31992L0119
- Правилник за дијагностички прирачник за **Авијарна инфлуенца** –транспониран од 32006D0437,
- Правилник за дијагностички прирачник за **Везикуларна болест кај свињите**- транспониран од - 32000D0428.

Се очекува овие документи да се објават и да стапат во сила во текот на 2015 година.

**9.5. Планирање на контроли**

Официјалните ветеринари во регионалните ветеринарни служби, секоја година добиваат листа на фарми кај кои треба да се изврши инспекција. Овие листи ги обезбедуваат секторот за здравствена заштита и благосостојба на животните, одделението за идентификација и регистрација и се истите кои се применуваат при контролата на идентификацијата и регистрацијата. Покрај тоа, официјалните ветеринари треба да вршат инспекција со цел да се направи контрола дали се исполнети барањата утврдени во Годишната наредба за здравствена заштита на животните. Контролите што треба да се извршат од страна на официјалните ветеринари се задаваат преку ВИС системот за секоја општина по месец. Контролите се распоредени пропорционално по друштвата кои евидентирале активности во одредена општината во месецот кога е извршена активноста

После спроведента контрола официјалниот ветеринар на ПЕ на АХВ ја заверува доставената фактура, врши верификација на приложената документација и составува записник и ги враќа документите на ветеринарното друштво. Ветеринарниот инспектор по спроведената контрола на терен ги внесува направените контроли во ВИС системот, а поединечните обрасци и извештајот од извршените контроли се приложуваат со фактурата. Ветеринарниот инспектор ја верификува (одобрува) фактурата составува записник и ги враќа документите на ветеринарното друштво. Инспекциите од страна на официјалните ветеринари се спроведуваат на две нивоа: во приватните ветеринарни друштва, кои се надлежни за вршење на активности по годишната наредба (тестирање на животните и нивна вакцинација) (контрола на водење евиденција) и на ниво на фарма (контрола на одгледувалишта на животни и сопственици). За оваа цел постои посебен систем за документација и проток на информациите (опишани подолу).

**9.6. Документирање на надзорот и контролата**

**9.6.1. Документирање на лабораториските испитувања**

Во годишната наредба за здравствена заштита на животните е утврдено како крвта и останатите материјали/примероци се испраќаат во лабораторија за анализа исклучиво согласно методологијата на ВИС системот односно придружена со пропратно писмо и етикети со баркодови. Факултетот за

ветеринарна медицина води електронска евиденција за извршените лабораториски анализи согласно методологијата на Лабораторискиот информатички систем и истите се доставуваат кон ВИС системот. Исто така резултатите од извршените лабораториски анализи се доставуваат во електронска или писмена форма во рок од 72 часа, до АХВ, официјалните ветеринари на регионално ниво и приватните ветеринарни станици кои ги доставиле примероците.

**9.6.2. Документација за активностите на приватните ветеринарни друштва**

За сите активности согласно Годишната наредба за здравствена заштита на животните (вклучувајќи ги и активностите на сопственикот), надлежните ветеринарни друштва пополнува „Потврда за извршена активност согласно годишната наредба во три примероци. Еден е за сопственикот на животните, еден за официјалниот ветеринар и еден за надлежно ветеринарно друштво. Образецот за оваа потврда е даден во Анекс 2 на Годишната наредба за здравствена заштита на животните. Во случај сопственикот на животните да не дозволи своепроведување на некоја од наложените мерки во неговото одгледувалиште, надлежното ветеринарно друш го известува официјалниот ветеринар со тоа што го пополнува образецот за Одбивање за извршување на наредените мерки. Образецот на оваа пријава е дадена во Анекс 3, кој е составен дел на оваа наредба. Ветеринарниот инспектор спроведува контрола на одгледувалиштето и издадва решение за спроведување на наредени мерки во определен рок. Решението за спроведување на наредените мерки се доставува до одгледувачот и ветеринарното друштво. Доколку не се исполнети одредбите од издаденото решение, ветеринарниот инспектор поведува соодветна постапка и ја известува АХВ дека одгледувачот не постапил по издаденото решение и поднесува пријава за одбивање за извршување на наредени мерки.

Во случај на појава на заразна болест, известувањето се врши веднаш. Пријавувањето се врши согласно Правилникот за пријавување на болести и листа на болести за кои задолжително се пријавуваат („Службен весник на Република Македонија” бр. 110/10).

**9.6.3. Документација на активностите кои ги вршат локалните единици на АХВ:**

Регионалните единици задолжително доставуваат месечен извештај во писмена форма до централниот орган на АХВ. Усвоен е посебен образец за известување и истиот се применува за известувањето утврдено погоре. Во известувањето се наведуваат информациите за позитивните резултати од тестирањата за различни болести кај животните, за извршените лабораториски тестови, податоци за официјалните контроли спроведени согласно Годишната наредба за здравствена заштита на животните за официјалните контроли на добиточните пазари, во однос на сертификатите за здравствената заштита на животните и контролите на фармите.

**9.6.4. Документација на активностите кои ги врши централниот орган на АХВ:**

АХВ ги собира и анализира месечните извештаи добиени од регионалните единици, во однос на надзорот на здравствената заштита на животните и контролните активности. Одделението за здравствена заштита на животните во рамките на секторот за здравствена заштита и благосостојба на животните, е надлежно за изготвување на сите извештаи наменети за OIE и за EFSA, во однос на резултатите од надзорот на зоонози.

**9.7. Информатички системи и бази на податоци**

**9.7.1.** Во Електронската база на податоци се дадени информации за идентификација и регистрација на животните *(системот е детално опишан во Поглавје 10 „*Електронската база на податоци– *Идентификација и регистрација на животните”)*. Во регистерот се наведени кодот за идентификација на секое одгледувалиште, видовите животни (говеда, овци и кози) и бројот на животни од секое одгледувалиште, како и името и адресата на одгледувачот, видот на производство (млеко, месо, волна), тип на одгледувалиште (општо, сточен пазар, планинско пасиште, пасиште, саем, еколошка фарма, кланица, селско пасиште,). Секој одгледувач на животни од видот говеда, треба да води регистар што редовно треба да го ажурира, во формат одобрен од страна на надлежниот орган. Ажурирањето може да е рачно или компјутерски, и во него треба да бидат содржани сите податоци за потеклото, идентификацијата, и каде што е соодветно, дестинацијата на животните кои ги поседувал, чувал, превезувал, ставал во промет или ги заклал. Одгледувачот поднесува извештај до надлежниот орган за сите движења до и од одгледувалиштето, за секое новородено животно и секое угинување на животните во одгледувалиштето, заедно со датумите кога истите се случиле, во рок од седум дена.

**9.7.2.** Факултетот за ветеринарна медицина води компјутерска евиденција за лабораториските анализи во „Лабораторискиот информатички систем". Резултатите од извршените лабораториски анализи се доставуваат во електронска форма во рок од 72 часа, и истите се достапни за АХВ, официјалните ветеринари и ветеринарните станици кои ги доставиле примероците.

**9.7.3.** Ветеринарниот информативен систем Во текот на месец мај 2013, воспоставен е ветеринарно информативниот систем ВИС како оперативен и функционален. Ветеринарно информативниот систем содржи податоци од областа на здравствената заштита и благосостојба на животните, идентификација и регистрација на животните како и јавното ветеринарно здравство. Воедно се врши проширување на системот со модул за надомест на штета (надомест на штета за одземените животни и земање на мости од калница) и добивање на решенија во случај на сомнеж или потврда на болест кога пријавата се врши преку системот.

### 9.8. Соработка со други институции/организации

- Факултет за ветеринарна медицина Скопје;
- Институт за јавно здравје, за пријавување на зоонози кај луѓето;
- Агенција за финансиска поддршка на земјоделието и руралниот развој (за исплата на субвенции на фармерите);
- Министерство за внатрешни работи – во случаи кога официјалните ветеринари наидуваат на физички отпор од страна на сопствениците на животни, или пак се спречени во извршувањето на нивните задолженија; кога е потребно да се заштитат заразени области или региони, при ограничување на трговијата со животни, производи и суровини за време на движење на луѓето и животните во заразените региони и спроведување на мерките за спречување и искоренување на заразни болести кај животните, итн.
- Соработка со меѓународни структури и организации, како што е Светската Организација за здравствена заштита на животните (ОИЕ), - редовно известување за болестите кај животните согласно барањата на ОИЕ за известување; учество во меѓународни состаноци организирани од страна на ОИЕ, вклучувајќи ги и годишните седници.
- Европската агенција за безбедност на храна (ЕФСА), претставувајќи ја Република Македонија во работните групи кои се однесуваат на здравјето на животните и јавното здравје (претежно контрола на зоонози)

### 9.9. Приоритети за здравствена заштита на животни 2012. - 2016

**Табела бр. 9.3**

| бр | предмет | Активност | предвидено е да се реализира |
|---|---|---|---|
| 1. | **Ветеринарен информативен систем** | Изработка и реализација на *СИСТЕМОТ ЗА ВЕТЕРИНАРЕН НАДЗОР*, како важна алатка за контрола на движењето на животните, што е особено важно за контрола на болестите | 2013 |
| 2. | **Надзор и контрола на беснило** | Кампања за вакцинација напролет и наесен; мониторинг на дивите животни; зајакнување на системот за надзор на беснило Изготвување на Правилник за мерки за сузбивање и искоренување на Беснило | 2012 - 2016 |
| 3. | **Класична чума кај свињите** | Зголемување на јавната свест во однос на клиничките знаци на болеста, кај домашните и дивите свињи; зајакнување на нивото на биосигурност на фармите; продолжување со вакцинација на домашните свињи и во зависност од резултатите – покриеноста на вакцинацијата се зголемува онаму каде што е потребно; спроведување на програма за активен надзор со цел да се утврди преваленцијата на болеста кај дивите свињи. | 2012 - 2016 |
| | | Изготвување на Правилник за мерките за сузбивање и искоренување на класичната чума кај свињите | 2012 - 2016 |
| | | Изготвување на Правилник за дијагностички процедури за класична чума кај свињите | 2012 - 2016 |
| | | Изготвување на планови за итни мерки со оперативен прирачник | 2012 -2016 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 4. | **Бруцелоза кај овци и говеда *(B. melitensis)*** | Да се продолжи со **програмата за вакцинација** во зависност од преваленцијата на болеста во различни области наРепублика Македонија (масовна вакцинација; повторна вакцинација); да се обезбеди строга **контрола на движењето** на овците и козите со посебно упатување кон движењата меѓу одгледувалиштата со различен здравствен статус на животните согласно Директивата 91/68/ЕЕЗ на Советот | 2012 - 2016 |
| 5. | **Бруцелоза кај говедата *(B.abortus)*** | Целосно да се реализира контролата на движењето на животните, да се применуваат статусите во однос на здравствената состојба на животните во секое стадо говеда, согласно Директивата 64/432/ЕЕЗ на Советот | 2012 - 2016 |
| 6. | **Птичји грип** | Да се спроведе програма за активен надзор на птичјиот грип кај живината, согласно Одлуката 2004/450/ЕЗ на Советот | 2012-2016 |
| 7. | **Син јазик** | Да се спроведе програма за надзор на синиот јазик согласно Одлуката 2010/267 на Комисијата | Следен циклус на планирање |
| 8. | **Ензоотска леукоза кај говедата** | Да се спроведе програма за надзор и искоренување на ензоотската леукоза кај говедата, согласно Директивата 64/432/ЕЕЗ на советот, Директивата 77/391/ЕЕЗ на Советот, Директивата 82/4000/ЕЕЗ на Советот | Согласно расположливиот буџет |
| 9. | **Трансмисивна спонгиформна енцефалопатија** | Да се изработи прирачник со упатства за ветеринарите и официјалните ветеринари за земање примероци за ТСЕ кај клинички сомнителни случаи, вклучително и угинатите животни и да се обезбеди обука за одреден персонал (правна рамка, Регулатива 999/2001 на Советот) | 2016 |
| 10. | **Планови за итни мерки** | - Да се изработи систем за организирање на редовни симулациски вежби за персоналот кој е вклучен во искоренувањето на болеста.<br>- Да се изработи систем за распределба на материјалните средства, неопходни за брза реакција и за ефикасни мерки за искоренување на болеста.<br>- Да се изработат планови за итни мерки и оперативни прирачници за искоренување на заразни болести (внатрешни процедури за известување, за убивање на животни, уништување на убиените животни, за дезинфекција, итн)<br>-изработување на програма за надзор на болести кај водни животни и план на контроли | 2012 -2016 |

## Поглавје 10 - Контролен систем за идентификација и регистрација на животни

### 10.1. Општи национални стратешки цели

**Вовед**

Систем за регистрација на одгледувалишта и идентификација на животни како основен елемент во контролата на здравствената заштита и благосостојбата на животните, следливост и безбедност на храна од животинско потекло. Во 2004 година започна регистрацијата на одгледувалиштата со говеда а следната година идентификацијата на секое животно. Во 2007 година беше развиена стратегија за регистрација на одгледувалишта со овци и кози, а во 2008 година започна регистрацијата на истите, заедно со идентификацијата на животните

### 10.2. Број на животни и одгледувалишта

Овластените ветеринарни друштва се надлежни за идентификација на животните, за добивање и внесување на сите важни податоци во Електронската база на податоци, но сопственикот/одгледувачот е должен да го извести ветеринарното друштво со кое има склучено договор за раѓањата, смртните случаи и движењето на животните.

**Табела 10.1**

**Број на животни и одгледувалишта**

| Видови на животни | Број на регистрирани одгледувалишта | Број на животни |
|---|---|---|
| говеда | 28.925 | 213.909 |
| Овци/ кози | 9.441 | 765.791 |
| Свињи | 5004 | 129865 |
| пчелни семејтва | 3706 | 186141 |
| | 3622 | 184189 |

## 10.3. Законодавство

Контролниот систем се регулира со основниот закон - Закон за идентификација и регистрација на животни и подзаконски прописи донесени врз основа на тој закон.

Законската рамка ја утврдува формата, содржината, временската рамка и начинот на примена на средствата за идентификација и регистрација на животните, формата, содржината и постапката за водење на регистарот на одгледувалиштата, постапката за издавање и одземање на документите за движење, начинот и постапката за водење на Електронста база на податоци, образецот за известување за спроведени инспекции на одгледувалишта, образецот за известувањата на официјалниот ветеринар по инспекциите.
Примарното законодавство и подзаконските акти кои се на сила, се во согласност со законодавството на ЕУ.

## 10.4. Организација и структура на надзорот

### 10.4.1. Поделба на функции, задачи и одговорности

Севкупната надлежност за организација и функционирање на системот за идентификација и регистрација на животните и системот за надзор во Република Македонија е во рамките на АХВ.
Правната основа на статусот на АХВ е дадена во **Законот за безбедност на храната**, последен пат изменет на 5 мај 2015 година. (бр. 157/10, 53/11, 1/12, 164/13, 187/13, 43/14 и 72/15).
Со АХВ раководи директор, кого што Владата на Република Македонија го назначува и го разрешува од должноста. **Директорот** истовремено **е и главен ветеринарен службеник** (Закон за ветеринарно здравство). **Директорот на АХВ е надлежен заусвојување на акти за организација и систематизација на работата и активностите на АХВ, усвојување на други акти поврзани со работата и функционирањето на АХВ (Правилници, прирачници, планови, насоки, одлуки итн.); донесува одлуки за вработување, распределба на персоналот како и во однос на нивните права и обврски, усвојува регулативи поврзани со безбедноста на храната и ветеринарното здравство и обезбедува извршување на активностите поврзани со безбедноста на храната и ветеринарното здравство.**
АХВ креира политики, ги изготвува законите а исто така ги изготвува и усвојува подзаконските акти, како што се правилниците, во однос на посебните активности и контролни системи. Агенцијата исто така ги спроведува истите.
Главниот ветеринарен службеник го координира и врши надзорот во спроведувањето на Годишната наредба за здравствена заштита на животните, Годишната наредба за ветеринарно јавно здравство и повеќегодишните програми.
Во рамките на АХВ, главната структура надлежна за прашањата во однос на идентификацијата и регистрацијата на животните како и прашањата за здравствена заштита на животните, е Секторот за здравствена заштита и благосостојба на животните – одговорен за изготвување на правни документи, програми, извештаи, планови за итни мерки и упатства во рамките на својата надлежност како и изработка и спроведување на систем за официјални контроли во однос на здравствената заштита на животните. (Видете го органограмот)

Слика бр. 10.1

**Органограм - Надлежен орган за идентификација и регистрација на животните**




Секторот за здравствена заштита и благосостојба на животните се состои од 5 одделенија, каде што две од нив се поврзани со прашањата за идентификација и регистрација. Видете ја табелата подолу :

**Табела бр 10.2**

| Назив на одделението | Функции, задачи и обврски |
|---|---|
| Одделение за идентификација и регистрација на животните; | •Надзор на регистрација на одгледувалишта на животни и редовна анализа и мониторинг на податоците во Електронската база на податоци на одгледувалишта<br>•Подготовка на планови за подобрување на системот за идентификација и регистрација на животните,<br>• Контрола на работата на кланиците во однос на ИиР, поддршка и консултации за нивните задачи и обврски,<br>• Следење на добиточните пазари во однос на ИиР, консултации и техничка поддршка,<br>•Логистичка поддршка, техничка поддршка и обука на ветеринарните друштва, правни лица овластени за ставање на промет на средства за идентификација, кланици и одгледувалишта, како и други засегнати страни.<br>•Подготовка и издавање на индивидуални документи за движењето на животните и контрола на нивното поднесување.<br>• Администрација на електронската база на податоци и нејзина целосна контрола со цел да се обезбеди непречено и континуирано внесување на информациите во базата на податоци,<br>•Организација и надзор на контролата на одгледувалиштата со животни во однос на ИиР, на територијата на Република Македонија. |
| Одделение за државна инспекција за здравствена заштита на животните<br>(обезбедуваат инспекции на самото место во одгледувалиштата, кланиците, млекарниците, при увозот и извозот, транспортот, овластените организации, пасиштата, движењето итн.) | Официјални контроли, спроведување на мерките за здравствена заштита на животните, превенција, контрола и искоренување на болестите кај животните,<br>Надзор, следење на болестите кај животните и спроведување на ветеринарните контроли за време на чувањето, производството и трговијата со живи животни,<br>Контрола на сообразноста на начелата за ветеринарно здравство во центрите за репродукција и вештачко оплодување, одгледувалишта на животни,<br>Земање примероци и контрола на земањето примероци за лабораториско испитување, известување за појава на заразни болести кај животните,<br>Официјални контроли за спроведување на одредбите за здравствена заштита и благосостојба на животните и официјална контрола на спроведувањето на одредбите за идентификација и регистрација на животните. |

**Инспекциски контроли од страна на ветеринарните инспектори.**

Ветеринарниот инспектор ги има следниве права и задолженија:

- Го утврдува бројот на животни на едно одгледувалиште, вклучувајќи ги и деталите за сите животни кои се присутни и животните кои се идентификувани на одгледувалиштето
- Ги утврдува значајните промени во споредба со состојбите во претходните години;
- Врши проверка на регистарот на одгледувалиштето;
- Врши проверка на ушните маркици;
- Врши проверка на документите за движење кои се достапни во одгледувалиштето;
- Врши проверки на соодветната комуникација за редовно доставување на податци до надлежниот орган, централниот регистар и базата на податоци
- По потреба, бара податоци и известувања од одговорните лица, сведоци, работници и други лица, за успешна реализација на својата работа;
- Бара отстранување на утврдените неправилности и недостатоци, кои може да резултираат во несоодветен квалитет или некомпетентност во работата.
- Ги одредува неопходните мерки и временски рамки за отстранување на неправилностите и недостатоците;
- Ги издава и ги наплаќа задолжителните казни.

Официјалните ветеринари при одделението за државна инспекција за здравствена заштита на животните, се распоредени во локалните единици. Постојат 29 локални единици со 40 официјални ветеринари во Македонија.
Воспоставен е системот за контрола на ИиР за говеда, овци и кози. Сепак, неопходно е да се спроведат процедури за надзор како би се обезбедило квалитет, непристрасност, постојаност и делотворност на проверките на самото место. Да се подобри соработката меѓу одделенијата, бидејќи со системот за ИиР се обезбедуваат неопходните информации за изработка на контролните програми за здравствена заштита на животните, неопходни за обезбедување на следливост на храната од животинско потекло, за оценување на благосостојбата на животните и исто така се добива општа слика за државниот пазар.
АХВ ги овластува ветеринарни друштва за извршување на одредени задачи, вклучително и ИиР. Цените за споменатите овластувања се утврдуваат со Одлука на Влада на Република Македонија.
Задолженијата на овластените ветеринарни друштва се:

- Првична регистрација на одгледувалиштето и издавање единствен регистарски број на одгледувалиштето, испечати идентификациска карта и го испрати до официјалниот ветеринар за печат и потпис;
- обележување на сите животни. Ветеринарите редовно ги обележуваат сите новородени животни, животните со изгубени маркички;
- во базата на податоци се заведуваат сите движења;
- задолжени се за ракување со пасошите на говедата, ракување со ушните маркици;

Досега се овластени 114 ветеринарни друштва кои ги покриваат активностите во врска со ИиР на животните.

## 10.5. Опис на системот за идентификација и регистрација и контрола на движење на говеда и мали преживари

Постои посебен образец за пријавување на новородени животни, угинување кај говедата, потреба за ушни маркици, пасоши и копии од пасошите.

**Слика бр. 10.2**

**Скица за регистрација и движење на новородени телиња**




Секое одгледувалиште мора да биде регистрирано во Централната електронска база на податоци која ја води АХВ, при што му се издава Карта за идентификација на одгледувалиштето со единствен регистарски број на одгледувалиштето - РБО составен од 9 цифри. За секоја промена во податоците за одгледувалиштето (промена на сопственост, прекин со одгледување итн), одгледувачот мора да го извести надлежното овластено ветеринарно друштво.

**Ушни маркици и документи за движење на животни**

**Ушни маркици за говеда**

Говедата се обележуваат со идентични ушни маркици аплицирани на двете уши кои заедно со пасошот се доказ за идентитетот на секое говедо. Крајната возраст до која мораат да бидат обележани е 20 дена.

Говедата кои се увезени од земји кои ги исполнуваат условите на сила во Република Македонија во однос на идентификацијата и регистрацијата (земји од ЕУ) ги задржуваат оригиналните ушни маркици. Тие се пропратени со Пасош за говедо издаден од АХВ во кој е наведен бројот на оригиналната ушна маркица.
Овој број е составен од најмногу 12 цифри на кој му претходи кодот на државата од каде потекнува говедото.

**Пасош за говедо и привремен документ за движење**

Пасошот за говедо е документ, кој мора да го следи говедото при секое негово движење. Во него се впишани сите податоци за говедото, како и податоците за одгледувалиштето на раѓање и сите следни одгледувалишта каде говедото се наоѓало.
На теле кое е помладо од 21 дена, може да му се издаде привремен документ за движење кој како и пасошот ги содржи сите податоци за телето, како и податоците за одгледувалиштето на раѓање и најмногу две следни одгледувалишта. Теле придружено со привремен документ за движење не смее да се движи помеѓу повеќе од две одгледувалишта.
Движење меѓу две одгледувалишта преку добиточен пазар или собирен центар се смета како едно движење.
Пазарите на добиток не се обврзани да ги внесуваат своите податоци во пасошот, односно привремениот документ за движење.

**Ушни маркици за овци/кози**

Овците и козите се обележуваат со две идентични ушни маркици аплицирани на двете уши до возраст од шест месеци, односно девет месеци за животни одгледувани екстензивно.
Исто како кај говедата, овците и козите увезени од земји на ЕУ ги задржуваат своите оригинални маркици.
Исклучок претставуваат младите јагниња и јариња кои се наменети за колење во кланица. Тие можат да бидат обележани со една тркалезна ушна маркица со број на одгледувалиште и тоа во големите одгледувалишта или ако потекнуваат од мали фарми со една правоаголна ушна маркица со индивидуален 9-цифрен број.

**Ушни маркици за свињи**

Животните од видот свињи се обележуваат со една ушна маркица или со тетоважа на уво или раменолопатичната регија во најкус временски рок и во секој случај пред напуштање на одгледувалиштето на раѓање.
Ушната маркица од големите комерцијални одгледувалишта е тркалезна, портокалова и во неа се испечатени следните податоци:
- Кратенка од Агенција за храна и ветеринарство (АХВ);
- Кодот на Република Македонија; и
- Скратена верзија од бројот на одгледувалиштето кои се состои од една буква и три бројки (пр. А001).

Животните можат да бидат обележани и со тетоважа со скратена верзија на бројот на одлгедувалиште доделен од страна на АХВ.

**Документ за движење за животни/сертификат за здравствена состојба**

Животните при движење мора да се придружени со документ за движење/сертификат за здравствена состојба на животното. Документот за движење се состои од четири копии, од кои два се доставуваат до ветеринарните станици заради внос во електронската база на податоци, а по една задржуваат двата одгледувачи.
Одгледувачите кои се овластени сами да внесуваат податоци во ЦЕБП не се должни да доставуваат копија од документот за движење до овластените ветеринарни друштва.
Видот на животното и ушните маркици од сите видови на животни секогаш се впишани во документот за движење.
Оригиналот и копијата кај одгледувачите се дел од Регистарот на одгледувалиште и мора се чуваат најмалку 3 години и истите се предмет на инспекциска контрола.

**Регистар на одгледувалиште на добиточен пазар**

Согласно Законот за идентификација и регистрација на животни секој одгледувач е должен да води ажурно и уредно регистар на одгледувалиште во кој се впишуваат сите податоци за одгледувалиштето, податоците за животните како и податоците за движењата од/до тоа одгледувалиште.
При влез на животни во добиточен пазар операторот во делот на регистарот на одгледувалиште **"ВЛЕЗ НА ЖИВОТНИ"** ги внесува следните податоци:
- Број на документот на движење/Сертификат за здравстена состојба на животното;
- Видот на животното;
- РБО од каде пристигнуват животните; и
- Идентификациската ознака на средствата за идентификација на животното.

Истите податоци се внесуват и во делот **"ИЗЛЕЗ НА ЖИВОТНИ"** при заминување на животните од добиточен пазар како и РБО-то каде животните заминуват. Доколку купувачот не го знае своето РБО тогаш операторт на пазарот ги пишува податоците кои може да ги обезбеди од купувачот.
Продавачот при влез односно купувачот на животното при излез е должен на операторот да ги покаже ознаките на идентификациските средства и документите за движење на животните.

**Известување на движење до електронска база на податоци**

Операторот на добиточниот пазар треба во рок од седум дена да ја извести АХВ за движењата на животните од/до добиточен пазар.
Добиточните пазари можат сами да ги внесуват податоците за своето одгледувалиште во ЦЕБП или можат да склучат договор за внесување на податоците со некој од овластените ветеринарни друштва. Во ЦЕБП се внесуват податоците од регистарот на одгледувалиште или од копијата на документите за движење на животните.

**Контрола на добиточен пазар од страна на официјален ветеринар**

Официјалнот ветеринар има право на **непречен пристап до сите одгледувалишта**, средства за превоз, кланици, собирни центри, добиточни пазари и сите места каде животни се држат постојано или привремено, овластени ветеринарни друштва, овластени правни лица за дистрибуција на средства за идентификација на животни, животни, документи и податоци за нив за контрола на спроведувањето на одредбите од овој закон и прописите донесени во согласност со овој закон.
При посета на добиточен пазар, официјалниот ветеринар обрнува посебно внимание:
- дали животните се правилно обележани;
- дали животните се придвижени со документи за движење;
- дали регистарот на одгледувалиште се води уредно и ажурно; и
- дали се запазуват роковите за известување на движењата до АХВ

## 10.6. Методи за надзор и контролни активности

Системот за идентификација и регистрација на животните го оддржува и контролира Одделението за идентификација и регистрација при Секторот за здравствена заштита на животните.
Контролните активности за ИиР на животните и регистрацијата на одгледувалиштата се вршат преку рутински надзор - официјалнот ветеринар прави проверки на одгледувалиштата на самото место.
Одобрените ветеринарни станици се проверуваат истовремено со одгледувалиштата со цел да се осигура дека на ветеринарите им се исплаќа соодветен надоместок.

## 10.7. Планирање на контроли

На почетокот од секоја година, одделението за ИиР изготвува листа со одгледувалишта за говеда кај кои треба да се изврши инспекција во тековната година. Листа на одгледувалишта се генерира од страна на системот. Со листата се опфатени 10% од одгледувалиштата со говеда во секој регион, врз основа на анализа на ризики случаен избор. Во случај да се утврдат неправилности, официјалниот ветеринар одредува временски период за корективни мерки врши проверка на преземените корективни мерки.

Доколку резултатите не се задоволителни, официјалниот ветеринар утврдува нов временски рок, или изрекува казна.

Анализи на ризик во кои се земаат предвид сите фактори, вклучувајќи ги бројот на животните на едно одгледувалиште, вклучувајќи податоци за присутните и идентификуваните животни, здравјето на луѓето и здравјето на животните особено земајќи ги предвид претходните жаришта на болести, побараните и исплатени субвенции по животно во споредба со претходните години, значителни промени во споредба со претходните години, резултатите од контролите спроведени во претходните години, а особено соодветното водење на регистрите на одгледувалиштата согласно со закон за идентификација и регистрација на животните, соодветно чување на пасошите за говеда, за животните кои се присутни на одгледувалиштето и соодветно пријавување и доставување на податоци до АХВ, како и други критериуми.

По инспекцијата, официјалниот ветеринар рачно ги внесува резултатите од инспекцијата во Електронската база на податоци. Резултатите од контролите на самото место се достапни во Електронската база на податоци, а одделението за ИиР ги користи за анализа и планирање на понатамошните активности.

### 10.8. Документирање на надзорот и контролните активности

За контролите на самото место инспекторот користи два документи - протокол и контролна листа за ИиР, кои меѓусебно се поврзани со референтен број. Контроните листи за ИиР се генерираат преку систем за секое одгледувалиште. За секоја инспекција има единствен број. Контролнаталиста за инспекција мора да се испечати од Електронската база на податоци, не подоцна од два дена пред инспекцијата. Официјалниот ветеринар ја пополнува чеклистата (одговорот може да биде: да/не/не се применува) и по инспекцијата, рачно ги внесува резултатите во Електронската база на податоци. Резултатите од контролите на самото место се достапни во Електронската база на податоци, а одделението за ИиР ги користи за анализа и планирање на понатамошните активности.
Ако во текот на контролите на самото место се утврдат неправилности, официјалниот ветеринар става забелешка во протоколот во однос на донесената одлука и по пошта ја испраќа истата до сопственикот на животното.
Секој месец официјалниот ветеринар поднесува извештај до Секторот за здравствена заштита и благосостојба за бројот на фарми каде што е извршена инспекција и за донесените одлуки За секоја извршена контрола на самото место се изготвува стандардизиран извештај, каде што се наведуваат резултатите од контролите, причините за контрола и незадоволителните наоди.

### 10.9. Информатички систем и база на податоци

Електронската база на податоцисе наоѓа во рамките на Одделението за идентификација и регистрација. Во Електронската база на податоцисе содржани следниве информации:
- Податоци за одгледувалиштето;
- Податоци за одгледувачите;
- Податоци за животните (говеда, овци/кози, свињи);
- Тип на производство ;
- Податоци за изврчените пописи на одгледувалиште.

Редовно се ажурира бројот на животни кои се чуваат во одгледувалиштето, а еднаш годишно се врши потврда на податоците.
Секој одгледувач на животни од видот говеда, овци/кози треба да води посебен регистар за секој вид на животно и редовно ќе го ажурира, во формат одобрен од страна на надлежниот орган. Ажурирањето може да е рачно или компјутерски, каде ќе бидат содржани сите информации за потеклото, идентификацијата, и каде што е соодветно, дестинацијата на животните кои ги поседувал, чувал, превезувал, пласирал на пазарот или ги колел. Одгледувачот поднесува извештај до ветеринарната станица за сите движења до и од одгледувалиштето, за секој подмладок и секој смртен случај на животните во одгледувалиштето, заедно со датумите кога истите се случиле, во рок од седум дена.

**10.10. Материјални средства /техничка опрема**

Официјалниот ветеринар во регионалната служба располага со опремено работно место, компјутер со интернет врска и едно возило за 1 или 2 официјални ветеринари. АХВ ја обезбедува неопходната заштитна облека.

**10.11. Систем за обуки**

Во однос на активностите за идентификација и регистрација на животните, нема развиено ни реализирано систем за обуки. Иако се обезбедени неколку индивидуални обуки, особено за персоналот од централно ниво, на пример обуки организирани од TAIEX или DG SANCO. Исто така спроведени се и обуки од експерти од централно ниво на АХВ за регионалните инспектори (официјални ветеринари) и за одобрените ветеринари.

**10.12. Соработка со други институции и организации**

- Агенција за финансиска поддршка на земјоделието и руралниот развој (за исплата на субвенции на фармерите);
- *Министерство за внатрешни работи* – во случаи кога официјалните ветеринари наидуваат на физички отпор од страна на сопствениците на животни, или пак се спречени во извршувањето на нивните задолженија; кога е потребно да се заштитат заразени области или региони, при ограничување на трговијата со животни, производи и суровини за време на движење на луѓето и животните во заразените региони и спроведување на мерките за спречување и искоренување на заразни болести кај животните итн.

**10.13. Приоритети за официјалните контроли и стратешки цели за периодот од 2012 до 2016 година**

**Табела бр 10.3**

| Приоритети | Датум на спроведување |
|---|---|
| Да се развие модул за воспоставување на електронска база на податоци за домашни миленици. | 2015 |
| Да се започне со идентификација на коњи и да се воспостави/номинира надлежен орган за издавање на пасоши за коњи, регистрација на одгледувалишта со коњи, спроведување на систем за известување на движењата на коњите со цел да се обезбеди дека само коњи со оригинален пасош пристигнуваат во кланиците, со цел да се обезбедат точни податоци за контролата на заразните болести кај животните и мерките за искоренување. | 2016 |
| Започната е регистрација на одгледувалиштата со живина како би се обезбедило дека единствено кокошки од регистрирани одгледувалишта пристигнуваат во кланиците; да се обезбеди дека во ланецот на храна се користат единствено јајца од регистрирани одгледувалишта каде е оценета благосостојбата на животните и се земени примероци за Salmonella spp; да се обезбедат точни податоци за контролата на заразни болести кај животните и мерките за нивно искоренување . Во регистарот за одгледувалишта со несилки треба да се земе предвид можноста да се прават забелешки за системите на фармите, што е доста важно за анализата на ризик во однос на земањето примероци за Salmonella spp. и оценувањето на благосостојбата на животните. | |
| Да се подобри соработката меѓу одделенијата, со цел јакнење на инспекцискиот систем. | 2015 |
| Воспоставување на процедури за професионален надзор со цел обезбедување на квалитет, непристрасност, постојаност и ефикасност на проверките на самото место. | 2015 |

## Поглавје 11 - Контролен систем за благосостојба на животни

### 11.1. Општи национални стратешки цели

**Вовед**

АХВ е надлежен орган во Македонија во областа за официјална контрола за благосостојба на животните. АХВ е основана со интегрирање на Управата за ветеринарство во рамките на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Дирекцијата за храна во рамките на Министерството за здравство, и функционира од јануари 2011.

**Законот за заштита и благосостојба на животните** („Службен весник на Република Македонија” бр. 149/14) е основен законски акт за надзор на благосостојбата на животните. Законот има одредени подобрувања и дополнувања во однос на **Законот за заштита и благосостојба на животните** („Службен весник на Република Македонија” бр. 113/07 и136/11).

АХВ, Секторот за здравствена заштита и благосостојба на животните е надлежен сектор за благосостојба на животните. Негова надлежност е планирање, координација и мониторинг на активностите на официјалните ветеринари - ветеринарни инспектори. Ветеринарните инспектори на регионално ниво се надлежни за спроведување на различните мерки и контроли на терен.

**Цел**

Законот за благосостојба на животните во Македонија е изработен и транспониран од законодавството на ЕУ, со цел да се обезбедат општи правила за заштита и благосостојба на животни во однос на нивното одгледување, чување, грижа и сместување, заштита на животните при фармско држење, заштита и благосостојба на животните за време на превоз, колењето или убивањето на животни кои се одгледуваат за производство на храна, волна, кожа, крзно и други производи како и заради депопулација и слични операции, условите кои треба да ги исполнат кланиците во однос на заштита и благосостојба на животните при колење и убивање, заштита и благосостојба на домашните миленици и бездомни животни, животни во зоолошки градини и животните кои се користат во експериментални или едукативни цели. Главната цел е да се обезбеди дека животните не се подложни на болка или страдање кои може да се избегнат, и го обврзува сопственикот/одгледувачот на животни да се придржува до минималните барања за благосостојба. Овие правила ги отсликуваат т.н „Пет слободи“ како што е усвоено од страна на Советот за благосостојба на фармските животни на ЕУ. Тие се:

- Слобода од глад и жед - пристап до вода за пиење и исхрана за целосно здравје и енергија;
- Слобода од неудобност - соодветна средина со заклон и удобна површина за одмор;
- Слобода од болка, повреди и болести - превенција или брз третман;
- Слобода за изразување на нормалното однесување - соодветен простори и опрема, придружба на животните од истиот вид;
- Слобода од страв и вознемиреност - услови и начин на третирање со кои се избегнуваат менталните страдања.

За несилките, телињата и прасињата се применуваат посебни правила. Транспонирањето на одредбите за заштита и благосостојба на пилињата кои се држат за производство на месо - бројлери е предвидено по усвојување на правилникот за измени и дополнување на правилникот за условите и начините за заштита на фармските животни во кој ќе бидат инкорпорирани и одредбите за бројлерите. Правилникот е предвиден за усвојување кон крајот на месец Јуни 2015 година.

АХВ е насочена кон правилно спроведување на законодавството за благосостојба на животните, и како надлежен орган, АХВ игра важна улога во исполнувањето на оваа задача.

### 11.2. Организација и структура на надзорот

#### 11.2.1. Поделба на функции, задачи и одговорности

АХВ е надлежен орган во Македонија во областа за официјална контрола за благосостојба на животните. Во рамките на АХВ, главната структура надлежна за прашањата во однос на здравствената заштита и благосостојбата на животните е Секторот за здравствена заштита и благосостојба на животните – одговорен за изготвување на правни документи, програми, извештаи, планови за итни мерки и упатства во рамките на својата надлежност како и изработка и спроведување на систем за официјални контроли во однос на благосостојбата на животните.

Надзорот на благосостојбата на животните е уредена на двe нивоа:
1) Централно ниво – централен надлежен орган – АХВ;
2) Локално ниво – локални единици на АХВ;

**Прво ниво на надзор на благосостојбата на животните:**

Со АХВ раководи директор, којшто го назначува Владата на Република Македонија. **Директорот** истовремено **е и главен ветеринарен службеник** (Закон за ветеринарно здравство). **Директорот на АХВ е надлежен заусвојување на акти за организација и систематизација на работата и активностите на АХВ, усвојување на други акти поврзани со работата и функционирањето на АХВ (Правилници, прирачници, планови, насоки, одлуки итн.); донесува одлуки за вработување, распределба на персоналот како и во однос на нивните права и обврски, усвојува регулативи поврзани со безбедноста на храната и ветеринарниот надзор и обезбедува извршување на активностите поврзани со безбедноста на храната и ветеринарниот надзор.**
Во рамките на АХВ во Секторот за здравствена заштита и благосостојба на животните има неколку одделенија кои треба да го обезбедат функционирањето регулирано со законодавството за благосостојба на животните:
**Одделението за благосостојба на животните** е надлежно за следново:
- Мониторинг на благосостојбата на животните;
- Изготвување на планови за подобрување на благосостојбата на животните;
- Подготовка на извештаи за благосостојбата на животните,
- Изготвување на законодавството за благосостојба на животните;
- Проверка на доставените фактури за активностите во однос на благосостојбата на животните;
- Комуникација со национални и меѓународни организации во однос на благосостојбата на животните.

**Одделението за државна инспекција за здравствена заштита на животните** е надлежно за спроведување на официјални контроли за време на одгледувањето, производството и трговијата со живи животни.
**Секторот за ветеринарно јавно здравство** е надлежен за координирање на контролата на благосостојбата во кланиците.

**Второ ниво на надзор на благосостојбата на животните:**

Официјалните ветеринари **при одделението за државна инспекција за здравствена заштита на животните, се распоредени во регионалните единици.** АХВ располага со 29 регионални/локални единици. Надлежни се за практична реализација на контролите за благосостојба.

**Слика бр. 11.1**

**Структура на надзорот за благосостојба на животните**




**11.2.2. Човечки ресурси**

Во Секторот за здравствена заштита и благосостојба на животните има тројца вработени кои се надлежни за контрола на благосостојбата на животните на ниво на одгледувалишта за фармски животни,за време на транспорт, контрола во институции за експериментални животни, контроли во прифатилишта за бездомни животни, зоолошки градини, претставки од граѓани итн. и тоа:

- раководител на Секторот за здравствена заштита и благосостојба на животните,
- раководител на Одделението за ветеринарна инспекција и
- двајца советници во Одделението за благосостојба на животните.

Контролите за благосостојба на ниво на фарма ги обезбедуваат официјалните ветеринари од регионалните единици на АХВ. Со контролите за благосостојба во кланици управува персоналот од Секторот за ветеринарно јавно здравство, а истите се спроведуваат од официјални ветеринари во кланици.

**Табела бр. 11.1**

**Број на персонал вклучен во благосостојбата на животните**

| Број | Ниво на надзор и контрола | Број на вработен персонал | Забелешки |
|---|---|---|---|
| *1.* | ***Централно ниво*** *(прво ниво)* | *3.* | |
| *2.* | ***Регионално ниво*** *(второ ниво)* | *65 + 47* | *47 -јавно здравство и надлежно за официјални контроли во текот на колењето.* |

### 11.2.3 Број на животни и одгледувалишта и превозници

**Табела бр. 11.2**

**Број на животни и одгледувалишта и превозници**

| видови | Број на одгледувалишта | Број на животни | Зачестеност на инспекции |
|---|---|---|---|
| Свињи | 153 | | Во текот на 2015 година |
| Кокошки несилки | 107 | 1306293 | Во текот на 2015 година |
| Прифатилишта за бездомни кучиња | 7 прифатилишта | | Во текот на 2015 година |

### 11.3. Методи за надзор и контролни активности

**Законска основа**

Примарното законодавство е спроведено преку законите. **Законот за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на Република Македонија" бр. 149/14) е основен законски акт за надзор на благосостојбата на животните. Со овој закон се утврдени минималните барања за** заштита и благосостојба на животни во однос на нивното одгледување, чување, грижа и сместување, заштита на животните при фармско држење, заштита и благосостојба на животните за време на превоз, колењето или убивањето на животни кои се одгледуваат за производство на храна, волна, кожа, крзно и други производи како и заради депопулација и слични операции, условите кои треба да ги исполнат кланиците во однос на заштита и благосостојба на животните при колење и убивање, заштита и благосостојба на домашните миленици и бездомни животни, животни во зоолошки градини и животните кои се користат во експериментални или едукативни цели**.**

Подзаконските акти се усвоени во правилникот (Видете ја листата подолу). Воспоставено е соодветно законодавство во однос на благосостојбата на животните на фарма и во текот на колењето.

Постојат следниве правилници:

- Правилник за условите и начините за заштита на фармските животни („Службен весник на Република Македонија"бр. 140/09);
- Правилник за Заштита и благосостојба на експериментални животни („Службен весник на Република Македонија" бр. 110/10);
- Правилник за Начинот за постапување со животните за време на убивање („Службен весник на Република Македонија" бр. 163/10);
- Правилник за техничкитете услови за прифатилиштата, условите за чување на животните во прифатилиштата, постапките за еутаназијата, начинот на водење на евиденција и начинот на вршење надзор, формата и содржината на регистарот и начинот на регистрација, како и информациите потребни за регистрација („Службен весник на Република Македонија" бр. 141/10);
- Правилник за заштита на животните зо време на превоз на транспортот („Службен весник на Република Македонија" бр. 03/12).

**Во изработка**

- Правилник за изменување и дополнување на правилникот за заштита и благосостојба на животните за време на превоз.
- Правилник за изменување и дополнување на правилникот за начините и условите за заштита на фармските животни.

**Официјални контроли**

**Благосостојба на фармски животни**

Системот за спроведување на официјалните контроли за благосостојба на животните е во развојна фаза. Во моментов контролите се вршат по барање на централниот орган, како на пример со цел одобрување на субвенциите во рамките на ИПАРД (претпристапната програма на ЕУ) (постои договор за соработка помеѓу АХВ со Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој) или по добиени претставки од граѓани, или со цел регистрација на одредени институции (на пример, објекти за експериментални животни, прифатилишта за бездомни кучиња), контроли во зоолошки градини итн.

Во текот на 2015 година се предвидени контроли во сите одгледувалишта за свињи кои држат над 10 маторици и во сите одгледувалишта на кокошки несилки кои држат над 350 кокошки како и контроли во регистрираните прифатилишта за бездомни кучиња. (Видете табела 11.2). Целта на овие контроли е да се добијат официјални податоци за благосостојбата на секоја од фармите и прифатилиштата. За таа цел, АХВ објави посебени документ за инспекција – контролни листи, кои ќе се пополнуваат за време на инспекциите на фарма.

**Благосостојба на животните за време на превоз и контрола на превозот**

Не се спроведени официјални контроли за благосостојбата на животните за време на транспортот.

Регистрација на превозниците е планирано да се изврши во рок од една година од донесувањето на новиот Закон за заштита и благосостојба на животните (преоден период пропишан во текстот на законот кој изнесува една година од стапувањето на сила на законот). Законот стапи на сила во Октомври 2014 година.

По извршување на регистрација на превозниците АХВ ќе воспостави систем за официјални контроли на превозниците. Во моментотсистемот за регистрација на превозниците е во развојна фаза.

### 11.5. Планирање на контроли

Прирачниците за инспекција и упатства за планирањето на контролите се во изработка.

Досега, инспекциите се вршеа врз основа на индивидуални барања од централниот орган на АХВ. Исклучок претставуваат контролите на благосостојба во кланиците, каде што тоа претставува секојдневна задача на официјалните ветеринари во кланиците.

### 11.6. Документација за надзорот и контролата

**Протоколи за инспекција, оперативни прирачници**

АХВ има изготвено контролни листи за спроведување на официјални контроли за благосостојба на одгледувалишта со говеда, свињи, несилки и прифатилишта за бездомни кучиња кои се планирани да се употребат при вршење на контролите. По донесувањето на Правилникот за изменување и дополнување на правилникот за начините и условите за заштита на фармските животни контолните листи ќе се ревидираат и изменат согласно новиот текст од правилникот.

**Известување за резултатите од официјалните контроли**

Во изработка е наредбата за известување за резултатите од официјалните контроли. Официјалните ветеринари на месечно ниво испраќаат извештај за сите побарани информации до Секторот за здравствена заштита и благосостојба на животните во рамките на АХВ. Во моментов не се усвоени и спроведени еднообразни обрасци за известување. Ветеринарниот информативен систем е во изработка, каде што е предвидено да се спроведат поглавјата за известување за резултатите од контролите за благосостојба на животните.

Приватните ветеринари се обврзани да ги известуваат официјалните ветеринари за непочитувања на благосостојбата на животните, кои ги утврдиле во текот на секојдневната работа.

**11.7. Материјални ресурси/техничка опрема**

Персоналот од АХВ, како и персоналот од регионално и локално ниво, располага со доволно материјални средства: опремени простории со директни телефонски линии; IT опрема со интернет врска; софтверски системи; информатички систем за идентификација и регистрација на животни; информатички систем за ветеринарни инспекциски места на гранични премини; моторни возила и професионална работна опрема за официјалните ветеринари.

Во однос на опремата за спроведување на официјални контроли на фармите, предвидена е набавка на опрема, со којашто би се мереле параметрите на животната средина на пр. нивоа на гасови, како што се амонијакот, јаглерод диоксидот, интензитетот на светлината, протокот на воздух, бучавата, нивото на прашина итн.

**11.8. Информатички систем и бази на податоци**

Во Електронската база на податоцисе дадени информации за идентификација и регистрација на животните (системот е детално опишан во Поглавјето „Контролен систем – Идентификација и регистрација на животните"). Во електронската база на податоци се наведени кодот за идентификација на секое одгледувалиште, видовите животни (говеда, овци и кози) и бројот на животни од секое одгледувалиште, како и името и адресата на одгледувачот, видот на производство (млеко, месо и волна), тип на одгледувалиште (општо, добиточен пазар, планинско пасиште, пасиште, саем, еколошка фарма, кланица и селско пасиште).
Во рамките на ветеринарниот информатички систем во тек е изработка на дел за целите на благосостојбата на животните. Ќе има модул за регистрација на сите видови фарми, превозници, модул за контролни цели - протоколи, резултати од инспекции итн. Информатичкиот систем исто така ќе се користи за добивање на извештаите од официјалните контроли. Ставањето во функција на модулите за благосостојба на животните е предвидено за 2016 година.

**11.9. Систем за обуки**

Обуката во областа на благосостојба на животните се смета како важна алатка во контекст на развивање на најдобрите практики и сообразност со барањата утврдени во законодавството.
Системот за обуки во однос на благосостојбата на животните е во фаза на развој, иако досега се обезбедени неколку обуки, особено за персоналот од централно ниво, како на пример, обуки организирани од TAIEX или DG SANCO. Исто така спроведени се и обуки од експерти од централно ниво на АХВ за регионалните инспектори (официјални ветеринари) и за одобрените ветеринари.
Нема воспоставено систем преку којшто би можело да се даде упатување за потребите од обуки на персоналот. Официјалните ветеринари не се обучени во сите области во кои се очекува да вршат контроли на благосостојбата на животните. Но според планот за обуки за 2015 година предвидени се обуки за благосостојба на животните, особено на животните кои се чуваат за фармски цели (вклучувајќи ги и пазарите), благосостојба на животните во текот на транспортот и убивањето.
**Центарот за благосостојба на животните во рамките на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје** е овластен од АХВ како официјален центар за обуки, за благосостојба на животните.
Официјалните ветеринари редовно земаат учество на обуките од DG SANCO, за благосостојба на животните, кои се организираат во рамките на програмата за обуки на ЕУ „Подобра обука за побезбедна храна" (BTSF).

**11.10. Соработка со други институции/организации**

**Соработката** со другите институции или јавни организации во областа на благосостојба на животните е обезбедена со:
- Со поддршка од RSPCA, спроведено е проект-истражување за проценка на бројот на бездомни кучиња и јавното мислење на оваа тема на територија на градот Тетово, Гостивар и Скопје (Извршената проценка во 2014 година е со цел на компарација на резултатите добиени од проценката спроведена во 2010 година)
- Центар за благосостојба на животните - Факултет за ветеринарна медицина во Скопје
- Со поддршка од RSPCA, спроведена е обука за официјалните ветеринари во поглед на спроведување на тест за социјализација на кучиња;

- Договор за соработка со Агенцијата за финансиска поддрша во земјоделството и руралниот развој
- Постои соработка со невладини организации во Скопје, што главно се однесува на заштита на животните скитници.

## 11.11. Приоритети за контрола на благосостојба на животните за 2012 – 2016 година

**Табела бр. 11.3**

| бр | предмет | Активност | предвидено е да се реализира |
|---|---|---|---|
| 1. | Инспекциски план за официјални контроли за благосостојба на животните | Изработка на инспекциски план, одредување на фарми и други објекти кои треба да се контролираат, утврдување на зачестеноста на контролите | наведен е во годишниот план |
| 2. | Работни упатства/процедури, како што е наложено со член 8 од Регулативата (ЕЗ) бр 882/2004 | Изработка на систем за спроведување на официјални контроли - изработка на работни упатства/оперативни прирачници | Континуирана активност, некои документи ќе бидат завршени до крајот на Јули 2015година |
| 3. | Документација и известување за резултатите од инспекциите, како што е наложено со Одлуката 2006/778/ЕЗ на Комисијата и Регулативата 1/2005 | Подготовка на барањата за известување за контролите кои се спроведуваат на локално ниво | Одлука 2006/778/ЕЗ - септември 2012 година и Регулатива 1/2005 - декември 2012 година . |
| 4. | Обука на персоналот, како што е утврдено во член 6 од Регулативата (ЕЗ) бр 882/2004 | Обука за благосостојба на животните за персоналот кој врши официјални контроли, со цел да се обезбеди дека персоналот е компетентен. | Официјалните ветеринари ќе добиваат континуирани обуки. |
| 5. | Лични и материјални средства, согласно член 4 став (2) точки (в) и (г) од Регулативата (ЕЗ) бр 882/2004 | Да се обезбеди доволен број на персонал којшто ќе биде компетентен, и исто така да се осигура дека имаат пристап до соодветните објекти и опрема. | Постепено за време на реализацијата на ПНКП |

# Поглавје 12 - Контролен систем за храна од животинско потекло

## 12.1. Општи национални стратешки цели

**Вовед**

АХВ е надлежен орган во Македонија во областа за официјална контрола на храната.

Сеопфатниот систем за официјални контроли на храна од животинско потекло, е од суштинско значење за заштитата на јавното здравје, намалување на болестите предизвикани од храна, вклучувајќи ги и зоонозите, зголемување на безбедноста и квалитетот на храната, развивање на капацитет на извозно ориентирана индустрија, што е важно за Република Македонија на патот кон пристапувањето во Европската Унија.

За официјалните контроли на храна од животинско потекло, изготвено и усвоено е соодветно законодавство, земајќи ги предвид барањата на клучните регулативи на ЕУ.

Секторот за ветеринарно јавно здравство во АХВ е директно надлежен за развој и одржување на системот за надзор и официјалните контроли на храната од животинско потекло. Овој сектор има 6 одделенија, од коишто две се вклучени во контролата на храната од животинско потекло - Одделение за безбедност на храна од животинско потекло и Одделение за државна инспекција за ветеринарно јавно здравство, со регионалните единици.

За работните процедури на официјалните контроли, изготвени и усвоени се контролни листи, извештаи, планови и програми за мониторинг. Контролните методи, како што се одобрение, регистрација, аудит, инспекција и земањето примероци се претставени во секојдневната работа. АХВ има доволно овластувања да обезбеди спроведување на законските барања во производството на храна од животинско потекло.

**Стратешки приоритети за периодот 2012 – 2016 се:**

• со цел поддршка на операторите со храна во објектот и запазување на стандардите на ЕУ за квалитет и безбедност на храна, АХВ обрнува особено внимание на надградбата на објектите и одржување на системот за контрола на објекти кои извезуваат во ЕУ, па АХВ обезбедува спроведување на севкупната стратешка цел „Поддршка на операторите со храна во објектот и запазување на стандардите на ЕУ за квалитет и безбедност на храна.

• Подобрување на функционалниот систем за контрола на безбедноста на храната од животинско потекло, наменета за исхрана на луѓето,

• Обезбедување на контрола во сите фази на производството и намалување на ризикот во однос на безбедноста на храната.

Во моментов, Република Македонија е наведена како земја која може да извезува свежо овчо месо и пастеризирани и термички обработени млечни прозиводи, во Одлуката 79/542/ЕЕЗ на Советот и Одлуката 2004/438/ЕЗ на Комисијата, соодветно.

## 12.2. Соодветно законодавство

Основниот правен акт е Законот за безбедност на храната („Службен весник на Република Македонија" бр. 157/10, 53/11, 1/12, 164/13, 187/13, 43/14 и 72/15), со кој се регулира контролата на безбедноста на храна во сите фази (производство, преработка, складирање, транспорт, дистрибуција, малопродажба и достава). Со законот се регулираат општите и специфичните услови и обврски за операторите за храна, нивната регистрација и одобрение, условите за увоз и извоз на храна од животинско и неживотинско потекло, официјалните контроли и нивното финансирање заедно со мониторингот на резидуи и недозволени супстанции.

**Табела бр. 12.1**

**Транспонирање на законодавството на ЕУ, релевантно за секторот, во националното законодавство на Македонија.**

| ЗАКОНОДАВСТВО НА ЕУ | | НАЦИОНАЛНО ЗАКОНОДАВСТВО/СТАНДАРД |
|---|---|---|
| Регулатива бр 178/2002 | Општ закон за храна | Закон за безбедност на храната („Службен весник на Република Македонија" бр. 157/10, 53/11, 1/12, 164/13, 187/13, 43/14 и 72/15) |
| Регулатива бр 852/2004 | Хигиена на прехранбени производи | Закон за безбедност на храната („Службен весник на Република Македонија" бр. 157/10, 53/11, 1/12, 164/13, 187/13, 43/14 и 72/15)<br><br>Правилникот за општите барања за примарно производство и придружни операции како и општите барања за храна („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/12); |
| Регулатива бр 853/2004 | Хигиена на храната од животинско потекло, конкретно Анекс I, II и III (оддели II, V и VI) | Закон за безбедност на храната („Службен весник на Република Македонија" бр. 157/10, 53/11, 1/12, 164/13, 187/13, 43/14 и 72/15)<br><br>Правилник за посебните барања за храна од животинско потекло („Службен весник на Република Македонија" бр. 115/08 и 21/09) |

| | | |
|---|---|---|
| Регулатива бр 854/2004 | Официјални контроли на храна од животинско потекло, конкретно Анекс I | Закон за безбедност на храната („Службен весник на Република Македонија" бр. 157/10, 53/11, 1/12, 164/13, 187/13, 43/14 и 72/15)<br><br>Правилник за начинот и постапката на вршење на службенните контроли на производите од животинско потекло, наменети за исхрана на луѓето („Службен весник на Република Македонија" бр. 95/2009);<br><br>Правилник за посебните барања за контроли на Trichinella во месото („Службен весник на Република Македонија" бр. 127/12) |
| Регулатива бр 882/2004 | | Закон за безбедност на храната („Службен весник на Република Македонија" бр. 157/10, 53/11, 1/12, 164/13, 187/13, 43/14 и 72/15) |
| Регулатива бр 2073/2005 | Микробиолошки критериуми за прехранбени производи | Правилник за посебните барања кои се однесуваат на микробиолошките критериуми за храната („Службен весник на Република Македонија" бр. 100/13,145/14) |
| Регулатива бр 2074/2005 | Мерки за спроведување, поточно член 1 и 4 и Анексите I и IV | Горенаведената одредба од Регулативата 2074/2005 е земена предвид во националното законодавство.<br>Правилник за начинот и постапката на вршење на службенните контроли на производите од животинско потекло, наменети за исхрана на луѓето („Службен весник на Република Македонија" бр. 95/2009);<br><br>Правилник за посебните барања за храна од животинско потекло („Службен весник на Република Македонија" бр. 115/08 и 21/09)<br><br>Анекс IV не е транспониран во националното законодавство. |
| Директива 96/93/ЕЗ на Советот | Мониторинг на резидуи | Правилник за начинот на вршење на мониторинг и контрола на присуство на резидуи и контаминенти во живите животни и храната од животинск потекло, начинот на вршење на официјалните контроли и постапките за мониторинг и контрола на резидуи и недозволени супстанции и мерките кои се преземаат во случај на сомнение и на позитивен наод на присуство на резидуи и недозволени супстанции („Службен весник на Република Македонија" бр. 80/11).<br><br>Максималното дозволено ниво на резидуи во ветеринарно медицински препарати (MRL) за одредени производи од животинско потекло, е дадено во Листата на фармаколошки супстанции, одобрени за употреба во ветеринарната медицина („Службен весник на Република Македонија" бр. 140/12)<br>Максималното ниво на резидуи од одредени супстанции (пестициди, микотоксини, тешки метали и други контаминанти) е утврдено во Правилникот за општите барања безбедност на храната („Службен весник на Република Македонија" бр. 118/05) – делумно на сила. Правилникот за општите барања за безбедност на храната во однос на максималните нивоа на одделни контаминенти („Службен весник на Република Македонија" бр. 102/13) и Правилникот за општите барања за безбедност на храната во однос на максимално дозволените нивоа на резидуи од пестициди во или врз храната („Службен весник на Република Македонија" бр. 156/13). Опфатено е исто така и максималното ниво на резидуи на одредени супстанции (пестициди, микотоксини, тешки метали и други контаминанти) |

## 12.3. Организација и структура на официјалната контрола

АХВ е централен надлежен орган во Македонија за контрола на храна, храна за животни, здравствената заштита и благосостојба на животните, здравствената заштита на растенијата како и контрола на храна од животинско потекло. Со АХВ раководи директор, кого што Владата на Република Македонија го назначува и го разрешува од должноста.

Внатрешната организација на АХВ ја утврдува директорот со помош на акти за внатрешна организација и систематизација на работата и должностите, согласно компетенциите на АХВ.

Секторот за ветеринарно јавно здравство во АХВ е директно надлежен за развој и оддржување на системот за надзор и официјалните контроли на храната од животинско потекло. Овој сектор има 6 одделенија, од коишто две се вклучени во контролата на храната од животинско потекло - Одделение за безбедност на храна од животинско потекло и Одделение за државна инспекција за ветеринарно јавно здравство, со регионалните единици.

Согласно одредбите од Законот за квалитет на земјоделските производи, АХВ е орган надлежен за вршење на инспекциски надзор на производите од животинско потекло во однос на нивниот квалитет.

Понатаму, со Законот за безбедносот на храната на АХВ и се дава можност да ги пропише барањата во однос на квалитетот на храната, доколку материјата за квалитет на храната не е уредена со Законот за квалитет на земјоделските производи.

Во врска со погоре наведеното и надлежностите на АХВ во областа на квалитетот на храната од животинско потекло, согласно законските овластувања кои произлегуваат од Законот за безбедност на храната и Законот за квалитет на земјоделските производи, АХВ зема активно учество во процесот на изготвување и спроведување на подзаконските акти кои произлегуваат од двата закони, а се однесуваат на квалитет на храната од животинско потекло.

**Законското овластување произлегува од:**

1. Закон за безбедност на храната („Службен весник на Република Македонија” бр. 157/10, 53/11, 1/12, 164/13, 187/13, 43/14 и 72/15);
2. Правилник бр. 11-288/3 од февруари 2011 „за внатрешна организација на АХВ“ објавен врз основа на член 55, став 1 од Законот за организација и работа на државните административни тела.
3. Правилник бр. 11-288/3 „За систематизација на работните места во АХВ“ објавен врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на државните административни тела. („Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00,44/02, 82/08 and 167/10)

**Хиерархискиот однос во рамките на АХВ**

Сите надлежности на АХВ се централизирани на ниво на директор. Спроведувањето и извршувањето на контролите е од страна на официјалните ветеринари распределени во регионалните единици регионалните единици се директно подредени на Секторот за ветеринарно јавно здравство Со секторот управува раководителот на сектор, кој е под директен надзор на заменик-директорот на АХВ. Под назор на раковидителот на секторот се шест одделенија:

- Безбедност на храна од животинско потекло;
- Квалитет на храна од животинско потекло;
- Ветеринарно медицински препарати;
- Нус-производи од животинско потекло;
- Безбедност на храна за животни и исхрана на животни;
- Државна инспекција за ветеринарно јавно здравство со регионалните единици.

**Две одделенија се директно вклучени во официјалните контроли на храната од животинско потекло:**

- Со одделението за безбедност на храна од животинско потекло, управува раководител на одделение, кој е под директен надзор на раководителот на Секторот за ветеринарно јавно здравство. Под надзор на раководителот на одделение, има четири вработени на централно ниво.
- Со одделението за државна инспекција во ветеринарно јавно здравство, управува раководител на одделение, кој е под директен надзор на раководителот на Секторот за ветеринарно јавно здравство. Под надзор на раководителот на одделението се четворица вработени на централно ниво и 40 официјални ветеринари во регионалните единици.

### 12.3.1. Поделба на функции, задачи и одговорности

**Централно ниво**

Главни функции на Секторот за ветеринарно јавно здравство:

Учествува во изготвувањето на примарното законодавство и подзаконските акти, програми и други акти во однос на ветеринарното јавно здравство, подготвува анализи, информации, организира и соработува со други надлежни органи и сектори, врши активности во однос на официјалнит контроли, организира и спроведува ветеринарно-санитарни проверки и контроли во кланиците, објектите за производство, преработка и складирање на производи од животинско потекло, организира и врши официјални контроли на бизнис операторите со храна, други физички и правни субјекти согласно законот за ветеринарно јавно здравство на сила, спроведува анализи и поднесува извештаи како и други задачи во однос на ветеринарното јавно здравство.

Главни функции на Одделението за безбедност на храна од животинско потекло:

- Врши регистрација и ги одобрува објектите со храна од животинско потекло;
- Врши регистрација на бизнис операторите со храна кои увезуваат храна од животинско потекло;
- Изготвува контролни програми, за зоонози и резидуи, како и други програми по потреба;
- Изготвување на подзаконски акти и работни процедури за официјални контроли (правилници);
- Учествува во изготвувањето на примарното законодавство и подзаконските акти, програми, стандардни оперативни процедури, упатства и други акти во однос на ветеринарното јавно здравство;
- Учествува во процесот на преструктурирање (унапредување) на објектите и операторите со храна од животинско потекло согласно критериумите и барањата на новата законска регулатива усогласена со критериумите и барањата на Европската Унија.

Главни фунцкии на одделението за државна инспекција:

- Координација на контролните активности во целата земја;
- Изработка и реализација на годишните планови и програми за официјални контроли;
- Надзор на работата на ОВ и соодветно спроведување на законот за официјални контроли;
- Собирање и обработка на податоци, подготовка на извештаи. Одделението добива месечни извештаи од регионалните единици;
- Координација на активностите за управување со ризик и донесување одлуки.

Пет теренски/локални (официјални ветеринари) работат на терен и помагаат во раководењето на инспекциската работа.

**Територијално ниво:**

40 официјални ветеринари работат во 16 РЕ на АХВ. Согласно законот за безбедност на храната, официјалните ветеринари како државни ветеринарни инспектори, имаат право и обврска да:

- Вршат инспекција во сите фази на производството, преработката и дистрибуцијата, кај бизнис операторите со храна;
- Вршат контрола на производи и материјали кои доаѓаат во контакт со храна во сите фази на производството, преработката и дистрибуцијата
- Вршат контрола и одобруваат увоз на храна од животинско потекло;
- Земаат примероци за лабораториски анализи и испитувања;
- Издаваат мерки за отстранување на утврдените недостатоци;
- Издаваат забрана за објекти и опрема за производство и трговија или на нивни делови во случај на неусогласеност со стандардите и барањата утврдени во овој Закон и одредбите усвоени согласно овој закон;
- Издаваат забрана за производство и трговија со храна која претставува ризик по здравјето на луѓето;
- Издаваат наредба за отстранување на небезбедна храна;
- Издаваат наредба за изземање на лица од производството и пуштањето во промет на храна, за кои е утврдено дека се носители на заразни болести кои се пренесуваат преку храна.
- Преземаат други мерки за заштита на здравјето на луѓето од ризици кои произлегуваат од небезбедна храна;
- Усвојуваат одлуки во административните процедури;
- Имаат слободен пристап до објекти, опрема, одгледувалишта, простории и средства за транспорт, како и до записите и документацијата, вклучувајќи ја и електронската база на податоци во однос на предметот на инспекција.

Официјалните ветеринари ги имаат сите законски овластувања за спроведување на своите задачи и во секое време имаат целосен пристап до просториите и документацијата на бизнис операторот со храна. Во законот на сила е наведено дека со статусот на ОВ треба да се обезбеди непристрасност и не смее да има конфликт на интереси во однос на животните или производите за кои се врши сертификација или пак во објектите или одгледувалиштата под нивен надзор.
Официјалните помошници се вклучени во анте- и пост-мортем инспекциите. Може да им помагаат на официјалните ветеринари за време на официјалните контроли. Официјалните ветеринарни техничари може да им помагаат на официјалните ветеринари во сите задачи согласно следниве ограничувања и сите посебни правила утврдени со посебните барања:
Во однос на инспекцијата, официјалните ветеринарни помошници може само да собираат информации за добри хигиенски практики и процедури засновани на HACCP; во однос на ante mortem инспекцијата и проверките за благосостојбата на животните и може да извршат првична инспекција на животните и да помогнат во извршувањето на практичните задачи, во однос на post-mortem испитувањето. Официјалните ветеринарни помошници работат под надзор на официјалниот ветеринар.

Слика бр. 12. 1

**Органограм на Секторот за ветеринарно јавно здравство.**
**(Официјална контрола на храна од животинско потекло)**



**12.3.2. Оперативни критериуми**

Оперативните критериуми за АХВ се утврдени во Законот за безбедност на храната и со нив треба да се осигура:

- ефикасност и соодветност на официјалните контроли за храна во сите фази на производство, преработка и дистрибуција;
- персоналот кој врши официјални контроли е слободен од конфликт на интереси;
- расположливост со соодветен лабораториски капацитет за испитување и доволен број на соодветно квалификуван и искусен персонал, со цел ефикасно и делотворно извршување на официјалните контроли и контролните задолженија;
- расположливост со соодветени и правилно одржувани простории и опрема, како би се обезбедило дека персоналот може ефикасно и делотворно да ги спроведува официјалните контроли;
- да се утврдени планови за итни мерки и подготвеност да се спроведат таквите планови во итни случаи.

АХВ мора да обезбеди ефикасна и делотворна координација меѓу сите надлежни органи вклучени во официјалните контроли на сите нивоа, вклучувајќи ги и активностите за заштита на животната средина јавното здравје и здравјето на животните.
АХВ треба да обезбеди непристрасност, квалитет и постојаност на официјалните контроли на сите нивоа, ефикасна и делотворна координација и соработка меѓу различните одделенија.

**12.3.3. Ресурси за контрола на храна од животинско потекло**

АХВ располага со задоволителни материјални средства во рамките на внатрешните организациони единици: опремени простории, вклучувајќи и директни телефонски линии, IT опрема со интернет врска, софтверски системи, моторни возила и професионална работна опрема за инспекторите.
Согласно законот, АХВ има право да собира надоместоци за официјалните контроли на објектите за производство, преработка и ракување со храна од животинско потекло. Висината на надоместоците е директно транспонирана во националното законодавство од Регулативата 882/2004. Надоместоците од официјалните контроли делумно се префрлаат во буџетот на АХВ а делумно во државниот буџет на Република Македонија.

**12.3.4. Обучување на персоналот на АХВ**

Согласно член 82 од Законот за безбедност на храната, АХВ обезбедува дека сите лица кои вршат официјални контроли:

- стекнале соодоветна обука, за нивната област на компетентност, која им овозможува да ги вршат работите за кои се надлежни и да вршат официјални контроли на доследен начин;
- во тек се со најновите случувања во нивната област и ако е потребно, редовно да посетуваат дополнителни обуки;
- способни се за мултидисциплинарна соработка.

Директорот на АХВ поблиску ги утврдува методите и процедурите за обука на персоналот кој врши официјални контроли и методот на проверка на стекнатото знаење.
Согласно Правилникот за начинот и постапките на вршење официјални контроли на храна од животинско потекло („Службен весник на Република Македонија” бр. 95/2009), кој е во согласност со барањата од Регулативата 854/2004 Анекс I, Оддел III, Поглавје IV, ОВ и неговите помошници мора да имаат познавања и да посетуваат обуки за мултидисциплинарните прашања споменати во соодветниот Правилник.

Бидејќи во моментов не е воспоставен систем за внатрешни обуки, има можност експертите од надлежниот орган и официјалните ветеринари да учествуваат во обуки финансирани од странство, како што се на пример BTSF и обуките финансирани од Светска Банка. Раководителот на секторот ги номинира учесниците на тие обуки.
Внатрешни обуки за официјалните ветеринари, обезбедени согласно од случај до случај, на пример за проблеми со салмонела, за сертификација итн. Во рамките на овие обуки покрај експерти од централно ниво, вклучени се и обучувачи од Факултетот за ветеринарна медицина.

**12.3.5. Надзор на официјалните ветеринари**

Нема формализирани процедури за надзор на официјалните ветеринари. Но во моментов се предвидува да се обезбеди надзор на годишно ниво за официјалните ветеринари вклучени во контрола на објекти за преработка на производи од животинско потекло, кои се извезуваат или се наменети за извоз во ЕУ.
Раководителот на одделението за државна инспекција го планира надзорот, а претставници на Секторот за ветеринарно јавно здравство имаат улога на надзорници. Таквите посети за надзор од одделенијата на Секторот за ветеринарно јавно здравство се вршат само ако се јават проблеми во одредена РЕ или во вонредни ситуации Главната цел на надзорот е анализа на ефикасноста на работата во РЕ и изготвување на предлози за подобрување и оптимизација на нивните активности.
За целите на надзорот, изготвена е посебна контролна листа и истата се пополнува при посетата на РЕ. Последователно се утврдуваат корективните мерки.

Контролната листа - за контрола на исполнувањето на задачите од страна на официјалните ветеринари во Секторот за ветеринарно јавно здравство (10.03.10.) се состои од следниве поглавја:

- Контрола за утврдување на спроведувањето на работните задачи од страна на официјалните ветеринари;
- Зачестеност и организација на официјалните контроли;
- Контролите од страна на официјалните ветеринари во однос на основните санитарни барања за производствените објекти во кои се врши преработка и дистрибуција на храна;
- Контрола на работата на ветеринарите во официјалните одгледувалишта;
- Контрола на работата на официјалните ветеринари во кланиците, објектите во кои се врши преработка на дивеч и објектите за засекување;
- Контрола на работата на ветеринарите во објектите за производство на млеко;
- Други записи.

**12.3.6. Назначени лаборатории за официјална контрола, контролни програми за лабораторија**

Институтот за храна во рамките на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје е одобрен и назначен од Директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство„ како Национална референтна лабораторија за испитување на присуството на резидуи од одредени супстанции, ветеринарни лекови и контаминанти во живи животни и храна од животинско потекло („Службен весник на Република Македонија” бр. 113/2007).
Факултетот за ветеринарна медицина - Скопје е акредитиран според ИСО 9001:2000 стандарди од BSI и МКС ISO/IEC 17025:2006.
Во доменот на акредитација на Институтот за храна спаѓаат 75 методи вклучувајќи микробиологија, хемија и резидуи и контаминенти во храната. 26 Од акредитираните методи се наменети за анализа на резидуи и контаминенти, од кои 17 се за анализи на официјални мостри предвидени со НМПР. Лабораторијата има воведено и валидирано два нови скрининг методи и четири потврдни методи. Во текот на изминатата година лабораторијата спроведуваше интензивни обуки за работа на новата аналитичка опрема, и на истата се поставени еден скрининг и еден конфирмационен метод.
Во 2012 Лабораторијата спроведе ревалидација на некои од методите кои веќе се користат како и валидација на новите скрининг и конфирмациони методи наведени во годишниот план за резидуи и контаминенти. Валидацијата е спроведена според Одлуката на Комисијата 2002/657. Ревалидацијата на скрининг методите е спроведена согласно планираната динамика. Активностите во следниот период ке бидат фокусирани на развивање и валидирање на скрининг и потврдни методи за анализа на ивермектини, бензимидазоли, кокцидиостатици, тиреостатици.
Националната референтна лабораторија зема учество во ПТ шема организирана од страна на Референтна Лабараторија на Заедницата и други ПТ провајдери (ФАПАС).

<u>АХВ има изготвено две програми за мониторинг за храна од животинско потекло:</u>

1. Националната програма за мониторинг „За контрола на резидуи од ветеринарни лекови и контаминанти во живи животни и прехранбени производи од животинско потекло“ се спроведува во Република Македонија од 2002 година, со усвојување на Правилник за начинот на вршење на мониторинг и контрола на присуство на резидуи и контаминенти во живите животни и храната од животинск потекло, начинот на вршење на официјалните контроли и постапките за мониторинг и контрола на резидуи и недозволени супстанции и мерките кои се преземаат во случај на сомнение и на

позитивен наод на присуство на резидуи и недозволени супстанции („Службен весник на Република Македонија" бр. 80/11). Република Македонија е наведена во Одлуката 2004/432/ЕЗ како земја која има одобрен план за мониторинг на резидуи, за говеда, овци и кози, и млеко, согласно Директивата 96/23/ЕЗ на Советот.

2. Националниот контролен план за „Намалување на присуството на салмонела во кокошки (Gallus gallus)" во Република Македонија е одобрен од страна на Директорот на АХВ на 15.07.2011.

Програмите за користење на средствата за здравствена заштита на животните во 2012, 2013,2014 и 2015 година се буџетски програми со кои се распределуваат средства за лабораториски контроли, и опфатени се и следниве програми за мониторинг:

- Мониторинг на контролата на резидуи при производството на производи од животинско потекло;
- Мониторинг на салмонела и други зоонотски агенси во производи од животинско потекло;
- Мониторинг на критериумите за сурово млеко наменето за исхрана на луѓето
- Мониторинг на критериумите за микробиолошка исправност на производи од животинско потекло и увоз на производи од животинско потекло.

Програмите за користење на средствата за ветеринарно јавно здравство во 2012, 2013, 2014 и 2015 година се буџетски програми со кои се распределуваат средства за следните активности:

- Следење и откривање на присуство на резидуи во суровините и производите од животинско потекло и следење на употребата на ветеринарно медицински препарати кај домашните животни и утврдување на антимикробната резистенција;
- Следење и откривање на салмонелозата и други зоонотски агенси кај животните, храната од животинско потекло и храната за живони;
- Програма за мониторинг на хигиенската исправност и квалитетот на храната од животинско потекло;
- Програма за мониторинг на безбедноста и хигиенската исправност на храната за животни и другите производи за исхраната на животните;
- Програма за мониторинг на критериумите за сирово млеко кај молзните грла чие млеко се користи за исхрана на луѓето;
- Центар за несакани дејства од употребата на ветеринарно медицинските препарати.

Заради прашања во однос на буџетот, единствено програмата за контрола на резидуи е во целост спроведена.

### 12.4. Систем за брзо известување

Согласно законот за безбедност на храната (член 36) АХВ ги координира структурите вклучени во системот за брзо известување, врши размена на информации во Република Македонија и врши размена на информации со еквивалентните системи во други земји.
АХВ е точка за контакт и утврдува соодветна организациона структура за учество во и соработка со RASFF на Европската Унија.
Секторот за ветеринарно јавно здравство соработува со одделението за комуникација на ризик и RASFF при Секторот за стручна поддршка, во случаи кога добива известувања од RASFF од ЕУ. Секторот за ветеринарно јавно здравство испраќа информации до РЕ која ги спроведува истражувањата, управува со ризикот и го известува одделението за Комуникација на ризик и RASFF (одделението за координација на известувањата за храна и точка за контакт за RASFF на ЕУ).
При вонредни ситуации, координацијата на комуникацијата на ризик ја обезбедуваат одделенијата при Секторот за ветеринарно јавно здравство. Не е воспоставен внатрешен систем за известување; комуникацијата од Секторот за ветеринарно јавно здравство до РЕ и обратно се одвива од еден до друг случај во форма на писма, електронска пошта и телефонски јавувања. Исто така комуникацијата надвор од АХВ е врз основата `од случај до случај` и истата не е официјализирана.

### 12.5. Планови за итни мерки

Во случај на појава на болест предизвикана од храна, координацијата и размената на информации е меѓу Институтот за јавно здравје (ИЈЗ) и нивните регионални претставништва, АХВ и Санитарната инспекција (СИ). Во случај на појава на болест предизвикана од храна, болниците и лекарите го

известуваат ИЈЗ. ИЈЗ ги известува СИ и АХВ и им ги обезбедува соодветните информации. Потоа епидемилозите од регионалните единици на ИЈЗ, инспекторите на СИ и официјалните ветеринари спроведуваат истражување. Резултатите се доставуваат до ИЈЗ. Размената на информации во рамките на различни сектори на АХВ, е од неформална природа.
Општиот план за управување со кризи од областа на безбедноста на храната и храната за животни за периодот 2013-2018 година е донесен од Владата на Република Македонија (Службен Весник на Република Македонија број 130/2013 година)

Со него се утврдува видот и состојбата како и директните и индиректните ризици по здравјето на луѓето предизвикани од храна и храната за животните . Со планот се уредува системот на подготвеност и одговор на криза или вонреден настан во подрачјето на безбедноста на храната и храната за животни во Република Македонија.

**12.6. Методи за надзор и контролни активности**

**12.6.1. Одобрување на објекти**

Барањата за одобрение се утврдени во Законот за безбедност на храната.
АХВ ги одобрува бизнис операторите со храна и објектите за производство, преработка и ракување со храна од животинско потекло, и води регистар на одобрени објекти и бизнис оператори со храна од животинско потекло.
Пред да ги издаде бројот на одобрение и сертификатот, АХВ мора да изврши инспекција на самото место и да ги одобри објектите за активностите кои се побарани, само ако кај бизнис операторите со храна се утврди сообразност со барањата за безбедност и хигиена на храна.
АХВ издава условно одобрение ако за време на контролата на самото место утврди дека објектот ги исполнува сите барања во однос на инфраструктурата и опремата. Одобрението се издава само во случаи кога за време на следниот увид три месеци по доделувањето на условното одобрение, се утврди дека објектот ги исполнува потребните барања. АХВ може да го продолжи условното одобрение, но најмногу до шест месеци.
АХВ на сите одобрени објекти, заедно со оние со условно одобрение, ќе им додели број на одобрение, на којшто ќе може да се додадат кодови со цел да се назначат видовите на производи од животинско потекло што се произведуваат.
АХВ одредува комисија за одобрувања која се состои од официјални лица од Одделението за безбедност на храна од животинско потекло и официјални ветеринари од регионалните единици. Записникот на комисијата за одобрување на објектот се пополнува за време на контролата на самото место.
Сите објекти одобрени од ЕУ се предмет на детална инспекција за време на одобрувањето од ЕУ.

**12.6.2. Регистрација на објекти и бизнис оператори со храна од животинско потекло**

АХВ мора да води регистар на бизнис операторите со храна и објектите коишто вршат:
- производство, преработка и дистрибуција на храна;
- примарно производство;
- транспорт;
- складирање на производи за кои не е потребен температурен режим за време на складирањето;
- малопродажни активности кои се однесуваат само на складирање и транспорт, кога се применува конкретен температурен режим, или пак доставувањето на храна до малопродажни објекти за снабдување на други објекти, со маргинални, локализирани или ограничени активности.

Бизнис операторите со храна мора да поднесат барање за регистрација до АХВ.

**12.6.3. Инспекција и аудит**

Општите обврски во однос на организацијата на официјалните контроли се утврдени во Законот за безбедност на храната. АХВ мора да обезбеди дека официјалните контроли редовно се извршуваат врз основа на анализа на ризик и со соодветна зачестеност, земајќи ги предвид:
- идентификуваните ризици поврзани со животните, храната, бизнисите со храна, употребата на храна или било кој друг процес, материјал, супстанција, активност или операција кои може да влијаат врз безбедноста на храната;

- претходната евиденција на бизнис операторите со храна во однос на сообразноста со овој Закон или пак со одредбите усвоени согласно овој Закон или со одредбите за здравствена заштита и благосостојба на животните;
- веродостојноста на сите извршени самостојни проверки;
- било какви информации кои може да наведат на неусогласеност со одредбите од овој Закон.

Официјалните контроли се спроведуваат без претходна најава, освен во случаи каде што е потребна претходна најава на бизнис операторите со храна. Официјалните контроли исто така може да се вршат ад хок.
Официјалните контроли се вршат во било која фаза на производството, преработката и дистрбуцијата на храна. Тоа подразбира, контрола на бизниси со храна, за употреба на храната, нејзино складирање, на сите процеси, материјали, супстанции, активности, вклучително и транспортот на храна и на живи животни.
Официјалните контроли се применуваат на пуштањето во промет и увозот и извозот.
Официјалните контроли треба да опфаќаат и аудит на добрата хигиенска практика и на процедурите и инспекциите засновани на HACCP.
Со аудитите за добра хигиенска практика треба да се потврди дека сите бизнис оператори со храна, континуирано и правилно ги применуваат процедурите во однос на:

- проверка на информациите за ланецот на храна;
- проектирањето на објектите и одржувањето на просториите и опремата ;
- пред-оперативната, оперативната и постоперативната хигиена;
- личната хигиена;
- обука за хигиена за време на работата;
- контрола на штетници;
- квалитет на водата;
- контрола на температурата;
- контрола на храната која се внесува и се испорачува од објектот како и сета пропратна документација.

Аудитите се вршат врз основа на централизирани наредби кои ги издава Директорот на АХВ.
АХВ врши провека на сообразноста со барањата во однос на аплицирање на идентификациските маркици во сите објекти кои се одобрени согласно овој Закон и одредбите усвоени согласно овој Закон, како дополнение на потврдата на сообразноста со друите барања за следливост.
Предвидените инспекции ги вршат официјалните ветеринари согласно планот за инспекции, упатствата за зачестеност на официјалните контроли и Правилникот за официјални контроли на бизнис операторите со храна и објектите за производство, преработка и ракување со храната од животинско потекло.
Вонредните инспекции се вршат по барање, согласно наредбите од АХВ, во итни случаи, како би се оцениле претставките од потрошувачите, за болести предизвикани од храна.
Пост-мортем и анте-мортем инспекциите во кланиците и инспекциите во објектите за засекување на месо ги вршат истите официјални инспектори кои се надлежни за официјалната контрола (аудит, инспекции) во регионот.
Објектите кои извезуваат во ЕУ се под постојан надзор на официјален ветеринар. Ако официјалниот ветеринар утврди дека објектот што врши извоз не ги исполнува веќе потребните услови или пак утврди дека не се отстранети неправилностите за одреден временски период тогаш се постапува согласно член 52 од Законот за безбедност на храната, односно АХВ ги иззема овие објекти од регистарот на објекти одобрени за извоз. Со цел полесно да може да се имплементираат и применуваат законските одредби како и соодветните дополнителни барања од Европската комисија за увоз на производи од животинско потекло, изготвено е Упатство за начинот на одобрување и контрола на објектите за производство, преработка и промет со храна од животинско потекло која се извезува во земјите членки на Европската Унија.

**12.6.4. Официјално земање на примероци**

Согласно Законот за безбедност на храната, член 8, методите за земање примеорци и анализа кои се применуваат во официјалните контроли, мора да ги исполнуваат барањата за храна и храна за животни, а во случај да не постојат такви, со меѓународно признати правила или протоколи, прифатено од Европскиот Комитет за Стандардизација (CEN), или со други методи погодни за предвидената цел, или пак развиени согласно научните протоколи.

Примероците мора да се земат, обележат и со нив да се постапува на начин со којшто ќе се гарантира правната и аналитичката вредност.
Сите позитивни наоди мора да се добијат или потврдат според референтни методи кои се користат во националната референтна лабораторија.
АХВ треба да ги утврди методите за земање примероци и анализа, како и правилата за толкување на резултатите.

**12.6.5. Мерки во случај на несообразност**

Согласно Законот за безбедност на храната, АХВ има овластувања за административни активности во случај да правното или физичкото лице не ги исполни барањата од соодветниот закон за промет со храна од животинско потекло. Во законот се предвидени следниве административни санкции:

- Привремено конфискување - инспекторот може привремено да конфискува храна, предмети, ресурси, производи и документи. Ако конфискуваните предмети, средства, производи, растенија и животни се од непознати лица, инспекторот може да ги продаде или уништи во присуство на комисија. Комисијата ја формира Директорот на АХВ. Во АХВ се изработува посебен сертификат за конфискација.
- Одлука - ако во текот на надзорот инспекторот утврди дека правното или физичкото лице не ги исполнуваат барањата утврдени во законот, обврзан е да издаде писмено решение за отстранување на недостатоците во одреден временски период.
- Правното или физичкото лице е задолжено да ги отстрани утврдените недостатоци наведени во одлуката.

Казни – во случај на прекршок, на правното или физичкото лице им се изрекува казна. Износот на казните е од 500 евра за физичко лице, до 8000 евра за правно лице. Во Законот за безбедност на храната се утврдени висините на надоместоците за одредени прекршоци.
За прекршоците утврдени во Законот, спроведувањето на постапката и утврдувањето на санкциите го врши **Прекршочната комисија на АХВ**. Прекршочната комисија се состои од овластени официјални лица вработени во АХВ, каде што еден од нив е претседател на прекршочната комисија.

**12.6.6. Програмата за преструктуирање на правните лица-оператори со храна од животинско потекло, согласно критериумите и барањата на Европската Унија**

**12.6.6.1** Програмата за преструктурирање (унапредување) на објектите оператори со храна има за цел да обезбеди сите објекти – оператори со храна од животинско потекло во Република Македонија кои се одобрени согласно прописите од ветеринарното здравство пред 1 јануари 2008 година (старата законска регулатива која не е хармонизирана со стандарите на ЕУ) за одреден временски период да ги исполнат новите законски барања, односно релевантните стандарди на ЕУ.
Со Законот за безбедност на храната („Службен весник на Република Македонија“ бр. 157/10, 53/11, 1/12, 164/13, 187/13, 43/14 и 72/15) се обезбедуваат измените во правната основа за категоризација и унапредување на објектите – операторите со храна од животинско потекло и се обезбедува ефикасно имплементирање со индивидуален пристап и задоволителен степен на флексибилност.
Роковите и начинот на спроведување на постапката на преструктурирање се утврдени со донесување на Уредба за начинот на спроведување на постапката на преструктуирање на објектите и операторите со храна од животинско потекло, моделот на барања и роковите за спроведување на активностите на постепено унапредување на објектите кои не се во сообразност со прописите за безбедност на храна и ветеринарно здравство (Сл.Весник на РМ 32/2013).
Временската динамика за спроведување на постапката на преструктуирање на објектите – операторите со храна согласно наведената Уредба е одредена на пет години, односно период на време во кој објектите – операторите со храна треба да ги исполнат законските барања, односно да престанат со дејност доколку барањата не бидат исполнети. Оваа временска динамика треба да биде усогласена со Планот за унапредување на објектот и усогласувањето на работењето согласно прописите за безбедност на храна и ветеринарно здравство и релевантните прописи на Европската Унија, доставен од самиот оператор со храна.

**12.6.6.2 Категоризација на објектите**

Заради потреба на спроведување на постапка за преструктурирањето, согласно горенаведената Уредба, објектите и операторите со храна во зависност од степенот на сообразностите на истите со барањата за безбедност утврдени со прописите за безбедност на храна и ветеринарното здравство се категоризирани и тоа:
Категорија А - Сообразни со барањата за безбедност утврдени со прописите за безбедност на храна и ветеринарното здравство.
*Категорија Б - Несообразни со барањата за безбедност утврдени со прописите за безбедност на храна и ветеринарното здравство*
1. Категорија Б 1 – објекти и оператори со храна со недостатоци од помал тип кои може да ги исполнат барањата за безбедност утврдени со прописите за безбедност на храна и ветеринарното здравство во пократок временски период (недостатоци кои имаат незначителен ризик за безбедноста на храната).

Објектите од оваа категорија започнале да ги воведуваат новите законски барања за безбедност на храна и ќе го завршат процесот на преструктуирање до **крај на 2015 година.**
2. Категорија Б 2 – објекти и оператори со храна кои имаат потенцијал да ги исполнат барањата за безбедност утврдени со прописите за безбедност на храна и ветеринарното здравство, но е потребно да спроведат значителни подобрувања во делот на инфраструктурата на објектите и ќе го завршат процесот на преструктуирање до **крај на 2014 година** или ќе преминат во категорија Б 1.
3. Постапувајќи согласно Уредбата и дадените рокови за спроведување на активностите за унапредување заврши постапката за преструктурирање до крајот на јуни 2013 година за објектите од Б 1 категорија и крајот на декември 2013 година за објектите од Б 3 категорија, и истите се унапредени во повисока категорија (Б 2 и Б 1 категорија) или објектите и операторите со храна кои не се унапредија во повисока категорија престанаа со работа.
Од страна на Канцеларијата за храна и ветеринарство (FVO) во Република Македонија во периодот од 18 до 28 март 2014 година беше спроведен аудит кој претставуваше трет аудит кој се спроведе во Република Македонија со цел да се увидат активностите превземени од страна на надлежниот орган во поглед на надградба на одредени класи на објекти за преработка на храна (црвено месо и млеко) а во однос на претходно спроведениот ФВО аудит (Реф. Бр. DG(SANCO)/2010-8510) како и да се направи увид на официјалните контроли кои се спроведуваат.
Од страна на Канцеларијата за храна и ветеринарство (FVO) беше забележан напредок во спроведувањето на процесот на преструктурирање во однос на претходниот FVO аудит спроведен за процесот на надградување на објектите. Категоризацијата на објектите кои беа посетени од ФВО тимот за аудит може во принцип да се смета како задоволителна, со забелешки во делот дадените временските рокови кои наметнуваат значителни инвестиции на операторите со храна за краток временски период.

## 12.7. Планирање на контроли

### 12.7.1. План за инспекција

АХВ изготвува годишен план за инспекции, за официјалните ветеринари на Секторот за ветеринарно јавно здравство Планот за инспекции го одобрува директорот на АХВ и истиот се испраќа до регионалните единици. Во овој план се наведени општите активности на месечно ниво, посочувајќи ги групите објекти каде треба да се спроведат инспекции или аудит. Согласно планот за инспекции, овластениот ветеринар ја планира секојдневната работа. Покрај планот за инспекции, директорот на АХВ издава дополнителни наредби, во случај да се потребни посебни контролни активности во целата земја – на пример, контрола на следливоста или означувањето.

### 12.7.2. Зачестеност на инспекциите и категоризација на ризик

Зачестеноста на инспекциите за различни групи објекти е утврдена во „Упатства за зачестеност на официјални контроли“ (28.02.2009). Со упатствата се утврдуваат категориите објекти (кланици, објекти за преработка на месо, млеко, риба итн.) како и периодични контроли во секоја категорија, што може да биде од двапати неделно до еднаш на секои три месеци.
Зачестеноста исто така варира во рамките на истата група на објекти, согласно проценетиот ризик. Следниве ризици се утврдени од АХВ:
- висок ризик;
- среден ризик;
- низок ризик.

Исто така зачестеноста на инспекциите се разликува според обемот на производството Во упатството е даден временскиот рок потребен за вршење на инспекција во одредена група на објекти.
При официјалните контроли на бизнис операторите со храна и објектите, официјалните ветеринари ја оценуваат усогласеноста на објектите со барањата утврдени во нормативните акти. Со ваквиот пристап се овозможува поделба на објектите во 5 групи:
- **Група А** - исполнети се барањата од нормативните акти евалуирани за време на инспекцијата;
- **Б 1-3** - утврдени неправилности кои не влијаат значително врз безбедноста на храната;
- Б 4 - не се исполнети барањата од нормативните акти;

Согласно евалуацијата спомената погоре, бројот на официјалните контроли се зголемува или намалува.
АХВ располага со систем и внатрешна документација (СОПи) за официјални контроли, кои се засновани на процедури, упатства и наредби, сепак, сè уште не постои цврст пристап заснован на ризик кој претставува основа за планот за инспекции и нивниот број. Резултатите се претежно засновани на искуство и актуелни состојби.

### 12.8. Документирани процедури за контрола

#### 12.8.1. Работни оперативни процедури (СОПи)

- „Процедура за постапката на бришење на регистрацијата или укинување на одобрението на објекти и оператори со храна" (17.02.2014.).
- „Процедура за постапување на комисијата за одобрување на оператор со храна и објекти за производство, преработка и манипулација на храна од животинско потекло" (17.02.2014.).
- „Упатство за начинот на одобрување и контрола на објектите за производство, преработка и промет со храна од животинско потекло која се извезува во земјите членки на Европската Унија" (17.02.2014.).
- „Упатства за спроведување на официјалните контроли" (17.02.2014).
- „Упатство за начинот на одобрување на објектите за производство, преработка и промет со храна од животинско потекло која се извезува во трети земји" (17.02.2014).
- „Упатство за постапката за преструктурирање на оператори со храна и објектите за производство, преработка и манипулација на храна од животинско потекло " (17.02.2014).
- „Упатство за спроведување на службени контроли на објекти и оператори со храна од животинско потекло базирани на анализа на ризик" (17.02.2014).
- „Упатство за постапка на официјални ветеринари пред колење и за време на колење на животни во кланица " (17.02.2014).
- „Упатство за условите кои треба да ги исполнат објектите и операторите со храна кои вршат препакување на производи од животинско потекло" (17.02.2014).
- „Упатство за начинот на означување на јајцата и пакувањата наменети за ставање во промет" (17.02.2014).
- „Упатство за постапката на сертификација на производи од животинско потекло наменети за извоз во земјите на Европска Унија" (17.02.2014).
- „Упатство за начинот на пополнување на модели ветеринарно здравствени сертификати за производи од животинско потекло наменети за извоз во земјите на Европска Унија" (17.02.2014).
- „Упатство за фреквенција на земање примероци за микробиолошки критериуми од страна на официјален ветеринар и оператор со храна од животинско потекло" (17.02.2014).
- „Упатство за заштита и благосостојба на животните за време на превоз и начинот на постапување со животните за време на убивање " (17.02.2014).

#### 12.8.2. Контролни листи

За одобрување на бизнис операторите со храна и објектите за производство, преработка и ракување со храна од животинско потекло, изготвена е посебна контролна листа - Записник на Комисијата за одобрување на објект.
Изготвени се следниве контролни листи за официјални контроли на бизнис оператори со храна и објекти за производство, преработка и ракување со храна од животинско потекло.
Контролна листа за аудит на НАССР и предусловите за истиот.

Листа на контролни листи за официјални контроли и одобрение:

- „Контролна листа за комбиниран увид на ДПП/ДХП и НАССР" (17.02.2014).
- „Контролна листа за преглед на доставената документација за одобрување на БОХ" (17.02.2014).
- „Комисиски записник за одобрување на објект – ладилник. " (17.02.2014).
- „Комисиски записник за одобрување на објект –производи од месо" (17.02.2014).
- „Комисиски записник за одобрување преработка на млеко и изработка на производи од млеко. " (17.02.2014).
- „Комисиски записник за одобрување мед" (17.02.2014).
- „Комисиски записник за одобрување сортирница за јајца" (17.02.2014).
- „Комисиски записник за одобрување – кланица чапункари" (17.02.2014).
- „Комисиски записник за одобрување – кланица живина" (17.02.2014).
- „Контролна листа за генерален аудит – кланица за живина и лагоморфи" (17.02.2014).
- „Контролна листа за генерален аудит – кланица за домашни чапункари" (17.02.2014).
- „Контролна листа за генерален аудит – објект за складирање на производи од животинско потекло" (17.02.2014).
- „Контролна листа за генерален аудит –објект за сортирање и пакување на јајца" (17.02.2014).

- „Контролна листа за генерален аудит – објект за преработка на месо” (17.02.2014).
- „Контролна листа за генерален аудит – објект за преработка на млеко” (17.02.2014).
- „Контролна листа за генерален аудит – објект за преработка на мед” (17.02.2014).
- „Контролна листа за преглед на линијата за колење пред почеток со колење на животни” (17.02.2014).
- „Информации за ланецот на исхрана” (17.02.2014).
- „Контролна листа за наод на линија на колење” (17.02.2014).
- „Контролна листа за благосостојба на животните во кланица” (17.02.2014).
- „Контролна листа за благосостојба при превоз на животни до кланица” (17.02.2014).
- „Контролна листа за благосостојба при колење” (17.02.2014).
- „Контролна листа за преглед при истовар во кланица и сместување во депо” (17.02.2014).
- Контролна листа за производство на сурово млеко;

**12.8.3. Известување**

Официјалните ветеринари од ПЕ при АХВ, поднесуваат месечен извештај за официјалните контроли Извештаите се пишуваат рачно и се испраќаат по пошта до централната единица на АХВ до 15 следниот месец.
Вработените во Одделението за државна инспекција ги собираат податоците во еден извештај за земјата. Извештаите се собираат на месечно и годишно ниво во Excel формат.

**12.8.4. База на податоци**

Во рамките на проектот во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за јакнење на земјоделството и пристапот во ЕУ, спроведени се активности за изработка и тестирање на модули за ветеринарно информативниот систем. Повеќето модули дефинирани во рамките на проектот во областа на ветеринарното јавно здравство и здравствената заштита и благосостојба на животните се завршени и спреми за финалното тестирање.
Ветеринарниот информатички систем ќе претставува добра алатка за собирање и обработка на податоците од официјалните контроли и програмите за мониторинг и може да го поттикне пристапот заснован на ризик при планирањето на инспекциите. Со ова ќе се замени рачното внесување на податоци во Одделението за државна инспекција на ветеринарното јавно здравство и ќе се намалат административните задачи кај вработените во одделенијата.

**12.9. Официјални контроли од секторот за храна од животинско потекло**

**12.9.1. Сектор за млеко и млечни производи**

**Табела бр. 12.2**

**Објекти подлежни на официјална контрола од АХВ**

| Тип на објекти | Број на објекти | Зачестеност на инспекции |
|---|---|---|
| Млечни фарми | 11 000 | Согласно годишниот план, најмалку еднаш годишно |

| | | |
|---|---|---|
| Објекти за преработка на млеко | 82 | Во големите објекти за преработка на млеко:<br>– за објекти со висок ризик, еднаш неделно,<br>– за објекти со среден ризик, двапати месечно<br>– за објекти со низок ризик, еднаш месечно,<br><br>Во останатите објекти за преработка на млеко:<br>– за објекти со висок ризик, двапати месечно,<br>– за објекти со среден ризик, еднаш месечно<br>– за објекти со низок ризик, на секои три месеци, |

Официјалните ветеринари во РЕ се вклучени во официјалните контроли за производство на млеко на ниво на фарма, превоз на млекото и собирање на млекото за негова преработка.

Здравствените барања за производство на сурово млеко, се еднакви со барањата утврдени во Анекс III, Оддел IX од Регулативата 853/2004 и се транспонирани во Правилник за посебните барања за безбедност и хигиена и начинот и постапката на вршењето на службените контроли на млекото и млечните производи („Службен весник на Република Македонија", бр. 25/12).

Хигиенските барања за млечните фарми за време на молзењето, собирањето и транспортот, се еднакви со барањата утврдени во Анекс III, Оддел IX одРегулативата 853/2004 и се транспонирани во Правилникот за посебните барања за безбедност и хигиена и начинот и постапката на вршењето на службените контроли на млекото и млечните производи („Службен весник на Република Македонија", бр . 151/2007, 93/2010).

Бизнис операторите со храна мора да започнат со процедури со кои ќе се гарантира дека суровото млеко ги исполнува критериумите утврдени во Анекс III, Оддел IX од Регулативата 853/2004 кои се транспонирани во Правилникот за посебните барања за безбедност и хигиена и начинот и постапката на вршењето на службените контроли на млекото и млечните производи („Службен весник на Република Македонија", бр. 151/2007, 93/2010).

Според националното законодавство, има преоден период, каде што овој период не е потребен во однос на PC и SCC и пресметката на геометриските средни вредности. Предвидено е Република Македонија да ги достине стандардите на ЕУ на 01.01.2016. Стандардите во 2009 беа <600 000 cfu/ml за PC/примерок и <500 000 sc/ml за SCC/примерок, додека пак во 2010 се <400 000 cfu/ml заг PC/примерок и <400 000 sc/ml за SCC/примерок. Стандардите предвидени за 2013 се <800 000 cfu/ml за PC/примерок и <600 000 sc/ml за SCC/примерок.

Барањата во однос на млечните производи – температура, термичка обработка, пакување и амбалажа, означување и идентификација се еднакви со барањата утврдени во Анекс III, Оддел IX од Регулативата 853/2004 и се транспонирани во Правилникот за посебните барања за безбедност и хигиена и начинот и постапката на вршењето на службените контроли на млекото и млечните производи („Службен весник на Република Македонија", бр . 151/2007, 93/2010)

Република Македонија е исто така наведена во колоните Б и В од листата во Анекс I кон Одлуката 2004/438/ЕЗ. Во моментов, наведени се два објекти.

РепубликаМакедонија е наведена во Одлуката 2004/432/ЕЗ како земја која има одобрен план за мониторинг на резидуи, за говеда, овци и кози, и млеко, согласно Директивата 96/23/ЕЗ на Советот.

Микробиолошките критериуми за млечни производи предвидени со Регулативата 2073/2005 се транспонирани во Правилник за посебните барања кои се однесуваат на микробиолошките критериуми за храната („Службен весник на Република Македонија" бр. 100/13). Истите се испитуваат главно по пат на самоконтрола на Бизнис операторите со храна.

**12.9.2. Сектор за месо и производи од месо**

**Табела бр. 12.3**

**Објекти подлежни на официјална контрола од АХВ**

| Тип на објекти | Број на објекти | Зачестеност на инспекции |
|---|---|---|
| Кланици | 19 | Во големите кланици:<br>– за објекти со висок ризик, двапати неделно,<br>– за објекти со среден ризик, еднаш неделно<br>– за објекти со низок ризик, двапати месечно,<br>Во останатите кланици:<br>– за објекти со висок ризик, еднаш неделно,<br>– за објекти со среден ризик, двапати неделно<br>– за објекти со низок ризик, еднаш месечно, |
| Објекти за преработка на месо: | 48 | Во големите објекти<br>– за објекти со висок ризик, двапати неделно,<br>– за објекти со среден ризик, еднаш неделно<br>– за објекти со низок ризик, двапати месечно,<br>Во останатите објекти:<br>– за објекти со висок ризик, еднаш неделно,<br>– за објекти со среден ризик, двапати месечно<br>– за објекти со низок ризик, еднаш месечно, |
| Кланици со мал број на живина и лагоморфи | 4 | – за објекти со висок ризик, еднаш неделно,<br>– за објекти со среден ризик, двапати неделно<br>– за објекти со низок ризик, еднаш месечно, |

Хигиенските барања за транспорт на животни, кланици, хигиена на кланици, објекти за засекување и хигиена за време на засекувањето, складирањето. за месото од дивеч, меленото месо, подготовките од месо, механички одвоеното месо и производи од месо, се еднакви со барањата утврдени во Анекс III, Оддел I, II, III, IV, V, VI од Регулативата 853/2004 и се транспонирани во Правилникот за посебните барања за храна од животинско потекло (Службен весник на Република Македонија бр 115/2008, 21/2009).

Официјалниот ветеринар е надлежен за официјалнтие контроли на месото и производите од месо. Задачите на ОВ во однос на информациите за ланецот на храна, ante и post-mortem инспекциите, СРМ, земањето примероци, посебните опасности (ТСЕ, цистицеркоза, трихинелоза, сакагија, ТБЦ, бруцелоза) се утврдени во Правилникот за начинот и постапката за вршење на службените контроли на производите од животинско потекло наменети за исхрана на луѓето (Службен весник на Република Македонија, бр. 95/2009) кои се еднакви со барањата утврдени во Анекс I, од Регулативата 854/2004.

Во Македонија се применува дигестивниот метод за испитување на трихинела - методите се утврдени во Правилникот за посебните барања за контрола на Trichinella во месо („Службен весник на Република Македонија" бр 127/12). Овие барања се еднакви со барањата утврдени во Анекс I, од Регулативата 2075/2005. Исто така во Македонија е прифатен третманот на замрзнување, согласно Правилникот за посебните барања за контрола на Trichinella во месо („Службен весник на Република Македонија" бр 127/12).

Официјалните контроли кои се вршат за ТСЕ се во согласност со барањата од Регулативата (ЕЗ) бр 999/2001 и друго релевантно законодавство на Заедницата, транспонирани во Правилникот за мерките за сузбивање и искоренување на Трансмисивните спонгиформни енцефалопати („Службен весник на Република Македонија" бр. 57/2011). Со упатствата издадени од Секторот за ветеринарно јавно здравство се обезбедуваат детали за ветеринарно-санитарниот преглед и барањата за контрола на ТСЕ при колење. Со упатствата исто така се утврдуваат процедурите за отстранување и собирање на СРМ, како и земањето примероци и доставување на материјал за лабораториски тестови за ТСЕ.

Критериумите за хигиена за труповите од животни, меленото месо, подготовките од месо и MSM како што е утврдено со Регулативата (ЕЗ) бр 2073/2005, транспонирана во Правилник за посебните барања кои се однесуваат на микробиолошките критериуми за храната („Службен весник на Република Македонија" бр. 100/13). Истите треба да ги спроведува бизнис операторот со храна.

Микробиолошките критериуми за производи од месо предвидени со Регулативата 2073/2005, се транспонирани во Правилник за посебните барања кои се однесуваат на микробиолошките критериуми за храната („Службен весник на Република Македонија” бр. 100/13). Истите се испитуваат главно по пат на само-контрола на Бизнис операторите со храна
Република Македонија е наведена во Одлуката 2004/432/ЕЗ како земја која има одобрен план за мониторинг на резидуи, за говеда, овци и кози, и млеко, согласно Директивата 96/23/ЕЗ на Советот. Република Македонија е наведена во Дел 1 во Анекс II кон Одлуката 79/542/ЕЕЗ како земја која може да извезува месо во ЕУ од домашните овци и кози, без дополнителни гаранции .

**12.9.3. Сектор за јајца и производи од јајца**

**Табела бр. 12.4**

**Објекти подлежни на официјална контрола од АХВ**

| Тип на објекти | Број на објекти | Зачестеност на инспекции |
|---|---|---|
| Одгледувалишта со несилки | 107 | Најмалку еднаш годишно |
| Објекти за пакување и сортирање на јајца | 65 | – за објекти со висок ризик, двапати месечно,<br>– за објекти со среден ризик, еднаш месечно<br>– за објекти со низок ризик, на секои три месеци, |

Хигиенските барања за јајца и производи за јајца се еднакви со барањата утврдени во Анекс III, Оддел X од Регулативата 853/2004 и се транспонирани во Правилникот за посебните барања за храна од животинско потекло (Службен весник на Република Македонија бр. 115/2008, 21/2009).
Националниот контролен план за намалување на присуството на салмонела кај кокошките (Gallus gallus) во Република Македонија е одобрен од страна на директорот на АХВ, на 15.07.2011 и е во согласност со Регулативата (ЕЗ) бр. 2160/2003 и Регулативата (ЕЗ) бр. 517/2011.
Целта на планот е намалување на распространетоста на Салмонелата која е од големо значење по јавното здравје, кај јатата домашна живина (Gallus gallus) во одгледувалиштата за производство на јајца за исхрана на луѓето, барем за целните нивоа утврдени во законодавството на ЕУ (Регулатива (ЕЗ) бр. 517/2011. Воспоставена е Национална мониторинг програма за контрола на резидуи од ветеринарно медицински препарати и контаминенти во живи животни и храна од животинско потекло (НМПР) со цел официјални контроли на јајца и производи од јајца. Воспоставен е регистарот за одгледувалишта со живина (несилки) и истиот редовно се ажурира, и ќе ги опфаќа локациите на сите јата *Gallus gallus* каде што има над 1000 птици.
Барањата за пуштање на јајцата во промет се транспонирани во Законот за квалитет на земјоделските производи („Службен весник на Република Македонија” бр. 140/2010) како што е уредено со Регулативата (ЕЕЗ) на Советот бр. 1907/90, Регулативата (ЕЗ) бр. 2295/2003, Регулативата (ЕЗ) бр. 1028/2006).

**12.9.4. Сектор за производи од риба**

Во моментов одобрени се два објекти за засекување и преработка на риба.

Хигиенските барања за производи од риба се еднакви со барањата утврдени во Анекс III, Оддел VIII од Регулативата 853/2004 и се транспонирани во Правилникот за посебните барања за храна од животинско потекло („Службен весник на Република Македонија” бр. 115/2008, 21/2009).
Воспоставена е Национална мониторинг програма за контрола на резидуи од ветеринарно медицински препарати и контаминенти во живи животни и храна од животинско потекло (НМПР) со цел официјални контроли на риба.

**12.9.5. Контрола на квалитетот на храната од животинско потекло**

Во врска со надлежностите на АХВ во областа на квалитетот на храната од животинско потекло согласно законските овластувања кои произлегуваат од Законот за безбедност на храната и Законот за квалитет на земјоделските производи АХВ треба даземе активно учество во процесот на изготвување и спроведување на подзаконските акти кои произлегуваат од двата закони а се однесуваат на квалитет на храната од животинско потекло.

Наведените сегменти треба се покријат и со соодветен модул на официјални контроли со цел утврдување на исполнување на законските барања.
Поради ова потребно е да се превземат активности во:
1) Секторот за млеко и млечни производи
2) Секторот за месо и месни производи
3) Секторот за јајца и производи од јајца
4) Планови за квалитет – изготвувањето, спроведувањето и надзорот на плановите за квалитет кои се однесуваат на органското производство и шемите за квалитет се во надлежност на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Табела бр. 12.5**

| | | |
|---|---|---|
| Секторот за млеко и млечни производи | Контрола на сурово млеко од аспект на квалитет | |
| | Контрола на производите од млеко од аспект на квалитет (присуство на растителни масла) | Во тек |
| Секторот за месо и месни производи | Контрола на задолжително декларирање на месо од говеда, овци, кози и свињи | Во тек |
| | Контрола на сопствен систем на означување на операторите со месо и одобрување на сопствевни декларации | |
| Секторот за јајца и производи од јајца | Контрола на декларациите на јајцата во однос на квалитетот | Во тек |
| | Контрола на означувањата на пакувањата на јајца во однос на квалитетот | Во тек |
| Производи од пчели | Контрола на квалитетот на медот | Во тек |
| | Контрола на други производи од пчели (матичен млеч, цветен полен, прополис, пчелин восок и пчелин отров) | |

## 12.10. Официјална сертификација

Во Законот за безбедност на храната, член 13 „Извоз на храна и храна за животни“, се утврдени правилата за сертификација .
Бизнис операторите со храна имаат законска обврска да се придржуваат до критериумите на ЕУ при извоз на млечни производи во ЕУ. ССА располага со правни инструменти за реализација на системот за официјални контроли. Сите барања од Регулативите (ЕЗ) бр 852/2004, бр 853/2004 и бр 854/2004 кои се важечки за секторот за месо и млечни производи, како и Директивата 96/93/ЕЗ, се утврдени во националното законодавство и се применуваат исто така и на националното производство со исклучок на барањата за критериумите за сурово млеко во однос на PC и SCC.
Сите ветеринарни инспектори според Законот за ветеринарно здравство се овластени како сертифицирани службеници. Сертифицираните службеници во секторот за млечни производи, дополнително добиваат овластување од Директорот на АХВ, да потпишуваат сертификати за извоз во ЕУ. Ова овластување сè уште не е воспоставено за сертифицираните службеници во секторот за свежо месо, но е предвидено да се реализира во блиска иднина.

**12.11. Приоритети на официјалните контроли и стратешки цели за периодот од 2012 до 2016 година, за контролните системи за храна од животинско потекло**

**Табела бр. 12.6**

| Број | Приоритети | Датум на спроведување |
|---|---|---|
| 1. | Вработување на персонал | |
| 2. | Стратегија за повторна проценка на планирањето и зачестеноста на инспекциите засновани на јасно дефинирани критериуми врз основа на ризик. | Втората половина на 2012 година |
| 3. | Усовршување на системот за собирање податоци и известување | Втората половина на 2012 година |
| 4. | Развој на системот за обуки, насочувајќи се кон предвидените (годишни, квартални.) програми за внатрешни обуки за предмети наложени според законодавните акти за официјална контрола | |
| 5. | Редовен надзор од надлежниот орган на професионалните активности и исполнувањето на задачите од страна на официјалните ветеринари. | 2012 година |
| 6. | Зајакнување на соработката со лабораториите вклучени во официјалнтие контроли | |
| 7. | Изработка на план за итни мерки или процедури за постапување при итни случаи во областа на безбедност на производи од животинско потекло. | 2012 година |
| 8. | Бидејќи обемот на надлежностите за повторна проценка и задачите на официјалните ветеринари се големи, преку специјализација на ОВ за одредени делови на официјалните контроли, може да се подигне професионалноста. | Реализирано во 2012 година |

## Поглавје 13 - Контролни системи за прехранбени производи и хигиена на храна

### 13.1. Општи национални стратешки цели

**Вовед**

Во рамките на АХВ, Секторот за безбедност на храна од неживотинско потекло, е надлежен за хигиената на храна и храна за животни, како што е наведено во Законот за безбедност на храната, и пропишано со Правилникот за внатрешна организација на АХВ. АХВ е основана со интегрирање на Управата за ветеринарство во рамките на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Дирекцијата за храна во рамките на Министерството за здравство, и функционира од јануари 2011 година.

Заради горенаведените причини, утврден е преоден период од една година за АХВ, предвиден со Законот за безбедност на храната за изработка на подзаконските акти. Со член 140 од Законот за безбедност на храната и се овозможува на АХВ да ги применува подзаконските акти усвоени пред интегрирање на надлежните органи сè додека не се усвојат нови правни акти.

Правната основа за статусот на АХВ, главните задачи, задолженија, права и обврски произлегува од Законот за безбедност на храната („Службен весник на Република Македонија“ бр. 157/10, 53/11, 1/12, 164/13, 187/13, 43/14 и 72/15).

**Законодавство**

Главен правен акт:

Законот за безбедност на храната („Службен весник на Република Македонија“ бр. 157/10, 53/11, 1/12, 164/13, 187/13, 43/14 и 72/15)

За целите на спроведувањето на одредбите утврдени во Законот за безбедност на храната, изготвени се и усвоени следниве Правилници.

- Правилник бр. 11-288/3 од февруари 2011 година „за внатрешна организација на АХВ“ објавена врз основа на член 55, став 1 од Законот за организација и работа на државните административни тела. Потпишано од Дејан Рунтевски, директор на АХВ. (Службен весник 58/00, 44/02, 82/08 и 167/10);
- Правилник бр. 11-288/3 „За систематизација на работните места во АХВ“ објавен врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на државните административни тела. Потпишано од Дејан Рунтевски, директор на АХВ. (Службен весник 58/00, 44/02, 82/08 и 167/10);

Има голем број на Правилници (подзаконски правни акти) со кои се покриваат официјалните контроли, кои се изработени и усвоени пред воспоставувањето на АХВ и интегрирањето на функциите и институциите.

- Правилник за посебните барања кои се однесуваат на микробиолошките критериуми за храната („Службен весник на Република Македонија” бр. 100/13);
- Правилник за начинот на вршење на инспекциски надзор” (Службен весник бр.133 од 02.11.2007);
- Правилник за начините на земање примероци од храна (Службен весник бр.78 од 30.06.2008);
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за санитарно-хигиенските услови за производство на храна (Службен весник бр.35 of 12.03.2009);
- Правилник за посебните барања за составот и означувањето на додатоците на храна” (Службен весник бр.108 од 10. 09.2007);
- Правилник за посебните барања за безбедност на храна третирана со јонизирачко зрачење (Службен весник бр.119 од 04.10.2007);
- Правилник за општите барања за безбедност на храна („Службен весник на Република Македонија“ бр. 118/05) – делумно на сила;
- Правилникот за општите барања за безбедност на храната во однос на максималните нивоа на одделни контаминенти („Службен весник на Република Македонија“ бр. 102/13)
- Правилникот за општите барања за безбедност на храната во однос на максимално дозволените нивоа на резидуи од пестициди во или врз храната („Службен весник на Република Македонија“ бр. 156/13)
- Правилник за начинот и постапката на земање примероци за определување на резидуи од пестициди во храна во рамки на официјалната контрола (Службен весник бр.133 од 2011);
- Правилник за начинот на означување на храната (Службен весник бр.118 од 2005);
- Правилник за адитивите што можат да се употребуваат во производството на храна (Службен весник бр.118 од 2005);
- Правилник за адитивите што можат да се употребуваат во производството на храна (Службен весник бр; 118 од 2005);

Сè уште се на сила заради одредбите од член 140 од Законот за безбедност на храната (преоден период).

## 13.2. Општа организација и уредување

### 13.2.1. Структура на контролниот систем за хигиена на храна и храна за животни

Во хиерархијата на АХВ има две нивоа за официјални контроли: централно и локално. Има 29 служби на АХВ на локално ниво. Органограм - Видете ја сликата подолу 13.1:

**Слика бр. 13.1**

**Органограм на Секторот за храна од неживотинско потекло (Контролен систем за хигиена на храна и храна за животни)**




Од листата на сектори од табела 1 (структура на АХВ), Секторот **за храна од неживотинско потекло**,Секторот **за гранична инспекција** и Секторот **за стручна поддршка** се надлежни за организација, координација и спроведување на официјалните контроли на храна од неживотинско потекло во рамките на нивната компетентност.

Секторот **за храна од неживотинско потекло** е надлежен за официјалните контроли на храна од неживотинско потекло за сертификација на извозот и на домашниот пазар .

Секторот **за гранична инспекција** е надлежен за официјални контроли на храна при увоз на храна од неживотинско потекло на инспекциските места на граничните премини на надворешната граница.

Секторот за стручна поддршка, преку **Одделението за комуникација на ризик и контакт точка за RASFF** е одделение кое врши координација на известувањата за храна и е контакт точка за RASFF на ЕУ.

**13.2.2. Поделба на задачи и одговорности**

Секторот е надлежен за креирање политики, хармонизација на националното законодавство, изготвување на законодавните акти, организирање на официјалните контроли на храна од неживотинско потекло, изготвување на програми за мониторинг за безбедност на храна, регистрација на објекти за храна, одобрение/овластување на одредени прехранбени производи. надзор и координација на активностите на локалните единици на АХВ итн.

Во рамките на Секторот за храна од неживотинско потекло има 4 одделенија:

- одделение за безбедност на храна од неживотинско потекло;
- Одделение за храна за посебна нутритивна употреба, збогатена храна, додатоци и адитиви за храна;
- Одделение за ГМО, храна добиена со иновирани технологии, јонизирачко зрачење, други видови на храна и материјали кои доаѓаат во контакт со храната;
- Одделение за државна инспекција за храна од неживотинско потекло.

**Табела бр. 13.1**

**Поделба на функциите меѓу одделенијата**

| Број | Структурна единица | Задачи и фунцкии |
|---|---|---|
| 1. | Одделение за безбедност на храна од неживотинско потекло | •ги изработува програмите за мониторинг за безбедност на храна;<br>•Ги анализира информациите и подготвува извешати за безбедноста на храната од неживотинско потекло;<br>• Обезбедува комуникација и кореспонденција со меѓународните организации и институции;<br>•Ги следи измените во законодавството на ЕУ во областа на храна од неживотинско потекло, во однос на контаминанти, резидуи од пестициди и подготвува нов Правилник за безбедност на храната од неживотинско потекло. |
| 2. | Одделението за храна за посебна нутритивна употреба, збогатена храна, додатоци и адитиви за храна | •Го следи законодавството на ЕУ за храната за посебна нутритивна употреба, збогатената храна - храна во која се додадени витамини, минерали и други супстанции, додатоците за храна и адитивите и дава предлог за измени на националното законодавство;<br>•Обезбедува првично одобрување/овластување за пуштање во промет на нови производи кои спаѓаат во групата адитиви за храна, ензими и ароми;<br>• Учествува во подготовката на програмата за мониторинг на безбедност на храната, која е предмет на работа во одделението;<br>• Управува со регистарот за одобрени производи од утврдените видови на храна, изготвува информации кои се објавуваат на веб-страницата на АХВ. |
| 3. | Одделение за ГМО, храна добиена со иновирани технологии, јонизирачко зрачење, други видови на храна и материјали кои доаѓаат во контакт со храната. | • Го следи Законодавството на ЕУ за храна и состојки во храна произведени со иновирани технологии, генетски модифицирана храна, храна произведена со јонизирачко зрачење и други видови храна и материјали кои доаѓаат во контакт со храна;<br>•Обезбедува одобрение за храна и состојки на храна произведени со иновирани технологии, генетски модифицирана храна, храна произведена со јонизирачко зрачење , кои за првпат се пуштаат во промет во Република Македонија;<br>•Врши надзор на законитоста на постапките за издавање одобренија за пакувани минерални води кои за првпат се пуштаат во промет во Република Македонија ;<br>•го организира, координира и зема учество во изготвувањето на Националниот контролен план за ГМО во храна ;<br>• Обезбедува регистар за одобрени производи добиени со иновирани технологии, генетски модифицирана храна, храна произведена со јонизирачко зрачење и минерални води, во печатена и електронска форма;<br>• Учествува во подготовката на програмата за мониторинг на безбедност на храната, која е предмет на работа во одделението. |

| | | |
|---|---|---|
| 4. | Одделение за државна инспекција за храна од неживотинско потекло. | •Ги планира, координира и ги обезбедува анализите за активностите спроведени од инспекторите за храна од локалните единици на АХВ;<br>•Ги организира активностите за управување со ризик<br>•Обезбедува регистрација на објекти за храна од неживотинско потекло;<br>•Ги собира и оценува месечните извештаи од инспекторите за храна од локалните единици на АХВ;<br>•Изготвува месечни и годишни извештаи за инспекциите за храна и ги доставува до Директорот на АХВ;<br>•Учествува во подготовката на повеќегодишниот план за официјални контроли, во рамките на својата надлежност;<br>• Обезбедува надзор на професионалните активности на инспекторите со храна;<br>• Врши професионална контрола на документацијата за административни постапки. |

## 13.3. Контролни системи и координација на активности

### 13.3.1. Организација на официјалните контроли

Организацијата и спроведувањето на официјалните контроли за производи од храна од неживотинско потекло е во надлежност на Секторот за храна од неживотинско потекло во рамките на АХВ. За тоа се задолжени инспекторите во целиот ланец на храна( со исклучок на примарното производство).
Инспекцијата на примарното растително производство е во надлежност на ДИЗ.
Како главни методи за официјални контроли се користат: инспекција, мониторинг (програми) земање примероци и тестирање.

### 13.3.2. Планирање

Изготвен е стратешкиот план на АХВ за периодот од 2015 до 2017 година. Во изготвувањето на стратешкиот план се опфатени мисијата, визијата и петте стратешки приоритети на АХВ.
Еден од стратешките приоритети е „Достигнување на висок степен на безбедност на храната и храната за животни“.
Со цел да се достигне овој приоритет, избрани се неколку цели:
• Зајакнување на воспоставениот фунцкионален систем за безбедност и квалитет на храна, запазувајќи го начелото, од фарма до виљушка;
• Подобрување на системот за контрола на безбедноста на храната од животинско потекло, наменета за исхрана на луѓето;
• Поддршка на операторите со храна во воспоставувањето и оддржувањето на стандардите на ЕУ за безбедност и квалитет на храната;
• Спроведување на контрола во сите фази на производството и намалување на ризиците по безбедноста на храната.

Стратешките цели ги опфаќаат сите области на официјалната контрола. Во стратешкиот план не се нагласени посебните стратешки цели за храна од неживотинско потекло.
Изготвена е програма за безбедност на храната (како табела) во рамките на планот за достигнување на целите спомenати во стратешкиот план на АХВ и збир на резултати и индикатори. Програмата сè уште не е финализирана.
Согласно член 20 од Законот за безбедност на храната, треба да има годишен работен план за АХВ, што директорот треба да го достави до Владата на Република Македонија, за негово одобрување. Годишниот работен план на АХВ треба да е заснован на годишните планови на секторите и одделенијата во АХВ. Во моментов, нема годишен работен план за АХВ за 2011 година, бидејќи АХВ беше основана во јануари 2011 година со здружување на Управата за ветеринарство при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Дирекцијата за храна, при Министерството за здравство. Исто така не постои годишен работен план за 2011 година за Секторот за храна од неживотинско потекло.
Од страна на раководителите на одделенија изготвени се годишни работни планови за четири одделенија од Секторот за храна од неживотинско потекло , но не е утврден заеднички општ план на ниво на сектор.
Во плановите на одделенијата од секторот се опишани главните активности за предвидениот период во

однос на креирањето политики, правните акти и програмите за мониторинг, регистрацијата на објекти и одредени прехранбени производи, развој и ажурирање на регистри, инспекциски активности итн.
Инспекциските планови за локалните единици при АХВ ги изготвуваат инспекторите за храна од локалната единица, и истите треба да се прилагодат од страна на раководителот на одделението за државна инспекција за храна од неживотинско потекло.
Програмите за мониторинг за безбедност на храна ги изготвува одделението за безбедност на храна од неживотинско потекло При изработката на горенаведените програми се користат податоци од програмите за мониторинг од претхосните години, известувањата за RASFF, податоците за потрошувачката кошница и податоците од мониторингот на животната средина од други институции.
Изработена е програма за мониторинг на безбедноста на храната за 2011 година . Со програмата се предвидува мониторинг на параметрите, на следниов начин:

- Микробиолошка контаминација;
- Резидуи од пестициди (национален контролен план за резидуи);
- тешки метали;
- микотоксини.

Изработена е програмата за мониторинг на безбедноста на храната за 2015 година, истата не е започната со реализација заради . тековното спроведување на тендерска постапка за избор на лабораторија за вршење на лабораториски анализи

### 13.3.3. Инспекција

Во рамките на инспекцијата согласно Законот за безбедност на храната, треба да се опфатени една или повеќе од следниве инспекциски процедури:

- општо испитување на податоците кои се однесуваат на производителот и трговецот;
- земање примероци за лабораториски анализи и тестирање;
- контрола на хигиена на персоналот;
- контрола на документација;
- проверка и контрола на системот за потврда што го користат производителите и трговците, и резултатите од истиот;
- проверка и контрола на вредностите регистрирани со мерните инструменти на производителите или трговците, и проверка и контрола со мерните инстурменти на инспекторот.

Од гореспоменатите процедури, се применуваат општото испитување, земањето примероци, контрола на хигиена на персоналот, контрола на документацијата и проверка и контрола на системите за верификација кои се користат од страна на бизнис операторите со храна.
Со официјалните контроли на храна од неживотинско потекло се опфатени производителите и извозниците на храна од неживотинско потекло (со исклучок на примарните производители) објектите за угостителство и малопродажба, капацитетите за складирање и транспорт на храна од неживотинско потекло.
Секој инспектор за храна врши од 25 до 30 инспекции месечно. Планот за инспекции се изготвува во локалните единици на АХВ, а се прилагодува од страна на раководителот на Одделението за државна инспекција за храна од неживотинско потекло, на централно ниово.
Не се користат унифицирани контролни листи за вршењето инспекции, туку поедноставен образец за инспекциски извештаи, каде што се опишуваат наодите во слободна форма, и истите рачно се заведуваат.
Упатствата изготвени од експертите при Дирекцијата за храна наменети за инспекторите за храна во однос на официјални контроли (инспекции) на храна, означување на храната, за спроведување на Правилникот за начинот на земање примероци од храна, за примена на Правилник за посебните барања кои се однесуваат на микробиолошките критериуми за храната итн, може да се применуваат во рамките на инспекцијата.

### 13.3.4. Земање примероци и испитување

Како што беше објаснето погоре, заради буџетски причини, не се реализирани програмите за мониторинг на безбедност на храна за 2011 година Инспекторите за храна земаат примероци само во случај на сомнеж, појава на болести предизвикани од храна, претстави и предизвозна сертификација. Ваквките случаи, трошоците за тестирање се на товар на бизнис операторот со храна На инспекторите со храна им се обезбедува опрема за земање примероци. Достапна е листата со опрема.

Примероците за микробиолошко испитување се испраќаат до лабораторијата при Факултетот за ветеринарна медицина, за резидуи од пестициди до Институот за јавно здравјеи неговите регионални центри, за тестирање за ГМО - до лабораторијата при Факултетот за земјоделски науки и храна.
Примероците од питката флаширана вода се испитуваат во Институтот за јавно здравје и неговите регионални единици. (за информации за лабораториските надоместоци. **Лабораториски контролен систем во АХВ на Република Македонија.**

#### 13.3.5. MRL за резидуи од пестициди

АХВ е надлежен орган за усвојување на законодавството за максималното дозволено ниво на резидуи (MRL) од пестициди, при контрола и мониторинг.
Максимално дозволените нивоа се преземени од Регулативата 396/2005 ЕЗ на Комисијата и се усогласени со таа Регулатива. Правилник за општите барања безбедност на храната („Службен весник на Република Македонија“ бр. 118/05) - делумно на сила, Правилник за општите барања за безбедност на храната во однос на максималните нивоа на одделни контаминенти („Службен весник на Република Македонија“ бр. 102/13) и Правилник за општите барања за безбедност на храната во однос на максимално дозволените нивоа на резидуи од пестициди во или врз храната („Службен весник на Република Македонија“ бр. 156/13).
АХВ е надлежна за изготвување и реализација на контролниот план за резидуи од пестициди. Контролниот план за резидуи од пестициди го изготвува одделението за безбедност на храна од неживотинско потекло, а го спроведува одделението за државна инспекција за храна од неживотинско потекло.

### 13.4. Регистрација на објекти за храна (производи од неживотинско потекло)

Согласно член 48 од Законот за безбедност на храната, регистрацијата на објектите за храна е задолжителна во РепубликаМакедонија. Секој бизнис оператор со храна во однос на регистрацијата, мора да ја извести АХВ за секој објект во рамките на нејзината контрола, каде што се врши било која од фазите на производство, преработка и дистрибуција на храна. Бизнис операторите со храна мора да обезбедат дека АХВ секогаш располага со најновите информации за објектите во нејзина надлежност, вклучувајќи ги и известувањата за секоја значителна промена во активностите и за секоа затворање на еден постоечки објект.
Во АХВ постојат пишани процедури за регистрација на објекти за храна.
Со цел да се регистрира, бизнис операторот со храна треба да поднесе барање до локалната единица на АХВ. По добивање на пријавата, на објектот му се доделува единствен регистарски број, користејќи го кодот на административната област од локалната единица на АХВ Сите податоци за ново-регистрираните објекти од страна на локалните единици на АХВ, се испраќаат до Одделението за државна инспекција за храна од неживотинско потекло, каде што горенаведените податоци се внесуваат во регистар.
По основањето на АХВ, од 2011 година се спроведува повторна регистрација на објектите за храна. Во поранешната Дирекција за храна биле регистрирани околу 12000 објекти за храна Досега, околу 2000 од истите ја поминале процедурата за пререгистрација.
Сите регистрирани објекти за храна со прехранбени производи од неживотинско потекло, се поделени на четири групи според видот на активностите:

- Индустриско производство;
- Занаетчиско производство;
- Угостителство;
- Малопродажба.

Бизнис операторите со храна се регистрираат согласно нивните активности и за секоја група е предвидена истата зачестеност на инспекции (Видете табела 1).
Нема понатамошна поделба во подгрупи (според видот на активности или видот на производи) во рамките на четирите главни групи спомenати погоре, па затоа не постои основа на првична проценка на ризик и понатамошни планирања засновани на ризик.

### 13.5. Усогласеност со оперативните критериуми

Оперативните критериуми на АХВ се опишани во член 77 од Законот за безбеднос на храна.
Директорот на АХВ мора да обезбеди:

- ефикасност и соодветност на официјалните контроли за храна во сите фази на производство, преработка и дистрибуција;
- персоналот кој врши официјални контроли е слободен од конфликт на интереси;
- расположливост со соодветен лабораториски капацитет за испитување и доволен број на соодветно квалификуван и искусен персонал, со цел ефикасно и делотворно извршување на официјалните контроли и контролните задолженија;
- расположливост со соодветени и правилно одржувани простории и опрема, како би се обезбедило дека персоналот може ефикасно и делотворно да ги спроведува официјалните контроли;
- утврдени планови за итни мерки и подготвеност да се спроведат таквите планови во итни случаи;
- Бизнис операторите со храна и храна за животни задолжително подлежат на инспекција која се врши согласно овој Закон и регулативите усвоени согласно овој Закон и и помагаат на АХВ во извршувањето на нејзините задачи;
- АХВ мора да обезбеди ефикасна и делотворна координација меѓу сите надлежни органи вклучени во официјалните контроли на сите нивоа, вклучувајќи ги и активностите за заштита на животната средина јавното здравје и здравјето на животните;
- АХВ треба да гарантира непристрасност, квалитет и постојаност на официјалните контроли на сите нивоа;
- Кога во рамките на АХВ, повеќе од едно одделение има надлежности за вршење на официјални контроли, помеѓу различните одделенија мора да се обезбеди ефикасна и делотворна координација и соработка;
- АХВ треба да воспостави и спроведе внатрешн аудит на официјалните контроли и да презема соодветни мерки, соодветно на резултатите, за утврдување дали се постигнати целите на прописите од областа на безбедност на храната. Внатрешниот аудит треба да е предмет на надворешни аудити,. Аудитот треба да се спроведува на независен и транспарентен начин.

Воглавно, АХВ обезбедува непристрасност, квалитет и постојаност на официјалните контроли, придржувајќи се до оперативните критериуми споменати погоре (со исклучок на внатрешниот аудит).
Во моментов нема развиено процедура за начинот со кој би се утврдило дека персоналот кој ги врши официјалните контроли е слободен од конфликт на интереси.
Инспекторите на АХВ имаат правно овластување за вршење на официјалните контроли и преземање мерки за извршување во текот на ланецот на храна, освен за примарното производство на производи од неживотинско потекло.
Согласно Законот за безбедност на храната, инспекторот има право да:

- побара увид во информациите и оригиналните документи кои се однесуваат на производството и трговијата, како и примерок од тие документи;
- изврши инспекција на локацијата на трговецот или производителот на храна;
- бесплатно земе примероци за лабораториски анализи и испитувања;
- издаде мерки за отстранување на утврдените недостатоци;
- ја забрани употребата на капацитетите за производство или трговија, како и на опремата или дел од истата, во случај на непочитување на стандардите и барањата утврдени со Законот за безбедност на храната и прописите засновани на овој закон;
- го забрани производството или продажбата на прехранбени производи кои претставуваат ризик по здравјето на луѓето;
- нареди уништување на небезбедна храна;
- покрене прекршочна или кривична постапка во случај на сторени кривични или прекршочни дела според овој или друг закон;
- преземе други мерки за заштита на здравјето на населението против небезбедна храна.

Инспекторите за храна на АХВ врз основа на писмен договор имаат пристап до соодветни лабораториски капацитети за официјално испитување на примероци.
Персоналот на АХВ на централно и локално ниво располага со соодветни и правилно одржувани капацитети како и со неопходната опрема .
Бизнис операторите со храна се обврзани да бидат подложени на секоја инспекција која се врши согласно Законот за безбедност на храната и да му помагаат на персоналот од надлежниот орган во исполнувањето на нивните задачи.

## 13.6. Внатрешен аудит

**Внатрешен аудит на официјалните контроли.**

Одделението за внатрешена контрола и аудит е одговорно за програмирање и спроведување на Внатрешниот аудит на официјалните контроли во Агенцијата за храна и ветеринарство и истиот се организира за да се обезбеди дека активностите и резултатите на Организационите единици во Агенцијата за храна и ветеринарство соодветствуваат со планираните цели.
Исто така, целта на овој аудит е да се утврди дали Секторите и Одделенијата во Агенцијата за храна и ветеринарство (Организационите единици) работат во согласност и доследно ги применуваат пропишаните законски прописи, стандардни постапки, упатства, насоки, процедури итн.

Внатрешниот аудит на официјалните контроли во Агенцијата за храна и ветеринарство се спроведува на систематски базиран пристап врз принципите на независност и професионалност. Истиот се извршува на начин со кој ќе се обезбеди објективност и доверливост на наодите, пришто се воспоставени следните принципи:

- Етичко спроведување на внатрешниот аудит;
- Доверливост при прикажувањето и презентирањето на резултатите на внатрешниот аудит;
- Непристрасност и неутралност;
- Пристап базиран на докази;

Природата на процесот за внатрешен аудит на официјалните контроли во Агенцијата за храна и ветеринарство е биде базиран на 4 главни принципи:

1. Систематски пристап
2. Транспарентност
3. Независност и
4. Независен надзор на аудит процесот

Во моментов има вработено еден службеници за извршување на функциите предвидени за одделението за внатрешна контрола и аудит. Директорот има одобрено 17 овластени внатрешни аудитори (волонтери) кои ќе бидат членови на тимот за внатрешен аудит, одговорен за спроведување на внатрешните аудити за официјални контроли во АХВ.
Внатрешниот аудит на официјалните контроли согласно Петтогодишен план 2012-2016 год. за внатрешен аудит на официјалните контроли изврши внатрешен аудит во 2012, 2013 и 2014 година и тоа во 2012 година извршени се 7 внатрешни аудити во 9 Инспекциски места на гранични премини – ИМГП, а во 2013 година извршени се 4 внатрешни аудити на официјалните контроли во 8 инспекциски места во делот на ветеринарното јавно здравство. Во 2014 година Внатрешниот аудит беше фокусиран на аудит за следење Follow up internal audit. При овој аудит сумирана анализа на состојбата за 2012 и 2013 година во делот на имплементација на корективните мерки покажа дека процентот на имплементација на корективни мерки изнесува 56%, истото прикажано табеларно изгледа како на следната Табела:

| бр. Внатрешен аудит | број на детектирани недоследности | број на имплементирани корективни мерки | број на неимплементирани корективни мерки |
|---|---|---|---|
| **Вкупно за 2012 година:** | 60 | 41 | 19 |
| **Вкупно за 2013 година:** | 45 | 18 | 27 |
| **Вкупно:** | 105 | 59 | 46 |
| **Процентуален приказ вкупно** | 100% | 56% | 44% |

***приказ на имплементација по извршен внатрешен аудит за 2012 и 2013 година***

## 13.7. Персонал кој врши официјални контроли

Согласно Законот за безбедност на храната, како инспектор за храна може да се назначи секое лице кое ги исполнува следниве услови, покрај оние пропишани со регулативите со кои се уредува назначувањето на државни службеници: универзитетска диплома од областа на медицината, ветеринарната медицина, биологија, технологија за преработка на храна и работно искуство од најмалку 3 години во соодветната професија

Поголемиот дел од персоналот на АХВ кој е надлежен за официјалните контроли на храна од неживотинско потекло има универзитетска диплома за: доктор по медицина, доктор по медицина со специјализација за хигиена и епидемиологија, прехранбени технолози, агрономи и биолози.

Повеќето од нив работеле во Дирекцијата за храна и пристапиле кон тимот на АХВ по нејзиното основање.

Сѐ уште има значителен број на слободни работни места на централно и локално ниво во рамктие на АХВ.

## 13.8. Обука на персоналот кој врши официјални контроли

Поголемиот дел од персоналот на АХВ кој е надлежен за официјалните контроли на храна од неживотинско потекло има универзитетска диплома за: доктор по медицина, доктор по медицина со специјализација за хигиена и епидемиологија, прехранбени технолози, агрономи и биолози.

За нововработените инспектори за храна има обука која трае и до два месеци, под водство и надзор на искусните колеги. Обучените лица се стекнуваат со право да вршат официјални контроли кај бизнис операторите со храна (со едноставна структура) во случај резултатите од евалуацијата од обуката да се позитивни Нема на располагање писмена процедура за обука на работното место и за оценување на резултатите од истата.

Постои можност инспекторите за храна да учествуваат во обуки финансирани од надвор, како на пример BTSF (хигиенските барања за различни видови производи од животинско потекло, HACCP, аудит за HACCP, материјали што доаѓаат во контакт со храна итн). Во Ексел табела се достапни податоците во однос на обуките кои се веќе одржани за инспекторите за храна и персоналот од централно ниво во рамките на АХВ. Само неколку инспектори земаа учество во гореспоментатите обуки. Нема воспоставено систем за внатрешни обуки за персоналот кој врши официјални контроли. Во моментов се изготвува нацрт на повеќегодишниот план за обуки за централното ниво на АХВ и за инспекторите за храна. Има значајна разлика во содржината на модулите за обуки во повеќегодишниот нацрт план за обуки предвидени за инспекторите за храна за официјални контроли на храна од неживотинско потекло и инсоекторите за официјални контроли на храна од животинско потекло.

## 13.9. Надзор на инспекторите за храна

Надзорот на активностите на инспекторите за храна (потврда на делотворноста и соодветноста на официјалните контроли ) во моментов го врши раководителот на Одделението за државна инспекција за храна од неживотинско потекло. Истото се врши на годишно ниво. Не постои документирана процедура за надзорот на активностите на инспекторите за храна.

## 13.10. Категоризација на ризик

Сите регистрирани објекти за храна со прехранбени производи од неживотинско потекло, се поделени на четири групи според видот на активностите.

**Табела бр. 13.2**

**Број на регистрирани бизнис оператори со храна во различни групи и предвидената зачестеност на инспекцијата**

| Број | Група на објекти за храна | Број на регистрирани објекти | Предвидена зачестеност на инспекциите |
|---|---|---|---|
| 1. | Индустриско производство, | 230 | 1 х годишно |
| 2 | занаетчиски, | 1231 | 1 х годишно |
| 3 | Угостителство, | 4837 | 1 х годишно |
| 4. | Малопродажба | 5686 | 1 х годишно |
| **ВКУПНО** | | **11984** | **1 х годишно** |

За сите објекти за храна од овие групи, предвидена е инспекција еднаш годишно Вкупен број на предвидени инспекции: 11984.

Нема понатамошна поделба во подгрупи (според видот на активности или видот на производи) во рамките на четирите главни групи споменати погоре, па затоа не постои основа на првична проценка на ризик

Во АХВ не се врши категоризација заснована на ризик на објекти со храна од неживотинско потекло.

Не е воспоставена инспекција заснована на ризик за прехранбени производи од животинско потекло.

Треба да се напомене дека во Македонија е направена категоризација на ризик на различните видови објекти за храна. Има три групи на објекти: од висок, среден и низок ризик со одредена зачестеност на инспекција на секоја група. Изготвено е упатство за инспекциите засновани на ризик, како и неколку конкретни контролни листи за различни видови на објекти, но истите не се повеќе во употреба.

## 13.11. Документирани процедури и упатства

### 13.11.1. Процедури

Изготвени се неколку процедури од страна на експерти од поранешната Дирекција за храна при Министерството за здравство, пред да се интегрираат со Управата за ветеринарство при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Процедурите се изработени во рамките на предвидениот процес на акредитација на поранешната Дирекција за храна. Во листата на изготвени/изработени процедури содржани се 12 процедури за инспектори за храна, 5 процедури за изготвување на програми за мониторинг и 12 процедури за земање на примероци, толкување на резултатите од испитувањето, проценка на ризик и управување со ризик.

### 13.11.2. Упатства

Изработени се различни упатства од страна на експерти од поранешната Дирекција за храна при Министерството за здравство, пред да се интегрираат со Управата за ветеринарство при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Упатства за инспектори за храна:**

- Упатство за официјални контроли (инспекција) на храна;
- Упатства за означување на храна;
- Упатство за спроведување на Правилникот за начинот на земање примероци од храна;
- Упатство за примена на Правилник за посебните барања кои се однесуваат на микробиолошките критериуми за храната;
- Упатство за адитиви кои се користат во производството на прехранбени производи итн.

**Упатство за бизнис операторите со храна**:

- Упатство за хигиена на храна за угостителски услуги;
- Упатство за хигиена на храна за угостителство за прехранбената индустрија
- Упатство за спроведување на системот за HACCP во прехранбениот сектор;
- Упатство за изработка на план за безбедност на храна во угостителството (заснован на начелата на HACCP) итн.

## 13.12. Организација на соработката

### 13.12.1. Координација

Координацијата во рамките на Секторот за храна од неживотинско потекло е на незначително ниво, најверојатно заради тоа што работното место „раководител на сектор“ сѐ уште не е пополнето. Раководителите на одделенијата во секторот, директно го известуваат заменик-директорот на АХВ. Во локалните единици на АХВ нема раководители на одделенија или координатори, па затоа координацијата на инспекторите за храна ја обезбедува само раководителот на Одделението за државна инспекција за храна од неживотинско потекло, на централно ниво.

### 13.12.2. Соработка

Постои внатрешна соработка меѓу секторите и одделенијата на АХВ. Одделението за државна инспекција за храна од неживотинско потекло соработува со Одделението за комуникација на ризик и RASFF при Секторот за стручна (научна) соработка, во случај на известувања од RASFF: инспекторите за храна спроведуваат истражување, обезбедуваат управување со ризикот и го известуваат одделението за комуникација на ризик и RASFF (одделението за координација за известувања во однос на храната и точка за контакт во системот за RASFF на ЕУ). Во случај на претставки од страна на потрошувачите, надлежно е Одделението за заштита на потрошувачите при Секторот за стручна (научна) поддршка. Одделението за заштита на потрошувачите го известува Одделението за државна инспекција за храна од неживотинско потекло , кое врши мобилизација на инспектори за храна од одредени локални единици со цел да направат истражување, а за резултатите од истражувањето и за преземените активности се известува Одделението за заштита на потрошувачите, кое потоа им дава одговор на потрошувачите во однос на горенаведените прашања.
Во случај на појава на болест предизвикана од храна, постои надворешна соработка меѓу Институтот за јавно здравје (ИЈЗ) и неговите регионални седишта, АХВ (Одделението за државна инспекција за храна од неживотинско потекло со локалните единици) и Санитарната инспекција (СИ). Во случај на појава на болест предизвикана од храна, болниците или докторите по медицина го известуваат ИЈЗ. ИЈЗ ги известува СИ и АХВ и им ги обезбедува соодветните информации. Потоа епидемилозите од регионалните единици на ИЈЗ, инспекторите на СИ и инспекторите за храна спроведуваат истражување. Резултатите се доставуваат до ИЈЗ. Во случај на штети предизвикани по здрављето на потрошувачот, инспекторите од СИ изрекуваат казни. Табела бр 5.5.1 Меѓусекторска соработка во случај на појава на болест предизвикана од храна). Постои писмена процедура за инспекторите за храна во однос на активностите кои треба да се преземат во случај на сомнеж поврзан со храна.

**Слика бр. 13.2**

**Меѓусекторска соработка во случај на појава на болест предизвикана од храна).**




### 13.13. Известување

Секој инспектор изготвува (користејќи униформен образец) и испраќа месечен извештај до раководителот на Одделението за државна инспекција за храна од неживотинско потекло при Секторот за храна од неживотинско потекло, којшто изготвува месечен извештај за инспекциските активности извршени во Република Македонија и го испраќа до Директорот на АХВ.

### 13.14. Бази на податоци и регистри

Постојат неколку регистри без интерфејс за подредување или барање, на пр.:

- Регистар на регистрирани објекти за храна со храна од неживотинско потекло;
- Регистар на додатоци за храна;
- Регистар на минерални води.

Останатите бази на податоци се во изработка.

### 13.15. Управување со ризик и проценка на ризик

Управувањето со ризик, проценката на ризик и комуникацијата на ризик се одделени во АХВ.
Секторот за храна од неживотинско потекло е надлежен за управувањето со ризик, додека пак Одделението за проценка на ризик и Одделението за комуникација на ризик и RASFF при Секторот за стручна поддршка, се надлежни, соодветно, за проценката на ризик и комуникацијата на ризик.
Достапни се неколку процедури во рамките на проценката на ризик и управувањето со ризик:

- Процедура за управување со ризик по идентификување на небезбедна храна во Република Македонија;
- Процедура за проследување на информациите добиени од системот за RASFF на ЕУ;
- Процедура за управување со ризик по добивање на известување за небезбеден производ од страна на Европската Комисија.

Согласно Законот за безбедност на храната, државните инспектори за храна вршат редовни официјални контроли во целиот ланец на храна со цел да спречат конзумирање на небезбедна храна од страна на потрошувачите, и на тој начин спречуваат појава на случаи на индивидуално или масовно труење со храна, кое може да резултира со криза. Државниот инспектор за храна треба да ги преземе сите неопходни мерки кои се во согласност со законодавството (Закон за безбедност на храната, Закон за општа управна постапка и Законот за заштита на населението од заразни болести) во случај на потенцијален ризик по потрошувачите кои произлегуваат од небезбедна храна. Во таков случај, инспекторите за храна се придржуваат до „Постапката за управување со ризик по идентификување на небезбедна храна во Република Македонија".
Еднаш неделно, Одделението за комуникација на ризик и RASFF, согласно своите надлежности, ги презема и обработува известувањата од веб-страницата на системот за RASFF во однос на небезбедна храна и материјало кои доаѓаат во контакт со храна и потоа (кога е потребно) ги проследува до инспекторите за храна. Начинот на којшто се постапува со неделните известувања од RASFF е опишан во „Постапка за проследување на информациите добиени од системот за RASFF на ЕУ".
Со добиените **известувања** постапува Одделението за комуникација на ризик и RASFF и потоа ги проследува до Одделението за државна инспекција за храна од неживотинско потекло, кое потоа ги организира и спроведува неопходните активности за управување со ризик и известува за резултатите од Одделението за комуникација на ризик и RASFF Сите активности кои ги презема АХВ по добивањето на известување за небезбедна храна, се детално опишани во „Постапка за управување со ризик по добивање на известување за небезбедна храна од страна на Европската Комисија".
**Контрола на извоз:**
Регистрираните објекти може да поднесат барање за сертификат за извоз до локалната единица на АХВ. Локалните инспектори за храна вршат инспекција и земаат примероци Сертификатот се доделува во случај кога резултатите од испитувањето се во согласност со барањата. Инспекторите за храна имаат право да издаваат сертификати за извоз согласно писмената процедура.

## 13.16. Контрола на плановите за квалитет

### 13.16.1. Органско земјоделство

Националното законодавство за органско земјоделско производство е усогласено со Регулативата (ЕЗ) 834/2007 на Советот и Регулативата (ЕЗ) 889/2008 на Комисијата.
Главниот закон е Законот за органско земјоделско производство (Службен весник на Република Македонија бр.146/09). Постојат неколку подзаконски акти со кои дополнително се уредуваат основните одредби на органското земјоделско производство како и мониторингот и контролата на органското земјоделско производство (Службен весник на Република Македонијабр.162/10 и 163/10).
Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, е надлежен орган во областа на огранското земјоделско производство.
Во рамките на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, ДИЗ е надлежен за контрола и надзор на активностите на сертифицираните тела. Секој производител кој поднесува барање за финансиска поддршка во огранското земјоделско производство, е предмет на контрола од страна на ДИЗ.
Од страна на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство овластени се две тела за сертификација, на коишто им се доделуваат експертските контроли и сертификација на огранското земјоделско производство. И двете тела за сертификација се акредитирани согласно стандардот EN 45011 од страна на Институтот за акредитација на Република Македонија (ИАРМ), кој е полноправна членка во Европската организација за акредитација.

### 13.16.2. Заштита на географските ознаки и традиционалните специјалитети

Националното законодавство за органско земјоделско производство е усогласено со Регулативата (ЕЗ) 510/2006 и Регулативата (ЕЗ) 509/2006.
Главен закон е Законот за квалитет на земјоделските производи, усвоен на 14 октомври 2010 година. Се изготвуваат одредени измени на Законот по советувања со службите на Европската комисија Има неколку подзаконски акти со коишто дополнително се регулира заштитата на географските ознаки (Заштитена ознака на потекло (PDO) и Заштитена географска ознака(PGI))и традиционалните специјалитет (Гарантирана традиционална посебност(TSG)).

Контролните системи се во изработка.
Во моментов, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство е надлежен орган во областа на заштита на географските ознаки и традиционални специјалитети. Предвидено е Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да води регистар за PDO, PGI и TSG, но контролата за годишно потврдување на усогласеноста со спецификацијата на производот за време на надзорот на производството и прометот, ќе биде доделена на ДИЗ. . Се предвидува системот да биде ставен во функција во март 2012.

### 13.17. Предложена листа на активности кои би требало да се опфатат со ПНКП за периодот од 2012 до 2016

**Табела бр. 13.3**

| предложена активност | Датум на спроведување |
|---|---|
| Формулирање на конкретни стратешки цели за ПНКП - Контролен систем за храна од неживотинско потекло за периодот од 2012 до 2016 година и хармонизиран со изготвениот стратешки план на АХВ за периодот од 2012 до 2014 година | |
| Одобрување на стратешкиот план на АХВ за 2012 -2014 година | |
| Одобрување на ПНКП за периодот од 2012 до 2016 година | |
| Вработување на персонал | |
| Усовршување на системот за собирање податоци и известување | |
| Финализирање на пререгстрацијата на објекти | |
| Одобрување и реализација на годишните програми за мониторинг на безбедноста на храната | |
| Да се продолжи со изготвувањето на критериуми/предлози за детална класификација на бизнис операторите со храна согласно видот на активности | |
| Формулација на критериумите за проценка на ризикот во однос на бизнис операторите со храна и изготвување на предлози за категоризација на објектите спроед ризикот. | |
| Да се продолжи со категоризација на ризик на бизнис операторите со храна | |
| Утврдување на најмалата зачестеност на инспекции засновани на ризик кај бизнис операторите со храна | |
| Попис и ревидирање на постоечките Правилници, упатства, процедури, контролни листи/инспекциски извештаи | |
| Хармонизација на Правилници, упатства, процедури, контролни листи/инспекциски извештаи за официјална контрола на храна (каде што е применливо). | |
| Ревидирање на постечките обрасци на извештаите, регистрите и базите на податоци. Изготвување на предлози за подобрување и хармонизација. | |
| Да се финализира изработката на програмите за обуки за инспекторите надлежни за официјална контрола на храна, согласно барањата од Регулативата 882 (Анекс II, Поглавје I); | |
| Да се хармонизираат модулите за обуки за инспекторите кои вршат официјални контроли на производи од неживотинско потекло, и оние кои вршат официјални контроли на производи од животинско потекло (каде што е применливо) | |
| Да се изработи програма за аудит со која соодветно ќе се опфатат сите релеватни области на активностите на АХВ со соодветна зачестеност заснована на ризик, во временски период не подолг од пет години (Одлука 677/2006 на Комисијата) | |
| Да се изготви документирана процедура за професионален надзор на инспекторите за храна со цел да се утврди ефикасноста и соодветноста на официјалните контроли | |

## Поглавје 14- Контролен систем за ветеринарно медицински препарати (ВМП) и резидуи

### 14.1. Општи национални стратешки цели

**Вовед**
Главната цел за ефикасна реализација на контролните системи е да се обезбеди дека за време на периодот на планот, АХВ ќе продолжи со програмата за надзор и ќе ги обезбеди сите податоци за непречена работа на системот. Како главен предмет на надзорот се производители на ВМП, веледрогерии, аптеки и ветеринарни клиники (станици).

**Законодавство**
Основни правни акти се:
- Закон за ветеринарно медицински препарати („Службен весник на Република Македонија" бр. 42/10 и 136/11)
- Закон за ветериарно здравство („Службен весник на Република Македонија" бр. 113/07, како што е последен пат изменет во јануари, 2011 година);
- Правилник за начинот на вршење на мониторинг и контрола на присуство на резидуи и контаминенти во живите животни и храната од животинск потекло, начинот на вршење на официјалните контроли и постапките за мониторинг и контрола на резидуи и недозволени супстанции и мерките кои се преземаат во случај на сомнение и на позитивен наод на присуство на резидуи и недозволени супстанции („Службен весник на Република Македонија" бр. 80/11).
- Решение за забрана за производство, увоз, поседување, продажба, снабдување и/или употреба на одредени видови ветеринарни лекови („Службен весник на Република Македонија" бр. 132/2010)
- Листата на фармаколошки супстанции, одобрени за употреба во ветеринарната медицина („Службен весник на Република Македонија" бр. 140/12)
- Правилник за општите барања безбедност на храната („Службен весник на Република Македонија" бр. 118/05) - делумно на сила
- Правилник за општите барања за безбедност на храната во однос на максималните нивоа на одделни контаминенти („Службен весник на Република Македонија" бр. 102/13) и
- Правилник за општите барања за безбедност на храната во однос на максимално дозволените нивоа на резидуи од пестициди во или врз храната („Службен весник на Република Македонија" бр. 156/13).

### 14.2. Организација и структура на надзорот

#### 14.2.1. Надлежни органи

Во рамките на АХВ, надлежен за одобрение на ВМП, надзор на дистрибуцијата и уредувањето на контролата на резидуи е *Секторот за ветеринарно јавно здравство* - ги изготвува правните документи, програми и упатства во рамките на својата надлежност и го изработува и реализира системот на официјални контроли во однос на дистрибуцијата на ВМП и подготовката на Националниот контролен план за резидуи (НКПР) како и негова реализација. Секторот за ветеринарно јавно здравство се состои од 5 одделенија, каде што 3 од нив се во директна врска со ВМП и резидуи:
- Одделение за ветеринарни медицински препарати;
- Одделение за безбедност на храна од животинско потекло;
- Државна инспекција за ветеринарно јавно здравство со регионалните единици.

Централното тело на АХВ и нејзините структурни единици обезбедуваат методолошко упатство за надзор и изработка и реализација на НКПР. Одделението за ветеринарни медицински препарати во рамките на Секторот за ветеринарно јавно здравство, при АХВ, е централен надлежен орган за одобрување на ВМП и надзор по доделувањето на одобрението (дистрибуција). Одделението за безбедност на храна од животинско потекло е надлежно за изработка и надзор на реализацијата на НКПР.
Официјалните ветеринари во регионалните единици обезбедуваат директен надзор и контрола на веледрогериите и ветеринарните аптеки, извршувајќи редовни и вонредни контроли согласно програмите за надзор и методологијата изработени од централното тело на АХВ.
Одделението за државна инспекција за ветеринарно јавно здравство е надлежно за инспекции на самото место на аптеки и веледрогерии за ВМП. Реализацијата на НКПР вклучувајќи го и земањето примероци за резидуи ја вршат официјални ветеринари од Одделението за државна инспекција за ветеринарно јавно здравство.

Слика бр. 14.1.

Контролен систем за ветеринарно медицински препарати и резидуи



**14.2.2. Поделба на функциите меѓу одделенијата**

Секторот за ветеринарно јавно здравство се состои од 5 одделенија, каде што 3 од нив се во директна врска со ВМП и резидуи:

- Одделение за ветеринарни медицински препарати;
- Одделение за безбедност на храна од животинско потекло;
- Државна инспекција за ветеринарно јавно здравство со регионалните единици.

**Табела бр. 14.1**

| Број | Структурна единица | Задачи и фунцкии |
|---|---|---|
| 1. | Одделение за ветеринарни медицински препарати | •Ветеринарно-санитарен преглед и контрола во објектите за производство, преработка, складирање, трговија и употреба на ВМП, следејќи ги одредбите и состојбата во областа на ВМП, како и сродните области,<br>•Професионално-аналитичка обработка на административните и другите прашања кои се важни за примената на правните и други одредби, изработка на професионално-аналитички и други материјали за работните тела,<br>•Изготвување на анализи, информации и други материјали, учествува во работата на Комисијата за ВМП и медицински помагала кои се применуваат во ветеринарната медицина и<br>• Изготвување на одобренија за пуштање во промет на ветеринарно медицински препарати,<br>• Изготвување на листа со ВМП и медицински помагала кои се користат во ветеринарната медицина и на кои им е доделено одобрение за пуштање во промет, кај кои се направени измени во текот на важноста на одобрението, со цел истата да се објави во Службениот весник на Република Македонија",<br>•Изготвување на одобрение за увоз/извоз на ветеринарно медицински препарати<br>• Водење листа на правни субјекти на кои им е доделено одобрување за пуштање во промет за ветеринарно медицински препарат, со цел нејзино објавување во Службениот весник на Република Македонија.<br>•Зема учество во работата на Комисијата која ги издава одобренијата за веледрогерии,<br>•Зема учество во надзорот на работата на правните субјекти кои вршат производство, испитување и контрола како и трговија со ВМП и медицински помагала кои се применуваат во ветеринарната медицина,<br>•Изготвување на подзаконски акти кои се усвојуваат врз основа на правните одредби во областа на ВМП.<br>•Подготовка на информации во однос на ВМП; контрола на трговијата со ВМП и медицински помагала кои се применуваат во ветеринарната медицина, |
| 2. | Одделение за безбедност на храна од животинско потекло, | •Спроведување, организација, насочување и координација на операциите, непосредна контрола и надзор во вршењето на задачите, вршење на ветеринарно-санитарен преглед и контрола во објектите за колење на животни, преработка и складирање на производи од животинско потекло, проверка и одобрение на доставената техничка документација за објекти кои произведуваат производи од животинско потекло,<br>•Професионални контроли на работата во објектите за производство и обработка на податоците во однос на производството.<br>• Изготвување на програми, анализи, информации и извештаи во областа на ветеринарното здравство, комуникација и кореспонденција со меѓународни организации, институции и асоцијации,<br>• Издавање на ветеринарно-здравствени сертификати за производи од животинско потекло, следење на измените на законодавството на ЕУ и хармонизација со одредбите за безбедност на храна.<br>•Водење евиденција и регистар за изречените мислења, ветеринарно-санитарните сообразности и ветеринарно-санитарните одобренија за работа на објектите за производство, како и водење евидентија и регистар со информациите за објектите за производство кои вршат извоз. |

| | | |
|---|---|---|
| **3.** | Државна инспекција за ветеринарно јавно здравство со регионалните единици | • Ветеринарно-санитарен преглед на објекти и опрема за производство, финализирање, преработка и трговија со производи, суровини и отпад од животинско потекло, објекти за малопродажба кои вршат трговија со производи од животинско потекло, храна за животни, вода во процесот на производство и за напојување на животните.<br>•Трговија со ветеринарни медицински помагала и медицински помагала кои се користат во ветеринарната медицина,<br>•Земање и испраќање на материјали за лабораториско испитување,<br>•Контрола на натоварот, истоварот и претоварот, издавање сертификати и меѓународни сертификати<br>•Подготовка и доставување на месечни и периодични извештаи |

## 14.3. Одобрение на ВМП

Процедурата за одобрение на ВМП е регулирана со Законот за ветеринарно-медицински препарати и Правилникот за одобрување на ВМП. Барањата ги разгледува Комисијата за одобрување на ВМП и Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје. Барањето се состои од 3-5 примероци и фармаколошки дел. Членовите на Комисијата се ветеринарни, фармацевтски и останати технички и научни поединци кои ги назначува директорот на АХВ, Комисијата е технички независна. Одобрението за пуштање во промет го издава директорот на АХВ врз основа на препораките на Комисијата. Препораките се засновани на оригиналниот документ и придружните документи, лабораториски анализи и извештај од Факултетот за ветеринарна медицина, овластената институција за лабораториски анализи на ВМП Одобрението за пуштање во промет на ВМП се издава за најмногу пет години Листата со одобрени ВМП е објавена во Службениот весник и официјалната веб-страница на АХВ www.fva.gov.mk. Листата редовно се ажурира.
Постои една процедура за одобрување на ВМП произведени во ЕУ и други земји. На 1 октомви 2011 година во овој регистар се содржеа 351 ВМП. За време на процесот на одобрување, ВМП се делат на лекови – кои се издаваат само со рецепт и лекови -кои се издаваат без рецепт согласно Законот за ветеринарни лекови
Веледрогериите може да увезуваат само одобрени ВМП. Отстапувањата од ова се утврдени во Законот за ветеринарни лекови. Директорот на АХВ има право да дозволи увоз на неодобрени ВМП во итни случаи или епизоотски болести, и во случај кога животното се извезува во земји за кои треба да се исполнети посебни барања за третман.
СЀ уште не е усвоен Правилникот за транспонирање на законодавството на ЕУ во однос на членовите 10 и 11 од Директивата (ЕЗ) 82/2001 (каскадни одредби за употреба на ВМП). Оваа регулатива е особено важна за ветеринарите во пракса, бидејќи бројот на одобрени ВМП е многу мал.

**Системот за фармаколошка претпазливост е утврден со Законот за ветеринарно медицински препарати.**

Дистрибуцијата и пуштањето во промет на ВМП е поделена во две категории:
- веледрогерии (ветеринарни аптеки) и
- ветеринарни друштва (ветеринарни станици)

Во Република Македонија има 20 веледрогерии кои се вклучени во дистрибуцијата на ВМП како за внатрешниот пазар, така и за увоз. Веледрогериите мора да исполнуваат посебни услови за вршење на нивните активности, во однос на самиот објект како и лицата кои се одговорни за вршење на тие активности (доктори по ветеринарна медицина). За веледрогериите потребна е посебна лиценца за работа Лиценцата е со важност од 5 години. Веледрогериите може да продаваат ВМП само на други регистрирани веледрогерии и ветеринарни друштва регистрирани за вршење ветеринарни активности (ветеринарни амбуланти, ветеринарни клиники и ветеринарни станици кои обезбедуваат услуги во одгледувалиштата за производство на животни). Не смеат директно да се продаваат РОМ ветеринарно-медицински препарати на сопствениците на животни.
Ветеринарните станици обезбедуваат примарна ветеринарна заштита согласно Законот за ветеринарно здравство
За ветеринарните друштва е одреден посебен образец за водење евиденција и истиот е објавен во Службен весник. Во овој образец треба да се заведе секоја посета.

Согласно законот за ветеринарно здравство, ветеринарните друштва може да употребуваат и продаваат ВМП само ако се регистрирани за ветеринарни активности. Ветеринарите мора да добијат лиценца за пракса во Ветеринарната комора. Само на граѓаните на Македонија им е дозволено да регистрираат ветеринарно друштво.

## 14.4. Национален контролен план за резидуи (НКПР)

**Листа на состојки:**

- **За соединенијата од групата А е изработен план земајќи ги предвид достапните препораки:**
- Годишните извештаи од состаноците на Рефернтната лабораторија на Заедницата, каде што е дадена листата на состојките;
- Документот на Рефернтната лабораторија на Заедницата каде што се дадени препорачаните референтни точки за активности (2007-71207);
- Минималната потребна граница на ефикасност (MRPL) (ЕЗ 2003/181);
- Податоци за производството во однос на примарното производство од животинско потекло во Македонија.
- **За соединенијата од групите Б1 и Б2, утврдена е конечната листа на супстанции:**
- Врз основа на листата на ВМП кои се официјално пуштени во промет во Македонија, сите чиишто MRL се еднакви на оние усвоени во ЕУ и објавени во Анексите на Регулативата 37/2010;
- Врз основа на индикациите за изборот на основните состојки во главните групи на ветеринарни лекови;
- Податоци за производството во однос на примарното производство од животинско потекло во Македонија.
- **За групата Б3, контаминанти,** утврдена е листа на контаминанти за проверка, согласно класичните препораки, а АХВ од Министерството за животна средина ги има побарано податоците за контаминација.

Во моментов не е целосно земен предвид лабораторискиот капацитет, кој претставува една од клучните точки за изработка и реализација на НКПР.

## 14.5. Методи за надзор и контролни активности

АХВ врши надзор на ВМП и резидуи во согласност со документите за политика на надзорот, како што се дефинирани на ниво на програми за надзор, стратешки годишни планови и законодавни акти. Во моментов некои од документите се сè уште во фаза на изработка. На овој начин АХВ планира да обезбеди, опсежен, професионален и доследен надзор во сите фази каде што се произведуваат, дистрибуираат, продаваат или употребуваат ВМП. Се прави анализа на инспекциските резултати, а исходот се користи за сите потребни корекции и идните планирања со цел да се оптимизираат активностите за надзор.
За потврда на инспекциските резултати, како важен елемент е и лабораториската контрола, која се применува за испитување на примероците од официјалните контроли и ажурирање на информациите од испитувањето на примероците од мониторингот.

### 14.5.1. Инспекција

Државната инспекција за ветеринарно јавно здравство со регионалните единици е надлежна за спроведување на политиките и вршење на инспекции на самото место, со цел да обезбеди официјални контроли за пуштањето во промет и дистрибуцијата на ВМП преку веледрогериите и ветеринарните аптеки. Инспекциите се вршат од страна на регионалните официјални ветеринари, но истовремено и персоналот од надлежниот орган зема учество за време на овие инспекции.
Инспекцијата на ветеринарните друштва ја вршат официјални ветеринари од Секторот за здравствена заштита на животните. За жал, резултатите од инспекциите на ветеринарните друштва не соодветствуваат со планот за земање примероци од резидуи.
Правата и обврските на официјалните ветеринари се утврдени во Законот за ветеринарни медицински препарати. Официјалниот ветеринар има законско овластување да:

- Врши инспекција на простории и ги провери сите релевантни документи;
- укине активности во објектот на одреден временски период;
- изрече забрана активности доколку истите претставуваат опасност по јавното или здравјето на луѓето;
- ја укине дистрибуцијата на одредени серии или видови ВМП;
- издаде наредба за уништување на одредени серии или видови на ВМП;
- изрече финансиска казна.

Многу малку информации се достапни на централно ниво во однос на официјалните контроли кои ги вршат официјалните ветеринари на терен. Системот за надзор на официјалните ветеринари е во почетна фаза и истиот сè уште не е реализиран.

**14.5.2. Лабораториски испитувања (земање примероци)**

Официјалните ветеринари имаат законско овластување за земат примероци од ВМП во случај на сомнеж за измама, по објавата преку системот за фармаколошка претпазливост итн.

**14.5.3. Аудит**

Има изработено листи за вршење на аудит во веледрогериите, но системот за аудит сè уште не е изработен.

**14.5.4. Земање примероци согласно Националниот контролен план за резидуи**

НКПР се развива во текот на целата година и по испитување на одреден број на примероци/матрици за тестирање/супстанции, се дели според општини и според месеци. На почетокот од секоја година, Одделението за безбедност на храна при Секторот за ветеринарно јавно здравство, испраќа до регионалните официјални ветеринари. Општо писмо, годишен НКПР и стратегија за земање примероци.
Регионалните единици во текот на целата година добиваат писмо со известување секој месец, за тоа кога одредени примероци треба да се земат во регионот. Официјалните ветеринари самите прават план и ги избираат одгледувалиштата, кланиците или објектите за млечни производи од каде што ќе земат примероци.
Примероците се земаат во текот на инспекцијата, но за оваа намена не се изготвени извештаи за инспекција или контролни листи. Пред земањето примероци на фармата, официјалниот ветеринар треба да го провери дневникот за ВМП кои се употребувале, но таквиот систем за проверки сè уште не е реализиран. Бидејќи не е воспоставена утврдена врска меѓу инспекциите на фарма (во однос на ИиР, здравствената заштита и благосостојбата на животните), инспекциите во ветеринарните друштва, земањето примероци во случај насомнеж за погрешна употреба на ВМП, не е можно да се утврди каренцата.

**14.6. Планирање на инспекции**

За инспекциите во веледрогериите и ветеринарните аптеки, изработен е годишен план за инспекции. Во планот се вклучени само задолжителните инспекции. Бројот на задолжителни инспекции за веледрогерии на ВМП е двапати годишно, и персоналот од надлежниот орган зема учество во овие инспекции. Во зависност од ситуацијата, се вршат неколку (3-5 годишно) инспекции засновани на ризик (претходна анамнеза, извештаи, претставки) од страна на локалните официјални ветеринари. За дополнителните инспекции одлука донесуваат официјалнтие ветеринари, или пак надлежниот орган издава посебни наредби.

**Табела бр. 14.2**

| бр | Објект за надзор/класификација | Број | Зачестеност на контроли | Вкупен број на контроли годишно | Забелешки |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Производители на ВМП | 0 | нема | нема | |
| 2. | Веледрогерии | 24 | двапати годишно | ≈ 50 | |
| 3. | Аптеки | 1. | четирипати годишно | ≈ 4 | |
| 4. | Ветеринарни клиники (станици) | 120 | еднаш годишно | ≈ 120 | Контроли од страна на одделението за инспекција при Секторот за здравствена заштита на животните |

### 14.7. Документирање на надзорот и контролните активности

Документирање на инспекциските активности
Изработени се контролни листи/листи за аудит и истите се применуваат за инспекција на веледрогерии и ветеринарни аптеки Официјалните ветеринари секој месец испраќаат извештај за активностите во текот на претходниот месец Доколку има посебни активности (да се објасни ситуацијата и да се потврдат деталите, инспекција со случај на сомнеж за недозволена употреба на ВМП: употреба на недозволени супстанции, инспекција надвор од „домашниот терен" на официјалниот ветеринар.
Земање примероци за резидуи
Изработен е записник за земање примероци и истиот се применува при земањето примероци. Во записникот се дадени сите релевантни информации и е поврзан со месечниот извештај од Одделението за безбедност на храна од животинско потекло.
Записникот за земање примероци од резидуи се состои од 4 примероци:
- 1 примерок останува на фармата или објектот (сопственикот на животни или производи);
- 1 задржува официјалниот ветеринар;
- 1 официјалниот ветеринар испраќа месечно до Одделението за безбедност на храна, во форма на извшетај;
- 1 го придржува примерокот(мострата) при доставување до лабораторија.

Сѐ уште не е реализиран системот за обезбедување на информации во однос на резултатите од тестирањето, до сопственикот на животните или производите.

### 14.8. Материјални ресурси/техничка опрема

Официјалниот ветеринар во регионалните седишта располага со опремени работно место, компјутер со интернет врска. Официјалните ветеринари исто така имаат и возила на располагање, но понекогаш ги делат меѓу себе. АХВ ја обезбедува неопходната заштитна облека. Лабораторијата ја обезбедува опремата за земање примероци. Видете го делот за лаборатории.

### 14.9. Систем за обуки

Нема развиено и реализирано систем за внатрешни обуки во однос на надзорот на дистрибуцијата на ВМП и земањето примероци од резидуи. Обезбедени се неколку индивидуални обуки, особено за персоналот од централно ниво, на пример обуки организирани од TAIEX или DG SANCO. 5 локални официјални ветеринари се обучени за контрола на ВМП. Исто така спроведени се и обуки од експерти од централно ниво на АХВ за регионалните инспектори (официјални ветеринари) и за одобрените ветеринари.
За системот за контрола на резидуи, официјалните ветеринари имаат состаноци каде се земаат предвид посебните прашања во однос на земањето примероци.

**14.10. Информатички систем и бази на податоци**

Листата со одобрени ВМП е објавена во Службениот весник и официјалната веб-страница на АХВ www.fva.gov.mk. Листата редовно се ажурира.
Постои локална база на податоци во рамките на Одделението за безбедност на храна за мониторинг на земањето примероци за резидуи.

**14.11. Соработка со други институции и организации**

- Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје - за лабораториски анализи за нови ВМП, за одобрение и резидуи;
- Министерство за здравство- за одобрение на биоциди за општа употреба;
- Агенција за финансиска поддршка на земјоделието и руралниот развој - за исплата на субвенции на фармерите;
- Министерство за внатрешни работи – во случаи кога официјалните ветеринари наидуваат на физички отпор од страна на сопствениците на животни, или пак се спречени во извршувањето на нивните задолженија; кога е потребно да се заштитат заразени области или региони, при ограничување на трговијата со животни, производи и суровини за време на движење на луѓето и животните во заразените региони и спроведување на мерките за спречување и искоренување на заразни болести кај животните, или пак кога сопственикот на животни, производи, суровини од животинско потекло и храна за животни, кои се предмет на ограничување или инспекција,одбие да го претстави својот идентитет;
- Ветеринарната Комора- за издавање, обновување и повлекување на лиценци за работа, и контрола и мониторинг на активностите на докторите по ветеринарна медицина.

**14.12. Приоритети за официјалните контроли и стратешки цели за периодот од 2012 до 2016 година**

**Табела бр. 14.3**

| Приоритети | Датум на спроведување |
|---|---|
| Развој на професионалните ресурси со цел обезбедување висококвалитетни официјални контроли, преку планирање на ресурсите и промовирање на нивото на професионално образование преку обуки. | **2012** година |
| Да се обезбеди директна врска меѓу контролата на употребата на ВМП во одгледувалиштата со животни и ветеринарните друштва, и земањето примероци засновано на ризик | **НКПР 2012** година |
| Подобрување на системот за земање примероци за резидуи со цел да се обезбеди навремено земање примероци во случај на сомнеж и развивање на систем за известување на сопственикот на животните/производите за резултатите од земените примероци. | **2012** година |
| Да се обезбеди дека во процесот на планирање се земени предвид главните ризички фактори, како што се недоследни резултати од претходните години, шеми на регионално производство, податоци за продажба на ВМП од главните веледрогерии и тестирање за ВМП спроведено според контролните активности за ВМП, како и лабораторискиот аналитички капацитет. | **НКПР 2012** година |
| Изготвување и усвојување на законодавството за спроведување на член 10 и 11 од Директивата (ЕЗ) 82/2001 (каскадни начела). | **февруари, 2012** |
| Изготвување и усвојување на законодавството за спроведување на Регулативата бр. 1950/2006. | **февруари, 2012** |
| Изготвување и усвојување на законодавството за спроведување на член 67 од Директивата (ЕЗ) 82/2001 за класификација на ВМП на лекови кои се издаваат само со рецепт и лекови кои се издаваат без рецепт. | **2012** година |
| Воспоставување на процедури за професионален надзор со цел обезбедување на квалитет, непристрасност, постојаност и ефикасност на проверките на самото место. | **2012** година |

## Поглавје 15 - Контролен систем за храна за животни и исхрана на животни

### 15.1. Општи стратешки цели

**Вовед**

Конкретни цели за секторот за храна за животни и исхрана на животните како би се обезбедило дека еден опсежен систем за официјална контрола ќе придонесе кон здравствената заштита и благосостојба на животните. Надлежноста за организацијата и функционалноста на надзорот на храната за животни и исхраната на животните во Република Македонија е доделена на **АХВ** (Закон за безбедност на храната, членови 15, 17 и 119).
АХВ како независно тело на јавната администрација во улога на правно лице е воспоставена за извршување на активностите во однос на безбедност на храната за животни АХВ е надлежна за :
- извршување дејности поврзани со безбедноста на храната за животни;
- со исклучок на примарното земјоделско производство на производи од растително потекло;

**Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство** е надлежно за реализација на политиката за безбедност на храна за животни во примарното земјоделско производство и придружните операции на примарното производство на производи од растително потекло (член 25 и 26 од Законот за безбедност на храната).
Државните ветеринарни инспектори и Државниот земјоделски инспекторат имаат законско овластување да дејствуваат во случај на сомнеж: забрана на производство, пуштање во промет и употреба на храна за животни, кревање на забраната, претовар и истовар на храната за животни, забрана за користење на возила за транспорт на добитичната храна, привремена забрана на производство и пуштање во промет на храна за животни, конфискување и отстранување на храна за животни (член 122 и 123 од Законот за безбедност на храната).

**Законодавство**
АХВ е орган надлежен за координирање на законодавството и контролните системи, за прашања поврзани со безбедноста на храната меѓу надлежните институции во Република Македонија (Закон за безбедност на храната, член 119).

**Контролните системи се регулираат со главните одредби:**
1. Закон за безбедност на храната - член 15, 17 и 119;
2. Закон за безбедност на храната за животни;
3. Правилник бр. 11-1551/4 за постапката за регистрација на објекти и оператори со храна за животни и формата и содржината и начинот на водење на регистри за објекти и оператори со храна за животниt, одобрен од Директорот на АХВ (последна верзија, бр 96/2011)
4. Правилник за условите за објектите кои произведуваат храна за животни, бр. 5/2012
5. Правилник за изменување на правилникот за постапка за регистрација на објекти и оператори со храна за животни и формата и содржината и начинот на водење на регистрите за објекти и оператори со храна за животни бр. 112/2012
6. Правилник за услови за ставање во промет на медицирана храна за животни ,формата и содржината на ветеринарниот рецепт на медицираната храна за животни и начинот на неговото издавање бр. 07/2012
7. Правилник за листа нанепожелни супстанции во храна за животни бр. 47/2012
8. Правилник за адитиви во харна за животни бр. 168/2011
9. Листа на суровини ,материјали и други производи чие ставања во промет и употреба се забранети бр. 149/2012

Во моментов, неколку Правилници се во фаза на транспонирање или изготвување.

**Законски усогласување изработка на законски и подзаконски акти и административна подршка на официјалните ветеринари**
Активностите на понатамошно усвојување на соодветното законодавство за спроведување, СОПи, прирачници и контролни листи за подобрување на ефективноста на официјалните контролисе предусловени од произлезените потреби во однос на усогласување со ЕУ легислативата и одредени национални акти.

Доуредување на законската рамка во областа на безбедноста на храна за животни, доуредување на одредени национални законски акти како и усогласување со промените на европската легислатива поврзана со храната за животни и другите промени. Со оглед на тоа во 2013 се припремени следниве докементи:
- Процедураза постапување на комисијата за одобрување на оператор со храна за животни и објекти за производство, преработка и манипулација на храназа животни и исхрана на животните;
- Контролна листа за комбиниран увид на ДПП/ДХП и *HACCP* кај оператори со храна за животни;
- Контролна листа за официјална контрола на оператори со храна за животни;
- Контролна листа за официјални контроли на оператори – увозници на храна за животни.

### 15.2. Надлежни органи

АХВ располага со правни инструменти за спроведување на контролниот систем за храна за животни и исхрана на животните.
Посебната структурна единица во АХВ - Одделението за безбедност на храна за животни и исхрана на животни – е основано за спроведување на систем за надзор на безбедноста на храната за животни. Но, во моментов не располага со доволно персонал, вклучувајќи го и раководителот на одделението, па практично, ова одделение не е во функција. Треба да се изготват и спроведат неколку подзаконски правни акти, програми и инспекциски упатства, документирани контролни процедури за надзор на храната за животни и операторите со храна за животни, и документи за воспоставување на систем за контрола на храна за животни заснован на ризик.

**Согласно законодавството постојат две нивоа на инспекција:**

**Прво ниво – централно ниво** (Секторот за ветеринарно јавно здравство), воглавно надлежно за креираење политики и опфаќа две одделенија:
- Одделение за безбедност на храна за животни и исхрана на животни,
- Одделение за државна инспекција за ветеринарно јавно здравство

**Второ ниво - регионални единци**
Одделението за државна инспекција за ветеринарно јавно здравство, кое ја координира работата на регионалните единици. Официјалните ветеринари во Одделението за државна инспекција за ветеринарно јавно здравство се распоредени во регионалните единици согласно одредените региони воМакедонија.
**ДИЗ** – тело во рамките на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, надлежно за примарното производство на храна за животни.
Воспоставен е системот за одобрение и регистрација на објекти за производство, складирање и промет со храна за животни, согласно Законот за безбедност на храната за животни.
Согласно овој закон, операторите со храна за животни кои вршат нејзино производство, обврзани се да известуваат за своите активности, по што се регистрираат или одобруваат и се внесуваат во регистарот на оператори со храна за животни.
Во моментов во земјата се регистрирани 99 бизнис оператори со храна за животни (храна за животни) (Видете Табела бр.15.1).

**Табела бр. 15.1**

**Бизнис оператори со храна за животни регистрирани и одобрени во Република Македонија**

| Регион | Град | Производство | Дистрибуција | Големопродажба /Малопродажба | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Град | Регион |
| Скопје | Скопје | 10 | 55 | 55 | 65 | 65 |
| Куманово | Куманово | 4 | 4 | 4 | 8 | 8 |
| Штип | Штип | 3 | 2 | 2 | 5 | 16 |
| | Св.Николе | 4 | 5 | 5 | 9 | |
| | Радовиш | 1 | 1 | 1 | 2 | |
| Кочани | Кочани | 4 | 1 | 1 | 5 | 18 |
| | Виница | 1 | 1 | 1 | 2 | |
| | Делчево | 1 | 10 | 10 | 11 | |
| Струмица | Струмица | 1 | 5 | 5 | 6 | 10 |
| | Валандово | 2 | 0 | 0 | 2 | |
| | Гевгелија | 2 | 0 | 0 | 2 | |
| Кавадарци | Кавадарци | 2 | 1 | 1 | 3 | 15 |
| | Велес | 7 | 2 | 2 | 9 | |
| | Неготино | 0 | 2 | 2 | 2 | |
| | Д.Капија | 0 | 1 | 1 | 1 | |
| Тетово | Тетово | 5 | 4 | 4 | 9 | 13 |
| | Гостивар | 3 | 1 | 1 | 4 | |
| Охрид | Охрид | 1 | 5 | 5 | 6 | 11 |
| | Струга | 0 | 2 | 2 | 2 | |
| | Кичево | 3 | 0 | 0 | 3 | |
| Битола | Битола | 3 | 10 | 10 | 13 | 18 |
| | Прилеп | 2 | 2 | 2 | 4 | |
| | Демир Хисар | 0 | 1 | 1 | 1 | |
| **ВКУПНО** | | **56** | **118** | **118** | **174** | **174** |

Во моментов во земјата се регистрирани 174 бизнис оператори со храна за животни (храна за животни) Сите овие оператори треба се пререгистрираат или да се одобрат согласно новиот Правилник бр. 05/2012.
Факултетот за ветеринарна медицина е овластена лабораторија за испитување на храна за животни.

## 15.3. Организација и структура

### 15.3.1. Поделба на функции, задачи и одговорности

**Слика бр. 15.1.**

**План на контролниот систем за храна за животни и исхрана на животни**




**АХВ** - Агенција за храна и ветеринарство
**МЗШВ** - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
**СВЈЗ** – Секторот за ветеринарно јавно здравство
**ДИЗ** - Државен инспекторат за земјоделство
**ЕУМС** – ЕУ и секторот за меѓународна за соработка
**СГИ** - Сектор за гранична инспекција
**ОБХЖЖ** - Одделение за безбедност на храна за животни и исхрана на животни,
**ДИВЈЗ** - Одделение за државна инспекција за ветеринарно јавно здравство со регионалните единици
**ФВМ** – Факултет за ветеринарна медицина (лабораторија за анализа на храна за животни)
**РЕ** – Регионални единици
**ВИМ на ГП** – Ветеринарно инспекциско место на граничен премин
**РС** – Регионални седишта на МЗШВ
**БОХ** – Бизнис оператори со храна

Активностите кои се однесуваат на безбедноста на храната за животни ги вршат АХВ и ДИЗ, тело во рамките на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, за животни во примарното земјоделско производство и придружните операции на примарното растително производство.
Директорот на АХВ е надлежен за успешно функционирање на АХВ; заменик-директорот ги координира активностите меѓу секторите на АХВ и АХВТ.

- креира политики;
- изготвува закони;
- изготвува и усвојува подзаконски акти, вклучувајќи ги и Правилниците за контролните системи за храна за животни и исхрана на животни;
- врши официјални контроли.

**Секторот за ветеринарно јавно здравство (ВЈЗ**) е надлежен за:

- координација на работата на одделенијата во Секторите;
- учествува во изготвувањето на примарното законодавство и подзаконските акти, програми и други акти за ветеринарно јавно здравство;
- подготвува анализи и информации;
- организира и реализира соработка со други надлежни органи и сектори;
- спроведува операции во однос на ВМП и медицински помагала кои се користат во ветеринарната медицина, храната за животни и исхраната на животни;
- се грижи за начинот на организација и вршењето на ветеринарно-санитарен преглед и контрола во објектите за колење на животни, преработка и складирање на производи од животинско потекло;
- се грижи за начинот на организација и вршењето на официјални контроли на операторите со храна и храна за животни и другите правни и физички лица согласно законот за ветеринарно јавно здравство што е во сила;
- врши анализа и доставува известувања и исто така врши и други операции во однос на ветеринарното јавно здравство.

Две структурни одделенија во рамките на Секторот за ветеринарно јавно здравство се директно надлежни во спроведувањето на функциите доделени на АХВ за контролниот систем за храна за животни и исхрана на животни. Видете табела 15.2.

**Табела бр. 15.2**

**Поделба на функции**

| Структурн единици | Задачи и фунцкии |
| --- | --- |
| Одделение за безбедност на храна за животни и исхрана на животни, | •Зема учество во работата на професионалните комисии основани од страна на Директорот, со цел, спроведување ветеринарно-санитарен преглед во објектите за производство, преработка, складирање, трговија и продажба на храна за животни;<br>•Проверка и одобрение на доставената техничка документација за објектите за производство на храна за животни;<br>• Професионална контрола на работата на објектите за производство и обработка на податоците во однос на производството, придржување до одредбите и следење на ситуацијата во однос на храната за животни и останатите производи наменети за исхрана на животните;<br>•Професионално-аналитичка обработка на административните и останатите прашања кои се важни во примената на законските и останатите одредби;<br>•Подготовка на професионално-аналитички и останати материјали за работните тела, изготвување на анализи, информации и останати материјали;<br>• Водење регистар за правните субјекти кои вршат производство, преработка, складирање, трговија и продажба на храна за животни и други производи за исхрана на животни. |
| ДИВЈЗ - Одделение за државна инспекција за ветеринарно јавно здравство со регионалните единици | • Ветеринарно-санитарен преглед на објекти и опрема за производство, финализирање, преработка и трговија со производи, суровини и отпад од животинско потекло, објекти за малопродажба кои вршат трговија со производи од животинско потекло, храна за животни, вода во процесот на производство и за напојување на животните;<br>•Трговија со ветеринарни медицински помагала и медицински помагала кои се користат во ветеринарната медицина;<br>•Земање и испраќање на материјали за лабораториско испитување;<br>•Контрола на натоварот, истоварот и претоварот, издавање сертификати и меѓународни сертификати;<br>•Подготовка и доставување на месечни и периодични извештаи. |

Покрај ова, одредени сектори во АХВ и назначените официјални лаборатории за контрола даваат свој придонес во обезбедувањето на официјалните контроли.

**Секторот за гранична инспекција (ГИ)** - врши координација на задачите на одделенијата за гранична инспекција, учествува во изготвувањето на примарното законодавство и подзаконските акти, програми потребни за инспекцијата. Секторот ги опфаќа контролите при увоз, извоз, транзит и повторен извоз на храна за животни. Сите контроли се вршат на инспекциските места на граничните премини, гранични терминали во земјата и складишта каде што се чува храната за животни.

**Сектор за ЕУ и меѓународна соработка (EUIC)** – креира политики за приближување на националното законодавство со принципите на законодавството на ЕУ : го координира изготвувањето на националното законодавство во надлежност на АХВ, по потреба, соработува со други надлежни професионални организации, институции и агенции во земјата и странство.

**Факултет за ветеринарна медицина (ФВМ)** – Факултетот за ветеринарна медицина ги доставува резултатите од извршените тестови до АХВ и до официјалниот ветеринар кој ги испратил примероците.

- во рок од 30 дена од денот кога примероците се примени
- во случај на сомнеж на незадоволителни резултати по проверката на примерокот
- и потоа по потврдата на неусогласеноста.

Резултатите се доставуваат до АХВ по факс, а АХВ потоа стапува во контакт со официјалниот ветеринар надлежен за земањето промероци и за понатамошни мерки ако е тоа потребно.

**ДИЗ** тело во рамките на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - врши контрола на храна за животни од растително потекло, во однос на примарното производство и сродните операции, како и здравствената заштита на животните. На регионално ниво, официјалните контроли ги врши државниот земјоделски инспектор во **регионалните единици (РЕ) при** Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## 15.4. Методи на контрола и техники

### 15.4.1. Методи на контрола и организација на официјалните контроли, Видете табела 15.3.

**Табела бр. 15.3**

**Официјални контроли на оператори со храна за животни и на храна за животни**

<table>
<tr><th>Тип на контроли/ Методи кои се користат</th><th>Планирање</th><th>Дејствување (извршување)</th><th>Анализа на резутлатите</th><th>Корективни мерки (ново планирање)</th></tr>
<tr><td>Контроли</td><td rowspan="3">Одделение за државна инспекција за ветеринарно јавно здравство<br>Одделение за безбедност на храна за животни и исхрана на животни; раководител на Секторот за ветеринарно јавно здравство</td><td rowspan="3">Регионални единици</td><td rowspan="2">Одделение за државна инспекција за ветеринарно јавно здравство<br>.</td><td rowspan="3">Одделение за државна инспекција за ветеринарно јавно здравство<br>.<br>ДИЗ</td></tr>
<tr><td>Општ аудит (нацрт-протокол)</td></tr>
<tr><td>Корективни проверки</td><td>Сектор за ветеринарно јавно здравство</td></tr>
<tr><td>Мониторинг на храна за животни (Официјално земање на примероци)</td><td>-</td><td>-</td><td>-</td><td></td></tr>
</table>

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Контрола на увезената храна за животни** на местото на истовар | Регионални единици (информации од ВИМ на ГП) | Регионални единици | Одделение за државна инспекција за ветеринарно јавно здравство . | Одделение за државна инспекција за ветеринарно јавно здравство . |
| **Контрола на увезената храна за животни**на граница | - | Гранична инспекциска точка | Сектор за гранична инспекција | - |
| **Земање примероци од храна за животни** | Се смета за потребно | Регионални единици – на местото на истовар | Факултет за ветеринарна медицина | Секторот за ветеринарно јавно здравство |
| **Земање примероци храна за животни** за системот за само-контрола на бизнис операторите со храна за животни – резултатите истовремено се користат и како информации за официјална контрола | Регионални единици Барање од операторите со храна за животни) | Регионални единици | - | Оператори со храна за животни |

Планирањето на официјалните контроли и анализата на резултатите од истите во однос на добиточната храна и контролота на исхраната на животните е во надлежност на Секторот за ветеринарно јавно здравство
Сè уште нема координација со Државниот инспекторат за земјоделство. Секоја година, секоја регионална единица добива „Работен план на Секторот за ветеринарно јавно здравство” - изготвен и дистрибуиран од страна на Одделението за државна инспекција за ветеринарно јавно здравство, Одделението за безбедност на храна за животни и исхрана на животни и раководителот на Секторот за ветеринарно јавно здравство. Во работниот план се наведени: задачите за секој месец, типот на оператори со храна за животни за контрола, видот на контрола (контрола, општ аудит).
Официјалната контрола се врши на регионално ниво од страна на ветеринарните инспектори во регионалните единици, од граничните инспектори на граничните инспекциски точки и државните инспектори за земјоделство во регионалните единици на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

### 15.4.2. Протоколи за вршење официјални контроли.

Контролата на операторите со храна за животни се врши според
1. Правилник за барањата за операторите со храна за животни во која било фаза на производство, преработка и дистрибуција на храната за животни, како и хигиенските барања за добрите пракси за исхрана на животните („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/12)
2. Правилник за општи барања за безбедност за храна за животни („Службен весник на Република Македонија“ бр. 149/12)
3. Правилник за начин на вршење на официални контроли за верифкација на прописите на безбедност на храна за животни („Службен весник на Република Македонија“ бр. 149/12)

Регионалните единици изработуваат месечни извештаи. Во извештаите се опфатени резултатите од инспекцијата; Извештаите се испраќаат на проценка до Одделението за ветеринарно јавно здравство. Во случај да се утврдени сериозни недоследности, веднаш да се известат Одделението за државна инспекција за ветеринарно јавно здравство и раководителот на Секторот за ветеринарно јавно здравство.
Увезенета храна за животни се контролира на ветеринарните инспекциски места на граничните премини – согласно организационите контроли на граница и местата за истовар на храна за животни – во регионите, храната за животни на ветеринарните инспекциски места на граничните премини ја контролираат граничните инспектори, додека пак на местото на истовар на храната за животни, контролата ја врши ветеринарен инспектор.

Мониторинг на храната за животни – сè уште не е реализирана програма за земање примероци. Примероците храна за животни на регионално ниво ги земаат ветеринарните инспектори (храна за животни од животинско потекло и крмни смески кои содржат храна за животни од животинско потекло). Примероците се земаат по потреба - во централното седиште на АХВ - за увезена храна за животни - за микриобиолошки тестови. Во случај на сомнеж, резултатите се испраќаат до АХВ, од каде што се стапува во контакт со инспекторот надлежен за земање примероци и за понатамошни мерки.
Ветеринарните инспектори исто така земаат примероци во случај да се побара тоа од нив од страна на операторите за храна за животни за воспоставување на програма за земање примероци за сопствена контрола. Извештаите од испитувањата се достапни за инспекторите, за оценување на резултатите од сопствената контрола.
Податоците од инспекцијата за анализа на резултатите од надзорот на храната за животни и операторите со храна за животни се чуваат во:

• Регионалните единици - протоколи за инспекција, листа на оператори со храна за животни, записи за бизнис операторите со храна за животни;
• Одделение за државна инспекција за ветеринарно јавно здравство - месечни извештаи.

## 15.5. Документирани процедури, насоки и препораки

Во моментов на располагање се само документирани процедури за оперативниот контролен систем:

1. Дозвола за увоз на храна за животни; (потребно е да да се корегира во ПГКП пошто немаме дозвола за увоз)
2. Чеклиста за аудит – согласно новиот Правилник за барањата за операторите со храна за животни во која било фаза на производство, преработка и дистрибуција на храната за животни, како и хигиенските барања за добрите пракси за исхрана на животните (бр.5/2012) за спроведување на аудит за општите хигиенски барања за бизнис операторите со храна за животни;
3. Контролна листа за официјални контроли на оператори –увозници на хеана за животни
4. Регистар на оператори за храна за животни
5. Извод од регистаротна објекти и оператори со храна за животни
6. Извод од регистарот на увозници на храна за животни
7. Барање за издавање на добреће на оператор со храна за животни и објект за производство ,обработка и манипулација на храна за животни
8. Барање за регистрација на објект и операто со храна за животни

## 15.6. Систем на ЕУ за брзо известување за храна за животни

Системот за брзо известување ќе се реализира по усвојувањето на критериумите за безбедност на храна за животни и целосно реализирање на официјалниот контролен систем за безбедност на храна за животни

## 15.7. Човечки и технички ресурси

**Табела бр. 15.4**

**Човечки ресурси за системот на надзор на храна за животни и исхрана на животни**

| Број | Ниво на надзор и контрола | Број на вработен персонал | Забелешки |
|---|---|---|---|
| 1. | **Централно ниво** (прво ниво) | 2 | |
| 2. | **Локално/регионално ниво** (второ ниво) | 47 | |

Со персоналот вклучен во процесот на контролните активности за храна за животни и исхрана на животните, раководи Секторот за ветеринарно јавно здравство Не е потполн персоналот во Одделението за безбедност на храна за животни и исхрана на животни Факултетот за ветеринарна медицина е овластена лабораторија за испитување на храна за животни. Доколку овластената лабораторија не е во можност да изврши испитување на примероците за официјалната контрола, се уредува испитување во друга лабораторија акредитирана за конкретниот метод и признаена од страна на ЕУ .

**15.8. Мерки во случај на несообразност**

Со Законот за безбедност на храна се уредуваат (член 122 и 123) задолженијата на инспекторите вклучени во контролниот систен на храна наменета за животни и исхраната на животните, за АХВ и за ДИЗ и се пропишани следниве мерки во случај на недоследности:

– Усвојуваат одлуки во административните процедури;
– забрануваат производство, пуштање во промет и употреба на храна за животни, во случај на сомнеж,
– земаат примероци од храната за животни;
– ја одземаат и изрекуваат наредба за отстранување на храната за животни

Во моментов, не се реализирани пропишаните мерки за време на вршење на официјалните контроли

**15.9. Обука**

Системот за обуки не е во целост реализиран, но во 2010 година, 14 учесници посетуваа обука за Хигиена на храна за животни и исхрана на животни

**15.10. Ставање на приоритети во однос на задачите во контролниот систем за храна за животни и исхрана на животните 123**

Официјалните контроли се насочени кон контрола на увозниците на храна за животни - контролите се вршат на ВИМ на ГП и на местата на истовар. Операторите со храна за животни се регистрирани во РЕ на АХВ. Во РЕ може да се најде листата на оператори со храна за животни Контролите се организираат согласно месечниот план.

Основни критериуми за контрола на операторите со храна за животни: производителите, дистрибутерите, трговци на големо и мало -се контролираат еднаш годишно.

**15.11. Анализа на ризик и категоризација на ризик**

Во фаза на развој е официјалниот контролен систем заснован на ризик.

**15.12. Регистрација и одобрение на објекти**

Како основа за регистрација и/или одобрение на објекти е Регулативата 183/2005 член 9, 10.
Национално Законодавство - Правилник бр. 96/2011 согласно кој се одредуваат постапките за регистрација на оператори со храна за животни и формата и содржината и начинот на водење на регистрите. Реализацијата на гореспоменатиот правилник е во почетна фаза.
**Одобрување и регистрација на објекти и оператори со храна за животни и исхрана на животните**
Активностите за остварување на оваа работна задача се предусловени од поднесените барања на операторите со храна за животни и исхрана на животните за одобрување на објектите. Истите се одвивале во текот на 2013 година во интензитетот на поднесените барања, кое следуваше со проверка на доставената документација од страна на операторот кој требаше да се одобрува според Законот за безбедност на храната за животни („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 53/11, 1/12 и 33/15). По комисиски контроли на лице место, следуваше зготвување на одобренија. Вкупно одобрени оператори во 2013 се 5 бизнис оператори кои се бават со производство,преработка и манипулација ха храна за исхрана на животни.
Регистрација на правните лица оператори со храна за животни и исхрана на животните е уредена со Законот за безбедност на храната за животни („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 53/11, 1/12 и 33/15) и Правилник за постапката на регистрација на објекти и оператори со храна за животни и формата и содржината и начинот на водење на регистрите за објекти и оператори со храна за животни (Службен Весник на Република Македонија бр. 96/2011) и член 174 од Законот за општа управна постапка (Службен весник на Република Македонија бр. 38/2005, 110/2008). Во рамките на АХВ треба да се регистрираат сите оператори со храна за животни, а АХВ издава Извод и води регистар на оператори со храна за животни. Вкупно регистрирани имаме 63 оператори во текот на 2013 година.

Во рамките на ова активност влегува и Програмата за аудит на одобрени и регистрирани објекти и оператори со храна за животини со централна специјализирана работна група. Покрај Генералниот оперативен нацрт план за контрола детални планови за контрола би се работеле на месечна основа.

**Регистрација на објекти и оператори кои вршат увоз на храна за животни**

Регистрација на правните лица оператори кои вршат увоз на храна за животни,АХВ на Република Македонија е уредена со Законот за безбедност на храната за животни („Службен весник на Република Македонија" бр. 145/10, 53/11, 1/12 и 33/15), Правилник за начинот и постапката на регистрација на правни лица кои вршат увоз и/или повторен извоз и формата и содржината на евиденцијата за увоз и/или повторен извоз („Службен весник на Република Македонија" бр. 67/08), Правилник за постапката на регистрација на објекти и оператори со храна за животни и формата и содржината и начинот на водење на регистрите за објекти и оператори со храна за животни („Службен Весник на Република Македонија" бр. 96/11) и член 205 од Законот за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/05, 110/08). АХВ издава Извод и води регистар на оператори кои вршат увоз на храна за животни.Вкупно 60 се регистрирани оператори кои вршат увоз на храна за исхрана на животни во 2013 година.

Во рамките на ова активност, во соработка со Секторот за гранична инспекција влегува и Програмата за аудит на оператори увозници со храна од животинско потекло со централна специјализирана работна група.Покрај Генералниот оперативен нацрт план за контрола детални планови за контрола би се работеле на месечна основа.

**Аудит на регистрирани и одобрени објекти оператори со храна на животни**

Спроведување на контрола на објектите кои се одобрени и регистрирани, со цел утврдување на сообразноста со барањата за безбедноста на храната за животни.

**Вертикален аудит на поединни критериуми на безбедност на храна за животни**

1. Критериуми за безбедна и небезбедна храна за животни;
2. Критериуми за употреба на адитиви за храна за животни
3. Внатрешни системи за контрола на операторите
4. Внатрешни системи на лабораториско потврдување на безбедност на храната за животни
5. Присуство на супстанции забранети да се употребуваат како храна за животни;
6. Барањата за означување на храна за животни;

Контролата на исполнување на критериумите и барањата за безбедност на храна за животни се спроведува на две нивоа:

- На ниво на организациони единици со редовните инспекциски контроли и аудит спроведени од официјалните ветеринарни надлежни за објектите.
- На централно ниво со специјална контролна група во рамките на посебна програма на аудит.

Програмите за аудит се концепирани на два пристапа.

**Хоризонален аудит** кој би ги опфатил утврдување на сообразноста на општите барања за безбедност на храна .Вертикален аудит кој би ги утврдувал сообразност на одредена посебна група на барања за безбедност на храна.

### 15.13. Приоритети за јакнење на контролниот систем за храна за животни и исхрана на животнит за време на планот за спроведување (2012-2016) 124

**Табела бр. 15.5**

| Активности | Датум на реализација |
|---|---|
| Проверка и одобрение на доставената техничка документација за објектите за производство на храна за животни | |
| Професионална контрола на работата на објектите за производство, и обработка на податоците во однос на производството, придржување до одредбите, и следење на ситуацијата во однос на добиточната храна и останатите производи наменети за исхрана на животните | |
| Професионално-аналитичка обработка на административните и останатите прашања кои се важни во примената на законските и останатите одредби. | |

| | |
|---|---|
| Подготовка на професионално-аналитички и останати материјали за работните тела, изготвување на анализи, информации и останати материјали. | |
| Водење регистар за правните субјекти кои вршат производство, преработка, складирање, трговија и продажба на храна за животни и други производи за исхрана на животни. | |
| Задачи во однос на надзорот на безбедноста на добиточната храна:<br>9. утврдување на критериуми за безбедна и небезбедна храна за животни;<br>10. утврдување на критериуми за употреба на адитиви за храна чијашто концентрација е прифатлива за земјите на ЕУ<br>11. утврдување на процедури за земање примероци од храна за животни<br>12. утврдување на официјални методи за анализа на храна за животни<br>13. утврдување на листа на супстанции забранети да се употребуваат како храна за животни;<br>14. утврдување на барањата за означување на храна за животни;<br>15. реализација на официјалната програма за земање примероци од храна за животни | |
| Задачи за операторите за надзор на добтиочната храна:<br>16. Спроведување на системот за регистрација на оператори со храна за животни, и водење регистар во електронска форма;<br>17. спроведување на систем за одобрување на оператори со храна за животни и водење регистар во електронска форма<br>18. изготвување на листа со активности со кои се опфаќа целиот ланец на храна – за регистрација или одобрение - да е достапна за операторите со храна за животни;<br>19. листата на активности на операторите со храна за животни да се користи како основа за реализација на контролен систем заснован на ризик | |
| Развој на систем за обуки за инспекторите вклучени во контрола на храната наменета за животни и исхраната на животните | |
| Продолжување на спроведување на регистрација и одобрување на операторите | |

## Поглавје 16 - Контролен систем за нус-производи од животинско потекло кои не се наменети за исхрана на луѓето (НПЖП)

### 16.1. Општи стратешки цели

**Законодавство**

Во однос на здравствените правила утврдени со Регулативата (ЕЗ) бр 1069/2009 за нус-производи од животинско потекло, АХВ е надлежен орган за контрола на соодветното спроведување на ова законодавство. Со постоечкиот Закон за нус-производи од животинско потекло во Република Македонија, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство од септември 2007 ги дава сите законски овластувања на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за надзор, повлекување на одобрението и покренување судски постапки против правни и физички лица кои не ги исполнуваат барањата за нус-производи од животинско потекло кои не се наменети за исхрана на луѓето (НПЖП). Во моментов се ревидира Законот за нус-производи од животинско потекло и направените измени ќе бидат во согласност со правилата на Регулативата бр 1069/2009 на ЕУ. Со ново-усвоениот Закон за безбедност на храната, АХВ добива законски овластувања (од 1 јануари, 2011 година) за надзор, повлекување на одобрението и покренување судски постапки против правни и физички лица кои не ги исполнуваат барањата за нус-производи од животинско потекло кои не се наменети за исхрана на луѓето (НПЖП)

Посебните правила од Регулативата за НПЖП се транспонирани во неколку Правилници. Правилата за НПЖП се утврдени во вкупно 14 Правилници, меѓу коишто во 2 Правилници се утврдени правилата за специфични ризични материјали (СРМ). Според тоа, основата на овие 2 Правилници не е во Регулативата за НПЖП туку во Регулативата (ЕЗ) бр 999/2001, за трансмисивни спонгиформни енцефалопати (ТСЕ). Официјалниот контролен систем за ТСЕ е опфатен и опишан во контролниот систем за здравствена заштита на животните.

Постоечкото национално законодавство за НПЖП и понатаму е засновано на европските правила за НПЖП согласно Регулативата (ЕЗ) бр 1774/2002. Затоа е потребна измена на овие национални правила Во моментот на изготвувањето на овој ПНКП беше предвидено да се измени Законот за НПЖП и во целост да се заменат Правилниците.

**Општ опис**

Во моментот на изготвувањето на овој ПНКП, секторот за НПЖП сѐ уште не е целосно развиен. Во земјата на постои кафилерија, којашто е основа на секој развиен систем за НПЖП, ниту пак истата е на располагање во соседните земји (или затоа што не постои или има ограничувања за увоз). Дестинациите за отстранување на НПЖП во најголемиот број случаи, не се во согласност со националните ниту пак правилата на ЕУ за НПЖП. Постојат неколку оператори за НПЖП во областа на нивна техничка примена. Имено тоа се оператори за собирање, ракување и складирање на третирани кожи за производство на кожи и изработка на ловечки пехари Овие оператори или се веќе одобрени согласно правилата за НПЖП или се во фаза на одобрување. Сепак, мнозинството на оператори со НПЖП не се одобрени ниту пак регистрирани како оператори за НПЖП ниту пак постапуваат со НПЖП согласно националните правила на ЕУ.

НПЖП добиени кај операторите со храна, освен од фармерите, се отстрануваат во депонии или јами. Покрај тоа што депонирањето (без претходна преработка) не е дозволено согласно правилата на НПЖП за повеќето од НПЖП, овие депонии (јами) не се во согласност ниту пак се одобрени согласно Законот за животна средина (Директива 1999/31/ЕЗ) како што е наложено со правилата за НПЖП во случај да е дозволено депонирањето. Единствената депонија во Република Македонија одобрена согласно националниот закон, е депонијата Дрисла, којашто се наоѓа во рамките на општина Скопје. Во моментов, депонијата не ги исполнува во целост барањата на ЕУ; како што е утврдено во Директивата 1999/31/ЕЗ.

СРМ што се произведува во кланиците од преживарите, се собира посебно и или се отстранува како што е опишано во претходниот пасус или се закопува на неодредено време во бетонски бункери кои се наоѓаат во близина на кланиците но се одвоени од инфраструктурата на кланицата. Оваа дестинација којашто не е предвидена во законот на ЕУ, е предвидениа во националните правилници за постапување со СРМ.

Со НПЖП произведени на ниво на фарма (угинат добиток) се постапува на истиот начин како што е опишано погоре, или се закопуваат во близина, или пак на самата фарма или пасиштето. Не постојат посебни правила ниту пак уредувања за угинатите животни кај кои можеби има или не СРМ АХВ е единствениот надлежен орган во земјата за контрола на НПЖП. Во рамките на ова законодавство, не се дадени овластувања.

Во отсуство на законски алтернативи за депонирање, не се изрекуваат казни или пак други санкции на производителите на НПЖП во случај да се користат неодобрени дестинации, да нема комерцијални документи или пак во истите да недостигаат информации, да не се наведени категориите итн. Но, во некои објекти, на иницијатива на надлежниот инспектор, преземени се првите чекори (покрај дестинацијата) за спроведување на правилата за НПЖП (категоризација, означување, следливост, приматели).

Па според тоа, главните проблеми во однос на НПЖП се отсуство на начини за отстранување или законска и безбедна употреба, и отсуство на систем за управување за НПЖП кај производителот на храна и на ниво на фарма (записи, следливост, категоризација и хигиена).

### 16.2 Назначување на надлежен орган

Во рамките на АХВ Секторот за ветеринарно јавно здравство и Одделението за нус-производи од животинско потекло обезбедуваат надзор на централно ниво. Но персоналот од ова одделение не е посветено само на овие функции.

Контролите на НПЖП ги врши Одделението за државна инспекција за храна од животинско потекло со регионалните единици.

Депонијата е овластена согласно законодавството за депонирање на отпад и истата подлежи на правилата за животна средина, во надлежност на Министерството за животна средина и просторно планирање. Но контролите на НПЖП во овие објекти мора да ги врши АХВ. Во рамките на НПЖП, императив претставува комуникацијата со Министерството за животна средина и просторно планирање. На располагање се лицата за контакт со ова министерството, и истите се контактираат на основа од-случај-до-случај.

**16.3. Број на претпријатија или фарми или други објекти кои се под контрола**

Видете ја подолу табелата 16.1.со бројот на објекти за храна кои произведуваат НПЖП. Во оваа табела не е опфатен бројот на фарми за добиток, За бројот на фарми за добиток, Видете го Поглаје 10 од ПНКП.

**Табела бр. 16.1**

| Тип на објект | Број на оператори |
|---|---|
| Складишта со температурен режим | 82 |
| Објекти за засекување на месо | 3 |
| Кланици | 20 |
| Објекти за преработка на месо: | 44 |
| Млечни фарми | 80 |
| Објекти за сортирање на јајца наменети за исхрана | 10 |
| Штавилници | 1. |
| Штавилница/примарно производство | 11. |
| ВКУПНО | 251 |

**16.4. Лаборатории**

Во моментов не е потребен план за земање примероци од НПЖП бидејќи во земјата не постојат преработувачки постројки, објекти за производство на храна за домашни миленици, постројки за биогас и компост ниту пак постои извоз на PAP за производство на храна за животни. Со законодавството за НПЖП се утврдуваат единствено микробиолошките правила за горeспоменатите активности. Па затоа, досега немало потреба да се реализира план за анализи во областа на НПЖП.

**16.5. Соработка меѓу операторите за храна и храна за животни со персоналот кој врши официјални контроли**

Соработката меѓу операторите и АХВ е прилично добра. Но мора да се напомене дека досега не се побарани поголеми промени од страна на индустријата за кои би биле потребни значителни вложувања (финансиски или вработување на персонал) Не е воспоставено тело за консултација со предметниот сектор за НПЖП.
Постои одредена свесност кај главните оператори (кланцици, објекти за засекување, објекти за преработка на млеко итн) дека НПЖП ќе станат важно прашање и дека областа од законодавството за здравствена заштита на луѓето и животните најмногу заостанува во споредба со ситуацијата во ЕУ. Досега не е преземена приватна иницијатива од различните предметни сектори со цел да се воспостави законска дестинација или транспорт согласно законодавството.

**16.6. Организација и структура**

**16.6.1. Поделба на функции, задачи и одговорности**

Како што беше споменато погоре, АХВ е единствениот надлежен орган во рамките на законодавството за НПЖП. Во рамките на АХВ постои посебно одделение за нус-производи од животинско потекло. Централното одделение е надлежно за изготвување на процедури, издавање здравствени сертификати за извоз, националното законодавство, изготвување на контролна програма, координација на инспекции и собирање податоци. Ќе биде надлежно за реализација на стратегијата за воспоставување на сектор за НПЖП во земјата.
Контролите ги вршат регионалните единици во рамките на Одделението за државна инспекција за храна од животинско потекло. Инспекциите и (во иднина и) земањето примероци, ги вршат инспектори од ова одделение. По потреба, информациите за НПЖП се собираат преку овие одделенија, на основа од-случај-до-случај (прашалник).

Одобрението на НПЖП го вршат заедно централните и регионалните единици. Потврдата на барањата на постројката за НПЖП ја врши тим за аудит, составен од експерти на централно ниво, и инспектори од различни региони кои се обучени за законодавството за НПЖП (обука 2009, Видете infra). Не се утврдени писмени процедури за процеот за одобрување на постројки за НПЖП но, од добиените информации може да се заклучи дека постои практична процедура којашто се применува
Иако не постојат надлежности за НПЖП надвор од АХВ, законодавството за НПЖП зависи од некои дестинации од други законодавства и следствени, други надлежни органи. Депониите и постројките за (ко-)инценерација за кои е потребно одобрение, се одобруваат или овластуваат согласно законодавството за животна средина за кои не е потребно посебно одобрение за НПЖП. Во моментов не постојат постројки за (ко-) инценерација кои можат да вршат инценерација на НПЖП. Само една депонија е одобрена согласно законот за депонирање отпад. И двете дестинации, во однос на правилата за животна средина, се во надлежност на Министерството за животна средина и просторно планирање. Во рамките на НПЖП, императив претставува комуникацијата со Министерството за животна средина и просторно планирање. На располагање се лицата за контакт со ова министерството, и истите се контактираат на основа од-случај-до-случај.

**16.6.2. Методи на контрола и техники**

Во моментов инспекциите се вршат врз основа на испитување на било кои аспекти за НПЖП од страна на операторот) или пак во најголем број на случаи, врз основа на надзор (набљудување на некои аспекти за НПЖП кај операторот, директно засновани на правилниците. Чеклистите се во фаза на изработка. Чеклистите се веќе изготвени на англиски јазик, за најрелевантните активности во земјата. Финализирањето на овие контролни листи првенствено ќе зависи од усвојувањето на општите процедури за изготвување на контролни листи. Утврдени се неправилности, но заради отсуството на законски дестинации, не постои упатуваење кон овие во најголемиот број на случаи со цел да се доведат во сообразност со законодавството.
Аудитите се спроведуваат од страна на тимови составени од централен и регионален експерт за НПЖП, за одобрение или регистрација на објекти за НПЖП, засновани директно на барањата утврдени во Правилниците. Овие објекти се дадени во системот на ЕУ TRACES, следејќи ги техничките спецификации на ЕУ.

http://ec.europa.eu/food/food/biosafety/establishments/docs/technical_specifications_d7177%202010_rev1_01%203%202011.pdf)

**16.6.3. Сертификација**

Сертификатите за извоз на НПЖП се издаваат на централно ниво. Потврдувањето дека барањата утврдени во здравствените сертификати се исполнети се врши за секој сертификат издаден од страна на одделението за нус-производи од животинско потекло. Операторите кои сакаат да извезуваат во земји-членки на ЕУ, треба да се наведени во горенаведените листи на TRACES, пред да може да се издадат здравствените сертификати.

**16.6.4. Земање примероци и анализи**

Во моментов не е изготвен план за земање примероци и не се вршат анализи.

**16.6.5. Одобрение и регистрација**

Одобрението на НПЖП го вршат заедно централните и регионалните единици. Инспекцијата пред издавање на одобрението ја врши тим составен од експерти од централно ниво и инспектори од различни региони кои се обучени за законодавството за НПЖП (обука 2009, Видете infra). Не се утврдени писмени процедури за процеот за одобрување на постројки за НПЖП но, постои практична процедура којашто се применува

**16.7. Документирани процедури, насоки и препораки**

За инспекција или надзор на операторите во однос на барањата за НПЖП, во моментов нема усвоено посебни документи; но контролни листите се во напредна фаза во процесот на усвојување. Чеклистите се изготвуваат на централно нивоl.
За собирањето на податоци во однос на количеството и типот на НПЖП кои се произведуваат од страна на операторите со храна за животни, изготвен е прашалник, како и процедура за пополнување на истиот.

## 16.8. Систем за брзо известување за храна и храна за животни (RASFF)

Агенцијата за храна и ветеринарство е контакт точка за RASFF за Република Македонија. Во рамките на Секторот за стручна поддршка воспоставено е одделение за комуникација со ризик. Ова одделение има улога на точка за контакт со ЕУ во однос на информациите за RASFF кои се однесуваат на РепубликаМакедонија. Исто така претставува точка за контакт во однос на прашањата за НПЖП од RASFF. Ќе се воспостави внатрешен систем за дистрибуција и управување со овие информации, и ќе се обезбеди соодветната реакција.

## 16.9. Организација на официјалните контроли

Во моментов инспекциите или надзорот се вршат согласно Правилниците. Не е утврдена зачестеноста или бројот на инспекциите кои се вршат кај операторите за НПЖП.
Централните служби на АХВ немаат изготвено контролна програма за аспектите на НПЖП. Па така, одредени инспекции и надзор ги вршат инспекторите во одредени случаи (на сопствна иницијатива или пак на барање од централните седишта, од еден до друг случај), но не на централниот, годишен и предвиден начин.

### 16.9.1. Поставување приоритети и одржување рамнотежа меѓу задачите и ресурсите

Не е воспоставен систем на приоритети во однос на официјалните контроли.

### 16.9.2. Природа, време, зачестеност и точка на официјалните контроли

Не е воспоставен официјален контролен систем.

### 16.9.3. Анализа на ризик и категоризација на ризик (основни компоненти на анализа на ризик и систематски пристап)

Не е воспоставен официјален контролен систем заснован на анализа и категоризација на ризик.

## 16.10. Конкретни активности

Со цел да се направи проценка на количеството НПЖП кое е произведено во земјата, испратен е прашалник до сите производители на НПЖП со исклучок на фармите. Собирањето на податоци за првпат е реализирано во 2009 година, а вторпат во 2011 година. Ваквото собирање на податоци ќе се врши секоја година со цел да се добие подетална и сигурна слика за производството, во однос на познавањата за тоа што се смета дека е НПЖП и бројот на потенцијалнте производители на НПЖП се зголемува како за инспекторите така и за операторите.

## 16.11. Предвидени уредувања и потврда и поделба на плановите и програмите

Во моментов нема воспоставено централен контролен план или програма за инспекција и анализа на барањата за НПЖП.

## 16.12. Меѓународна трговија и сертификација

Извозот на НПЖП претежно се состои од кожи кои се извезуваат за штавење во други земји. Ловечките трофеи се извезуваат во други земји, согласно правилата утврдени од третата земја (на пр. извоз во земја-членка на ЕУ согласно правилата и сертифицијарно како што е утврдено во Регулативата бр142/2011 на ЕУ). Сертификатите за извоз се издаваат на централно ниво од страна на Одделението за нус-производи од животинско потекло, и потврдата на барањата кои треба да се сертифицираат се врши според принципот од-еден-до-друг-случај. За извоз во ЕУ, објектите кои имаат одобрение за извоз во ЕУ се дадени во системот на TRACES, како што е објаснето во точка 3.2.

Увозот на НПЖП е незначителен и воглавно се состои од увоз на кожи кои се корстат во штавилниците во Република Македонија. Ова е како резултат на непостоењето на постројки за преработка или третман на НПЖП, технички постројки или пак постројки за храна за животни кои користат добиени производи, во РепубликаМакедонија. Сертификатите утврдени во Правилникот се изготвени врз основа на сертификатите утврдени во Регулативата (ЕУ) бр 142/2011. Потврдата на здравствените сертификати на дојдовни пратки се врши на инспекциските места на граничните премини во земјата.

**Законска основа**
Во Правилникот за формата и содржината на ветеринарно-санитарните сертификати во однос на нус-производи од животинско потекло кои се увезуваат или пак транзитираат во или низРепубликаМакедонија, се утврдени правните барања за увоз и извоз на НПЖП во и од Република Македонија. Овие правила се во согласност со Регулативата (ЕЗ) за НПЖП бр.. 11774/2002 и истите се ажурираат како би биле во согласност со Регулативата на ЕУ бр. 142/2011

**16.12.1. Државен надзор и контрола**

Надзорот при увоз се врши на инспекциските места на граничните премини.
Здравствените сертификати за извоз се издаваат на централно ниво од Одделението за НПЖП. Потврдата дека барањата се сертифицирани се врши според принципот од-еден-до-друг-случај.

## 16.13. Човечки и технички ресурси, вклучително и лаборатории

Одделението за НПЖП на централно ниво се состои од 1 соработник, 1 помлад соработник и 2 референти Нема назначено раководител на одделение, па затоа одделението е под директна надлежност на раководителот на Секторот за ветеринарно јавно здравство. Согласно планот за вработување, предвидено е во ова одделение за НПЖП да се вработени 11 лица. Фунцкиите на Одделението за нус-производи од животинско потекло се опишани во Правилникот за внатрешната организација на АХВ Во моментов, нема опис на работните места за персоналот во рамките на одделението.
На регионално ниво, инспекторот во надлежност на Одделението за државна инспекција за ветеринарно јавно здравство ги врши контролите во однос на барањата за НПЖП.

## 16.14. Мерки со кои се обезбедува сообразност со оперативните критериуми и законодавните норми

Методот со кој се проверува сообразноста со барањата утведени во Законот за нус-производи од животинско потекло.
Одобренијата се издаваат само откако ќе се изврши целосен аудит од страна на специјален тим за аудит на НПЖП, кој се состои од експерти за НПЖП на централно и регионално ниво.

## 16.15. Мерки во случај на несообразност

Со законот за нус-производи од животинско потекло се обезбедуваат сите алатки за изрекување казни на операторите (3000 до 5000 евра за правни лица и 50 до 1000 евра за физички лица) и за повлекување на одобрението од операторите.

## 16.16. Заемна поддршка, соработка и координација

Воспоставени се првичните контакти се Министерството за животна средина и просторно планирање, како што е опишано во точка 3.1

## 16.17. Обуки

Потребна е обука за аспектите на НПЖП заради непостоењето на претходни инспекции за НПЖП. Сè уште не е воспоставен координиран план за обуки. Обуките се организираат индивидуално според конкретниот случај.

Во 2009 е организирана интензивна тринеделна обука за избран број на инспектори и персонал од централно ниво. Оваа обука се состоеше од двонеделни предавања и еднонеделна посета на Белгија, кога беа посетени повеќето истакнати оператори во однос на законодавството за НПЖП. АХВ учествува во иницијатитвата на ЕУ, BTSF. Обуките за НПЖП се оргаинизирани како дел од BTSF, од 2008 до 2011 (во 2012 не е предвидена обука за НПЖП). АХВ има испратено неколку лица (од централно ниво) на овие обуки. Во јуни 2011 е организирана дводневна обука за десетина лица од централно и регионално ниво, на којашто беа претставени главните промени во законодавството на ЕУ, по стапување во сила на Регулативата 1069/2009 .
Постои одредено општо познавање за НПЖП во земјата, особено на централно ниво. Сепак, заради недостиг на практични обуки, ова знаење во најголем број на случаи е теоретско. Поголемиот број на инспектори на регионално ниво имаат ограничено или пав воопшто непаат искуство/обуки за НПЖП.

## 16.18. Документација и известување, евиденција и одржување

Во моментов се изготвува документациската процедура.
Постои прашалник за собирање на податоци за количеството и типот на НПЖП произведени во објектите за храна. Според овој прашалник, утврдена е процедура за пополнување на истиот . За оценување на доставените податоци се користи стандардна табела.
Со цел следливост, и водење на евиденција, се користи комерцијален документ заснован на комерцијалниот документ на ЕУ за НПЖП, кој го користат одредени оператори кои произведуваат, превезуваат или пак ракуваат со НПЖП.
Комуникацијата за прашањата во однос на НПЖП и централното собирање на податоци за истите, ја координира централното одделение за НПЖП.

## 16.19. Основа на законодавството

Правилата со цел да се спречат и намалат ризиците во однос на јавното и здравјето на животните коишто произлегуваат од НПЖП и производите добиени од нив, се утврдени во Законот за нус-производи од животинско потекло. Овој закон се заснова на правилата на ЕУ за НПЖП, имено Регулативата (ЕЗ) бр 1774/2002 т.е. поранешниот закон за НПЖП којшто повеќе не се применвуа во ЕУ. Во моментов се ажурира ова законодавство. Со овој закон не се утврдуваат само барањата за постапување со НПЖП туку и одредени барања во однос на законодавството за ТСЕ т.е СРМ и правилата за забрана за храна за животни (забрана за употреба на одредени животински протеини во храната за фармски животни). Со овој закон се утврдува належниот орган, се утврдуваат одредени технички барања, се дава овластување на надлежниот орган за воспоставување на подзаконските акти, се утврдуваат кривичните одреби и се предвидува повлекување на одобренијата за објектите кои не се во согласност со овој закон.
Подзаконските акти се состојат од 14 Правилници во кои се утврдени посебните правила за различните активности. Целосната листа за сегашните Правилници може да се најде во Табела 16.2.

**Табела бр. 16.2**

| | |
|---|---|
| Правилник за посебните услови во однос на објектите, техничката опременост, начинот и условите за вршење соодветна дејност кои треба да ги исполнуваат олехемиските објекти и објектите за производство на биогас и компост | "Службен весник на РМ" 21/09 од 17.02.2009 |
| Правилник за техничките услови и начинот на вршење на работите кои треба да ги исполнат објектите за собирање и складирање на нус производи од животинско потекло | "Службен весник на РМ" 21/09 од 17.02.2009 |
| Правилник за начинот на собирање, превезување и идентификување на посебни категории на нус производи од животинско потекло | "Службен весник на РМ" 21/09 од 17.02.2009 |

| | |
|---|---|
| Правилник за формата и содржината на ветеринарно санитарните сертификати за нуспроизводи од животинско потекло кои се увезуваат или транзитираат во или низ Република Македонија | "Службен весник на РМ" бр. 28/09 од 25.02.2009 |
| Правилник за посебните услови во однос на објекти, техничка опременост, како и постапки и услови за вршење соодветна дејност кои треба да ги исполнуваат преработувачките објекти за категорија 3 материјали и посебните услови за преработени животински протеини и други производи кои можат да се користат како материјал за исхрана на животните | "Службен весник на РМ" бр. 152/2009 од 21/12/2009 |
| Правилник за формата, содржината и начинот на водење на евиденција што ја водат правни и физички лица кои испраќаат, превезуваат и примаат нус производи од животинско потекло | "Службен весник на РМ" бр. 152/2009 од 21/12/2009 |
| Правилник за начинот на собирање и нештетно отстранување на нус производите од животинско потекло и техничко-технолошките услови кои во поглед на објектот, опремата и кадарот треба да го исполнуваат правните лица кои вршат собирање и нештетно отстранување на нус производите од животинско потекло како и техничко-технолошките услови што треба да ги исполнуваат превозните средства за превоз на нус пр.... | "Службен весник на РМ" бр. 157/2009 од 28.12.2009 |
| Правилник за посебните услови во однос на објектите,техничката опременост, како и постапките и условите за вршење на соодветна дејност кои треба да ги исполнуваат преработувачките објекти на нус производите од животинско потекло | "Службен весник на РМ" 73 /2010 од 31.05.2010 |
| Правилник за посебните услови во однос на објектите за производство на храна за домашни миленици и техничките објекти за нус-производите од животинско потекло и посебните технички услови и постапките за преработка, манипулирање, складирање и превоз при ставање во промет, увоз и извоз на храна за домашни миленици и технички производи од нус-производи од животинско потекло | Објавен во "Службен весник на РМ" бр.110/2010 од 20.08.2010 |
| Правилник за исклучоците во однос на употребата на нус-производите од животните | Објавен во "Службен весник на РМ" 113/2010 од 27.08.2010 |
| Правилник за техничките услови за постапување и нештетноотстранување на специфичниот ризичен материјал - СРМ | Објавен во "Службен весник на РМ" бр. 113/2010 од 27.08.2010 |
| Правилник за поблиските услови, начинот и постапката за спроведување и примена на забраните за употреба на одредени нуспроизводи во исхраната на животните и одредени технички производи од нуспроизводи од животинско потекло | Објавен во "Службен весник на РМ" бр. 121/2010 од 15.09.2010 |

| | |
|---|---|
| Правилник за начинот и постапката за спроведување на исклучоците за отстранување на нуспроизводите од животинско потекло | Објавен во "Службен весник на РМ" бр. 163/2010 од 17.12.2010 |
| Листата на категоризирани нус производи од животинско потекло | "Службен весник на РМ" 42/2012 од 28.03.2012 |
| Листа за изменување и дополнување на Листата на категоризирани нуспроизводи од животинско потекло | Службен весник на РМ" 9/2014 од 16.01.2014 |
| Правилник за начинот на собирање, превезување и идентификување на посебните категории на нус производи од животинско потекло | "Службен весник на РМ" 24/2014 од 31.01.2014 |
| Правилникот за поблиските услови, начинот и постапката за спроведување и примена на забраните за употреба на одредени нуспроизводи во исхраната на животните, како и посебните услови кои треба да ги исполнуваат нуспроизводите во исхраната на животните при увоз и извоз | "Службен весник на РМ" 24/2014 од 31.01.2014 |
| Правилник за начинот и постапката за спроведување на исклучоците во однос на отстранување на нуспроизводите од животинско потекло | "Службен весник на РМ" 30/2014 од 10.02.2014 |
| Правилник за начинот и постапката за спроведување на исклучоците во однос на употребата на нуспроизводи од животинско потекло | "Службен весник на РМ" 30/2014 од 10.02.2014 |
| Правилник за начинот на собирање и нештетно отстранување на нус производите од животинско потекло и техничко-технолошките услови кои во поглед на објектот, опремата и кадарот треба да го исполнуваат правните лица кои вршат собирање и нештетно отстранување на нус производите од животинско потекло како и технички-технолошките услови што треба да ги исполнуваат превозните средства за превоз на нус производи од животинско потекло | "Службен весник на РМ" 35/2014 од 18.02.2014 |

### 16.20. Приоритети за официјалните контроли и стратешки цели за периодот од 2012 до 2016 година

**Табела бр. 16.3**

| Број | Приоритети за реализација на ПНКП | Датум на спроведување |
|---|---|---|
| 1. | Вработување на персонал | |
| 2. | Воспоставување на официјален контролен систем заснован на анализа на ризик и категоризација на ризик. | Втората половина на 2012 година |
| 3. | Одобрение и/или регистрација на оператори кои веќе ги исполнуваат правилата за НПЖП | Втората половина на 2012 година |
| 4. | Изготвување на листа со одобрени и регистрирани објекти | Втората половина на 2012 година |
| 5. | Изработка и реализација на план за инспекција и земање примероци од НПЖП | Првата половина на 2013 година |
| 6. | Сообразност на националното законодавство со законодавството на ЕУ во однос на НПЖП | Првата половина на 2013 година |
| 7. | Реализација и изготвуваее на контролна програма за НПЖП | Втората половина на 2013 година |
| 8. | Спроведување на правилата за категоризација, следливост, идентификација и хигиена на НПЖП на ниво на производител (освен фарми) | Втората половина на 2013 година |
| 9. | Воспоставување на одобрена дестинација за отстранување на НПЖП согласно правилата на Е | 2013-2016 |
| 10. | Спроведување на преостанатите правила за НЖПП на ниво на НПЖП (со исклучок на фарми) | 2013-2016 |
| 11. | Спроведување на пправила за НЖПП на ниво на фарми (угинат добиток) | 2013-2016 |
| 12. | Зајакнување на системот за обуки | 2012 -2016 |

Проценката на временските интервали за извршување на дадените задолженија врз основа на расположливоста на човечките ресурси вклучени во овие области како и врз основа на преземените активности на останатите сектори на АХВ, кои имаат одредени работни задачи во однос на НПЖП, како и активностите на Владата на Република Македонија во однос на воспоставувањето на систем за постапување со НПЖП на терен.

## Поглавје 17 - Контролен систем за увоз на живи животни и храна од животинско потекло

### 17.1. Општи стратешки цели

**Вовед**

ВО Правилникот за „Внатрешана организација на АХВ“ е наведено дека Секторот за гранична инспекција ги координира операциите на структурните единици во надлежност на секторот. Секторот треба да ја опфати контролата на храна и храна за животни при увоз, извоз, транзит и повторен извоз и контролата на живи животни при увоз, извоз и повторен извоз. Работните задачи се извршуваат на граничните премини, граничните терминали во внатрешноста на земјата и складиштата каде што се чуваат храната и добиточнта храна или пак места каде што се чуваат живи животни .

**Законодавство**

Општите надлежности на АХВ за вршење на официјалните контроли при увоз/транзит, се утврдени во Законот за безбедност на храната. Дополнително на тоа, член 15 од Законот за ветеринарно здравство ја обезбедува законската основа за официјалните ветеринари да спроведуваат ветеринарни гранични контроли на пратки при увоз и транзит, со живи животни, производи од животинско потекло и НПЖП.
Со член 111 од Законот за ветеринарно јавно здравство официјалните ветеринари имаат овластување на изрекуваат казни во случај да не е доставена претходна најава за пристигнување на пратките на ВИМ на ГП.

**Контролните системи се регулираат со главните одредби:**

**1. Закони:**

1.1. Закон за безбедност на храната „Службен весник на Република Македонија" бр. 157/10, 53/11, 1/12, 164/13, 187/13, 43/14 и 72/15;

1.2. Закон за ветеринарно здравство „Службен весник на Република Македонија" бр. 113/07, 24/11, 136/11 и 123/12;

1.3. Закон за здравствена заштита и благосостојба на животните „Службен весник на Република Македонија" бр. 149/2014.

**2. Подзаконски акти:**

2.1. Листа на живи животни и производи од животинско потекло кои подлежат на ветеринарни проверки на граница, „Службен весник на Република Македонија", бр 59 од 20.04.2011;

2.2. Листа на инспекциските места на граничните премини, бр. 20100591046, „Службен весник на Република Македонија" бр 59 28.04.2010;

2.3. Правилник бр. 11-288/3 од февруари 2011 „за внатрешна организација на АХВ" објавена врз основа на член 55, став 1 од Законот за организација и работа на државните административни тела. „Службен весник на Република Македонија" бр 58/00, 44/02, 82/08 и 167/10;

2.4. Правилник бр 11-288/3 „За систематизација на работните места во АХВ" објавен врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на државните административни тела. („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08 и 167/10);

2.5. Правилник за за условите кои треба да ги исполнуваат објектите, опремата и стручниот када потребни за вршење на ветеринарна инспекција на граниченн премин, „Службен весник на Република Македонија", бр 40 од 24.03.2010 ( но сила од 01.2012);

2.6. Правилник бр.113/2007 за „Начинот и постапката за увоз и транзит, листа на трети земји од кои е одобрен увоз и транзит, формата и содржината на ветеринарно здравствениот сертификат или други документи кои ја придржуваат пратката со живи животни, аквакултура и производи од животинско потекло, како и начинот и постапката на вршење на проверка и преглед при увоз и транзит на пратка со живи животни, аквакултура и производи од животинско потекло";

2.7. Правилнкза начинот на вршење проверка и преглед на граничен премин на пратки од животинско потекло кои се внесени како личен багаж на патниците и се наменети за лична употреба или некомерцијални цели, Службен весник бр 94 од 29.07.2009 и бр 139/09;

2.8. Правилник за начинот по постапката за увоз и транзит и начинот и постапката за вршење проверки и преглед на пратки домашни миленици кои не се наменети за трговија или за пренос на други лица и се придружени од сопственикот или одговорно лице како и формата и содржината на ветеринарно-здравствениот сертификат и формата и содржината на пасошот. „Службен весник на Република Македонија", бр 102/208;

2.9. Правилник бр 20081021940 за начинот и постаките за увоз и транзит и начинот и постапките за вршење проверки и преглед на пратки домашни миленици од видовите птици кои не се наменети за трговија или за пренос на други лица и се придружени од сопственикот или одговорното лице, како и формата и содржината на ветеринарно-здравствениот сертификат, Службен весник бр 102 од 18.08.2008.

### 17.2. Назначување на надлежен орган

**АХВ е надлежен оргн за контролниот систем при увоз.**

АХВ е државна административна институција и функционира како самостојна институција воРепубликаМакедонија надлежна за спроведување на официјалните контроли при увоз, на надворешните граници.

Општите надлежности на АХВ за вршење на официјалните контроли при увоз/транзит, се утврдени во Законот за безбедност на храната. Дополнително на тоа, член 15 од Законот за ветеринарно здравство и Законот за заштита на животните, ја обезбедува законската основа за АХВ да ги спроведува ветеринарни гранични контроли на пратки при увоз и транзит, со животни, производи од животинско потекло и НПЖП

Секторот за гранична инсекција во рамките на АХВ на централно ниво, и на ветеринарните инспекциски места на граничните премини, е надлежен за официјални контроли на производи од животинско потекло и живи животни наменети за увоз/транзит во Република Македонија.

Во однос на официјалните контроли и слободни зони, слободни и царински складишта, АХВ е надлежна, согласно член 95 од Законот за ветеринарно здравство. Во истиот член се утврдува надлежноста на АХВ за надзор на царинските складишта, слободните зони и слободните складишта, нивното одобрение и укинување

АХВ е надлежна за проверки при увоз за движење на домашни миленици и домашни птици кои не се наменети за трговија. Персоналот од ВИМ на ГП е надлежен за надзор на уништувањето на кујнскиот отпад од меѓународните превозни средства.

**<u>Царинската служба е надлежна за</u>:**

• АХВ е надлежна за проверки при транзит за движење на домашни миленици кои не се наменети за трговија и на патничкиот багаж.

• За уништување на личните пратки.

**<u>Министерството за животна средина и просторно планирање е надлежно за</u>:**

• Одобрување на депонии каде што се отстранува отпадот од меѓународните превозни средства;

• Местата на влез на пратките од CITES се во надлежност на Министерството за животна средина и просторно планирање.

### 17.3. Општ опис на надлежностите

<u>Структурните единици на АХВ кои ја обезбедуваат граничната контрола</u>:

**Инспекциски места на гранични премини**

Увоз на животни, производи и нус-производи од животинско потекло е дозволен на територијата на Македонија само преку ветеринарните инспекциски места на граничните премини согласно член 82 од Законот за ветеринарно здравство

**Слика бр. 17.1**

**Мапа на ветеринарни инспекциски места на гранични премини во Република Македонија**




Листата со сите ветеринарни инспекциски места на гранични премини од кои е дозволен увоз, е објавена во Службениот весник на Република Македонија, бр 59 28.04.2010:

1. Блаце на границата со Косово
2. Табановце како патна и железничка ГИТ на границата со Србија;
3. Деве Баир на границата со Бугарија;
4. Делчево на границата со Бугарија;
5. Новосело на границата со Бугарија;
6. Богородица како патен и железнички граничен премин на границата со Грција;
7. Меџитлија на границата со Грција;
8. Ќафасан на границата со Албанија;
9. Скопскиот аеродром (аеродромот Александар Велики);
10. Охридскиот аеродром (само за кучиња и мачки).

Четири ВИМ на ГП - Табановце, скопскиот аеродром, Богородица, Меџитлија, се изградени и опремени согласно барањата на ЕУ. ВИМ на ГП на скопскиот аеродром е во функција во новиот објект од 8 септември 2011.
Два други гранични премини - Ќафасан, на границата со Албанија и Блаце, на границата со Косово, во моментов не ги исполнуваат барањата на ЕУ, но предвидено е во најблиска иднина истите да се изградат согласно барањата на ЕУ
АХВ е надлежна за одобрување и утврдување на барањата за опремата и просториите на ВИМ на ГП.

**Табела бр. 17.1**

**Листа на ВИМ на ГП на АХВ во РепубликаМакедонија**

| ВИМ на ГП | Одобрение | | Тип | Работно време | Број на официјални ветеринари |
|---|---|---|---|---|---|
| | Производи | Живи животни | | | |
| **Блаце** | ЧИ,НЧИ | К,Е,О | Патен | 8:00-18:00 | 2 ОФ |
| **Табановце** | ЧИ, НЧИ | К,Е,О | Патен | Нон-стоп | 5 ОВ |
| **Деве Баир** | ЧИ, НЧИ | К,Е,О | Патен | 8:00-18:00 | 2 ОВ |
| **Делчево** | ЧИ, НЧИ | К,Е,О | Патен | На повик | регионален ОВ |
| **Ново Село** | ЧИ, НЧИ | К,Е,О | Патен | 8:00 – 18:00 | 1 ОВ |
| **Богородица** | ЧИ, НЧИ | К,Е,О | Патен | Нон-стоп | 5 ОВ |
| **Меџитлија** | ЧИ, НЧИ | К,Е,О | Патен | 8:00-18:00 | 2 ОВ |
| **Ќафасан** | ЧИ, НЧИ | К,Е,О | Патен | 8:00-18:00 | 1 ОВ |
| **Скопје** | ЧИ, НЧИ | | Аеродром | На повик | од Блаце |
| | ЧИ, НЧИ | | Пошта, телефон, телеграф | | |
| | ЧИ, НЧИ | | Железница | | |
| Охрид | | Кучиња, мачки | Аеродром | На повик | од Ќафасан |
| **ВКУПНО** | | | | | **18.** |

*Појаснувања и кратенки:*
*ЧИ- за човечка исхрана*
*НЧИ- не е за човечка исхрана*
*К- копитари: говеда, свињи, овци, кози, диви и домашни коњи*
*Е- Регистрирани еквиди, како што е дефинирано во Директивата 90/426/ЕЕЗ на Советот.*
*О - други животни (вклучувајќи ги и животните од зоолошките градини).*

## 17.4. Организација и структура

### 17.4.1. Поделба на функции, задачи и одговорности

Секторот за гранична инсекција во рамките на АХВ на централно ниво, и на ветеринарните инспекциски места на граничните премини, е надлежен за официјални контроли.

**Централно седиште:**
Секторот за гранична инспекција врши организација и координација на официјалните контроли во однос на усогласеноста со барањата утврдени во законодавството за живи животни и храна од животинско потекло како и други производи, и усогласеноста на прехранбените производи со критериумите во однос на здравјето на потрошувачите. Исто така изготвува упатства и процедруи, ги оценува инспекцијата и резултатите од земените примероци.

**Ветеринарни инспекциски места на гранични премини**

На централно ниво работат петмина ветеринари во Државната ветеринарна инспекција при Секторот за гранична инспекција и 18 официјални ветеринари кои работат локално на ВИМ на ГП.

Со ВИМ на ГП раководат раководителите на ВИМ на ГП кои се под надзор на Секторот за гранична инспекција при АХВ (Централно седиште)

Инспекторите се надлежни за контрола на граница на живи животни и прехранбени производи од животинско потекло како и други производи. Сите инспектори се квалификувани. Барањата за официјалните ветеринари се утврдени во член 16 од Законот за ветеринарно здравство - да е доктор по ветеринарна медицина, вработен од страна на надлежниот орган во согласност со одредбите утврдени со Законот за државни службеници.

Координацијата и размената на информации меѓу централно ниво и ВИМ на ГП се врши преку: *наредби, процедури и упатства, како и веб-страницата на АХВ*.

**Лаборатории:**

За испитувања на храна од животинско потекло, АХВ соработува со универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје, Факултет за ветеринарна медицина.

Постои формален договор меѓу МЗШВ и Факултетот за ветеринарна медицина.. Инспекторите земаат примероци на граничниот премин, по што лабораторискиот персонал ги собира примероците и ги превезува од ВИМ на ГП до предметната лабораторија. Факултетот за ветеринарна медицина ги обезбедува опремата за земање примероци и возилата за превезување на истите.

**Слика бр. 17.2.**

**Дијаграм на Секторот за гранична инспекција во АХВ**



**17.4.2. Хиерархија на наредби**

Директорот на АХВ врши надзор на раководителот на Секторот за гранична инспекција, кој пак врши надзор на Одделението за државна гранична инспекција на граничните премини. Координацијата меѓу централно ниво и ВИМ на ГП е по пат на телефон, електронска пошта или факс. Постои секојдневна комуниација меѓу ВИМ на ГП со централното седиште во однос на донесените одлуки за пратките. Извештаите од ВИМ на ГП се испраќаат од локално до централно ниво. Согласно Законот за државни службеници во Македонија, нивно оценување се врши двапати годишно.

**17.5. Методи на контрола и техники**

**17.5.1. Контролен процес**

Контролите на ВИМ на ГП се вршат врз основа на Законот за ветеринарно здравство (членови 84 - 95, 103 - 104), Законот за безбедност на храната (членови 87, 92 - 93) и Правилникот бр. 113/2007 за „Начинот и постапката за увоз и транзит, листа на трети земји од кои е одобрен увоз и транзит, формата и содржината на ветеринарно здравствениот сертификат или други документи кои ја придржуваат пратката со живи животни, аквакултура и производи од животинско потекло, како и начинот и постапката на вршење на проверка и преглед при увоз и транзит на пратка со живи животни, аквакултура и производи од животинско потекло";
Животните, производите и нус-производите од животинско потекло се подлежни на проверка на документација,проверка на идентитет и физичка проверка од страна на официјалниот ветеринар на граничен премин. Официјалниот ветеринар добива претходна најава за пристигнување на пратката, најмалку 24 часа однапред Официјалните контроли се вршат без претходна најава.
Пратките во транзит подлежат на проверка на документација, проверка на идентитет и по потреба физичка проверка.
По завршувањето на проверките, официјалниот ветеринар на граница ги заведува резултатите и донесува решение за пратката.

**17.5.2. Проверка на документација**

Сите пратки за увоз/транзит, подлежат на проверка на документација.
За прибирање на податоците, АХВ го користи системот EXIM во којшто се интегрирани петнаесет 15 владини агенции надлежни за издавање дозволи за извоз/увоз/транзит како и Царинската администрација. АХВ е поврзана со EXIM преку интерфејс. Бизнис операторите во EXIM ги внесуваат податоците за увоз на пратки, и тие информации се користат како претходна најава за пристигнувањето и за природата на пратката На ВИМ на ГП, бизнис операторите ги доставуваат оригиналните документи до инспекторите - сертификат за потекло, фактура, даночен документ и здравствен сертификат
За време на увозот, секоја пратка со живи животни мора ја ја придружува дозвола за увоз издадена од надлежниот орган. За време на транзит, секоја пратка со живи животни мора да ја придружува соодветен документ издаден од страна на надлежниот орган од третата земја на крајна дестинација.
Дозволата за увоз/транзит на производи од животинско потекло се неопходни за пратки наменети за репрезентирање, истражувачки цели, панаѓури и изложби или пак во случај кога е тоа утврдено во правилата за ветеринарно здравство во Република Македонија.

**17.5.3. Проверка на идентитет**

Проверките на идентитет се состојат од визуелна проверка на пратката како би се осигурало дека е во сообразност со сертификатите и останатите документи коишто ја придружуваат истата.
Сите пратки со живи животни подлежат на контрола и проверка на идентитетот без разлика на нивната крајна дестинација Во случај пратката да се состои оод поголема група на животни, контролата и проверката на животните се врши на 10 % од живите животни.
За производите од животинско потекло, конторлата и проверката на идентитетот се состојат од:

- Контрола и проверка на печатот, службените маркици и етикети, декларации, логоа и здравствени маркици на производите од животинско потекло, со цел да се потврди третата земја на потекло и објектот каде што е извршено производството;

- При транспорт во контејнери - се врши контрола и проверка на контејнерот со цел да се потврди идентификациската ознака на контејнерот како и состојбата на пломбата на контејнерот, и
- Во случај на спакувани производи - контрола и проверка на официјалните ознаки и етикети.

Контрола и проверка на превозните средства се врши со цел да се потврди регистарскиот број на возилото како и состојбата на пломбата
Во зависност од типот на производот, се применува намален број на физички контроли, што може да се движи од 1-50%.

**17.5.4. Физичка проверка**

Сите пратки со живи животни се предмет на физичка проверка и проверка на благосостојбата на животните без разлика на нивната крајна дестинација
Во случај пратката да се состои од поголема група на живи животни, и во зависност од нивната категорија, клиничките проверки може да се вршат врз примероци, согласно следнава поделба:
- 10% од животните со минимум 10 живи животни од сите живи животни наменети за одгледување и размножување
- 5% од живите животни со најмлку 5 претставници од живите животни од сите живи животни наменети за колење. Проверката се врши веднаш

Физичко-клиничката проверка и проверката на благосостојбата се состои од:
- Индивидуално клиничко испитување на живите животни со цел да се потврдат информациите добиени од ветеринарно-здравствениот сертификат или останатите документи како и да се провери дали живоните се здрави;
- Лабораториски аланизи како што е утврдено со правилата за ветеринарно здравство, како и лабораториски анализи кои се сметаат за потребни
- Лабораториски анализи на резидуи од ветеринарни лекови и контаминанти.

Проверка на благосостојбата на животните со цел да се потврди усогласеноста со минималните барања за заштита на живите животни во текот на транспортот.
Сите пратки со производи од животинско потекло се предмет на физичка проверка, без разлика на крајната дестинација.
Физичката проверка на производи од животинско потекло се состои од
- Проверка на хигиенските услови во кои се превезува пратката со производи од животинско потекло;
- Проверка на температурата во којашто се превезуваат производи од животинско потекло како и температурата на самиот производ;
- Органолептичка проверка на производи од животинско потекло: мирис, боја, постојаност, вкус;
- Едноставно физичко или хемиско испитување, како што е сечење, топење и готвење/печење;
- Лабораториски анализи

**17.5.5. Земање примероци**

Се земаат примероци по случаен избор од живите животни како би се извршиле одредени лабораториски испитувања со цел да се потврдат здравствените гаранции наведени во ветеринарно-здравствениот сертификат.
Во случај на сомнеж, се земаат примероци за посебни лабораториски испитувања за заразни болести од:
- Најмалку 3% од пратките увезени во текот на месецот и:
- Најмалку 10% од живите животни, со најмалку четири претставници живи животни од сите видови на живи животни..

за производи од животинско потекло се земаат примероци по случаен избор како би се извршиле соодветни лабораториски анализи со цел да се потврдат здравствените гаранции наведени во ветеринарно-здравствениот сертификат.
Во случај на сомнеж, примероци од производи од животинско потекло за вршење на одредени лабораториски анализи, се земаат кога:
- Постои сомнеж за неправилности, врз основа на добиените резултати од претходно извршени контроли и проверки врз предметната пратка.

- При претходно извршените лабораториски анализи на дадениот производ, резултатите се позитивни;
- Информациите се испраќаат преку RASSF, за утврдени неправилности кај одреден производ од одреден производител, и
- Конкретни производи кои доаѓаат од одредени земји кои се предмет на безбедносни и заштитни мерки.

**17.6. Документација за официјална контрола**

АХВ е точка за контакт за известувањата за RASFF, преку Одделението за комуникација на ризик. Известувањата од RASFF од Одделението за комуникација со ризик, се испраќаат секоја недела до граничните инспектори. Согласно ова, инспекторите донесуваат решенија за контролите
По завршувањето на контролите и проверките, официјалниот ветеринар на граничен премин мора да донесе решение и да изготви извештај. Податоците за пратката се внесуваат во системот EXIM, преку којшто царинскиот инспектор има увид во одлуката на официјалниот ветеринар и во резултатите од контролата. Се внесуваат паралелни податоци во контролниот систем на локалниот граничен премин.
Во извештајот се содржат следниве информации. претходни влезни ветеринарни документи, референтен број, проверка на документација, проверка на идентитет, физичка проверка и лабораториски испитувања
Во зависност од резултатите од контролата, се издаваат следниве документи: прифатливо за транспорт, прифатливо за транзит, прифатливо за внатрешен пазар, прифатливо ако се канализира, прифатливо за одредени постапки за складирање, не е прифатливо - заедно со информациите и причината за одбивање, податоци за контрола на дестинацијата, повторно пломбирање на пратката, целосна идентификација на граничниот премин, надлежен орган и официјален печат, потпис и печат на официјалниот ветеринар, граничен премин на излез/транзит, упатување до царинскиот документ.

**17.7. Организација на системот за официјални контроли**

**Слика бр. 17.3**

**Контролен систем за увоз на живи животни и производи од животинско потекло**



Секторот за гранична инспекција при АХВ е централен надлежен орган за контрола при увоз на животни и храна од животинско потекло АХВ е надлежна за координирање на активностите на Секторот за гранична контрола и за собирање на годишните податоци во однос на контролата при увоз.
На централно ниво, раководителот на Секторот за гранична контрола, заедно со раководителот на Одделението за државна ветеринарна инспекција, се надлежни за организирање и координација на активностите за официјални контроли, на места за влез, и за спроведување на правно-нормативни акти кои се однесуваат на увоз. На централно ниво, пет ветеринари со полно работно време се надлежни за ВИМ на ГП и за прашања во однос на увоз/транзит.
АХВ е надлежна за одобрение и надзор на царински складишта, слободни складишта или складишта во слободните зони одобрени согласно член 12 (4) од Директивата 97/78/ЕЗ.
Царинските служби не земаат активно учество во контролата на храна, но се задолжени за крајното пуштање во промет на увезената пратка. Соработката меѓу службите е обезбедена во рамките на Меморандумот за меѓусебно разбирање и соработка, меѓу АХВ и Царинската управа.
Лабораториските испитувања го врши лабораторијата при Факултетот за ветеринарна медицина; постои договор меѓу АХВ и факултетот.

**Контроли при увоз**
Следниве ВИМ на ГП се одобрени за контрола при увоз:
Блаце, Табановце, Деве Баир, Делчево, Ново Село, Богородица, Меџитлија, Ќафасан,Скопје, Охрид.
Системот за идентификација и избор на пратки се потпира врз лицето надлежно за истовар и царинскиот службеник. Во Правилникот бр. 113/2007 се дадени постапките за проверка и задолженијата на ветеринарите на граница. Информациите во однос на увозот на домашни миленици и прехранбени производи за лични цели во Република Македонија од трети земји, се достапни за јавноста на интернет.

### 17.8. Соработка со царинските служби

Соработката со царинските служби е уредена со Законот за безбедност на храната, член 96. Соработката е дефинирана во следниве области:
1. Царинската служба ја известува АХВ на ВИМ на ГП за секоја пратка со храна или храна за животни која пристигнува на ВИМ на ГП и мора да се обезбеди дека сите потребнни документи им се достапни на инспекторите;
2. Царинската контрола се врши само по одлуката на инспекторот на АХВ по проверка на пратката.
3. Во случај инспекторот да земе примероци, АХВ мора да ја извести царинската служба дали е пуштена пратката пред да се добијат резултатите од земените примероци.

Во Законот за ветеринарно здравство, член 86 се утврдени условите за гранична соработка:
1. Царинските службеници се задолжени да ја известат ВИМ на ГП за сите пратки со животни, производи и нус-производи од животинско потекло кои пристигнуваат на границите, обезбедувајќи ја сета документација за официјалниот ветеринар и ја царинат таа пратка само откако се завршени сите гранични проверки, и резултатите од истите се задоволителни;
2. Министерството за внатрешни работи и царинската служба не дозволуваат животни, производи и нус-производи од животинско потекло да влезат низ граничните премини во случај да не ги исполнуваат барањата утврдени во член 82;
3. Соработката меѓу службените лица споменати во ставовите (1) и (2) е реализирана преку договор за соработка.

Меморандумот за заедничко разбирање и соработка меѓу Управата за ветеринарство, МЗШВ и Царнската управа, е потпишан во 2007 година.
Во рамките на овој меморандум, АХВ редовно врши надзор на царинските активности во однос на проверки на домашни миленици и проверка на личниот багаж за производи од животинско потекло. Врз основа на резултатите од надзорот, АХВ ја одредува зачестеноста за царински надзор, со цел да биде во согласност со регулаторните правила

### 17.9. Обучување на инспектори

Инспекторите од АХВ земаат учество во обуките финансирани од ЕУ, како што се обуките на TAIEX, DG SANCO, кој ги организира обуките за BTSF, обуки финансирани од Светска Банка, проектот за зајакнување на земјоделството и пристап во ЕУ (ID. P101216) Обуките на персоналот од Управата за

ветеринарство во периодот 2009-2010 година, на следниве теми – здравствена заштита на животни (31 учесник), Благосостојба на животни (20 учесници), Безбедност на храна (40 учесници), Хигиена на храна за животни и исхрана на животни (14 учесници), нус-производи од животинско потекло (7 учесници), Ветеринарно-медицински препарати (11учесници), Правно изготвување, (11 учесници), Систем за управување со квалитет (18 учесници).
Во 2010 година, АХВ спроведе обука за царинските службеници во однос на проверки за домашни миленици.

**17.10. Листа на приоритети за официјалните контроли и стратешки цели за периодот од 2012 до 2016 година**

**Табела бр. 17.2**

| Број | Приоритети и стратешко планирање | Датум на спроведување |
|---|---|---|
| 1. | Да се изготват следниве листи и истите да се достапни за јавноста:<br>а) Листа на гранични места на влез за домашни миленици согласно член 13 од Регулативата (ЕЗ) 998/2003;<br>б) Листа на гранични места на влез на домашни миленици од видот птици, согласно член 12 од Одлуката 2075/25/ЕЗ на Комисијата;<br>в) Листа на влезни места на CITES. | Сите листи веќе се изготвени со Одлуката за определување на ветеринарни инспекциски места на граничен премин, Службен весник на Република Македонија, бр 59 од 28.04.2010, листата на CITES за точки на влез – Уредба за определување на граничните премини преку кои може да се врши прометот со засегнатите и заштитени диви видови растенија, габи, животни и нивни делови, Службен весник на Република Македонија, бр 135/2010 |
| 2. | Реализација на систем за мониторинг на пратките во транзит. | 1 јануари 2013 |
| 3. | Воспоставување и реализација на барањата за примена на листата на пломби, како што е предвидено со Анекс 3 од Регулативата 136/2004/ЕЗ поле 38. | |
| 4. | Водење записи за пратките со производи:<br>а) кои се одбиени за увоз или влез, и кои се препратени. За ова надлежниот орган го известува секое ВИМ на ГП;<br>б) регистар на уништени пратки;<br>в) регистар на сите земени примероци заедно со побараните тестирања и резултатите;<br>г) регистарот од Одлуката 94/360/ЕЗ на Комисијата, за намалениот број на физички проверки на пратки со одредени производи, што треба да се спроведе од трети земји, согласно Директивата 90/675/ЕЕЗ" | Крајот на 2013 година, со развој на новиот софтвер за SAR |
| 5. | Примена на режимот за намален број физички контроли, согласно Одлуката 94/360/ЕЗ на Комисијата. | Крајот на 2013 година, со развој на новиот софтвер за SAR |
| 6. | Воспоставување на постапка за професионален надзор на граничната инспекција со цел утврдување на делотворноста на официјалните контроли, обезбедување ефикасност на корективните активности | Крајот на 2012 година |
| 7. | Воспоставување и реализација на систем за комуникација меѓу граничните и регионалните ветеринари | Крајот на 2013 година, со развој на новиот софтвер за SAR |
| 8. | Воспоставување на план за мониторинг на резидуи на секоја ВИМ на ГП | Крајот на 2013 година, со развој на новиот софтвер за SAR |
| 9. | Развој на годишна програма за обуки за граничните инспектори. | Во рамките на повеќегодишната програма за обуки на АХВ |
| 10. | Развој на контролни листи за одобрување на објекти на ВИМ на ГП | Крајот на 2012 година |
| 11. | Целосна реализација на системот за водење евиденција согласно Одлуката 2001/812 на Комисијата, член 4. | Крајот на 2013 година, со развој на новиот софтвер за SAR |

## Поглавје 18 - Контролен систем за увоз на растенија и храна од неживотинско потекло

### 18.1. Општи стратешки цели

**Вовед**

Целта на фитосанитарната контрола на граница, контролата на безбедноста на храната од неживотинско потекло и безбедноста на производите и материјалите кои доаѓаат во контакт со храна, е да се обезбеди висок степен на безбедност на храна и прехранбени производи, со што би се спречила дистрибуција на производи и болести на територијата на Македонија, кои се опасни по здравјето и животот на потрошувачите како и по животната средина. Со цел да се обезбеди објективност во работата на граничните премини, контролата на храна од неживотонско потекло ја врши Секторот за гранична инспекција при АХВ.

Главна задача за предвидениот период е да се утврди моменталната состојба, да се поставаат целите за постигнување на системи со висок степен на контрола при увоз на храна од растително потекло и на контрола при увоз во фитосанитарната област.

**Законодавство**

**Контролните системи се регулираат со главните одредби:**

1. Закон за безбедност на храната;
2. Закон за здравствена заштита на растенија;
3. Закон за производи за заштита на растенија - производи за заштита на растенија (пестициди)
4. Закон за инспекциски надзор - во сила од 1 април 2011. (обврзувачки за сите инспекциски служби).
5. *Работна постапка „Инспекциски надзор на храна и производи и материјали кои доаѓаат во контакт со храна за време на увоз“*

### 18.2. Назначување на надлежните органи

Внатрешната организација на АХВ ја утврдува директорот со помош на акти за внатрешна организација и систематизација на работата и должностите, согласно компетенциите на АХВ. Во Правилникот за внатрешна организација на АХВ (Службен весник на Република Македонија, бр. 105/07) е утврдена внатрешната организација на АХВ, видовите организациони сектори и одделенија и нивниот предмет на работа. Секторот за гранична инспекција е еден од седумте сектори на АХВ и тој ја координира работата на одделенијата за гранична инспекција, зема учество во изготвувањето на примарното законодавство и подзаконските акти, програми и други релевантни акти, и соработува со останатите сектори и одделенија во АХВ. Секторот за гранична инспекција има права и обврски да врши официјални контроли на храна од животинско и неживотинско потекло и материјали кои доаѓаат во контакт со храната, на граничните премини. Персоналот од овој сектор своите задачи ги врши на граничните премини, граничните терминали и складиштата

Фитосанитарната контрола при увоз е во надлежност на ДИЗ при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (Видете 18.10).

### 18.3. Организација и структура

Контролите на увоз на храна од неживотинско потело се вршат на 8 патни ВИМ на ГП, 1 железничко ВИМ на ГП и на скопскиот аеродром (Видете табела 1). Четири ВИМ на ГП - Табановце, скопскиот аеродром, Богородица и Мецитлија, се изградени и опремени согласно барањата на ЕУ . (Одлука (ЕЗ) 812/2011).. Предвидено е Блаце и Ќафасан да се изградат согласно барањата на ЕУ, кои се утврдени во Правилникот за условите кои треба да ги исполнуваат објектите, опремата и стручниот кадар потребни за вршење на ветеринарна инспекција на граничен премин (Службен весник бр 40 24.03.2010).

**Слика бр. 18.1**

**Дијаграм на Секторот за гранична инспекција во АХВ**




## 18.4. Поделба на функции, задачи и одговорности

АХВ врши редовни официјални контроли на храна и добтична храна од неживотинско потекло, која се увезува во Република Македонија. Директорот на АХВ е надлежен за формата и содржината на листата со храна и храна за животни од неживотинско потекло, т.е врз основа на новопојавени ризици, да се предмет на зголемен број официјални контроли при влез во Република Македонија. Заменик директорот на АХВ е надлежен за организирање на гранични контроли на пратки со храна од неживотинско потекло, изработка на методолошки упатства и инспекциски процедури, организирање на обуки за инспекторите, надзор на работата на инспекторите на ВИМ на ГП и соработка со релевантните органи за гранична контрола.

Контролите при увоз на храна од неживотинско потекло се вршат на граничните премини на влез на производите од страна на инспектори од Секторот за гранична инспекција при АХВ.

**Табела бр. 18.1**

**Поделба на функциите меѓу одделенијата на Секторот за гранична инспекција**

| Одделение за државна ветеринарна инспекција на граничен премин | Одделение за државна инспекција за храна од неживотинско потекло на граничен премин | Одделение за меѓународна трговија и сертификација |
|---|---|---|
| 1. Изготвување на годишни и месечни работни планови за одделението, селедење и координација на ветеринарните инспекции,<br>2. Анализа на месечните извештаи доставени од официјалните ветеринари,<br>3. Учество во изготвувањето на примарното законодавство и подзаконските акти,<br>4. Професинална соработка и размена на информации меѓу останатите одделенија во АХВ,<br>5. Учество во работата на стручните комисии основани за потребите на АХВ<br>6. Контрола на документацијата со живи животни при увоз, транзит, извоз и повторен извоз,<br>7. Контрола на живи животни при увоз, транзит, извоз и повторен извоз,<br>8. Водење евиденција за увоз, транзит, извоз и повторен извоз на живи животни,<br>9. Професионална контрола и обработка на податоците од административната постапка, учество во и реализација на активностите на меѓународно ниво, реализација на програми од странски фондови и донации, комуникација и соработка со ЕУ, FAO и други меѓународни организации од областа на ветеринарна инспекција и гранична ветеринарна инспекција . | 1. Контрола на храна и производи и материјали кои доаѓаат во контакт со храна при увоз, транзит, извоз и повторен извоз,<br>2. Контрола на документација за храна и производи и материјали кои доаѓаат во контакт со храна при увоз, транзит, извоз и повторен извоз,<br>3. Контрола на храна за животни при увоз, транзит, извоз и повторен извоз,<br>4. Водење евиденција на податоците во однос на безбедноста на увезената храна<br>5. Донесување решенија за увоз на храна и производи и материјали кои доаѓаат во контакт со храна при увоз и извоз. | 1. Учество во постапката за усвојување на примарните и подзаконските акти<br>2. Координација на работата и реализација на проекти во рамките на билатералната соработка со одредени земји и дргуи донатори,<br>3. Одржување на меѓународни и билатерални односи во однос на ветеринарната медицина,<br>4. Учество во донесувањето одлуки за реализација на одредени решенија во однос на меѓународната трговија и ризиците.<br>5. Одржување на редовни контакти со останатите одделенија и сектори и размена на информации и искуства<br>6. Учество во изготвувањето на програми, анализи, информации и други извештаи,<br>7. Соработка со други државни административни органи и преземање мерки за подобрување на професионалноста во одделението |

Ветеринарни инспекциски места на граничен премин на АХВ на македонската граница, Видете слика бр 17.1.

**Табела бр. 18.2**

**Ветеринарни инспекциски места на гранични премини на АХВ**

| ВИМ на ГП | Граница | Тип | Работно време | Број на официјални инспектори за храна |
|---|---|---|---|---|
| **Блаце□** | Косово | Патен | 8:30-16:30 | 2 |
| **Табановце** | Србија | Патен | Нон-стоп | 5. |
| **Деве Баир** | Бугарија | Патен | 8:00-18:00 | 2 |
| **Делчево** | Бугарија | Патен | На повик | 1. |
| **Ново Село** | Бугарија | Патен | 8:30 – 16:30<br>На повик | 2 |
| **Богородица** | Грција | Патен | Нон-стоп | 1+5 ОВ |
| **Меџитлија** | Грција | Патен | 8:00-18:00<br>На повик | 2 |
| **Ќафасан□** | Албанија | Патен | 8:30 – 16:30<br>На повик | 2 |
| **Скопје□** | | аеродром | На повик | Покриваат инспектори од Блаце |
| | | Пошта, телефон, телеграф | | |
| | | Железница | | |
| **Вкупно 9** | | | | **17 + 5 ОВ** |

**□ Долгорочни ВИМ на ГП**

контролите при увоз на храна од неживотинско потекло се вршат на патните ВИМ на ГП, на аеродром, ВИМ на ГП за пошта, телефон, телеграф и железничката ВИМ на ГП во Скопје. Инспекторите за храна се присутни на сите ВИМ на ГП но на некои каде што протокот со пратки на храна е поголем, на пр. Табановце, бројот на инспектори не е доволен за вршење на контрола.

**<u>Инспектори</u>**

Има вкупно 17+5 (ОВ) инспектори за храна на ВИМ на ГП. Барањата за инспекторите за храна се утврдени во Законот за храна - високо образование во областа на медицината, ветеринарството, биологијата, хемијата и биотехнологијата и три години работно искуство во соодветната област.

**<u>Лабораторија</u>**

За лабораториски испитувања на храна од неживотинско потекло, АХВ ги користи Институтот за јавно здравје на Република Македонија, Центарот за јавно здравје во Скопје и Куманово.

**<u>Хиерархија на наредби</u>**

Директорот на АХВ врши надзор на раководителот на Секторот за гранична инспекција, кој пак врши надзор на Одделенијата за државна ветеринарна инспекција на храна од неживотинско потекло на граничните премини. Најмалку еднаш на секои два месеци се организира средба од Државната инспекција за храна од неживотинско потекло. Координацијата меѓу централно ниво и инспекциското место на граничен премин е преку состаноци на локалните ВИМ на ГП и повремено, на централно ниво, како и по пат на телефон, електронка пошта или факс. Постои секојдневна комуниација меѓу ВИМ на ГП со централното ниво во однос на донесените одлуки за пратките. Извештаите од ВИМ на ГП се испраќаат од локално до централно ниво. Најмалку еден инспектор за храна од секоја ВИМ на ГП зема учество на состанците ,каде што се разгледуваат тековните прашања во однос на безбедноста на храната. Согласно Законот за државни службеници во Република Македонија, нивно оценување се врши двапати годишно.

## 18.5. Методи на контрола и процеси

Контролата на храна од неживотинско потекло се состои од проверка на документација, идентитет, и физичка контрола на житарки и мелени житарки, производи од пекарската индустрија, масти од растително потекло и масла, адитиви за храна, производи од какао, чоколадо, млечни производи, бонбони, колачиња, производи што содржат албумин, зачини, овошје, зеленчук и печурки, пектин, оцет, алкохолни и безалкохолни пијалоци, храна за бебиња и мали деца, диетски производи, адитиви за прехранбени производи и пробиотици,производи и материјали коишто доаѓаат во контакт со храната..

Контролите на ВИМ на ГП се вршат врз основа на Законот за безбедност на храната (членови 88 - 98) и работната процедура „Инспекциски надзор на храна и производи и материјали кои доаѓаат во контакт со храна за време на увоз. Официјалните контроли споменати во член 88 од Законот за безбедност на храната, треба да опфаќаат најмалку систематска проверка на документација, проверка на идентитет по случаен избор и каде што е соодветно, физичка проверка.

**Табела бр. 18.3**

**Податоци од контролите при увоз за 2011**

| Вид на пратка | Број на проверки на документација | Број на проверки на идентитет | Број на физички проверки | Земени примероци за лабораториски анализи |
|---|---|---|---|---|
| *Житарици и мелени житарици (производи од пекарска индустрија)* | 2531 | 665 | 2852 | 3499 |
| *Масти од растително потекло и масла* | 1516 | 985 | 531 | 531 |
| *Адитиви за прехранбени производи* | 994 | 473 | 521 | 521 |
| *Производи од какао* | 405 | 328 | 177 | 177 |
| *Чоколадо* | 487 | 238 | 249 | 249 |
| *Млечни производи* | 493 | 217 | 276 | 276 |
| *Бонбони* | 504 | 325 | 279 | 279 |
| *Колачиња,* | 446 | 198 | 248 | 248 |
| *Производи што содржат албумин* | 37 | 16. | 21. | 21. |
| *Зачини* | 233 | 105 | 128 | 128 |
| *Овошје, зеленчук и печурки* | 4331 | 2634 | 1677 | 1677 |
| *Пектин* | 64 | 35 | 29 | 29 |
| *Оцет* | 49 | 28 | 21. | 21. |
| *Алкохолни и безалкохолни пијалоци* | 2022 | 1194 | 828 | 828 |
| *Храна за бебиња и мали деца* | 147 | 51 | 96 | 96 |
| *Диетски производи* | 237 | 147 | 126 | 126 |
| *Адитиви за прехранбени производи и пробиотици* | 307 | 153 | 154 | 154 |
| *Контактни материјали* | 7511 | 5268 | 2243 | 2243 |
| *ВКУПНО* | 22314 | 13060 | 10456 | 11103 |

**Табела бр. 18.4**

**Предвидени контроли при увоз (индикативни)**

| Предвидени контроли при увоз (индикативни) | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Тип на пратки** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** |
| Вкупно испитани пратки/процент на сообразни пратки % | Храна | 15500/ 98% | | | | |
| | Материјали коишто доаѓаат во контакт со храна | 7000/ 99% | | | | |
| Лабораториски испитувања % /на вкупниот број испитани пратки | Храна | 50 | | | | |
| | Материјали коишто доаѓаат во контакт со храна | 35 | | | | |

**18.5.1. Контрола на документација**

За прибирање на податоците, АХВ го користи системот EXIM во којшто се интегрирани петнаесет 15 владини агенции надлежни за издавање дозволи за извоз/увоз/транзит како и Царинската Управа АХВ е поврзана со EXIM преку интерфејс. Бизнис операторите во EXIM ги внесуваат податоците за увоз на пратки, и тие информации се користат како претходна најава за пристигнувањето и за природата на пратката На ВИМ на ГП, бизнис операторите ги доставуваат оригиналните документи до инспекторите - сертификат за потекло, фактура, даночен документ и здравствен сертификат

**18.5.2. Контрола на идентитет**

Контролата на идентитет се состои од визуелна проверка на пратката како би се осигурало дека постои сообразност меѓу сертификатите и останатите документи коишто ја придружуваат пратката со нејзината содржина и етикетата.

**18.5.3. Физичка контрола**

Физичката контрола опфаќа проценка на хигиенските услови во кои е примена пратката (инспекција на хигиената при транспорт, микроклиматските услови - температура, влажност, вентилација, временски период на транспорт).
Органолептичка проверка - визуелна проверка на пакувањето, видливи промени во бојата на производот, густината, вкусот и миризбата, кои доаѓаат од потенцијални микробиолошки, физички и хемиски процеси.

**18.5.6. Земање примероци**

**Земањето примероци** за лабораториски анализи и испитување се врши според информациите од RASFF, EFSA. Инспекторите од ВИМ на ГП ги земаат примероците, додека пак истите ги собираат лабораториски техничари. Согласно член 88 од Законот за безбедност на храната, АХВ треба да изработи листа на храна и храна за животни од неживотинско потекло, кои врз основа на новопојавени ризици би биле предмет на зголемен број на официјални контроли при влез во Република Македонија. Националниот план за земање примероци е во изработка. АХВ е точка за контакт за известувањата за RASFF , преку Одделението за комуникација на ризик. Известувањата од RASFF од Одделението за комуникација со ризик, се испраќаат секоја недела до граничните инспектори Согласно ова, инспекторите донесуваат решенија за контролите

**18.6. Документација за официјална контрола**

Податоците за пратката се внесуваат во системот EXIM, преку којшто царинскиот инспектор има увид во одлуката на инспекторот за храна и во резултатите од контролата. Се внесуваат паралелни податоци во контролниот систем на локалниот граничен премин. Во зависност од резултатите од контролата, согласно упатството за „Инспекција на храна, производи и материјали кои доаѓаат во контакт со храна при увоз, се издаваат следниве документи:

Евиденција на земените примероци - во случај да се земени истите;

Решение „одобрен увоз" - во случаи кога резултатите од контролата се задоволителни, и пратката може да се пушти;

Решение „забрана за увоз" - во случаи кога резултатите од контролата не се задоволителни и не е дозволен влез на пратката;

Решение „дозволен увоз по добивање на лабораториски анализи" - во случаи кога пратката се пренесува во царински склад сѐ додека не се добијат лабораториските резултати. Кога извештајот од лабораторијата е негативен, инспекторот на АХВ издава документ со којшто се допушта пуштање во промет на производот.

Решение „забрана за увоз по позитивен лабораториски тест" - кога извештајот од лабораторијата е позитивен, инспекторот од АХВ издава документ со којшто се забранува пуштање во промент на производот.

Решение „барање за уништување на небезбедна храна при увоз" - документ со којшто се наведува дека производот е опасен и истиот треба да се уништи.

„Известување до увозниците за утврдена небезбедна храна" - документ со кој се известува увозникот дека има информации за небезбедна храна.

**Слика бр. 18.2**

**Контролен систем за увоз на храна од неживотинско потекло**



### 18.7. Соработка со царинските служби

Соработката со царинските служби е уредена со Законот за безбедност на храната, член 96. Соработката е дефинирана во следниве области:

- Царинската служба ја известува АХВ на ВИМ на ГП за секоја пратка со храна или храна за животни која пристигнува на ВИМ на ГП и мора да се обезбеди дека сите потребнни документи им се достапни на инспекторите ;
- Царинската контрола се врши само по одлуката на инспекторот на АХВ по проверка на пратката.
- Во случај инспекторот да земе примероци, АХВ мора да ја извести царинската служба дали е пуштена пратката пред да се добијат резултатите од земените примероци.

Постои писмен договор меѓу АХВ и Царинската служба. Во 2007 е изготвен Меморандум за соработка меѓу Царинската служба и Управата за ветеринарство при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

### 18.8. Обучување на инспектори

Инспекторите од АХВ земаат учество во обуките финансирани од ЕУ, како што се обуките на TAIEX, DG SANCO, кој ги организира обуките за BTSF. Четири инспектори за храна се обучени за HACCP во рамките на обуките за BTSF Во 2010-2011 година, инспекторите за храна земаа учество во работилниците организирани од TAIEX:

- Работилница за земање примероци за официјални контроли;
- Работилница за RASFF
- Работилница за материјали кои доаѓаат во контакт со храна;
- Работилница за официјални контроли;

Во моментов не постои национален план за обуки за инспекторите од АХВ. Обуките се организираат од случај до случај, во зависност од актуелните прашања. Предвидено е да се основа центар за обуки за инспекторите за храна и ветеринарните инспектори, во Факултетот за ветеринарна медицина

### 18.9. Приоритети на официјалните контроли и стратешки цели за периодот од 2012 до 2016 година, за увоз на храна од неживотинско потекло

**Табела бр. 18.5**

| бр | Приоритети | Датум на спроведување |
|---|---|---|
| 1. | Обезбедување соодветни простории/опрема за спроведување на неопходните проверки како би се обезбедил одреден степен на еднообразност во ефикасноста на контролите на храна при увоз. | Четири ВИМ на ГП - Табановце, скопскиот аеродром, Богородица, Мецитлија, се изградени и опремени согласно барањата на ЕУ. ВИМ на ГП на скопскиот аеродром е во функција во новиот објект од 8 септември 2011.<br>Блаце _IPA 2010 во 2014;<br>**Ќафасан – околу. 2016 година** |
| 2. | Проценка на протокот на пратки со храна низ ВИМ на ГП, како би се обезбедил доволенброј на соодветно квалификуван и искусен персонал за вршење на проверки на пратките со храна при увоз . | Процесот ќе продолжи во 2012 година согласно актот за внатрешна организација и систематизација на задолженијата и работните места. |
| 3. | Изработување листа на храна и храна за животни од неживотинско потекло врз основа на новопојавени ризици, која подлежи на зголемен број на официјални контроли при влез, и изработува детални упатства во однос на земањето примероци за анализа и ги испраќа истите во лабораторија. | 1. Листа на храна и храна за животни од неживотинско потекло кои се предмет на зголемен број на официјални контроли на ВИМ на ГП („Службен весник на Република Македонија”. бр 93-11.07.2011),<br>2. Правилникот за реализација ќе биде објавен во 2012 година. |

| | | |
|---|---|---|
| 4. | Воспоставување на заеднички пристап за инспекциите на ветеринарните и инспекторите за храна во развојот на контролната постапка, обучувањето на инспекторите и воспоставување на систем за надзор на ВИМ на ГП. | Во текот 2012 година |
| 5. | Воспоставување на постапка за професионален надзор на гранична инспекција со цел да се потврди квалитетот, непристрасноста, постојаноста и ефикасноста на контролите при увоз | Крајот на 2012 година |

## 18.10. Фитосанитарни контроли при увоз

### 18.10.1. Надлежен орган во фитосанитарната контрола

ДИЗ во својство на правно лице  и сопствена буџетска сметка како буџетски корисник од прва линија при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - МЗШВ е надлежен за вршење на фитосанитарна инспекција, во областа на здравјето на растенијата, која е  транспонирена со Директивата 2000/29/ЕЗ на Советот, како и во областа на производи за заштита на растенијата , транспонирена со Директивата 91/414/ЕЗ. Законска основа за воспоставување на активностите на државните фитосанитарни инспектори при ДИЗ е Законот за здравјето на растенијата и Законот за производи за заштита на растенијата.

**Слика бр. 18.3**

**Дијаграм на ДИЗ - Сектор фитосанитарната инспекција**




ДИЗ, Секторот за инспекциски надзор во областа на фитосанитарната политика, е поделен на Одделение за гранична инспекција и Одделение за внатрешна инспекција. Главниот инспектор за гранична инспекција е надлежен за изработка на методолошки упатства и инспекциски процедури, организирање на обуки за инспекторите, надзор на работата на инспекторите на инспекциските места на граничните премини и соработка со релевантните органи за гранична контрола.

## 18.11. Законодавство - Фитосанитарни контроли при увоз

Основна легислатива во фитосанитарната област претставува Законот за здравјето на растенијата („Службен весник на Република Македонија“бр. 29/05, 81/08, 20/09, 57/10, 17/11, 148/11, 69/13, 43/14 и 158/144), со кој се уредува здравјето на растенијата, мерките и обврските во врска со појавата на штетните организми кај растенијата и растителните производи, превенција од нивно внесување и ширење, мерките за нивно сузбивање и други прашања од областа на здравјето на растенијата, како и Законот за производи за заштита на растенијата, („ Службен весник на Република Македонија “ бр. 110/07, 20/09, 17/11, 53/11, 69/13 и 10/15), со кој се регулира одобрението, пуштањето во промет и употребата на производи за заштита на растенијата. Во Законот за здравјето на растенијата (член 74) и Законот за безбедност на храната (член 123) се пропишани овластувањата на фитосанитарниот инспектор.

Фитосанитарната политика во делот на здравје на растенијата, вклучително и постапките и начинот на вршење на фитосанитарната инспекција е регулирана со следните подзаконски акти:

1. Правилник за формата, содржината и начинот на водење на Регистарот за производители, преработувачи, увозници и дистрибутери на растенија, растителни производи и други објекти и предмети (*) – („Службен весник на Република Македонија“ бр. 131/10);

2. Правилник за мали количества растенија, растителни производи и други објекти и предмети вклучувајќи и прехранбени производи (*) – („Службен весник на Република Македонија“ бр. 131/10);
3. Правилник за начинот на водење евиденција, начинот на спроведување на проверките на здравјето на растенијата, содржината и начинот на известување за податоците за производство, преработка, промет со растенија, растителни производи и други објекти и предмети (*) – („Службен весник на Република Македонија“ бр. 131/10);
4. Правилник за начинот на вршење на фитосанитарната инспекција при увоз на пратки од листата V дел Б секција 1(*) – („Службен весник на Република Македонија“ бр. 131/10);
5. Правилник за пасоши за растенија (*) – („Службен весник на Република Македонија“ бр. 131/10);
6. Правилник за поблиските критериуми за утврдување на малите производители или преработувачи и локалните пазари (*) – („Службен весник на Република Македонија“ бр. 131/10);
7. Правилник за временски периоди и начинот на вршење на фитосанитарна инспекција на растенија, растителни производи и други објекти и предмети наведени во листа V дел А секција 1 и листа V дел А секција 2 (*) – („Службен весник на Република Македонија“ бр. 131/10);
8. Правилник за условите за движење на пратките на растенија, растителни производи и други објекти и предмети наведени во листа V дел А секција 2 (*) – („Службен весник на Република Македонија“ бр. 131/10);
9. Правилник за начинот и постапката на вршење на фитосанитарна инспекција на растенија, растителни производи и други објекти и предмети на места на влез во Република Македонија (*) – („Службен весник на Република Македонија“ бр. 111/10);
10. Одлука за определување на местата на влез на кои ќе се врши фитосанитарната инспекција – („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/10 );
11. Правилник за формата и содржината на фитосанитарниот сертификат или фитосанитарниот сертификат за реекспорт и формата и содржината на пријавата за издавање на фитосанитарен сертификат – („Службен весник на Република Македонија“ бр. 113/10);
12. Правилник за изменување на Правилникот за формата и содржината на фитосанитарниот сертификат или фитосанитарниот сертификат за реекспорт, и формата и содржината на пријавата за издавање на фитосанитарниот сертификат – („Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/11 );
13. Правилник за поблиски услови во однос на просториите и опремата за давање на јавни услуги од областа на здравјето на растенијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/11);
14. Правилник за мерките и начинот на спроведување на мерките за уништување или отстранување на штетните организми и мерките и начинот на спроведување на дезинфекција, дезинсекција и дератизација (“Службен весник на Република Македонија“ 131/10);
15. Наредба за задолжително известување за задржана пратка или штетен организам од трети земји кои представуваат непосредна фитосанитарна опасност. („Службен весник на Република Македонија“ бр.73/11 ).

**18.12. Инспекциски места на гранични премини**

Фитосанитарните ИМ на ГП на границата се утврдуваат според националното законодавство - Одлука за определување на местата на влез на кои ќе се врши фитосанитарна инспекција (Службен весник на Република Македонија 59/2010).
Фитосанитарните инспекции при увоз на растенија, растителни производи и други објекти и предмети ги вршат фитосанитарни инспектори на 11 ИМ на ГП 1. Скопје (железничка станица Товарна, пошта), 2. Аеродром – Александар Велики, 3. Блаце (Косово), 4. Ќафасан (Албанија), 5. Меџитлија (Грција), 6. Богородица (Грција), 7. Ново Село (Бугарија), 8. Делчево (Бугарија) 9. Деве Баир (Бугарија), 10. Табановце (Србија) и Блато – (Албанија) – моментално не е во функција (Видете табела 2).

**Табела бр. 18.6**

**Инспекциски места на гранични премини на ДИЗ при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство**

| ИМ на ГП | **Граница** | **Тип** | **Работно време** | **Број на инспектори** |
|---|---|---|---|---|
| Блаце | Косово | Патен | 8:30-16:30 | 2 |
| Табановце | Србија | Патен | 24/7 | 4 |
| Деве Баир | Бугарија | Патен | 07 -19 | 2 |
| Делчево | Бугарија | Патен | 07 – 19 | 2 |
| Ново Село | Бугарија | Патен | 07 -19 | 2 |
| Богородица | Грција | Патен | 24/7 | 4 |
| Мецитлија | Грција | Патен | 07 – 19 | 1 |
| Ќафасан | Албанија | Патен | 07 – 19 | 2 |
| Скопје | | Пошта, Железница - Товарна | на повик од регионалното седиште во Скопје | 1 |
| Аеродром Александар Велики | | авионски | 8:30-16:30 | 1 |
| **ВКУПНО** | | | | **20** |

## 18.13. Лабораторија - Фитосанитарни контроли при увоз

Државната фитосанитарна лабораторија (ДФЛ) е во состав на МЗШВ и истата е задолжена е за лабораториска анализа на примероци земени при увоз и земени во текот на примарното производство.. Исто така, ДФЛ е надлежна за: вршење на специјализирани лабораториски тестови на растенија и растителни производи и други објекти и предмети, а со цел дијагностицирање и детерминирање на штетни организми, биолошки тестирања, испитување на физичко-хемиските својства на средствата за заштита на растенијата, анализа на активна материја и анализа на семенски и саден материјал; Не постои формален договор меѓу ДИЗ и ДФЛ. ДИЗ не ги сноси трошоците за лабораториските анализи бидејќи ова е предвидено со буџетот на лабораторијата.

## 18.14. Човечки ресурси – Фитосанитарни контроли при увоз

Дваесет (20) фитосанитарни инспектори кои се вклучени во контролата при увоз во ДИЗ и(21) се внатрешни инспектори. Во моментов, работното место за раководител на одделение за гранична инспекција не е пополнето. Потребните квалификации за фитосанитарните инспектори е завршен Земјоделски факутет или шумарски факултет. Постои воведна обука за новите инспектори. Имено, пред новите инспектори да имаат право независно да вршат контрола на фитосанитарни пратки, една година се на пробна работа и ги придружуваат искусните инспектори . Во зависност од потребите и можностите, годишно се организираат обуки за инспекторите.

Сите нововработени инспектори треба да поминат континуирани обуки и по овие обуки да го положат соодветниот испит.

Во текот на 2014 година со цел зајакнување на капацитетите на фитосанитарните инспектори заради нивна едукација и усовршување беа реализирени обуки на следните тема:

- „Основи во фитофармацијата и производи за заштита на растенијата, Национален систем за мониторинг на пестициди на место на продажба и производство и Мониторинг на опрема за примена на пестициди“ , организирана од страна на Проектот„ Јакнење на капацитетите на надлежните органи за безбедност на храна, ветерина и фитосанитарна политика“.
- Работилница „ Подготовка за изработка на Прирачник за работа на фитосанитарна инспекција“, организирана од страна на TAIEX.

- „ Начин на земање мостри семе од домати и расад од раноградинарски култури “ и „Заштита на расадничко производство од нематоди“, организирана од страна на ДФЛ, одржана на 27.01.2014 година,
-„Детекција на фитоплазми на винова лоза Flavescence doree и Bois Noir“, организирана од страна на ДФЛ, одржана на 10.02.2014 година,
-„Процедура за земање на примероци за лабораториска контрола на квалитет на производите за заштита на растенијата и евалуација на резултатите од мониторинг програмата“, организирана од страна на ДФЛ, одржана на 24.02.2014 година,
-„Спроведување на здравствен преглед и земање на примероци за утврдување на присуство на бактерии кај овошни видови“, организирана од страна на ДФЛ, одржана на 10.03.2014 година,
- „Начин на земање мостри од овошни видови и винова лоза , преглед на режано и саксиско цвеќе и преглед на тутун над кои се врши фитосанитарен мониторинг “, „Synchitrium endobioticum и Monilia fructicola“, „ Начин на земање и транспорт на почвени и растителни проби кај пченката и праската,анализа и мерки на заштита“, организирана од страна на ДФЛ, одржана на 24.03.2014 година,
-„Фитоплазматски болести на крушата и јаболкото“, „Начин на земање на почвени и растителни проби и транспорт на истите, анализа и мерки за заштита на површините од нематоди“, „ Земање мостри од партија семе“ и „Начин на земање мостри од градинарски култури одгледувани на отворено“ организирана од страна на ДФЛ, одржана на 05.05.2014 година.
- „ Introduction traning to the standards ISO 9001, ISO 17020 and ISO 19011“,организирана од страна на Проектот„ Јакнење на капацитетите на надлежните органи за безбедност на храна, ветерина и фитосанитарна политика“, одржана од 12.05. до 16.05.2014 година,
- „Подобрување на капацитетот за официјални контроли поврзани со инспекторите за здравствена заштита на растенијата“ , организирана од страна на Проектот„ Јакнење на капацитетите на надлежните органи за безбедност на храна, ветерина и фитосанитарна политика“, одржана на 10.06. и 11.06.2014 година.
- „Воспоставување на фитосанитарен информативен систем“организирана од страна на TAIEX, одржана од 16.06 до 20.06.2014 година и
-„ Методологија за проценка на ризик за безбедност на храна“, организирана од страна на Проектот„ Јакнење на капацитетите на надлежните органи за безбедност на храна, ветерина и фитосанитарна политика“, одржана од 23.06 до 27.06.2014 година.
Учество на овие обуки земаа 41 државни фитосанитарни инспектори и 3 административни службеници.

### 18.15. Хиерархија на наредби – Фитосанитарни контроли при увоз

Секторот за фитосанитарна инспекција е надлежен за фитосанитарните контроли, и истиот е поделен на одделение за гранична инспекција и одделение за внатрешна инспекција. Главниот инспектор е надлежен за работењто на фитосанитарните инспектори на гранични премини, изработка на методолошки упатства и инспекциски процедури, организирање на обуки за инспекторите, надзор на работата на инспекторите на ИМ на ГП и соработка со релевантните органи за гранична контрола. Има воспостевно систем на контрола на ИМ на ГП и надзор на фитосанитарните инспектори. Фитосанитарните контроли при увоз се вршат на растенија, растителни производи и други објекти и предмети, како што е пропишано согласно Закон и Правилникот за начинот на вршење на фитосанитарна инспекција при увоз на пратките.
Во втората половина на 2013 година Државниот инспекторат за земјоделсво-Секторот за фитосанитарна инспекција изработи протоколи за инспекциски надзор согласно со Законот за здравјето на растенијата.
Во 2014 година, активностите на државните фитосанитарни инспектори се насочија кон имплементација мониторинг програмите за 2014 година.
Во овој период Државниот инспекторат за земјоделство согласно Програмата за спроведување на мониторинг во обласна на производство, преработка, складирање, дистрибуција, употреба и сообразност на производите за заштита на растенијата и резидуи од производи за заштита на растенијата во производи од примарно земјоделско производство за 2014 година („Службен весник на РМ бр. 08/2014), започна со реализација на истата од месец јули 2014 година (допис од Државна фитосанитарна лабораторија бр.2704-361/1 од 23.06.2014 година) и примероците се доставуваат до ДФЛ. Во периодот пред отпочнувањето со работа на ДФЛ за испитувањето на резидуите на примероци од овошје и зеленчук не се доставуваа во лабораториите на (Факултет за земјоделски науки и храна Скопје и Институт за јавно здравје Скопје) бидејќи не беа во можност да вршат анализа согласно Програмата .
Согласно горенаведената Програмата за утврдување на резидуи од производи за заштита на растенијата во производи од примарно земјоделско производство за 2014 година, беа реализирани 46 примероци земјоделски производи заради испитување на максимално ниво на резидуи (МНР).

Согласно Правилниците за начинот на спроведување здравствен преглед и начинот на земање примероци на семенски и меркантилен компир, градинарски култури, овошни видови и винова лоза над кој се врши фитосанитарен мониторинг („Службен весник на Република Македонија“ бр. 113/13) и Програмата за фитосанитарна политика за 2014 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/2014), во овој период беа земени 273 примероци за испитување на здравствената состојба

Според Правилникот за начинот на вршење на мониторинг во областа на производството, преработката складирањето, дистрибуцијата, употребата и сообразноста на ѓубрињата, како и контрола на квалитетот на ѓубрињата („Службен весник на Република Македонија" бр. 171/2013) и Програмата за 2014 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 7/2014), спроведува мониторинг при увозот на вештачките ѓубрива и беа доставени 16 примероци за анализа и резултатите беа во согласност со Правилникот за неоргански ѓубрива („ Службен весник на РМ“ бр. 96/2009) и беше констатирано дека истите се во согласност со содржината на декларираните елементи.

**18.16. Контролен процес – Фитосанитарни контроли при увоз**

Целта на фитосанитарната контрола при увоз за време на вршење на контролата на здравјето на растенијата на граничен премин е да не се дозволи влез на штетни организми во земјата.

**Табела бр. 18.7**

**Фитосанитарни контроли при увоз за 2011 година (Видете ја табелата подолу)**

| Вид на пратка | Број на контроли на документација | Број на контроли на идентитет | Број на контроли на здравствена заштита на растенијата | Земени примероци за лабораториски анализи |
|---|---|---|---|---|
| Живи дрвја и други растенија, корења, кртоли | 622 | 622 | 622 | 31 |
| Режано цвеќе и украсни растенија | **376** | **376** | **376** | |
| Семенски материјал | 475 | 475 | 475 | |
| Дрво и материјали за пакување од дрво | 4065 | 4065 | 4065 | |
| Овошје и зеленчук | 6307 | 6307 | 6307 | |
| ВКУПНО | 11845 | 11845 | 11845 | 31 |

**Табела бр. 18.8**

**Фитосанитарни контроли при увоз за 2012 година (Видете ја табелата подолу)**

| Вид на пратка | Број на контроли на документација | Број на контроли на идентитет | Број на контроли на здравствена заштита на растенијата | Земени примероци за лабораториски анализи |
|---|---|---|---|---|
| Живи дрвја и други растенија, корења, кртоли | 622 | 622 | 622 | 130 |
| Режано цвеќе и украсни растенија | **376** | **376** | **376** | |
| Семенски материјал | 475 | 475 | 475 | |
| Дрво и материјали за пакување од дрво | 4065 | 4065 | 4065 | |
| Овошје и зеленчук | 6307 | 6307 | 6307 | |
| ВКУПНО | 11845 | 11845 | 11845 | 130 |

**Фитосанитарни контроли при увоз за 2013 година Табела бр. 18.9**

| Вид на пратка | Број на контроли на документација | Број на контроли на идентитет | Број на контроли на здравствена заштита на растенијата | Земени примероци за лабораториски анализи |
|---|---|---|---|---|
| Живи дрвја и други растенија, корења, кртоли | 648 | 648 | 648 | 151 |
| Режано цвеќе и украсни растенија | **438** | **438** | **438** | |
| Семенски материјал | 533 | 533 | 533 | |
| Дрво и материјали за пакување од дрво | 2866 | 2866 | 2866 | |
| Овошје и зеленчук | 6744 | 6744 | 6744 | |
| ВКУПНО | 11229 | 11229 | 11229 | 151 |

**Фитосанитарни контроли на пратки за 2014 година**

**Државните фитосанитарни инспектори** на единаест гранични премини и шестте места на утовар и во внатрешноста на Република Македонија од извршените вкупно **60.399 инспекциски надзори за 2014 година** прегледале: 21.521 пратки при **увоз**, 25.563 пратки при **извоз**,7.768 пратки при **провоз** (транзит) и 3.669 пратки при **реекспорт,** при што се прегледани вкупно **1.082.136** тони на разни видови на растенија, растителни производи и други објекти и предмети, **48.819 м$^3$** дрвен материјал и **10.541.788** броја саден материјал, при што на сметка на Буџетот на Република Македонија се наплатени финансиски средства во висина од ***66.043.782,50 денари.***
На граничните премини во 2014 година увезени се следните видови на **ѓубрива**: НПК 31.983 тони, КАН 21.896 тони , супер фосфат 332 тони, уреа 9.469 тони, калиев хлорид 51 тон, фолијарно ѓубриво 347 литри, течно минерално ѓубриво 143 литри и органско ѓубриво 929 тони како и **производи за заштита на растенијата**, од кои увезени се 414 тони инсектициди, 704 тони фунгициди и 572 тони хербициди.

**Контролата се состои од:**
- контрола на документација
- контрола на идентитет
- контрола на здравјето на растенијата;
- земање примероци за лабораториско испитување.

Пратките со растенија, растителни производи и други објекти и предмети кои ги исполнуваат барањата од Законот за здравјето на растенијата, може да се увезуваат во земјата. Доколку за време на контролата на здравјето на растенијата фитосанитарниот инспектор утврди дека е потребен дополнителен преглед, се земаат примероци и се подготвуваат за испраќање во лабораторија.
Во случај кога ќе се утврди неусогласеност со фитосанитарните барања фитосанитарниот инспектор при увозот задржува цела или дел од пратка на растенија, растителни производи и други објекти и предмети од трета земја или на организам штетен за растенијата или растителните производи, што не ги исполнува пропишаните фитосанитарни барања согласно Наредбата за задолжително известување за задржана пратка или штетен организам од трети земји кои претставуваат непосредна фитосанитарна опасност. („Службен весник на Република Македонија“ бр.73/11 ) имплементирена со одредбите на Директивата на Комисијата бр. 94/3/ЕЗ, Државниот инспекторат за земјоделство известувањето за задржување на пратка или изолиран штетен организам кој се увезува, го доставува на образец пополнет на англиски јазик и се испраќа до надлежниот орган на земјата извозничка.
Во 2014 година до Организацијата за заштита на растенијата на Република Франција доставено е Известување за задржување на пратка која поради не исполнување на фитоданитарните барања при увоз во Р.Македонија истата вратена е во Република Франција.

**Табела бр. 18.10**

**Фитосанитарни контроли при увоз за 2014 година (индикативно)**

| | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупен број на фитосанитарни пратки кај кои е извршена инспекција/ процент на сообразни пратки % | 20000<br>98% | | | | |
| Лабораториски испитувања % /на вкупниот број испитани пратки | 5%<br>20000 | | | | |

**Контролата се состои од:**

- контрола на документација
- контрола на идентитет
- контрола на здравјето на растенијата;
- земање примероци за лабораториско испитување.

Пратките со растенија, растителни производи и други објекти и предмети кои ги исполнуваат барањата од Законот за здравјето на растенијата, може да се увезуваат во земјата. Доколку за време на контролата на здравјето на растенијата фитосанитарниот инспектор утврди дека е потребен дополнителен преглед, се земаат примероци и се подготвуваат за испраќање во лабораторија. Во случај кога ќе се утврди неусогласеност со фитосанитарните услови, инспекторите од ИМ на ГП го известуваат инспекторатот кој пак ја известува ФУ при МЗШВ која е точка за контакт за известување на ЕРРО (Европската организација за заштита на растенијата) и земјите извознички.

**18.17. Приоритети за официјалните контроли и стратешки цели за периодот од 2012 до 2016 година за фитосанитарна контрола**

**Табела бр. 18.9**

| бр | Приоритети | Датум на спроведување |
|---|---|---|
| 1. | Обезбедување соодветни простории и опрема за спроведување на неопходните проверки како би се обезбедил одреден степен на еднообразност во ефикасноста на фитосанитарните контроли при увоз. | 2015 година |
| 2. | Проценка на протокот на фитосанитарни пратки низ ИМ на ГП, како би се обезбедил доволенброј на соодветно квалификуван и искусен персонал за вршење на проверки на фитосанитарните пратки при увоз . | 2014 година |
| 3. | Со проценката на потенцијалните ризици по здравјето на растенијата врз основа на информациите за штетни организми и протокот на фитосанитарни пратки низ ИМ на ГП, се изработува план за земање примероци | 2015 година |
| 4. | Воспоставување на постапка за професионален надзор на гранична инспекција со цел да се потврди квалитетот, непристрасноста, постојаноста и ефикасноста на контролите при увоз | 2015 година |
| 5. | Воспоставување на договор за соработка меѓу ДИЗ и Царинската служба како би се обезбедила соработка на официјалните лица од двете служби, би се контролирал режимот на ИМ на ГП и би се дефинирала еднообразна технологија за контрола во однос на движењето на лица и возила како и движењето на добра преку границата. | (МЗШВ) |

## Поглавје 19 - Контролен систем за заштита на растенија и производи за заштита на растенија

### 19.1. Општи стратешки цели

**Вовед**

Здравјето на растенијата е во надлежност на ФУ, а заштитата на растенијата и растителните производи од штетни организми е од заеднички интерес за Република Македонија. Заштитата на растенијата треба да се одвива континуирано во текот на целата година. Навремената заштита на растенијата е директно поврзана со примарното земјоделско производство преку обезбедување на храна за населението. Во фитосанитарниот систем постои интегрирана заштита на растенијата и растителните производи од штетни организми по пат на ефикасни, екотоксиколошки мерки кои се економски оправдани, со што се обезбедува добро здравје, стандард и конкурентно производство и се обезбедува заштита од многу закани од штетни организми кои се внесуваат при меѓународната трговија со растенија и растителни производи.

Со навремено откривање и утврдување на штетните организми на терен, како и со соодветно справување со истите, се постигнуваат високи приноси на земјоделските култури. Производите за заштита на растенијата ги одобрува комисија од експерти од обласа во координација на ФУ, а ги контролира ДИЗ, како и нивната примена на терен. ДИЗ води евиденција за увозот на производите за заштита на растенијата и врши контрола на квалитетот со цел да се обезбеди максимален принос на земјоделските култури.

Со измена на Законот за здравјето на растенијата, надлежностите за фитосанитарна инспекција на граничен премин и инспекција во внатрешноста на земјата од Фитосанитарната управа се пренесуваат на ДИЗ. ДИЗ треба да воспостави нов контролен систем, за одредување и надзор на штетните организми на територијата на Република Македонија. Предвидено е да се воспостави и собирање и размена на информации со земјите-членки на ЕУ.

**Цел**

Со цел да се обезбеди заштита на растенијата, растителните производи и другите објекти и предмети и да се осигура отсуство на штетни организми, како и да се врши регистрација и контрола на производите за заштита на растенијата и ѓубривата, поставени се следниве цели:

1. Контрола и превенција на ширење на штетните организми во земјата;
2. Следење и детерминирање на штетните организми и нивно уништување со примена на соодветни мерки;
3. Реализација на систем за пасоши за растенија;
4. Водење на регистар на производители, преработувачи, увозници и дистрибутери на растенија, растителни производи и други објекти и предмети;
5. Регистрација и пререгистрација на производи за заштита на растенијата и издавање на одобренија;
6. Издавање на годишна Национална листа на одобрени активни супстанции и производи за заштита на растенијата,
7. Водење на листа на ѓубриња кои се пуштаат во промет;
8. Регистрација на опрема за апликација на производи за заштита на растенијата.
9. Реализација на фитосанитарен мониторинг на карантинските штетни организми во Република Македонија, кај стратешките земјоделски култури, при производство како и при увоз на растителни пратки;
10. Подготвување на анализа на ризик од штетни организми во случај на опасност од појава или ширење на штетни организми, преку претходно пропишани процедури;.

Во блиска иднина приоритетите ќе бидат насочени за зајакнување на фитосанитарниот контролен систем, зголемена контрола врз безбедноста на примарното земјоделско производство и воспоставување на интегрирана заштита на растенија.

**Законодавство**

Главните законски акти со кои се регулира здравјето на растенијата и производите за заштита на растенијата:

- Закон за здравјето на растенијата
- Закон за производи за заштита на растенија
- Закон за ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својства на почвата и
- Закон за безбедност на храната.

**19.2. Назначување на надлежен орган/-и и овластување дадено според законодавството**

**19.2.1. Фитосанитарна управа:**

Законското овластување произлегува од:

- Закон за здравјето на растенијата
- Закон за производи за заштита на растенијата
- Закон за ѓубрива, биостимулатори и подобрувачи на својства на почвата и
- Закон за безбедност на храната

ФУ е тело во рамките на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и е надлежно за заштита растенијата и растителните производи од штетни организми, за регистрација на производи за заштита на растенијата и ѓубрива, регистрација на правни лица и поединци за увоз и големопродажба и малопродажба, како и за издавање на решенија и одобренија за истите.

ФУ воедно е надлежна и за креирање политики, изготвување на законодавството и координација на контролните активности. Управата ја претставува земјата во релевантните европски и надлежни институции. Покрај тоа, ФУ е одговорна за изработка и спроведување на меѓународните конвенции, спогодби и договори кои ги ратификувала Република Македонија.

Законот за здравје на растенијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 29/05) и неговите измени („Службен весник на Република Македонија" бр. 81/08, 20/09, 57/10, 17/11, 148/11, , 69/13, 43/14 и 158/14) е основниот закон во областа на здравјето на растенијата, , во согласност со одредбите на Директивата на Советот 2000/29 ЕС.

ФУ е надлежна за извршување на задачите и задолженијата кои произлегуваат од Законот за здравјето на растенијата, на следниов начин:

- изготвување на законодоавството коешто ќе биде хармонизирано со ЕУ;
- анализа и оценување на здравствената состојба на растенијата;
- водење на регистри, евиденција и листи пропишани со законот;
- издавање на пасош за растенија;
- регистрација на правни лица за термички третман на материјали од дрво за пакување, во согласност со ISPM 15 на IPPC. ;

Надлежностите и задачите кои произлегуваат од Законот за производи за заштита на растенијата ( „Службен весник на Република Македонија" бр. 110/07, 20/09, 17/11, 53/11, 69/13 и 10/15 ) се:

- спроведување на постапки за одобрување на производи за заштита на растенијата;
- регистрација и пререгистрација на производи за заштита на растенијата;
- изготвување на годишна национална листа на активни супстанци и одобрени производи за заштита на растенијата;
- водење регистри на правни лица кои се занимаваат со производство и пласирање на производи за заштита на растенијата на големо и мало;
- издавање одобренија за увоз на производи за заштита на растенијата;
- водење регистар за опрема за апликација на производите за заштита на растенијата и нејзино пласирање на пазар;

Надлежностите и задачите кои произглуваат од Законот за ѓубрива се:

- водење регистри на правни лица кои се занимаваат со производство, увоз и трговија со ѓубрива на големо и мало;
- издавање дозволи за увоз на ѓубрива;
- водење на листа на ѓубрива кои се пуштаат во промет на територијата на Република Македонија;
- декларација и обележување на ѓубрива кои се пласираат на пазарот;

Изменувањето и дополнувањето на трите закони: Законот за здравјето на растенијата, Законот за производи за заштита на растенијата и Законот за ѓубрива (Службен весник на Република Македонија, бр. 53/11 ), се однесува на казнените одредби и воведување и спроведувањето на постапка за едукација за правните и физичките лица за одредени утврдени неправилности од полесна категорија.

**19.2.2. Државен инспекторат за земјоделство**

**Законското овластување произлегува од:**

**Закон за здравјето на растенијата –** ги опфаќа прашањата во однос на здравјето на растенијата, задачите и овластувањата на фитосанитарниот инспектор и мерките кои може да ги превзема, како и мерките кои се превземаат заради спречување на ширење на штетните организми во земјата, биолошки мерки за заштита на растенијата, информатичкиот систем, надлежности на релевантните институции и советодавни прашања.

**Закон за безбедност на храната (член 26) – ДИЗ** како тело во рамките на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, согласно овој закон и регулативите усвоени согласно овој закон како и регулативите во однос на здравјето на растенијата и посебние регулативи усвоени согласно тој закон и други регулативи во однос на земјоделството.

Закон за производи за заштита на растенијата
Закон за ѓубриња
Закон за ГМО
Законот за квалитет и безбедност на ѓубрива, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата
Закон за инспекциски надзор - во сила од 1 април 2011. (обврзувачки за сите инспекциски служби).

**19.2.3. Државна фитосанитарна лабораторија**

Новоформираната државна фитосанитарна лабораторија е централна лабораторија во рамките на МЗШВ надлежна за анализи во однос на здравјето на растенијата и истата е со капацитет да прерасне во референтна лабораторија.

**19.2.4. Управа за семе и саден материјал**

**Законското овластување произлегува од:**
• Законот за семе и саден материјал за земјоделски растенија („Службен весник на Република Македонија" 39/06, 89/08, 171/10 и 53/11);
• Закон за селекционерски права („Службен весник на Република Македонија" бр. 52/09).

Управата за семе и саден материјал е национално тело во рамките на МЗШВ, основана на почетокот на 2000 година а во 2005 година е извршена реорганизација..
Бидејќи контролата на семето и садниот материјал е составен дел од системот за здравјето на растенијата во Македонија, опфатени се исто така и структурата и надлежностите на Управата за семе и саден материјал.

**19.3. Компетентност и фукнции на надлежните органи**

**19.3.1. Фитосанитарна управа (слика 19.1)**

**ФУ се состои од три сектори:**
1. Во Секторот за заштита на растенијата се вработени 4 лица кои се надлежни за активностите поврзани со фитосанитарната политика, изготвување на законски и подзаконски акти за фитосанитарни прашања, водење на регистри, изработка на билатерални спогодби и протоколи за фитосанитарна соработка, одржување на меѓународна соработка и координација со надлежните органи, учество на обуки, како и вршење на процена на ризик при појава и ширење на штетни организми и воведување на системот за пасоши за растенија. (Закон за здравје на растенијата, „Службен весник на Република Македонија" бр. 29/05, член 5)
2. Секторот за агрохемија се состои од 2 одделенија: Одделение за прозводи за заштита на растенијата во кое се вработени три лица и се надлежни за изготвување на законски и подзаконски акти од областа на производите за заштита на растенијата, спроведување на постапки за одобрување на производи за заштита на растенијата, регистрација и пререгистрација на производите за заштита на растенијата, издавање на одобренија за увоз на производи за заштита на растенијата, издавање на решенија за пуштање во промет на производи за заштита на растенијата на големо и мало (Закон за производи за заштита на растенијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 110/2007; 20/2009; 17/2011, 53/2011, 69/13 и 10/15) и Одделение за ѓубриња во кое се вработени три лица, кои се надлежни за изготвување на законски и подзаконски акти од областа на ѓубрињата, издавање дозволи за увоз на ѓубриња, водење на листа на ѓубриња кои се пуштаат во промет на територијата на Република Македонија, водење регистри на правни лица кои се занимаваат со производство, увоз и трговија со ѓубриња на големо и мало (Закон за ѓубриња („Службен весник на Република Македонија" бр. 110/2007; 20/2009; 17/2011; 148/2011 )).
3. Секторот за фитосанитарна регулатива и менаџмент е надлежен за логистика на другите два сектори - Сектор за здравје на растенијата и Сектор за агрохемија.

Во пракса, не постои регионално седиште. Официјалните контроли на локално/регионално ниво ги спроведуваат фитосанитарните инспектори на ДИЗ. ФУ е надлежна за собирање на извештаи, изработка на информации до Владата на Република Македонија за реализацијата на фитосанитарниот мониторинг, како и координација во однос на спроведување на законодавството на регионално ниво за контролите кои ги извршиле инспекторите на ДИЗ.

Слика бр. 19.1


ФИТОСАНИТАРНА УПРАВА
ДИРЕКТОР
Раководител на сектор за фитосанитарна регулатива и менаџмент
Раководител на одделение за фитосанитарна регулатива и меѓународна соработка и информации
Советник 2
Советник 3
Советник 3
Помлад соработник: 3
Раководител на одделение за менаџмент и правно административни работи
Советник 2
Виш соработник: 3
Самостоен референт: 2
Помлад референт: 2
Раководител на Сектор за Агро - хемија
Раководител на Одделение за производи за заштита на растенијата
Виш соработник 2
Виш соработник 2
Виш соработник 2
Самостоен
Советник 3
Советник 3
Советник 3
Советник 3
Советник 4
Раководител на одделение за ѓубрива
Советник 3
Советник 3
Виш соработник 2
Помлад референт: 2
Раководител на сектор за за заштита на растенијата
Раководител на одделение за заштита на растенијата и прогноза на болести и штетници
Виш соработник: 2
Помлад референт: 2
Советник 3
Советник 3
Советник 3
Раководител на Одделение за регионални центри
Советник – Куманово
Советник – Прилеп 1
Советник – Велес 1
Советник – Скопје 1
Советник – Кавадарци 3
Советник – Тетово 3
Советник – Струмица 3
Советник – Битола 3
Советник – Охрид 3
Советник – Гевгелија 3
Советник – Кочани 3

**19.3.2. Државен инспекторат за земјоделство (Слика бр. 19.2)**

Државниот инспекторат за земјоделтво (ДИЗ) како тело во рамките на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - МЗШВ е орган во состав, надлежен за координација и комуникација во однос на прашањата поврзани со здравствената заштита на растенијата и спроведувањето на мерките за спречување на појава и ширење на штетни организми, во контекст на Законот за здравје на растенијата.

**Слика бр. 19.2**

**Државен инспекторат за земјоделство**




**19.3.3. Државна фитосанитарна лабораторија**

Државната фитосанитарна лабораторија (ДФЛ) во состав на МЗШВ е со статус на биро и истата е специјализирана за анализа на примероци земени при увоз како и анализа на примероци од внатрешниот пазар. ДФЛ е надлежна за: вршење на лабораториски тестови на растенија, растителни производии други објекти и предмети, биолошки тестирања, вршење анализи на активна материја и анализа на семенски и саден материјал кај растенијата. Не постои формален договор меѓу ДИЗ и ДФЛ. Од буџетски причини, ДИЗ не плаќа за лабораториските анализи а овие трошоци не се предвидени со буџетот на лабораторијата.
Новоформираната државна фитосанитарна лабораторија е централна лабораторија назначена од МЗШВ за анализи во однос на здравјето на растенијата, со капацитет да прерасне во референтна лабораторија.

**19.3.4. Управа за семе и саден материјал (Слика бр. 19.3)**

ФУ има тесна соработка со Управата за семе и саден материјал за размена на информациитте во однос на одгледувачи на саден материјал, означување и издавање на пасоши за растенија (оваа постапка ФУ ќе ја започне од 2012 година).
Одлгедувачите на семе и саден материјал добиваат единствен регистарски број (ЕРБ) во регистарот на Управата за семе и саден материјал и фитосанитарниот регистар. Првата регистрација на одгледувачите на семе и саден материјал и доделувањето на регистарскиот број ги врши Управата за семе и саден материјал.

Организациска поставеност на Управата за семе и саден материјал (Слика 19.3.):

- Одделението за признавање, одобрување и заштита на сорти
- Одделение за контрола и постконтрола на семенски посеви и насади
- Одделение за Ген-банка

Слика бр. 19.3

Управа за семе и саден материјал




19.4. Нивоа на организацијата и управувањето со официјалните контроли

19.4.1. Контролен систем за производи за заштита на растенија и резидуи од производи за заштита на растенија (Видете слика бр. 19.4.)

Слика бр. 19.4

**Контролен систем за производи за заштита на растенија и резидуи**



ФУ како орган во состав на МЗШВ е надлежен орган за производите за заштита на растенијата, пропишано со Законот за производи за заштита на растенијата. Секторот за агрохемија во рамките на ФУ е надлежен за креирање политики, изготвување на законодавството и координација на активностите со другите органи вклучени во контролата на производи за заштита на растенија.
Секторот ја спроведува постапката за одобрување и регистрација на производи за заштита на растенија, издава решенија за производство и промет на производи за заштита на растенија на големо и мало, води регистар на правни лица за производство, увоз и пласирање на производи за заштита на растенија на големо и мало и изработува годишна Национална листа на одобрени активни супстанци и производи за заштита на растенија.
Правните лица кои вршат производство и промет на производи за заштита на растенија на големо и мало се предмет на постапка за регистрација. Барањата за упис во регистарот на правни лица за производство и промет на производи за заштита на растенија на големо и мало, како и целокупната потребна документација се доставуваат во ФУ. По проверката на доставената документација, трichлена комисија составена од вработени во ФУ утврдува исполнетост на пропишаните услови на лице место во однос на објектите и опремата. Во случај на уредна документација и исполнетост на пропишаните услови на лице место во однос на објектите и опремата, ФУ издава решение за производство и промет на производи за заштита на растенија на големо и мало и врши упис на правното лице во регистарот на правни лица за производство и промет на производи за заштита на растенија на големо и мало (Закон за производи за заштита на растенијата (СВ бр. 110 / 2007, член 26).

**Одобрување на производи за заштита на растенијата**
ФУ во рамките на МЗШВ е надлежен орган за спроведување на постапката за одобрување и регистрација на нови производи за заштита на растенијата. Согласно Законот за производи за заштита на растенијата, потврдувањето на стручните работи од областа на производите за заштита на растенијата ги врши Стручна комисија составена од експерти од областа на заштитата на растенијата, хемијата, екотоксикологијата и токсикологијата (професори од земјоделските факултети во Република Македонија, како и по еден претставник од Министерството за здравство и Министерството за животна средина и просторно планирање), како претставници од редот на вработените во ФУ.
Барањата и комплетната документација за одобрување и регистрација на нови производи за заштита на растенијата се доставуваат до ФУ. Врз основа на поднесената документација, Стручната комисија дава мислење и предлог за одобрување и регистрација на нови производи за заштита на растенијата. По мислење на Стручната комисија, производите за заштита на растенијата кои се во постапка за одобрување можат да бидат испратени на дополнителни биолошки испитувања заради доутврдување на одредени аспекти од областа на ефикасноста на производите. Одобренијата за нови производи за заштита на растенијата ги издава директорот на ФУ.

**Официјални контроли на прометот/употребата**
Регионалните земјоделски инспектори на ДИЗ вршат контроли на прометот со производи за заштита на растенијата (пакување, означување, упатства, рок на траење, истекување на одобрението) и водат евиденција за нивната трговија. Во моментов се врши контрола на употребата на производи за заштита на растенијата од страна на внатрешните фитосанитарни инспектори.
Фитосанитарните инспектори од ДИЗ се распоредени на 11 гранични премини за вршење контроли при увоз на производи за заштита на растенијата (одобрение за увоз, производител, увозник, првично пакување, декларација итн).
Се врши контрола на над 400 места за промет на производите за заштита на растенијата. Контролата воглавно се врши во март, и април по случаен избор (во моментов не постои контролен план) и за секоја контрола се изработува инспекциски извештај. Постојат одредени упатства за контрола на местата за промет со производи за заштита на растенијата.
ДИЗ преку фитосанитарните инспектори ( гранични и внатрешни ) врши спроведување на годишната Програма за спроведување на мониторинг во областа на производството, преработката, складирање, дистрибуција, употреба и сообразност на производите за заштита на растенијата и резидуи од производи за заштита на растенијата во производи од примарно земјоделско производство.
Исто така се врши контрола на активните супстанции од производите за заштита на растенијата и се анализираат примероци (60 примероци во 2010 година) од страна на Факултетот за земјоделски науки – 2 лаборатории, и исто така од страна на ДФЛ Но и за оваа активност не постои контролен план и примероците се земаат по случаен избор.
**Резидуи од производи за заштита на растенијата**
АХВ е надлежен орган за усвојување на законодавството за максималното дозволено ниво на резидуи (MRL) од пестициди при контрола и мониторинг.
Максимално дозволените нивоа се преземени од Регулативата 396/2005 ЕЗ на Комисијата и се усогласени со истата. АХВ е надлежна за изготвување и реализација на контролниот план за резидуи од пестициди.

### 19.4.2. Здравје на растенијата

Организација на контроли за здравјето на растенијата (Видете ја сликата бр. 19.5).

**Слика бр. 19.5**

**Контролен систем за здравје на растенијата**




МЗШВ – Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
ДИЗ – Државен инспекторат за земјоделство
ПЗР – производи за заштита на растенија

ФУ во рамките на МЗШВ претставува надлежен орган за вршење на активностите поврзани со здравјето на растенијата согласно Законот за здравје на растенија, за координација и размена на информации меѓу државните органи и тела, како и воспоставување и одржување на информатички систем од фитосанитарната област..
Законот за здравјето на растенијата (Службен весник на РМ бр. 29/05) со сите неговите измени (СВ бр.81/08, 20/09, 57/10, 17/11, 148/11, 69/13, 43/14 и158/14) е основниот закон во областа на здравјето на растенијата.

**Официјални контроли**
Државниот инспекторат за земјоделтво (ДИЗ) како тело во рамките на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство – МЗШВ, додека од 01.07.2014 година има својство на правно лице и сопствена буџетска сметка како буџетски корисник од прва линија.
Надлежностите на државниот земјоделски инспектор и државниот фитосанитарен инспектор се пропишани со соодветните законски прописи и подзаконски акти. ДИЗ преку внатрешните фитосанитарните инспектори е надлежен за внатрешната фитосанитарна контрола на растенија, растителни производи и други објекти и предмети и откривање на ширењето на штетни организми.
Секторот за инспекциски надзор од областа на фитосанитарната политика вработени се вкупно 63 лица, во одделението за внатрешна инспекција има 21 внатрешен државен фитосанитарен инспектор, 3 се административни работници, додека 19 инспектори се на пробна работа.
Во 2014 година се започна со Фиттосанитарниот мониторинг согласно Правилниците за начинот на спроведување здравствен преглед и начинот на земање примероци на семенски и меркантилен компир, градинарски култури, овошни видови и винова лоза над кој се врши фитосанитарен мониторинг („Службен весник на Република Македонија" бр. 113/13), како и согласно Правилникот за начинот на вршење на мониторинг во областа на производството, преработката складирањето, дистрибуцијата, употребата и сообразноста на ѓубрињата, како и контрола на квалитетот на ѓубрињата („Службен весник на Република Македонија" бр. 171/2013) и , Програмата за 2014 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 7/2014), Програмата за спроведување на мониторинг во областа на производство, преработка, складирање, дистрибуција, употреба и сообразност на производите за заштита на растенијата и резидуи од производи за заштита на растенијата во производи од примарно земјоделско производство за 2014 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 8/2014) и во овој период беа земени 444 примероци за испитување.

**Табела бр. 19.2**

**Број на објекти под надзор и зачестеност на контроли (информации од ноември, 2011)**

| бр | Објекти под надзор | Број | Регистрација | Одобрение | Контрола | Забелешки |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Регистрирани лица – одгледувачи на лозови и овошни насади | 27. | 27. | 27. | 10 | Контролните активности кај регистрираните лица се пролонгирани и ќе се одвиваат паралелно со спроведув |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | ањето на фитосанитарниот мониторинг на овошни видови и винова лоза (2013 – 2016) година |
| 2. | Регистрирани претпријатија за третирање/обележување на НТ согласно ISPM 15 | 31. | 31. | 31. | 4 | Контроли кај регистрирани претпријатија се предвидени за 2014 година |
| 3. | Увозници | 647 | | не е потребно | Контроли на ИМ на ГП | |
| 4. | Извозници | 328 | 328 | не е потребно | Контроли на ИМ на ГП | 40000 ФС издадени во 2010 |
| 6. | Фармери | нема податоци | - | не е потребно | - | Сите податоци за фармерите се евидентирани во Единствен регистер на земјоделски стопанства (ЕРЗС) |
| 7. | Пазари | нема податоци | - | не е потребно | - | |
| 8. | Градинарски центри | нема податоци | - | не е потребно | - | |
| 9. | Складишта | нема податоци | - | не е потребно | - | |

### 19.4.3. Семе и саден материјал

Бидејќи контролата на семето и садниот материјал е составен дел од системот за здравјето на растенијата во Македонија, опфатени се исто така и структурата и надлежностите на Управата за семе и саден материјал.
ФУ има тесна соработка со Управата за семе и саден материјал за размена на информациитте во однос на одгледувачи на саден материјал, означување и издавање на пасоши за растенија (оваа постапка ФУ ќе ја започне од 2016 година). Оваа активност се пролонгира за 2016 година поради потребата од претходна надградба на Регистарот на производители, преработувачи, увозници и дистрибутери на растенија и растителни производи кој што е база на податоци за лицата кои се одговорни за здравјето на растенијата.
Одлгедувачите на семе и саден материјал имаат единствен регистарски број (ЕРБ) во регистарот на Управата за семе и саден материјал и фитосанитарниот регистар. Првата регистрација на одгледувачите на семе и саден материјал и доделувањето на идентификацискиот број ги врши Управата за семе и саден материјал.
Со Законот за семе и саден материјал за земјоделски производи и Правилниците се уредува пуштањето во промет и квалитетот на семето и садниот материјал. Во Законот за семе и саден материјал и подзаконските акти согласно законот се транспонирани следниве мерки на ЕУ: 31966L0401; 31966L0402; 31968L0193; 31992L0034; 31998L0056; 32000L0029; 31998L0095; 31998L0096; 32001L0064; 32001D0898; 32001D0897; 32002L0057; 32002L0056; 32002L0055; 32002L0054; 32002L0053; 31992L0033.
Согласно упатствата обезбедни од четвртата средба на Поткомитетот за земјоделство и рибарство од Договорот за стабилизација и асоцијација меѓу Македонија и Европската Унија, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство – Управата за семе и саден материјал во 2010 е изменет Законот за семе и саден материјал за земјоделски растенија. Со новите измени на законот направени се прилагодувања кон правото на ЕУ во областа на слободен промет и увоз на странски сорти кои се наведени во Европскиот заеднички каталог на сорти од земјоделски растителни видови и укинување на одобренијата за увоз на семенски и саден материјал. Со усвоените измени на законот се врши либерализација на увозот на семенски и саден материјал во Македонија со цел побрз проток на пратките и зботавување на асортиманот со сорти на земјоделски видови.
Во однос на увозот на семенски и саден материјал од земјоделски растенија, со укинување на одобренијата за увоз, надлежностите за функционирање на EXIM системот од Управата за семе и саден матеирјал, се пренесуваат на ДИЗ.
Со измените на законот во однос на производството на сертифицирано семе, Управата за семе и саден материјал воспоставува подобра контрола врз производството на сертифицирано семе, при издавање на сертификатот за истото. Овој сертификат се издава врз основа на сертификат за завршена стручна контрола на произведено семе, и сертификат за квалитет на семето од земјоделски растенија, којшто го издаваат овластени субјекти и лаборатории. Врз основа на конечниот сертификат за произведеното сертифицирано семе, Управата издава етикети за сето прозиведено семе, коие се пласира на пазарот во земјата.
Изменувањето и дополнувањето на законот („Службен весник на Република Македонија“, бр. 53/11), се однесува на казнените одредби и барањето за обуки, спроведувањето на обуките и евиденција од спроведените обуки.
За Правилниците кои произлегуваат од законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија, Видете го Анекс 3.
Во 2009 година, Управата го усвои Законот за селекционерски права согласно стандардите на Унијата за заштита на нови сорти (UPOV).
Со Законот за селекционерски права се утврдуваат постапката, начините и условите за доделување, заштита и престанок на селекционерските права и како и водење на Регистар за селекционерските права во РепубликаМакедонија.
На 4 април, 2011, Република Македонија го приложи својот инструмент за пристап во UPOV (Акт од 1991). На 4 мај 2011 Република Македонија стана 69 членка на UPOV.

Законот за селекционерси права (Службен весник на Република Македонија бр. 52/09) стапи во сила на 21 април 2009 година.. На 30 октомври 2008, Советот на UPOV донесе позитивна одлука за сообразноста на Законот за селекционерски права (Службен весник на Република Македонија бр. 52/09 ) со Актот од 1991 на Конвенцијата на UPOV.
Правилниците кои произлегуваат од Законот за селекционерски права се наведени во Анекс 4.

Институциите овластени (овластено од МЗШВ како резултат на тендерска постапка) за експертска контрола на производството на семе и семенски материјал се:

- Државната фитосанитарна лабораторија
- Универзитетот Гоце Делечев во Штип, Факултет за земјоделство
- Земјоделскиот институт во Скопје
- Институтот за тутун од Прилеп
- Развој на услуги во рамките на Агрокомбинат Пелагонија
- Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје

Испитувањето на квалитетот на семето го врши државната фитосанитарна лабораторија (Сектор за семе и саден материјал) и овластените лабораотрии Постконтролите за потврда на сортите се вршат само по барање на заинтересиранта страна.
Регионалните инспектори на ДИЗ вршат контроли кај производителите на семе и саден материјал, пост-производителите и на семето и садниот материјал на пазарот.

**19.4.4. Контрола при увоз и извоз**

ДИЗ ја координира работата на фитосанитарните инспектори при увоз и извоз на пратки од растенија и растителни производи.
Фитосанитарните инспекции на увезени растенија и растителни производи, како и на оние во транзит, ги вршат фитосанитарни инспектори на 11 ИМ на ГП: Табановце (Србија и Црна Гора), Скопје (железнички терминал, Товарна, пошта и Аеродром-Александар Велики), Блаце (Косово - Србија и Црна Гора), Ќафасан (Албанија), Меџитлија (Грција), Богородица (Грција), Ново Село (Бугарија), Делчево (Бугарија) и Деве Баир (Бугарија)
Инспекциите и контролите на растенија и растителни производи наменети за извоз и повторен извоз, се вршат на 11 ИМ на ГП, како што се дефинирани со одлука на Владата. Пратките за извоз мора да ги придружува фитосанитарен сертификат кој ја гарантира здравствената исправност на растителната пратка, согласно условите пропишани со Меѓународната конвенција за заштита на растенијата

**19.5. Оперативни критериуми – внатрешни процедури, планови и програми**

**19.5.1. Фитосанитарна управа:**

ФУ има годишен план за изготвување на законските и подзаконските акти, кои се хармонизирани со законодавството на ЕУ. Предвидено е хармонизацијата да заврши во 2017 година.
ФУ веќе ги има изготвено и објавено упатствата за регионалните фитосанитарни инспектори, во форма на меѓународни стандарди за фитосанитарни мерки ISPM 3 (Упатства за увоз, пратки, извоз и биолошка контрола за ослободување на работите под биолошка контрола и други корисни организми) ISPM.7 (Систем за сертификација при извоз), ISPM.8 (Утврдување на статусот на штетни организми во областа), ISPM 23 (Насоки за инспекцијата), ISPM 12 (Фитосанитарни сертификати), ISPM 5 (Фитосанитарни термини), ISPM 28 (фитосанитарни третмани за регулирани штетни организми).
Сè уште не е започната практична реализација на овие упатства, но се очекува преку реализација на обуки и работилници да се овозможи поддршка во имплементацијата на веќе донесените стандарди
Во текот на 2012 и 2013 година беа изработени и следните Наредби, а преку кои се преземаат меѓународните ISPM стандарди во националното законодавство:
- Наредба за спроведување на меѓународниот стандард за насоки на регулаторен систем за фитосанитарен увоз бр. 20 („Службен весник на Република Македонија“ бр. 11/12 ).
- Наредба за спроведување на меѓународниот стандард за анализа на ризик од штетни организми за регулирани некарантински штетни организми бр. 21 („Службен весник на Република Македонија“ бр. 11/12 ).
- Наредба за спроведување на меѓународниот стандард за фитосанитарни принципи за заштита на растенијата и примена на фитосанитарни мерки во меѓународната трговија бр. 1 („Службен весник на Република Македонија бр. 116/12);
- Наредба за спроведување на меѓународниот стандард за проектирање и функционирање на карантинските станици за увезените растенија бр. 34 („Службен весник на Република Македонија бр. 116/12);

- Наредба за спроведување на меѓународниот стандард за пријавување на штетни организми бр. 17 (Сл. весник на Република Македонија бр. 138/12);
- Наредба за спроведување на меѓународниот стандард за упатства за листи на регулирани штетни организми бр. 19 (Сл. весник на Република Македонија бр. 138/12);
- Наредба за спроведување на меѓународниот стандард за праткитe во транзит бр. 25 (Сл.весник на Република Македонија бр. 142/12);
- Наредба за спроведување на меѓународниот стандард за методи за земање на примероци од пратки бр. 31 ( Сл.весник на Република Македонија бр.52/13);
- Наредба за спроведување на меѓународниот стандард за микропропагација на материјалот од компир кој е слободен од штетни организми и миникртоли наменети за меѓународна трговија бр. 33 (Сл.весник на Република Македонија бр. 26/13);
- Наредба за спроведување на меѓународниот стандард за упатства за надзор бр. 6 (Сл.весник на Република Македонија бр. 26/13);
- Наредба за спроведување на меѓународниот стандард за упатства за програмите за уништување на штетни организми бр. 9 (Сл.весник на Република Македонија бр. 25/13).

Транспонирањето на другите меѓународни фитосанитарни стандарди во националното законодавство, продолжува да се спроведува континуирано секоја година, така што до овој момент во „Службен весник на РМ“ се објавени 24 од вкупно постоечките 36 ISPM стандарди.

**19.5.2. Државен инспекторат за земјоделство**

**ДИЗ** нема фитосанитарен контролен план туку работи согласно работни процедури (СОПи) - предвидено е да се изготват упатства за инспектори за 2014 година.

**19.5.3. Државна фитосанитарна лабораторија**

**ДФЛ** исто така нема план за тестирање на штетни организми и во моментов бројот на примероците е многу мал.

**19.6. Контролни периоди /интервали, планирање**

Во моментов не постои план за контрола/надзор, но предвидена е негова изработка, а до денес се изготвени следниве документи:

- ФУ заедно со ДИЗ. Програма за испитување/надзор на одредени земјоделски култури и штетни организми .

Плановите ќе се засноваат на штетните организми од законодавството и количеството на одредено производство и местата на производство.

- Во изготвување е „Прирачникот за инспектори”

**19.7. Анализа/проценка на ризик и спроведување**

Во моментов планирањето на официјални контроли е во фаза на развој, па затоа е е реализирано планирањето засновано на ризик.

**19.8. Капацитет на надлежните органи - човечки и технички ресурси**

**19.8.1. Фитосанитарна управа:**

Човечките ресурси во ФУ се прилично ограничени. Со Управата раководи Директор, а трите сектори се раководени од страна на соодветни раководни лица: Раководител на Сектор за здравје на растенија, Раководител на Сектор за агрохемија и раководител на Сектор за фитосанитарна регулатива и менаџмент. Вкупниот број на вработени лица во ФУ изнесува има 18.

Техничките ресурси се задоволителни, но потребно е нивно обновување, како што се компјутери, печатачи и сл.

**19.8.2. Државен инспекторат за земјоделство**

ДИЗ има потреба од информатички систем за евиденција на инспекциските надзори на место на производство, извоз, увоз, реекспорт и транзит на пратки со земјоделски производи, на производи за заштита на растенијата и ѓубрива за одредена следливост, собирање и обработка на извештаи.
Сите нововработени инспектори се на пробна работа и се обучуваат пред да започнат со извршување на работните задачи.
Постои потреба од поголем број на обуки и опрема за земање на мостри при спроведување инспекцискиот надзор како и возила за вршење на инспекциските надзори.

**19.8.3. Лабораторија**

Државната фитосанитарна лабораторија ја сочинуваат 4 одделенија:
- Одделение за административно-техничка поддршка – 3 лица + директор, кои работат на стратегијата и координацијата,
- Одделение за дијагностика – 6 лица кои се релевантни експерти - секој за посебна област - бактериологија, микологија, ентомологија, нематологија, вирологија и молекуларна биологија;
- Одделение за испитување на семе и саден материјал – 1 лице – штотуку започнува организацијата;
- Одделение за хемиски испитувања – 1 лице – штотуку започнува организацијата (реализација на системот за обезбедување квалитет со помош од SIDA (Шведска меѓународна агенција за развој). Буџетот е од МЗШВ. Има потреба од стаклени градини и одредена опрема, но општо земено, опремата е добра.

Лабораторијата е во фаза на спроведување на системот за обезбедување квалитет.
Постои огромна потреба за примероци од внатрешните фитосанитарни инспектори (истражувања на терен).

**19.8.4. Управа за семе и саден материјал**

Во моментов има 14 вработени во Управата за семе и саден материјал, со следниве позиции:
- Директор на Управата;
- 3 раководители на одделенија;
- 4 советници
- 2 помлади соработници и
- 1 референт;
- 3 помлади референти.

**19.9. Обука и финансиски статус**

**19.9.1. Фитосанитарна управа:**

Финансирањето на ФУ е преку буџетот на Република Македонија, односно годишната Програма за фитосанитарна политика.
Обуки за вработените генерално се обезбедуваат преку TAIEX, DG SANCO (BTSF), билатерална соработка со Управата за заштита на растенијата на Словенија. Потребни се повеќе обуки, особено за изработка на националната легислатива согласно ЕУ легислативата, како и реализацијата на меѓународните стандарди (ISPM).
Не е доделен буџет за учествување во активностите на EPPO (експертски панели, работни групи и сл.).

**19.9.2. Државен инспекторат за земјоделство**

Во моментов, со расположливиот буџет и персоналот, во ДИЗ не се предвидени буџетски стедства за реализација на Фитосанитарниот мониторинг, при што не може да се обезбеди соодветен внатрешен мониторинг и надзор, како што е утврдено со законот.

За реализација на Фитосанитарниот мониторинг треба да се додели годишен буџет за вршење официјални контроли на место на производство како и доставување на мострите за анализа до лабораториите од внатрешноста на државата како и при увоз. Со ова ќе се помогне поставувањето на приоритети на контролите на место на производство како и при увоз. Исто така треба да се распредели буџет за добивање на неопходната опрема за спроведување на официјални контроли.

Сите наплати од фитосанитарните прегледи, вклучувајќи ги и граничните контроли, се влеваат во буџет на Република Македонија, при што за 2014 година на сметка на Буџетот на Република Македонија се наплатени финансиски средства во висина од ***66.043.782,50 денари.***

**19.9.3. Лабораторија**

Теоретски, буџетот за лабораториските официјални контроли го распределува МЗШВ, но во моментов примероци се земаат и испитуваат во исклучителни случаи.
Обуката на лабораторискиот персонал се врши преку TAIEX, DG SANCO (BTSF), SIDA како и во Холандија.

**19.10. Систем за собирање на податоци и известување, проток на информации**

Секоја недела се организираат состаноци на ФУ со цел да се оценат извршените активности, а директорот поднесува извештај до министерот кој пак поднесува извештај до Владата.
Сè уште не е воспоставен информатичкиот систем. Регистрацијата на производите за заштита на растенијата како и фитосанитарниот регистар се вршат електронски, а достапни се и во печатена форма. Протокот на информации (правни документи) е главно преку електронска пошта, а од 2013 година и преку заеднички софтвер за целосна достапност на објавената легислатива и размена на податоци од Регистрите кои ги водат надлежните органи.

ДИЗ поднесува извештаи до министерот и до ФУ.
ДФЛ поднесува извештаи до министерот, до ФУ и ДИЗ.
Протокот на информации е периодичен и треба да се подобри.

**19.11. Планови за итни мерки и заемна поддршка**

Во моментов не се изготвени и реализирани плановите за итни мерки.
По финализирање на законодавството - хармонизирано национално закондавството на ЕУ во однос на Директивата 2007/33/ЕЗ на Советот од 11 јуни 2007 за контрола на цистолики нематоди кај компирот, Одлука 2003/766/ЕЗ на Комисијата од 24 октомври 2003 за мерки за спречување на ширење на Diabrotica virgifera Le Conte во Заедницата и Одлуката 2002/757/ЕЗ на Комисијата од19 септември 2002 временските фитосанитарни мерки со цел да се спречи внесување и ширење во Заедницата на Phytophthora ramorum Werres, De Cock&Man in't Veldsp.nov. ФУ има во план да почне со изработка на плановите за итни мерки за *Diabrotica virgifera, Globodera* sp., *Phytophthora ramorum.*

**19.12. Соработка меѓу партнерите**

ФУ остварува добра соработка со фитосанитатната инспекција - секторот за гранична контрола и лабораторијата, но засега не и со внатрешната контрола; Одобрените подзаконски акти и другата легислатива се објавуваат во Службен весник на Република Македонија.
ФУ соработува со Управата за семе и саден материјал, ДИЗ, Државниот инспекторат за шумарство и ловство, АХВ, Државната фитосанитарна лабораторија и други.

**19.13. Активности предвидени за контролниот систем за здравствена заштита на растенија и производи за заштита на растенија**

**Табела бр. 19.3**

| Број | Предвидени приоритети | Датум на спроведување |
|---|---|---|
| 1. | Приближување на националното законодавство со законодавството на ЕУ.<br>особено:<br>Директивата 2007/33/ЕЗ на Советот од 11 јуни 2007 за контрола на цистолики нематоди кај компирот;<br>Директива 2008/61/ЕЗ на Комисијата од 17 јуни 2008 за воспоставување на услови согласно кои одредени штетни организми, растенија, растителни производи и други предмети и објекти наведени во Анексите I до V кон Директивата 2000/29/ЕЗ на Советот, може да се внесат во или движат низ Заедницата или одредени заштитни зони на истите, за научни цели или да испитувања и за работа на одредени сорти грозје. | Хармонизација на националното законодавство со законодавството на ЕУ согласно условите на NPAA<br>ќе се одвива континуирано 2015,2016,2017 година. |
| 2. | Соработка со фитосанитарната инспекција, известувајќи ги за законодавството кое е приближено со тоа на ЕУ со цел негова примена во секојдневната работа, во рамките на нивните надлежности. | Од септември 2014 година, формирана е „Работна група за реформи во фитосанитарниот систем" која одржува редовни состаноци, заради решавање на тековни проблеми и подобрување на функционалноста на сите органи вклучени во фитосанитарниот систем Претходно, во текот на 2013 год. во функција е заеднички софтвер за поврзување на базите на податоци и брз проток на информации помеѓу релевантните органи од Фитосанитарниот систем (ФУ, ДИЗ). |
| 3. | Регистрација на правни лица во регистарот за термичка обработка и обележување на пакувања од дрво (ISPM 15) и контрола на истите. | 2015 - 2017 |
| 4. | Регистрација на правни лица во регистарот за производители, преработувачи, увозници и дистрибутери на растенија, растителни производи и други објекти и предмети. | 2015 - 2017 |
| 5. | Развој на план за обуки и реализација на обуките (за вработени и инспектори). | 2015 - 2017 |
| 6. | Подготовка на извештаи, анализи и други материјали за информирање на официјалните органи; | 2015 |
| 7. | Соработка со меѓународни организации, особено EPPO (Европска организација за заштита на растенијата). | 2015-2016 |
| 8. | Планирање и известување на јавноста (фармерите) заинтересирани за заштитата на растенијата и издавања на брошури/летоци. | 2015 |
| 9. | План за фитосанитарен мониторинг, предвидување и одредување на штетни организми и преземање на заштитни мерки и анализа и оценување на здравствената состојба на растенијата, со цел да се дефинира појавата и ширењето на штетни организми во земјата. | 2012 - 2015 Планот за фитосанитарен мониторинг за 2013г веќе е составен дел на измените на Програмата за фитосанитарна политика за 2013 год, додека постапките за негово спроведување се утврдени преку посебни подзаконски акти. |

| | | |
|---|---|---|
| 10 | Изработка на упатства/насоки за спроведување на контролите во однос на Директивата 2000/29/ЕЗ на Советот со кои се регулираат штетните организми кои биле откриени при истражувањата (искоренување и одржување на состојба без штетни организми). | 2015 |
| 11. | Изготвување на планови за итни мерки за штетни мерки кои се од голема важност за Македонија. | Листите со штетни организми се веќе изработени и објавени во 2010 година |
| 12. | Интервенција во случај на зголемена појава на некој штетен организам. | Во случај на зголемена појава (каламитет) на одреден штетен организам, се формира раб. група за интервенција со цел негово сузбивање. 2015 |
| 13. | Воспоставување и развој на фитосанитарен информативен систем | 2016 |
| 14 | Донесување на Стратегија од областа на фитосанитарната политика за утврдување на стратешките цели од фитосанитарната област | Во втората половина на 2015 година се планира донесување на Стратегија од обласста на фитосанитарната политика (2015-2020 година), која што ќе претставува стратешки документ во кој се утврдуваат стратешките цели на надлежните органи од фитосанитарниот систем. |

**19.14. Активности предвидени за производи за заштита на растенија**

**Табела бр. 19. 4.**

| **Број** | **Приоритети** | **Датум на спроведување** |
|---|---|---|
| 1. | Изготвување на нов Закон за фитофармација; | 31.12.2015 |
| 2. | Изготвување на подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за фитофармација | 2015-2020 |
| 3. | Изготвување на правилници од обласа на опремата (распрскувачи) за апликација на производи за заштита на растенијата - увоз, регистрација, обележување и контролно тестирање; | 31.12.2015 |
| 4. | Воспоставување на систем за постапување со амбалажата од употребените производи за заштита на растенијата, како и заостанатите количини од неупотребените производи за заштита на растенијата и производите за заштита на растенијата со поминат рок на траење | 2015-2017 |
| 6. | Издавање на брошури, печатени изданија и други публикации кои се однесуваат на производите за заштита на растенијата; | 31.12.2015 |
| 7. | Подготовка на извештаи, анализи и други материјали за информирање на официјалните органи; | континуирано |
| 8. | Одобрување на нови производи за заштита на растенијата | континуирано |
| 9. | Регистрација на правни лица за производство и промет на производи за заштита на растенијата на големо и мало | континуирано |
| | | |

## 19.15. Листа на Закони

### 19.15.1. Производи за заштита на растенијата :

- **Закон за производи за заштита на растенијата: (Службен весник на Република Македонија бр. 110/2007);**
- **Закон за изменување на законот за производи за заштита на растенијата: (Службен весник на Република Македонијабр. 20/2009; 17/2011; 53/2011ч 69/13 и 10/15).**

- Правилник за поблиските услови за производство, складирање, пласирање на пазарот на производите за заштита на растенијата, формата и содржината и начинот на водење на регистарот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/2008) ;
- Правилник за постапката за обработка на барањата и подетална документација и податоците за оценување на досието за производот за заштита на растенијата и потребните податоци, документи и постапката за пререгистрација на производите за заштита на растенијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 147/2009);
- Правилник за постапката за обработка на барањата и подеталната документација и податоците за активната супстанција, („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/2010);
- Правилник за процедуралните правила за работа на стручната комисија за потврдување на стручните работи од областа на одобрувањето на производите за заштита на растенијата. („Службен весник на Република Македонија“ бр. 139/10);
- Правилник за поблиските услови за пакувањето на производите за заштита на растенијата, декларирањето и означувањето на стандардните фази („Службен весник на Република Македонија“ бр. 144/2010) ;
- Правилник за висината на трошоците за одобрување на производи, издавање на сертификат за опрема и контролно тестирање на опрема („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/2010);
- Листа на активни супстанции кои се одобрени за користење во производи што се применуваат за зашита на растенијата на територијата на Европската Унија. („Службен весник на Република Македонија“ бр. 159/2010);
- Правилник за начинот и постапката под кои треба да се извршат официјалните тестови за ефикасноста на производите, просториите, кадровските и други услови и професионалната квалификуваност на лицата кои ќе ги спроведуваат официјално признаените тестови, („Службен весник на Република Македонија“ бр. 08/2011);
- Правилник за постапката за обработка на документација за оцена на активната супстанција, постапката за оценувањето на активните супстанции и барањето за нивно вклучување во националната листа на активните супстанции во согласност со униформните принципи (*), („Службен весник на Република Македонија“ бр. 18/2011 ) ;
- Национална листа со одобрени производи и активни супстанции за 2011 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/11);
- Правилник за формата и содржината на поканата за едукација, начинот на спроведување на едукацијата и начинот на водење на евиденција за спроведената едукација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 109/2011);
- Правилник за формата и содржината на барањето за неиздавање на одобрение односно недонесување на решение за одбивање на барањето за паралелен увоз на производи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 119/2011);
- Правилник за поблиските услови кои треба да ги исполнуваат правни лица кои работат со многу отровни супстанции и производи во однос на кадровските, организационо-техничките и други услови и начинот на употреба и користењето на многу отровни супстанции. („Службен весник на Република Македонија“ бр. 154/2011);
- Правилник за начинот на евидентирање на користење на биоагенсите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 170/11);
- Правилник за декларирање и означување на другите производи за зашита на растенијата пласирани на пазарот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 14/2012).

- Правилник за начинот и принципите за работа на стручниот совет („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/2012)
- Национална листа на одобрени производи и активни супстанции за 2012 година ( Сл.весник бр. 121 / 2012 ) ;
- Правилник за поблиските услови за барањето за упис на другите производи за заштита на растенијата во регистарот и содржината на регистарот ( Сл.весник бр. 44 / 2013 ) ;
- Национална листа на одобрени производи и активни супстанции за 2013 година ( Сл.весник бр. 105 / 2013 ) ;
- Програма за спроведување на мониторинг во областа на производството, преработката, складирање, дистрибуција, употреба и сообразност на производите за заштита на растенијата и резидуи од производи за заштита на растенијата во производи од примарно земјоделско производство за 2013 година ( Сл.весник бр. 127 / 2013 ) ;
- Програма за спроведување на мониторинг во областа на производството, преработката, складирање, дистрибуција, употреба и сообразност на производите за заштита на растенијата и резидуи од производи за заштита на растенијата во производи од примарно земјоделско производство за 2014 година ( Сл.весник бр. 8 / 2014 ) ;
- Правилник за формата, содржината и начинот на водење и чување на евиденцијата за секое третирање на растенијата и на растителните производи од страна на корисниците кои употребуваат производи за заштита на растенијата ( Сл.весник бр. 156 / 2014 ) ;
- Одлука за определување на гранични премини на кои може да се врши увоз и извоз на производи за заштита на растенијата ( Сл.весник бр. 190 / 2014 ) ;
- Одлука за висината на трошоците за работа на стручниот совет од експерти од областа на заштита на растенијата, механизација, хемија, екотоксикологија и токсикологија ( Сл.весник бр. 197 / 2014 ) ;
- Програма за спроведување на мониторинг во областа на производството, преработката, складирање, дистрибуција, употреба и сообразност на производите за заштита на растенијата и резидуи од производи за заштита на растенијата во производи од примарно земјоделско производство за 2015 година ( Сл.весник бр. 198 / 2014 ) ;

Одлука за висината на трошоците за работа на стручната комисија ( Сл.весник бр. 198 / 2014 ).

**Листа на подзаконски акти и измени и дополнувања кои произлегуваат од Законот за здравјето на растенијата:**

- Листи на штетни организми, растенија, растителни производи и други објекти и предмети („Службен весник на Република Македонија“ бр. 65/10);
- Правилник за мерките и начинот на спроведување на мерките за уништување или отстранување на штетните организми и мерките за начинот на спроведување на дезинфекција, дезинсекција и дератизација на штетните организми („Службен весник на Република Македонија“ бр. 131/10);
- Правилник за формата, содржината и начинот на водење на Регистарот за производители, преработувачи , увозници и дистрибутери на растенија, растителни производи и други објекти и предмети (*) – („Службен весник на Република Македонија“ бр. 131/10);
- Правилник за мали количества растенија, растителни производи и други објекти и предмети вклучувајќи и прехранбени производи (*) – („Службен весник на Република Македонија“ бр. 131/10);
- Правилник за начинот на водење евиденција, начинот на спроведување на проверките на здравјето на растенијата, содржината и начинот на известување за податоците за производство, преработка, промет со растенија, растителни производи и други објекти и предмети (*) – („Службен весник на Република Македонија“ бр. 131/10);
- Правилник за начинот на вршење на фитосанитарната инспекција при увоз на пратки од листата V дел Б секција 1 (*) – („Службен весник на Република Македонија“ бр. 131/10);
- Правилник за пасоши за растенија (*) – („Службен весник на Република Македонија“ бр. 131/10);
- Правилник за поблиските критериуми за утврдување на малите производители или преработувачи и локалните пазари (*) – („Службен весник на Република Македонија“ бр. 131/10);
- Правилник за временски периоди и начинот на вршење на фитосанитарна инспекција на растенија, растителни производи и други објекти и предмети наведени во листа V дел А секција 1 и листа V дел А секција 2 (*) – („Службен весник на Република Македонија“ бр. 131/10);

- Правилник за условите за движење на пратките на растенија, растителни производи и други објекти и предмети наведени во листа V дел А секција 2(*) – („Службен весник на Република Македонија“ бр. 131/10);
- Правилник за начинот и постапката на вршење на фитосанитарна инспекција на растенија, растителни производи и други објекти и предмети на места на влез во Република Македонија (*) – („Службен весник на Република Македонија“ бр. 111/10);
- Одлука за определување на местата на влез на кои ќе се врши фитосанитарната инспекција – („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/10 );
- Правилник за формата и содржината на фитосанитарниот сертификат или фитосанитарниот сертификат за реекспорт и формата и содржината на пријавата за издавање на фитосанитарен сертификат („Службен весник на Република Македонија“ бр. 113/10);
- Правилник за изменување на Правилникот за формата и содржината на фитосанитарниот сертификат или фитосанитарниот сертификат за реекспорт, и формата и содржината на пријавата за издавање на фитосанитарниот сертификат („Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/11);
- Законот за изменување и дополнување на Законот за здравјето на растенијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 17/11);
- Закон за дополнување на Законот за здравјето на растенијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 57/10);
- Правилник за поблиски услови во однос на просториите и опремата за давање на јавни услуги од областа на здравјето на растенијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/11);
- Правилник за мерки преземени од сопственикот за спречување на ширење на штетни организми и нивно сузбивање („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/11);
- Наредба за спроведување на посебен надзор за утврдување на присуството на бактеријата Clavibacter michiganensis (Smith) Davis et al. ssp. sepedonicus (Spieckermann et Kotthoff) Davis et al. и постапките за лабораториско испитување. (*) („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/11);
- Наредба за спроведување на посебен надзор за утврдување на присуството на бактеријата Ralstonia solanacearum (Smith) Yabuuchi et al . и постапките за лабораториско испитување. (*) („Службен весник на Република Македонија“ бр. 131/11);
- Наредба за спроведување на меѓународен стандард за издавање на фитосанитарен сертификат за извоз бр.7 („Службен весник на Република Македонија“ бр. 113/11);
- Наредба за спроведување на меѓународниот стандард за насоки и фитосанитарен сертификат бр.12 (Службен весник на Република Македонија бр. 113/11);
- Наредба за спроведување на меѓународен стандард за насоки при преглед бр.23 („Службен весник на Република Македонија“ бр. 113/11);
- Наредба за спроведување на меѓународниот стандард за утврдување на статусот на штетни организми во областа, бр („Службен весник на Република Македонија“ бр. 123/11)
- Наредба за спроведување на меѓународниот стандард за насоки при извоз, транспорт, увоз и ослободување на агенси за биолошка контрола и останати корисни организми бр .3 („Службен весник на Република Македонија“ бр. 156/11 );
- Наредба за спроведување на меѓународниот стандард за фитосанитарни третмани за регулирани штетни организми, бр 28 („Службен весник на Република Македонија“ бр. 156/11)
- Наредба за спроведување на меѓународниот стандард за речник на фитосанитарни термини бр. 5 („Службен весник на Република Македонија“ бр. 165/11)
- Наредба за спроведување на меѓународниот стандард за анализа на ризик на штетни организми за регулирани некарантински штетни организми 21 („Службен весник на Република Македонија“ бр. 11/12)
- Наредба за спроведување на меѓународниот стандард за упатство за фитосанитарен увоз на регулаторен систем бр 28 („Службен весник на Република Македонија“ бр. 11/12)
- Наредба за спроведување на меѓународниот стандард за насоки на регулаторен систем за фитосанитарен увоз бр.20 ( „Службен весник на Република Македонија“ бр. 11/12 ).
- Наредба за спроведување на меѓународниот стандард за анализа на ризик од штетни организми за регулирани некарантински штетни организми бр.21 („Службен весник на Република Македонија“ бр. 11/12 ).

- Наредба за спроведување на меѓународниот стандард за фитосанитарни принципи за заштита на растенијата и примена на фитосанитарни мерки во меѓународната трговија бр.1 („Службен весник на Република Македонија бр.116/12);
- Наредба за спроведување на меѓународниот стандард за проектирање и функционирање на карантинските станици за увезените растенија бр.34 („Службен весник на Република Македонија бр.116/12);
- Наредба за спроведување на меѓународниот стандард за пријавување на штетни организми бр.17 (Сл.весник на Република Македонија бр.138/12);
- Наредба за спроведување на меѓународниот стандард за упатства за листи на регулирани штетни организми бр.19 (Сл.весник на Република Македонија бр.138/12);
- Наредба за спроведување на меѓународниот стандард за пратките во транзит бр.25 (Сл.весник на Република Македонија бр.142/12);
- Наредба за спроведување на меѓународниот стандард за методи за земање на примероци од пратки бр.31 ( Сл.весник на Република Македонија бр.52/13);
- Наредба за спроведување на меѓународниот стандард за микропропагација на материјалот од компир кој е слободен од штетни организми и миникртоли наменети за меѓународна трговија бр.33 ( Сл.весник на Република Македонија бр.26/13);
- Наредба за спроведување на меѓународниот стандард за упатства за надзор бр.6 (Сл.весник на Република Македонија бр.26/13);
- Наредба за спроведување на меѓународниот стандард за упатства за програмите за уништување на штетни организми бр.9 (Сл.весник на Република Македонија бр.25/13);
- Наредба за спроведување на меѓународниот стандард за рамка за анализа на ризик од штетни организми бр.2 (Сл.весник на Република Македонија бр.133/13);
- Наредба за спроведување на меѓународниот стандард за насоки за известување при неусогласеност и преземање на итни мерки бр.13 (Сл.весник на Република Македонија бр.145/13);
- Наредба за спроведување на меѓународниот стандард за регулирање на дрвениот материјал за пакување во меѓународната трговија бр.15 (Сл.весник на Република Македонија бр.183/13);
- Наредба за спроведување на посебен надзор за утврдување на присуството на габата Synchytrium Endobioticum (Schill). и постапките за лабораториско истражување (*) (Сл.весник на Република Македонија бр.34/14);
- Наредба за спроведување на меѓународниот стандард за утврдување на места слободни од штетни организми и производен простор слободен од штетни организм бр.10 (Сл.весник на Република Македонија бр.123/14);
- Наредба за спроведување на меѓународниот стандард за утврдување на услови за определување на подрачја слободни од штетни организми бр.2 (Сл.весник на Република Македонија бр.136/14);
- Правилник за начинот на спроведување на здравствен преглед и начинот на земање на примероци на тутун над кои се врши фитосанитарен мониторинг (Сл.весник на Република Македонија бр.23/15);
- Правилник за начинот на спроведување на здравствен преглед и начинот на земање на примероци на семенски и меркантилен компир над кои се врши фитосанитарен мониторинг (Сл.весник на Република Македонија бр.113/13);
- Правилник за начинот на спроведување на здравствен преглед и начинот на земање на примероци на овошни видови и виновата лоза над кои се врши фитосанитарен мониторинг (Сл.весник на Република Македонија бр.113/13);

Правилник за начинот на спроведување на здравствен преглед и начинот на земање на примероци на градинарски култури на отворено и во затворен простор над кои се врши фитосанитарен мониторинг (Сл.весник на Република Македонија бр.113/13).

**Листа на подзаконски акти и измени и дополнувања кои произлегуваат од Законот за ѓубриња:**

- Закон за ѓубриња ( Сл.весник бр. 110 / 2007; 20 / 2009; 17 / 2011; 148/2011; 69/2013);
- - Закон за изменување и дополнување на Законот за ѓубриња ( Сл.весник бр.148/2011 )
- Закон за изменување и дополнување на Законот за ѓубриња ( Сл.весник бр.17/2011 )
- Закон за изменување и дополнување на Законот за ѓубриња ( Сл.весник бр.20/2009 )
- Закон за изменување и дополнување на Законот за ѓубриња ( Сл.весник бр.69/2013 )

• Правилник за содржината на согласноста за пакување и доработување на ѓубрињата и другите услови кои треба да ги исполнуваат правните лица кои произведуваат, доработуваат, вршат пакување, како и секое друго правно лице кое ги менува својствата на ѓубрето ( Сл.весник бр. 119 / 2010 );

• Правилник за поблиските услови кои треба да ги исполнуваат правните лица овластени за испитување на ѓубрињата ( Сл.весник бр. 129 / 2010 );

• Правилник за формата содржината и начинот на водење на Регистарот на правни лица за пласирање на пазар на ѓубриња на големо и на мало ( Сл.весник бр. 145 / 2010 );

• Правилник за поблиските услови за магацините, условите за сместување и чување на ѓубривата и условите за заштита на животната средина при пласирање на пазар на ѓубриња на големо и мало ( Сл.весник бр. 150 / 2010 );

• Правилник за видови на подобрувачи на својствата на почвата, постапката и документите за класификација на нов подобрувач на својствата на почвата на одреден вид, означување, идентификација, содржината на макроелементите, секундарните макро и микроелементи, минимални и максимални количества на хранливи елементи и примеси ( Сл.весник бр. 06 / 2011 );

• Правилник за постапката и документацијата за евидентирање и содржината на евиденцијата на ѓубрињата кои се увезуваат( Сл.весник бр. 96 / 2009 );

• Правилник за неоргански ѓубриња ( Сл.весник бр. 96 / 2009 )

• Правилник за поблиските услови за увоз, формата, содржината и начинот на водење на регистарот на увозници на ѓубриња ( Сл. Весник бр.41/2011 )

• Правилник за формата и содржината на поканата за едукација, начинот на спроведување на едукацијата и начинот на водењето на евиденцијата за спроведената едукација од 15.08.2011 ( Сл.весник бр.109/2011 )

• Правилник за формата и содржината и начинот на водење на регистарот на производители на ѓубриња, постапката и документацијата за запишување во регистарот на производители, условите за евидентирање на ѓубрето во листата на ѓуброња кои се произведуваат и пласираат на пазар(*) ( Сл.весник бр.120/2011 )

• Правилник за постапка за барање на суперанализа ( Сл.весник бр.116/2011 )

• Правилник за видовите на биостимулатори, постапката и документите за класификација на новиот биостимулатор во одреден вид, начинот на означување и идентификација, содржината на физиолошките активни компоненти и хранливи елементи, минимални и максимални количества на физиолошки активните компоненти и хранливи елементи и процеси во биостимулаторите (*) ( Сл.весник бр.106/2011 )

• Правилник за видовите на органски ѓубриња, постапката и документите за класификација на ново органско ѓубре во одреден вид, означување и идентификација, содржина на макроелементи, секундарни макроелементи, минимални и максимални количества на хранливи елементи и примеси (*) ( Сл.весник бр.78/2011 )

• Правилник за видовите на микробиолошки ѓубриња, постапката и документите за класифицирање на новото микробиолошко ѓубре во одреден вид, начинот на означување и идентификација, содржината на микроорганизмите, минимални и максимални количества на микорорганизми и примеси (*) ( Сл.весник бр.73/2011 )

• Правилник за начинот на собирање на податоци и водење на евиденција за контролата за квалитетот на производството на секоја шаржа на ѓубре пред да се пласираат на пазар (*) ( Сл.весник бр.67/2011 )

• Правилник за начинот на евидентирање на заостанатите количини на ѓубриња и суровини кои не можат да се преформулираат, од кои не може да се произведуваат ѓубриња, како и нивните пакувања, заради собирање, сместување и уништување ( Сл.весник бр.119/2011 )

- Правилник за правилата за добра земјоделска пракса за употреба на ѓубрињата (*) ( Сл.весник бр.68/2011 )

- Правилник за начинот за контрола на условите на пласирање на ѓубрињата на пазар на големо и мало и на контрола на квалитетот на ѓубриња, методите за земање на примероци и испитување количество на примероци и постапката (*) ( Сл.весник бр.115/2011 )

- Правилник за начинот на пласирање на пазар на ѓубриња во ринфузна состојба (*) од 04.11.2011 ( Сл.весник бр.154/2011 )

- Правилник за формата и содржината на барањето заради недонесување на решение за упис во регистарот на производители на ѓубриња и решение за евидентирање на ново ѓубре во листата на ѓубриња односно заради недонесување на решение за одбивање на барањето за упис во регистарот на производители на ѓубриња и на барањето за донесување на решение за евидентирање на ново ѓубре во листата на ѓубриња од 28.12.2011 ( Сл.весник бр.182/2011 ) НАЦИОНАЛЕН АКТ

- Правилник за формата и содржината на барањето за упис во регистарот на правни лица за пласирање на пазар на ѓубриња на големо од 28.12.2011 ( Сл.весник бр.182/2011 ) НАЦИОНАЛЕН АКТ

- Правилник за формата и содржината на барањето заради недонесување на решение за упис во регистарот на правни лица за пласирање на пазар на ѓубриња на големо односно заради недонесување на решение за одбивање на барањето за упис во регистрот на правни лица за пласирање на пазар за ѓубриња на големо од 28.12.2011 ( Сл.весник бр.182/2011 ) НАЦИОНАЛЕН АКТ

- Правилник за формата и содржината на барањето за упис во регистарот на правни лица за пласирање на пазар за ѓубриња на мало од 28.12.2011 ( Сл.весник бр.182/2011 ) НАЦИОНАЛЕН АКТ

- Правилник за формата и содржината на барањето заради недонесување на решение за упис во регистарот на правни лица за пласирање на пазар на ѓубриња на мало односно заради недонесување на решение за одбивање на барањето за упис во регистрот на правни лица за пласирање на пазар за ѓубриња на мало од 28.12.2011 ( Сл.весник бр.182/2011 ) НАЦИОНАЛЕН АКТ

- Правилник за формата и содржината на барањето за евидентирање на ѓубриња кои се увезуваат од 28.12.2011 ( Сл.весник бр.182/2011 ) НАЦИОНАЛЕН АКТ

- Правилник за формата и содржината заради недонесување на решението за евидентирање на ѓубриња кои се увезуваат односно заради недонесување на решение за одбивање на барањето за евидентирање на ѓубрињата кои се увезуваат од 28.12.2011 ( Сл.весник бр.182/2011 ) НАЦИОНАЛЕН АКТ

- Правилник за формата и содржината на барањето за упис во регистарот на увозници на ѓубриња од 28.12.2011 ( Сл.весник бр.182/2011 ) НАЦИОНАЛЕН АКТ

- Правилник за формата и содржината на барањето заради недонесување на решение за упис во регистарот на увозници на ѓубриња заради недонесување на решение за одбивање на барањето за упис во регистарот на увозници на ѓубриња од 28.12.2011 ( Сл.весник бр.182/2011 ) НАЦИОНАЛЕН АКТ

- Правилник за формата и содржината на поканата за едукација, начинот на спроведување на едукацијата и начинот на водењето на евиденцијата за спроведената едукација од 15.08.2011 ( Сл.весник бр.109/2011 ) НАЦИОНАЛЕН АКТ

- Правилник за начинот на преглед на пратката ѓубриња и документацијата по пристигнување на граничен премин и по потреба земање примероци, испитувањето, количеството на примероци и постапката за доставување на примероците до лабораторија (*) ( Сл.весник бр.73/2011 )

- Правилник за начинот на спроведување на мерките за привремена или трајна забрана на производство и пласирање на ѓубрето на пазар во зависност од проценката на ризикот од ѓубрето за здравјето на луѓето, животните, растенијата и животната средина (*) ( Сл.весник бр.115/2011 )

- Правилник за условите под кои ѓубрето може да се пласира на пазар, односно да се евидентира, како и остатокот од пробното производство, условите од извоз или крајниот корисник (*) ( Сл.весник бр.120/2011 )

- 33. Правилник за начинот и принципите за работа на стручниот совет (Сл.весник бр.132/2012) НАЦИОНАЛЕН АКТ

- 34. Правилник за висината на трошоците за испитување на ѓубрињата при контрола на производство, увоз и пласирање на пазарот и употреба (Сл.весник бр.170/2012) НАЦИОНАЛЕН АКТ

- 35. Правилник за формата и содржината на декларацијата и поблиските услови за означувањата на ѓубрињата (Сл.весник бр.95/2013)

**19.15.2. Правилници кои произлегуваат од законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија:**

- Правилникот за трговија со семенски материјал од фуражни растенија и репа (Службен весник на Република Македонија бр. 08/07), е хармонизиран со Директивите на ЕУ бр 66/401 и 66/400.
- Правилникот за трговија со семенски материјал од житни растенија (Службен весник на Република Македонија бр. 08/07), е хармонизиран со Директивата на ЕУ бр. 66/402.
- Правилникот за трговија со семенски материјал од маслодајни и влаконодајни растенија (Службен весник на Република Македонија бр. 32/07), е хармонизиран со Директивата на ЕУ бр 2002/57.
- Правилникот за трговија со семенски материјал од градинарни растенија (Службен весник на Република Македонија бр.59/07), е хармонизиран со Директивата на ЕУ бр 2002/55.
- Правилникот за трговија со семенски материјал од тутун (Службен весник на Република Македонија бр. 28/08),
- Правилник за условите што треба да ги исполнува добавувачот за да се запише во регистарот на семенски материјал и регистарот на саден материјал, содржината и начинот на водење на регистрите и содржината на барањето за запишување (Службен весник на Република Македонија бр. 08/07).
- Правилник за начинот на земање примероци и постапка за вршење пост-контрола и одредување на процентот на примероците кој се вклучува во постконтролата на одделни видови и сорти на земјоделски растенија (Службен весник на Република Македонија бр. 107/07).
- Правилник за кадровските, просторните и техничките услови и начинот на работа на овластените правни лица за вршење стручна контрола на производство на семенски посеви и насади на саден материјал од видови и сорти од земјоделски растенија бр. 20/07).
- Правилник за количините на семенски и саден материјал потребен за испитување (Службен весник на Република Македонија бр. 38/07).
- Правилник за висината на надоместување на трошоците за испитување на вредноста за производството и употреба на сортата со сортни опити и висината на надомест за работата на Комисијата за национална сортна листа за земјоделски растенија (Службен весник на Република Македонија бр. 38/07).
- Правилник за начинот на работа, просторната и техничката опременост на овластените лаборатории и методи за испитување на квалитетот на семенскиот материјал кај земјоделските растенија бр. 61/07).
- Правилникот за трговија со семенски компир (Службен весник на Република Македонија бр.62/09), е хармонизиран со Директивата на ЕУ бр 2002/56 ЕЕЗ.
- Правилникот за трговија со саден материјал - расад (Службен весник на Република Македонија бр. 158/08) е хармонизиран со Директивата бр. 92/33/ЕЗ на ЕУ .
- Правилникот за запишување на сорта во Националната сортна листа и за водење на национална сортна листа (Службен весник на Република Македонија бр. 103/09) е хармонизиран со Директивата бр. 2002/53/ЕЗ на ЕУ.
- Правилник за содржината на барањата, формата и содржината на образецот и начинот на водење на евиденција за посебна увозна дозвола на семенски и саден материјал за земјоделски растенија (Службен весник на Република Македонија бр 47/09).

- Правилник за постапките и методите за испитување на видови и сорти на земјоделски растенија и видовите и сортите на земјоделски растенија за кои не е потребно испитување на производна и употребна вредност (Службен весник на Република Македонија бр 85/09).
- Правилник за постапките и методите за испитување на различност, еднообразност и стабилност на сортата (DUS-test) кај земјоделски растенија (Службен весник на Република Македонија бр. 110/10).
- Правилник за формата и содржината на барањето за продолжување на запишување на сортата во Националната сортна листа, како и начинот и постапката за продолжување на запишувањето. (Службен весник на Република Македонија бр 137/10).
- Правилник за видот и количините на семе и саден материјал на одделни видови наменети за лична употреба на производителите чиј упис е незадолжителен во регистрите на снабдувачи на семенски и саден материјал. (Службен весник на Република Македонија бр 23/11).
- Правилник за трговија со материјал за размножување и саден материјал од овошни растенија наменет за производство на овошје. (Службен весник на Република Македонија бр. 84/11), Директива 2008/90/ЕЗ на ЕУ
- Правилник за количеството на семенски и саден материјал од видови на земјоделски растенија во оригинално пакување кои можат да се увезат за лична употреба (Службен весник на Република Македонија бр. 107/11) Национален акт
- Правилник за формата и содржината на поканата за едукација, начинот на спроведување на едукацијата и начинот на водење на евиденција за спроведената едукација Република Македонија бр. (Службен весник на Република Македонија бр. 109/11) Национален акт
- Правилник за трговија со материјал за вегетативно размножување на виновата лоза (Службен весник на Република Македонија бр. 116/11) Директива 68/193/ЕЕЗ на ЕУ
- Правилник за количините, условите и начинотна чување на референтните примероци од видови и сорти на земјоделски растенија како и начинот на работа на Ген банката (Службен весник на Република Македонија бр. 144/11) Национален акт

**19.15.3. Правилници кои произлегуваат од Законот за селекционерски права**

- Правилник за формата, содржината и постапката на поднесување на пријавата, потребните информации, документи или материјал за доделување на селекционерско право, формата, содржината и начинот на водење на Регистарот на селекционерски права. (Службен весник на Република Македонија бр 134/10).
- правилник за составот и начинот на работа на Комисијата за заштита на растителните родово и земјоделските растенија. (Службен весник на Република Македонија бр 134/10).
- Правилник за висината на трошоците за доделување на селекционерско право и за висината на надоместокот за одржување на селекционерското право. (Службен весник на Република Македонија бр. 66/11) во согласност со UPOV)

## Поглавје 20 - Лабораториски контролен систем во Агенцијата за храна и ветеринарство

### 20.1. Општи стратешки цели

**Вовед**

Лабораториските испитувања се важен дел од еден официјален контролен систем. Анализите се користат како доказ за сообразност на објектот подложен на мониторинг, во однос на утврдените закони и регулативи. Резултатите од лабораториските испитувања претставуваат објективна основа за активностите кои ги презема надлежниот орган со цел да обезбеди висок степен на здравствена заштита на животните и луѓето во Македонија, како на долгорочно ниво така и во однос на решавање на одредени проблеми.

**20.2. Избирање и номинирање на лаборатории вклучени во официјални контроли**

**Општ опис**

Спектарот и бројот на лабораториски испитувања се предвидува од страна на соодветните сектори на АХВ и се ставаат на листа за нивно извршување во лаборатории кои се официјално номинирани.

Одреден број на лаборатории се вклучени во официјалните контроли во Македонија Овие лаборатории се избираат врз основа на расположливоста на техничка експертиза и можноста да се спроведе бараното испитување. Со член 79 од Законот за храна на Македонија, се утврдува дека лабораториските анализи и испитувања на храна и производи и материјали кои доаѓаат во контакт со храна за целите на бизнис операторите со храна, се вршат од страна на акредитирани лаборатории. Барањата за доделување акредитација на официјалните лабораторији ист така се утврдени во Регулативата (ЕЗ) бр. 882/2004 член 33 став (3). Па изборот на лаборатории треба да се прави врз основа на нивната компетентност која се докажува преку статусот за акредитација согласно барањата на стандардот МКС ISO/IEC 17025:2006 кој го обезбедува Институтот за акредитација на Република Македонија (ИАРМ). Македонското тело за акредитација е меѓународно признаено тело, бидејќи ИАРМ е полноправна членка на Европската асоцијација за акредитација од ноември 2007 година и членка на ILAC од декември 2008 година.

Изборот на лаборатории за официјални контроли се врши преку тендерска постапка која ја покренува Одделението за контрола и координација на лаборатории на АХВ. Предвидено е до април 2012 година да се најави тендер за обезбедување услуги за тестирање. Врз основа на релевантното законодавство на Република Македонија се изработува листа на анализи кои ги бара АХВ (на пример, Правилник за посебните барања кои се однесуваат на микробиолошките критериуми за храната („Службен весник на Република Македонија" бр. 100/13).

По тендерот, лабораториите се номинираат за извршување на лабораториски испитувања во рамките на државните програми за мониторинг и се склучува договор со АХВ. Во договорот меѓу АХВ и лабораториите се наведува следново:

- номинација за предметот на анализи;
- ценовник за номинираниот предмет на анализи;
- обврските на лабораторијата во однос на стандардот за квалитет на услугите;
- обврските на лабораторијата во однос на обучување на персоналот кој е вклучен во програмата за официјални контроли;
- правила за проток на информации меѓу лабораторијата и надлежниот орган;
- задачите и листата на референтни фунцкии на лабораторијата (ако е релевантно).

Во моментов АХВ има склучено договор со Факултетот за ветеринарна медицина при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" и во овој договор се дадени потребните информации со исклучок на анексите или упатувањата до процедурите каде што е опишано максималното времетраење на анализите и минималниот број на примероци.

**20.3. Листа на лаборатории вклучени во официјални контроли**

Заради моменталната состојба и недостигот на акредитирани лаборатории, се утврдува дека и во официјалните контроли се вклучени и акредитирани и неакредитирани лаборатории. Прелиминарниот краен рок за употребата на неакредитирани лаборатории е декември 2013 година.

Листата на акредитирани лаборатории за официјални контроли е дадена во табела бр. 20.1.

**Табела бр. 20.1**

**Лабораторции кои се користат за официјални контроли**

| Назив на лабораторија | Адреса и информации за контакт | Област на надлежност и номинирани функции | Врска со предметот за акредитација |
|---|---|---|---|
| Институтот за јавно здравје на РепубликаМакедонија. Центар за референтни лаборатории | ул.50 Дивизија бр.6, Скопје 1000, Македонија http://www.iph.mk | Испитувања на критериумите за хемиска и микробиолошка безбедност за прехранбени производи од неживотинско потекло | http://www.iarm.gov.mk/files/Akreditirani-tela/Laboratorii/OB05-25_LT-005.pdf |
| Универзитет „Св.Кирил и Методиј“. Факултет за ветеринарна медицина Скопје; Институт за храна Ветеринарен институт | Лазар Поп-Трајков бр. 5-7 – Скопје, Македонија http://www.fvm.ukim.edu.mk | Испитувања на критериумите за хемиска и микробиолошка безбедност за прехранбени производи од животинско потекло Дијагностика на болести кај животните | http://www.iarm.gov.mk/files/Akreditirani-tela/Laboratorii/OB05-25_LT-006.pdf |
| Центар за јавно здравје, Тетово | 29 ноември бб – Тетово, Макеоднија | Испитувања на критериумите за хемиска и микробиолошка безбедност за прехранбени производи во тетовскиот регион | http://www.iarm.gov.mk/files/Akreditirani-tela/Laboratorii/OB05-25_LT-009.pdf |
| Центар за јавно здравје, Кочани | МиланЗечар бр 21 – Кочани, Македонија http://www.zzz-kocani.org.mk | Испитувања на критериумите за хемиска и микробиолошка безбедност за прехранбени производи во кочанскиот регион | http://www.iarm.gov.mk/files/Akreditirani-tela/Laboratorii/OB05-25_LT-010.pdf |
| Центар за јавно здравје, Куманово | 11 октомври бб – Куманово, Македонија | Испитувања на критериумите за хемиска и микробиолошка безбедност за прехранбени производи во кумановскиот регион | http://www.iarm.gov.mk/files/Akreditirani-tela/Laboratorii/OB05-25_LT-011.pdf |
| Центар за јавно здравје, Битола | Партизанска бб – Битола, Макеоднија http://www.zzzbt.org.mk | Испитувања на критериумите за хемиска и микробиолошка безбедност за прехранбени производи во битолскот регион | http://www.iarm.gov.mk/files/Akreditirani-tela/Laboratorii/OB05-25_LT-013.pdf |
| ИЈЗ Центар за јавно здравје, Скопје | Скопје, Македонија | Испитувања на критериумите за хемиска и микробиолошка безбедност за прехранбени производи во скопскиот регион | http://www.iarm.gov.mk/files/Akreditirani-tela/Laboratorii/OB05-25_LT-019.pdf |
| ИЈЗ Центар за јавно здравје, Велес, Сектор за лаборатории | ул.. „Лазо Осмаков” бр.14 Велес, Македонија | Испитувања на критериумите за хемиска и микробиолошка безбедност за прехранбени производи во велешкиот регион | http://www.iarm.gov.mk/files/Akreditirani-tela/Laboratorii/OB05-25_LT-027.pdf |
| Центар за јавно здравје, Охрид | Охрид, Македонија | Испитувања на критериумите за хемиска и микробиолошка безбедност за прехранбени производи во охридскиот регион | Лабораторијата не е акредитирана |
| Центар за јавно здравје, Штип | Штип, Македонија | Испитувања на критериумите за хемиска и микробиолошка безбедност за прехранбени производи во штипскиот регион | Лабораторијата не е акредитирана |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Центар за јавно здравје, Струмица<br><br>Институт за хигиена и технологија на месо | Струмица, Македонија | Испитувања на критериумите за хемиска и микробиолошка безбедност за прехранбени производи во велешкиот регион | Лабораторијата не е акредитирана |
| Институт за хигиена и технологија на месо | Качански пат 13 Белград, Србија | Одредување и потврда на хемиските супстанции од група А1, А2, А6 и Б1 | http://www.ats.rs/upload/dl/REGISTAR/LAB_ZA_ISPITIVANJE/01-049.pdf |
| Ветеринарен Факултет на Универзитетот во Љубљана | Гербичева 60, 1000 Љубљана, Словенија | Одредување и потврда на хемиските супстанции од група А3, А4, и А5 | http://www.slo-akreditacija.si/teksti-1/doc/test/LP021.pdf |

### 20.4. Лабораториски контролен систем

Лабораториите кои се вклучени во официјалните контроли се надлежни за избор на методот за анализа, неговата примена и сообразноста со барањата на законодавството на ЕУ. Претежно ги користат стандардните методи на тестирање (ISO, EN, стандардни методи прифатени од OIE, методи од законодавството на ЕУ итн.). Во случај споменатите методи да не се достапни, се применуваат внатрешно развиени методи. Во моментов има над 200 методи на тестирање во предметот за акредитација на лабораториите во Македонија кои се вклучени во офиицјалните контроли, и овие лаборатории ја обезбедуваат реализацијата на програмата за официјален надзор на државата

Лабораториите кои се вклучени во официјалните контроли, треба да продолжат со унапредување на техничките можности. Ќе се врши набавка на модерна аналитичка опрема со цел да се исполнат барањата на законодавството на ЕУ и препораките на референтните лаборатории на ЕУ. Развојот на методите за анализа на резидуи од ветеринарни лекови ќе продолжи во иднина бидејќи во моментов се применуваат само скрининг методите.

Во случај лабораториите во Македонија да не можат да ги направат испитувањата, истото се наложува на странските лаборатории и научни институции. Овие лаборатории треба да се акредитирани и да се применуваат методи кои се во согласност со законодавството на ЕУ. Функциите за избор на таквите лаборатории ги доделува АХВ на референтните лаборатории. Досега се користеле следниве странски лаборатории за испитување на резидуи од ветеринарни лекови:

1. Институт за хигиена и технологија на месо, Белград, Србија (http://www.inmesbgd.com/). Одредување и потврда на хемиските супстанции од група А1, А2, А6 и Б1
2. Ветеринарен Факултет на Универзитетот во Љубљана, Љубљана, Словенија (http://www.vf.uni-lj.si/vf/). Одредување и потврда на хемиските супстанции од група А3, А4 и А5

Лабораториите вклучени во официјалните контроли треба да исполнуваат различни критериуми пред примена на методот во процесот за надзор. Обезбедуваат повисок степен на кредибилитет, како за резултатите од одредени анализи така и на целокупниот систем за официјален надзор. Исто така, создаваат опсежна методолошка основа за понапредни експериментални истражувања и научни активности во однос на познавањата и технологиите. Сите методи вклучени во предметот на испитување кои лабораториите ги користат за официјални контроли, треба да се оценат во однос на критериумите опишани во Анекс III од Регулативата (ЕЗ) бр.882/2004 (точност, прецизност.).

Со цел да се обезбеди висок степен на точност и кредибилитет на резултатите, сите лаборатории кои се вклучени во официланите контроли, учествуваат во плановите за испитување на квалитет, што вклучува: внатрешно испитување на познавањата, меѓу-лабораториско испитување и планови за валидација на методи).

**Табела бр. 20.2**

| Опис на активноста | Зачестеност |
|---|---|
| Учество во меѓународни или национални програми за испитување на знаењата, во случај да се користат медоти за државната контролна програма | Еднаш годишно за сите лаборатории вклучени во официјалните контроли<br>Еднаш за време на период на акредитација, ако методите се вклучени во предметот на акредитација |
| . | По покана на референтната лабораторија на ЕУ. |

Недостигот на акредитирани лаборатории и/или акредитирани методи ја одредува потребата за примена на неакредитирани методи во рамките на планот за официјални контроли за преодниот период Со цел да се обезбеди соодветна примена на методите за испитување, Оделението за контрола и координација на лабораториите на АХВ согласно член 12 од Правилникот за внатрешна организација на АХВ (февруари 2011), ќе изврши аудити на сите лаборатории вклучени во официјалниот контролен систем. Овие аудити се фокусираат на сообразноста на методите за испитување со барањата на соодветното законодавство на ЕУ и стандардот МКС ISO/IEC 17025:2006 и ќе ги покрива следниве главни прашања:

- технички капацитет на лабораториите, потребен за вршење на испитувањето;
- достапност на квалификуван и соодветно обучен персонал за вршење на анализи;
- системот за квалитет е спроведен во рутинското испитување;
- резултатите од учеството во тестирањето на познавањата
- потврда на испитувањата кои се користеле за официјална контрола

Со цел да се постигне соодветен квалитет на аудитите кои ги врши Одделението за контрола и координација на лаборатории на АХВ, ќе се вработат надворешни аудитори со соодветна техничка експертиза и вештини за аудит.

### 20.5. Национални референтни лаборатории

Националната референтна лабораторија (НРЛ) е водечка лабораторија, номинирана за официјално испитување во соодветна област согласно законодавните барања. Со номинирањето на НРЛ се промовираат аналитички резултати со висок квалитет и постојаност во програмите за државен надзор и контрола на лабораториите. Со цел да се постигне ова, НРЛ ги применува потврдените аналитички методи, пристап до референтни материјали, координација со меѓу-лабораториското компаративно испитување и обука на лабораторискиот персонал. Овие лаборатории помагаат во градењето на довербата во резултатите кои се добиени од контролата на храна и испитувањата на здравјето на животните, и обезбедуваат дека производите на пазарат се во согласност со законодавството, и ги поседуваат највисоките хигиенски стандарди. Земајќи го предвид фактот дека лабораториските анализи се област каде што постои брз развој на технолигиите, НРЛ треба да обезбеди непосредна реализација на сите најнови барања и нивно спроведување во официјалните контроли. НРЛ е лабораторија која 24 часа дневно одржува постојана техничка и кадровска спремност за итни случаи и појава на заразни болести.
Согласно националната програма за Приближување на Acquis (NPAA) одобрено од Владата на Македонија, АХВ планира да го хармонизира националното законодавство со законодавството на ЕУ. Законодавството на ЕУ предвидува сите земји-членки да обезбедат референтни функции во сите области, инаку Европската Комисија ќе се сомнева во компетентноста на лабораториите вклучени во официјалните контроли а со тоа и кредибилитетот на официјалните контроли во земјата. Па затоа треба да се преземат сите потребни мерки со цел да се реализира систем за референтни лаборатории во Македонија.
Следниве основни документи ги регулираат функциите на НРЛ во Македонија:

- Закон за безбедност на храната;
- Закон за ветеринарно здравство;
- Закон за ветеринарно медицински препарати;
- Регулатива (ЕЗ) бр. 882/2004 на Европскиот Парламент и на Советот за извршување на официјални контроли со цел да се осигура сообразноста со законот за храна и храна за животни, правилата за здравствена заштита и благосостојба на животните.

Согласно член 80 од Законот за безбедност на храната и член 11 од Законот за ветеринарно здравство, референтните лаборатории ги имаат следниве главни функции во секоја од номинираните области:

- соработка со референтните лаборатории на Заедницата во нивната област на компетентност;
- координација, за нивната област на компетентост, на активностите на официјалните лаборатории надлежни за анализа на примероците;
- каде што е соодветно, спроведување на компаративни испитувања меѓу официјалните национални лаборатории и обезбедување на соодветна дополнителна контрола на таквото компаративно испитување;
- доставување на информациите до АХВ и националните лаборатории кои ги обезбедува референтната лабораторија на Заедницата;
- обезбедување научна и техничка помош на АХВ за реализација на координирани контролни планови усвоени од АХВ;
- придонес кон изготвувањето и реализацијата на плановите и програмите на надлежниот орган во однос на нивната област на стручност;
- обезбедување на програми за обуки за надлежниот орган и релевантните сектори во однос на темите поврзани со нивната област на стручност;
- следење на научните и технолошките развои во однос на предметите на нивната област на стручност, истражувања во приоритетните области, здружени студии со национални и меѓународни институции и лаборатории , учество во редовните компаративни тестови и обезбедување на постојана едукација за нивниот персонал преку почетни и посебни обуки;

- Известување на надлежниот орган за научните и технолошките развои;
- доставување предлог до надлежниот орган во однос на методи и протоколи кои ќе се користат при дијагноза, анализа и производство, методи и процедури кои ќе се користат во земање примероци; теми за кои треба да се спроведе истражување.

Согласно Законот за безбедност на храната а во однос на Анекс VII од Реулативата (ЕЗ) бр.882/2004,надлежните органи треба да номинираат национални референтни лаборатории во 21 област за контрола на храна и храна за животни и 13 области на дијагноза на здравјето на животните и живите животни. Не е издаден официјален документ за номинирање на референтни лаборатории. Предвидено да се изработат релевантни правни акти. Во договорот на АХВ со Факултетот за ветеринарна медицина, се содржани главните уредувања во однос на исполнувањето на референтните функции.

## 20.6. Листа на Закони

1. Законот за безбедност на храната;
2. Закон за ветеринарно здравство;
3. Закон за ветеринарно медицински препарати;
4. Договор меѓу АХВ и Инситутот за храна при Факултетот за ветеринарна медицина;
5. Правилник за начинот на вршење на ветеринарно-санитарен преглед на храна за животни;
6. Правилник за посебните барања кои се однесуваат на микробиолошките критериуми за храната;
7. Правилник за внатрешна организација на АХВ.

## 20.7. Приоритети за развој на официјалниот лабораториски контролен систем

**Табела бр. 20.3**

| Активност | Време на спроведување |
|---|---|
| АХВ треба да организира тендер за вршење на анализи Тендерските спецификации треба да ги опфаќаат барањата за лабораториите и листата на анализи потребни за АХВ, со очекуваниот број на примероци.<br>Да се утврдат контактите со сите лаборатории вклучени во официјалните контроли | |
| Да се утврди крајниот рок за употреба на неакредитирани лаборатории за официјални контроли Да се предвидат одредби за достапност на капацитети за испитување по овој рок . | |
| АХВ да го реализира редоследот за вршење на аудит на неакредитирани методи и лаборатории | |
| Референтните лаборатории за сите споменати области во Анекс VII од Регулативата 882/2004 на ЕУ, да ги номинира државата Да се изготват и одобрат правни акти со задачите на референтите лаборатории и наредбата за финансирање на нивните активности. | |
| Да се предвиди понатамошно усовршување на техничките капацитети на лабораториите вклучени во официјалните контроли Да се побараат финансиски средства од државниот буџет или од други средства. | |

2. Овој план влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-6433/1
7 јули 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски**, с.р.